KIII 677
инв. бр 29925

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА (1991-2001)

- докторска дисертација -

Кандидат:

м-р Емилија Кирјаковска

Ментор:

проф. д-р Маргарита Пешевска

Скопје, 2017

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

# ПРЕДГОВОР

Надежта на интелектуалецот не е дека ќе влијае
врз светот, туку дека некој ден, некаде,
некој ќе го прочита она што тој го напиша
токму онака како што го напишал.

Теодор Адорно

[Theodor Adorno]

На 8 септември 1991 година во Република Македонија[1] се одржа референдум на кој нејзините граѓани се изјаснија за своја суверена и самостојна држава. Со прогласувањето на независноста Република Македонија се јавува како нов субјект на меѓународната сцена. Нејзината појава и постоење како независна и суверена држава влијаеше на промена на дотогашните постоечки геополитички односи на Балканот и претставува нов елемент во распоредот на силите во регионот.[2]

Во докторскава дисертација „Република Македонија – надворешната политика (1991–2001)“ се обработува мошне значаен период исполнет со напори на Република Македонија за опстојувањето и за меѓународно афирмирање и асоцирање во меѓународните асоцијации, кои можат да се видат од реакциите на нејзините соседи уште веднаш по нејзиното прогласувањето за самостојност и независна држава во 1991 година.

Меѓутоа, факт е дека по прогласувањето на независноста Република Македонија чекореше по тежок пат за нејзина меѓународна афирмација.

Ако се има предвид историското минато на Македонија и на македонскиот народ, нејзините борби за слобода, независност, за своја државност и ако кон ова се додаде и геополитичката положба на Република

[1] Под Република Македонија се подразбира државната територија на Вардарскиот дел на
[2] Киро Глигоров, Виорни времиња, Р. Македонија-реалност на Балканот, Култура, Скопје, 2004, 56-70.

Македонија, веднаш може да се дојде до заклучок каков бил и каков е сè уште односот на соседните држави и народи кон Македонија за периодот од 1991 до 2001 година.

Во докторската дисертација се настојува да се даде слика на меѓународните историски димензии на Македонија, да се фрли релевантен поглед на тоа што се случуваше во почетокот на нејзиното осамостојување во однос на македонското меѓународно признавање и кои беа првите чекори и активности на една мала суверена и независна држава – земја со многу значајни национални обележја и со испреплетено историско минато. Нејзината историја и историско минато често биле злоупотребувани и нереално прикажувани од нејзините соседи, а пред сè од Грција, која како членка на Европската Унија, имаше и сè уште има цел да го пролонгира и спречи меѓународното признавање на Република Македонија под нејзиното уставно име. Меѓу другото, токму заради тоа, поводот е податлив за изработка на оваа докторска дисертација, да се осветлат повеќе значајни прашања од македонската најнова историја поврзани со нејзината надворешна политика.

За темата на докторската дисертација „Република Македонија – надворешната политика (1991–2001)“ во македонската историографија досега е пишувано парцијално, најчесто во општите трудови се обработуваат поедини прашања и проблеми поврзани за оваа значајна тематика, или, пак, при разгледување на потесни историски подрачја. Оттука во македонската историска наука преовладуваат трудови кои обработуваат само одделни општи прашања и проблеми поврзани со меѓународната политика на Македонија во последната деценија на XX век. Тоа беше и поводот, врз база на сознанијата кои произлегуваат од истражувачките зафати на необјавената и објавената архивска документација, како и врз основа на податоците што ги добивме од објавената литература, да пристапиме кон обработка на ова мошне интересно прашање од македонската современа историја.

Интересот кон оваа тема беше голем. Тоа е занес и завлек по магијата и волшебството на историскиот збор – поавтентично да се престават историските настани што се случиле во еден мошне значаен историски период

од најновата македонска историја. Тоа развиено чувство за поавтентично преставување на историските настани во кое се меша стварноста и животната мечта на македонскиот народ. Затоа, тешко е да се подредат на некој логичен начин сите настани коишто го обликуваат моето размислување за оваа мошне значајна и интересна проблематика.

Во македонската историографија нема труд кој би дал поширока информација за најкарактеристичните збиднувања на македонската современа држава и нејзината надворешна политика (1991–2001) и секако дека тоа беше и првиот основен поттик да се пристапи кон истражувачки зафат и остварување на еден ваков потфат, при целосна свест за потребите, но и за неизбежните ризици што ги следат обидите во единствениот сплет да се поврзат дијахрониските и синхрониските врски на еден жив отворен и сложен процес кој траеше и трае во најновото време на транзицијата.

Бидејќи остварувањето на ваквата замисла ја презедов да ја реализирам, нашата историска проекција не можеше, а да не се потпре не само врз хронолошки систематизираната фактографска граѓа, туку и врз оцените и судовите до кои самата доаѓав при истражувачкиот процес на наведениот проблем во текот на неколкуте години.

Изработката на докторската дисертација „Република Македонија – надворешната политика (1991–2001)“, секако дека не е чин без преседан во историографијата. Најголем дел од напорите беа вложени токму на таа критичка анализа на многу значајните настани поврзани со Македонија и нејзината надворешна политика 1991–2001 година, истите се разгледуваа во еден поширок контекст, во целосен дослух со релевантните факти од историски, општествен, политички, економски и културен карактер, но пред сè, се истражуваат и проучуваат најважните историски факти, врз чијашто почва никна и се обликуваше своеобразната структура на новата македонска држава и нејзината надворешна политика. Накусо, пишувајќи ја оваа докторска дисертација, настојував да го искажам и да го формулирам својот критички став и поглед за патиштата и резултатите на Македонија во нејзината надворешна политика, во текот на 10-годишниот период (1991–2001), за којшто

сум убедена дека во вредносна смисла претставува еден мошне значаен период во досегашниот развој на македонската држава и нејзината надворешна политика.

Поради природата на темата на оваа докторска дисертација, морав да навлезам во сфери за коишто моето познавање е мало или воопшто го немам, може да ми се случи да не наведам некои важни влијанија. Ова, во никој случај, не е резултат на интелектуална ароганција, туку е резултат на често несистематските продирања во непозната материја, којашто, сепак, секогаш била одбележана со љупопитност и признанија за достигнувањата на другите.

Она што сакам да го постигнам со оваа докторска дисертација е очигледно. Нејзината изработка претполагаше користење на огромни количества придружна литература, како и најпотполно директно истражување на објавената, а пред сè, на необјавената архивска документација. Во својата посодржајна форма, изработката на докторската дисертација би требало да биде потфат на интердисциплинарен тим на научни работници и резултат на подолги дискусии. Јасно е дека ова, од практична причина, е неизводливо. Принудена сум да започнам со една од многубројните пролетички забелешки со коишто се сретнав при изработката на докторската дисертација. Имено, свесна сум за неможноста да го создадам сето тоа што би требало да биде комплексна таписерија, со привлечна и значајна изведба, со целосен богат вез во сите детали на појавите и процесите коишто настанале и биле поврзани со Македонија и нејзината политика на надворешен план во еден мошне значаен период од македонската понова историја 1991–2001 година. Од нужност, морав да им се подредам на поважните настани. Мојата основна цел и задача ја гледав во создавањето на прифатлива конструкција и на поавтентично анализирање на позначајните појави и процеси поврзани со современа и модерна Македонија и нејзината надворешна политика во еден одреден временски период од нејзината историја.

Погледнато од аспект на историската наука, проучувањето и истражувањето на прашањето поврзано со надворешната политика на Македонија во годините од 1991 до 2001 година, за нас е мошне актуелна и

привлечна тема. Таа е предмет на проучување и на повеќе научни дисциплини, а пред сè, на историјата на дипломатијата, воената историја, на правната наука, социологијата, и на многу други науки.

Целта на изработката на оваа докторска дисертација е да се даде една поавтентична и покомплетна слика на развојните меѓународни односи на Македонија во првата декада по нејзиното осамостојување како независна и суверена држава.

Посебно место во докторската дисертација е дадено на проучување и осветлување на следните поважни прашања и проблеми, и тоа: на распадот на Југославија; на создавањето на Република Македонија како независна и суверена држава; на билатералните односи на Македонија со нејзините соседни држави: со Бугарија, Грција, Србија и Албанија; билатералните односи на Македонија со државите од поранешна Југославија, со повеќе земји од Европа итн.

Темата на докторската дисертација е мошне широка и затоа ние не можеме во неа да се осврнеме и да ги проучиме билатералните односи што ги воспоставила Македонија со сите земји во светската заедница, па затоа се ограничивме на дел од воспоставените билатерални односи со поедини држави.

За да ја постигнам целта при изработка на докторската дисертација „Република Македонија – надворешната политика (1991–2001)", го оправдувам користењето на сиот спектар на трудови поврзани со наведеното прашање. Во некои од нив наоѓав корисна аруменtација, а додека пак во дел, гледав само показател за интелектуални симпатии. Некои од авторите кои ги користев не ја пренебрегнуваат теориската подлошка и го изнесуваат она што мислат дека ја претставува цврстата суштина при настанувањето на нивните трудови. Но, при изработката на докторската дисертација, ги користев пред сè трудовите на оние посветени и храбри професионални научни работници, којшто во своите трудови приоѓаат аргументирано и со сигурност. Свесна сум дека треба да обработам значајни прашања и да создадам прифатлива конструкција во која акцентот ќе биде ставен на посочување и проучување на значајни прашања од македонската историја поврзани со меѓународната политика во определен

времнски период. Па затоа, она што сакам да го искажам овде јасно е дека кон создавачите на научната, а пред сѐ, кон создавачите на дипломатската историска научна литература, како и кон создавачите на историската научна литература воопшто, имам почитување.

Се надевам дека начинот на којшто ја употребив достапната литература од научните работници од коишто имам земено и применето мноштво корисни идеи, или начинот на кои што тие суптилно влијаеја на моите лични аргументи им придава повеќе заслуги отколку повторување на нивните главни идеи.

Со обработката на оваа докторска дисертација ќе се даде значаен придонес не само во македонската историска наука, туку и во историографијата на Балканот и пошироко. Ќе се овозможи на едно место да бидат обработени интересни прашања и проблеми поврзани со Македонија и нејзината надворешна меѓународна политика во последната деценија на XX век. При изработката на докторската дисертација беа користени извештаи, декларации, законски акти, амбасадорски записи, анализи, информации, писма и други документи кои се наоѓаат во Државниот архив на Република Македонија: фондот на Собрание на Република Македонија, фондот на Владата на Република Македонија, Фондот на Киро Глигоров итн. При изработката на докторската дисертација беа извршени истражувања и во Архивот на Југославија, во Архивот на Србија во Белград.

Докторската дисертација треба да даде своевиден придонес кон создавањето на една пореална слика за развојот на мултилатералните односи на Македонија со нејзините соседи и со повеќе земји на Балканот, Европа итн. Меѓународната политика на Македонија во периодот 1991–2001 година, како и луѓето, има своја судбина, заедно опстојува во времето, но одделни меѓународни односи и меѓународни појави и процеси се дополнуваат меѓусебно со заеднички сознанија, вистини, убавини и вредности.

Ако се има предвид дека меѓународната политика на Македонија во наведениот период се јавува во една посовремена човекова цивилизација, тогаш сме слободни да ја искажеме нашата скромна надеж дека со изработката на докторската дисертација „Република Македонија – надворешната политика

(1991–2001)“, ќе го свртиме вниманието на пошироката општествена јавност кон оваа проблематика.

И не само поради мојата вродена семејна црта на почит, на ова место и во оваа пригода сакам да ја изразам мојата почит кон проф. д-р Маргарита Пешевска, ментор на мојата докторска дисертација, којашто при изработката на дисертацијата ми даваше драгоцени сугестии и професионална стручна помош. Благодарност должам и на проф. д-р Виолета Ачкоска, а особено благодарност должам и изразувам посебна почит на проф. д-р Нада Јурукова, чиишто идеи влијаеа стимулативно и најинспиративно при изработката на докторската дисертација.

Посебна благодарност должам и на проф. д-р Гоце Цветановски од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, кој со своето лекторско обликување придонесе докторскиот труд јазично да добие на квалитет. Мојата благодарност е упатена и кон Државниот архив на Република Македонија, а особено до Одделението Битола, на Државниот архив на Србија, како и на други институции каде што користев архивска документација и литература.

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

# ВОВЕД

Македонија има извонредно географско, геостратешко и геополитичко место на југот на Балканскиот Полуостров. Таа се наоѓа на светските крстосници кои ги поврзуваат не само економски, туку и во друг поглед, Северот и Југот, Истокот и Западот. Според тоа, Македонија е неодминлива крстосница со богата историска традиција, со култура и цивилизациски вредности. Во минатото Македонија била центар на историски настани што претставувале пресвртница во животот и развитокот на нејзиното население.

Македонија, наоѓајќи се во самото срце на Балканскиот Регион, таа ги поврзувала, ги впивала во себе културните цивилизации што доаѓаат од трите континенти: Европа, Азија и Африка. Македонија во своето историско минато имала многубројни судбини и искушенија, растежи и падови, војни и страдања на населението, итн. Таа, во историското минато интензивно влијаела врз големите историски настани во еден значаен временски период, па затоа не треба да нè чуди што и во најново време продолжува да го свртува вниманието на меѓународните фактори. По некое непишано правило, светската сцена ја поставуваат моќни фигури или настани кои оставиле траги во своето време, а пак за волја на вистината, во историското минато Македонија повеќе пати била во фокусот на вниманието на меѓународната сцена.[3]

Со сигурност може да се тврди дека независно од политичките и економските кризи низ кои минувала Македонија во минатото, уште во првата половина на XIX век, Скопје, Битола, Штип, Велес, Охрид, Прилеп и други градови во Македонија, биле познати средишта на трговска размена на Балканот.[4]

Посебен подем во својот развиток Македонија доживува во втората половина на XIX век. Чекор напред е заентерисираноста на повеќе релевантни

[3] Maria Todorova, Imaging the Balkan (New York and Oxford: Oxford Univerzity Press 1997), 3.
[4]Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје 1969, 133-137.

балкански и европски фактори кон Македонија. Типичен пример претставува отворањето на повеќе дипломатски и конзуларни преставништва во Македонија (Скопје, Битола).[5]

Македонија, поради нејзината географско-стратешка положба го привлекуваше вниманието на балканските држави, а пред сè, на големите империјалистички сили. Со Балканските војни, а особено со потпишувањето на Букурешкиот мировен договор на 10 август 1913 година, територијата на Македонија (во нејзините природни граници изнесувала 68.451 $км^2$) беше поделена меѓу нејзините соседи, и тоа помеѓу Србија (во чиј состав влегол Вардарскиот дел на Македонија со територија од 26.440 $км^2$, или 38,6% од целокупната територија на Македонија пред Букурешкиот мировен договор), Грција (34.441 $км^2$ или 50,3%) и Бугарија (6.798 $км^2$ или 9,9%%), и еден мал дел потпаднал во состав на новоформираната Албанска Држава (802 $км^2$ или 1,2%). Поделбата на Македонија секако дека претставува губење на гео-политичката, етничката, географската целина на Македонија.[6]

Ханс Лотер Штефан во „Македонски јазол" вели: „Тогашните планови и однесувања на државите соседи на Македонија..., особено што последиците од Балканските војни и потпишувањето на Букурешкиот мировен договор се одразуваат негативно врз целиот Балкан, а особено врз Македонија.[7]

Со Версајскиот мировен договор (1919 година) од страна на империјалистичките сили дошло до прекројување на картата на Европа, била нанесена уште една голема неправда на Македонија, потврдена е вештачката поделба на Македонија меѓу нејзините соседни држави: Србија, Грција и Бугарија. Ретко која друга земја во Европа е како Македонија, која во периодот од Балканските војни па до завршувањето на Првата светска војна претставуваше арена на воени жаришта.[8]

---

[5]Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски...., 150-153.
[6]Петар Стојанов, Македонија во политиките на големите сили во времето на Балканските војни 1912–1913 година, Скопје, 1979, 60–95; Елизабет Баркер, Македонија и нејзиното место меѓу балканските политички сили, Скопје, 1992, 20–40.
[7]Лотер Штефан, Ханс, Македонскиот јазол, Аз-буки, Скопје 2004, 38.
[8] D-r Aleksandar Hristov, Stvaranje Makedonske države 1893-1945, Beograd, 1971.

Во сите делови на Македонија, независно под чија власт се најдоа, настанаа сериозни промени, започна процес на асимилација и денационализација на македонското население.

Во предвечерието на Втората светска војна Македонија повторно виде шанса за создавање своја држава, работа што претходно ја имаа завршено скоро сите балкански народи. Македонија, во текот на НОВ на Југославија, учествуваше на страната на Антифашистичката коалиција, даде огромен придонес во таа војна. Со победата на Антифашистичката коалиција во текот на Втората светска војна, односно со победата над фашизмот, Македонија веќе создаде легимитет за формирање на своја држава.[9]

Значи, паралелно со развојот на НОАВ во Југославија воопшто, аналогно на тоа и во Македонија, се одвиваше процесот на создавање на самостојна македонска држава. Од суштинско значење за конституирањето на македонската држава имаат одлуките донесени на Второто заседание на АВНОЈ[10] одржано меѓу 29 и 30 ноември 1943 година во малото босанско гратче Јајце. Овие одлуки се од големо значење за сите народи и народности во Југославија, а во тој контекст имаат посебно значење и за македонскиот народ и за народностите и етничките групи што живеат во Македонија. Меѓу поважните одлуки донесени на Второто заседание на АВНОЈ е и одлуката со која АВНОЈ се конституира како највисок, законодавен, извршен, преставнички орган на нова Југославија, односно како врховен преставник на суверенитетот на народите и на државата Југославија. Заседанието донесе посебна одлука со која Југословенската држава е конституирана на федеративен принцип, како држава на рамноправни шест републики, меѓу кои била и Македонија, заедно со Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора и Босна

[9] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за независна држава, Т. 2, Универзитет Кирил и Методиј, Скопје, 1981, 520-538.

[10] Првото заседание на АВНОЈ било одржано на 26 и 27 ноември 1942 година во босанскиот град Бихаќ. Иницијатор бил Врховниот штаб на народноослободителната војска и на партизанските одреди на Југославија. На Заседанието биле усвоени и: два документи, Резолуција за основање на АВНОЈ и Проглас на АВНОЈ до народите на Југославија. Види: Перо Морача, Душан Биланџиќ, Станислав Стојановиќ, Историја на Сојузот на комунистите на Југославија, Скопје, 1979, 18–125; Д-р Новица Велјановски, Македонија 1945–1991: Дражавност и независност, Скопје, 2002, 8–12.

и Херцеговина. Врз основа на оваа одлука, сите народи, народности и етнички групи во нова Југославија ќе живеат врз рамноправна основа во која на државност, на самоопределување, но и на отцепување имале Словенците, Хрватите, Србите, Македонците и Црногорците. Со тоа биле признати националната самобитност на македонскиот народ и неговото право на сопствена национална држава. На Второто заседание на АВНОЈ, бил избран Национален комитет на ослободување на Југославија (НКОЈ), кој имал улога на привремена влада на Југославија. За Претседател на НКОЈ бил избран Јосип Броз Тито, генерален секретарна ЦК на КПЈ, командант на ВШ на НОВ и ПО на Јуигославија[11] . Врз основа на оваа одлука и Македонија се признава како федеративна рамноправна членка на нова Југославија.[12]

За конституирањето на Македонската Држава од особено значење е одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. На 2 август 1944 година, на сам ден Илинден, во манстирот „Св. Прохор Пчински" е одржано Првото заседание на АСНОМ. На ова заседание донесена е одлука со кое АСНОМ се конституира како врховно законодавно и извршно претставничко тело, како највисок државен орган на Федерална Македонија.[13] За претседател на Президиумот на АСНОМ бил избран Методија Андонов – Ченто.[14] На Заседаниеот беа донесени повеќе значајни одлуки, меѓу кои и одлуката со која

---

[11] На Второто заседание на АВНОЈ било предвидено да учествува и македонска делегација составена од 42 члена. Нивното присуство изостанало, поради оддалеченоста, и сложеноста на воената состојба во Македонија ; Архив Југославије, фонд: Президијум Народне Скупштине Федеративне Народне Републике Југославије, (сигнатура на фондот: АЈ, 15: 1946-1953), к. 4, ае.5/7.

[12] Odluka Drugog zasednja AVNOJ-a izgradnja Jugoslavije na federativnom principu 29 novembra 1943, Službeni list DFJ, br. 1/1945.

[13] Д-р Нада Јурукова, Културно-просветни појави и процеси во Македонија (1944–1953), Скопје 2003, 15–18; д-р Новица Велјановски, АСНОМ-државотворни димензии, Скопје 1994, 102–110; ДАРМ, Скопје, Фонд: АСНОМ, 1944, к. 1, ае. 2.

[14] Методија Андонов-Ченто, учесник во НОВ, претседател на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, претседател на АСНОМ, претседател на Президиумот на АСНОМ. Во 1945 година, го избрале за пратеник на Народното собрание на Југославија. Во 1946 година, поради неговите наводно „автономистички" ставови беше приморан да поднесе оставка на сите државни функции, а потоа во монтирана судски процес е осуден на 11 години затвор, но казната не ја издржал до крај. Рехабилитиран е со судска одлука во 1991 година; Димче Аџимитрески, Сеќавања за настани и личности од македонското револуционерно движење, избор, предгоовор и редакција Кузман Гергиевски, Институт за национална историја и „Матица Македеонска", Скопје, 1997, 250-266; За Голоточните измачувања, види: Зб. „Голоточки сведоштва", кн.прва, редакција и коментар Димче Најчески, Скопје, 1999.

е конституирана Федерална Македонија како самостојна и рамноправна држава во рамките на Демократска Федеративна Југославија.[15] На Првото заседание на АСНОМ беа донесени значајни историски акти во кои се содржани основите на државно-правниот развиток на Македонија. Од нив, од особено значење се Декларацијата за основните права на граѓанинот на Демократска Федеративна Македонија и Решението за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава.[16] Со Декларацијата за основните права на граѓанинот на ДФМ се прокламира широк спектар на општо прифатени демократски права на граѓанинот кои се предмет на скоро на сите устави на демократските држави. Според содржината на оваа Декларација сите граѓани во Македонија се рамноправни независно од нивната национална, расна и верска припадност. Иако во составот на Југословенската Држава, Република Македонија влегува како независна федерална единица со сите атрибути на државност, со меѓународна признатост, бидејќи Првото засеедание на АСНОМ на 2 август 1944 година се одржуваше и во присуство на официјални делегации на големите сили, а потоа како рамноправна република во составот на југословенската држава е и членка и на ОН.[17]

Ова е време кога паралелно со изградувањето на државната власт во Југославија, се одвиваше и процесот на изградување на државната власт во Македонија. На Третото заседание на АСНОМ, одржано од 14 до 16 април 1945 година, беше донесен Законот за Народна влада на Македонија, по што била формирана и првата влада на ДФМ. За претседател бил избран Лазар Колишевски.[18]

Во текот на 1946 година, врз основа на одредбите на Сојузниот устав, односно со усвојувањето на републичките устави, на сите граѓани во

[15]ДАРМ, Фонд: АСНОМ, к.1, ае. 30.
[16]ДАРМ, фонд: АСНОМ, 1944, к. 1, ае. 3 и ае. 4.
[17] Д-р Новица Велјановски, Меѓународниот одглас на АСНОМ и македонската државност, Скопје, 204, 260-292.
[18]Драган Кљакиќ, Времето на Колишевски, Скопје, 1994, 88-96. Александар Христов, Создавањето на македонската држава 1878-1978, Т. 3, Скопје, 1985, 236-241.

Југославија, аналогно на тоа и во Македонија им се гарантираше рамноправност без разлика на верска, расна и национална припадност.[19]

Во 1947 година, поточно на 30 јули 1947 година, во дворецот на Бледското Езеро започнале преговори меѓу Бугарија и Југославија, односно меѓу југословенските преставници, чија делегација била предводена од претседателот Јосип Броз Тито и бугарските преставници, делегацијата била предводена од претседателот Георги Димитров.[20] Во југословенската делегација на Блед учествувале и Лазар Колишевски, претседател на владата на НРМ и југословенскиот амбасадор во Софија Обрад Цицмил и други. На Блед, меѓу Јосип Броз Тито и Георги Димитров бил потпишан Договор, познат како Бледски договор, односно Бледска спогодба Тито–Димитров, која се однесува за односите меѓу Југославија и Бугарија. Врз основа на Бледската спогодба им е дадено поголеми права на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија. Како резултат на Спогодбата беше ревидирана дотогашната политика во однос на македонското национално малцинство во Пиринскиот дел. Поради приближувањето на ставовите на двете комунистички држави односно на нивните челни раководства, во разговорите биле разгледани и можности за обединување на Вардарскиот и Пиринскиот дел на Македонија. Како резултат на таквата политика во учебната 1947/48 учебна година од Македонија во Пиринскиот дел во Бугарија биле испратени 92 учители кои изведувале настава во училиштата на мајчин македонски јазик. Но тоа траело многу кратко време.[21]

Во текот на 1948 година раководството на КПЈ било обвинувано од страна на СССР, односно од Сталин и Молотов за водење антисоветска политика,[22] за отсуство на демократија, за отсуство на критика и самокртика во

[19] Александар Христов, Создавањето на македонската држава 1878-1978, Т. 3, Скопје, 1985, 236-241.
[20] Д-р Новица Велјановски, Македонија во Југословенско-бугарските односи (1944-1953), Скопје, 1998, 164-172.
[21] Државен архив на Република Македонија (во натамошниот текст за Државниот архив на Република Македонија ќе ја употребуваме скратеницата ДАРМ), Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ, к. 26, ае. 14/3.
[22] Тито-Стаљион, (Зборник на трудови од научниот собир), Београд, 2007; Југословенско-совјетски односи 1945-1956, приредиле Љубодраг Димић и ..... други, Београд, 2010.

Партијата и слично. Нападите еволуирале со резолуцијата на Информативното биро (ИБ).[23] Југословенската власт во ова време настојува да преземе мерки со цел да ја надмине сложената внатрешнополитичка и надворешнополитичка состојба со која се соочила Федерацијата по политичкиот судир со Советскиот Сојуз и со другите социјалистички држави.[24]

Во периодот додека Македонија беше во состав на СФРЈ односите меѓу Македонија и Грција не беа добри. Грција, одвреме-навреме, преземала разни мерки со цел Македонија да се откаже од заштита на правата на македонското национално малцинство што живее таму.[25] Во Атина (1963) дошло до потпишување на познатиот договор склучен меѓу Коча Поповиќ, министер за надворешни работи на СФРЈ и Евангелос Аверов, министер за надворешни работи на Грција. Со овој договор се направени определени концесии во однос на третирањето на правата на македонското малцинство во Грција. Според Договорот, Југославија во меѓународните односи со Грција требало да води политика на немешање, па во тој контекст и во однос на правата и положбата на македонското малцинство во Грција. Договорот Поповиќ – Аверов со право бил многу критикуван од македонското јавно мислење, како акт насочен против Македонија. Попуштањето на Југославија пред Грција е на штета на македонското малцинство што живее таму. Македонија беше дел од СФР Југославија и бидејќи Југославија водеше голема грижа за словенечкото малцинство во Австрија и Италија, зошто во македонскиов случај не се постапува со ист аршин?[26]

Во круговите на луѓето од политичкиот врв во Белград постоеше мислење дека прашањето за македонското малцинство во Егејскиот дел на

---

[23] Виолета Ачкоска, Судирор со Информбирото и некои текови во македонското општество (1948-1998), сп. „Историја“, бр. 1-4, 1998-1999, 82-83; Југославија-СССР: Сусрети и разговори на највишем нивоу руководилаца Југославије и СССР 1946-1964, т. I, приредиле Л.А. Вичанскаја.... и друг, Београд, 2014.

[24] Prof. dr Branko Petranović, Dr Čedomir Štrbac, Istorija socijalistićke Jugoslavije, k.2 (dokumenti I), Beograd, 1977, 99-110.

[25] Види поопширно: Киро Глигоров, „Македонија е сè што имаме“, 336; Македонско питање у југословенско-грчким односима-поверљиви документи 1949-1967., приредиле Константинос Катсанос, Нада Пантелић, Београд, 212.

[26] Д-р Стојан Киселиновски, Етничките промени во Македонија: (1913-1995), Скопје, 2000, 56-68.

Македонија е „пренадуено". Се застапувале гледишта дека во Егејскиот дел на Македонија „нема многу Македонци", па поради тоа Југославија не треба да ги заострува односите со Грција.[27] Исто така, меѓу политичките кругови во Белград се ширело мислењето, со оглед на позицијата на Југославија како неврзана земја, не е добро да се создава нов судир на Балканот по повод положбата и правата на македонското малцинство во Егејскиот дел на Македонија. Секако дека разрешувањето на ова прашање е од голема важност за Македонија. Една од причините кои влијаеа, поради што не дојде до разрешување на прашањето за правата на македонското малцинство во Егејскиот дел на Македонија за време на Југославија, секако е и недоволното ангажирање и присуство на македонскиот политички фактор во разните преговори по тој повод.[28]

Државното и политичкото раководство на Грција не беше со чиста совест во однос на Македонија како и во однос на македонското национално малцинство во Грција. Поради големите притисоци од страна на Грчката влада, голем број Македоноци од Егесјкиот дел на Македонија во историските процеси беа принудени да ја напуштат својата родна земја, да емигрираат и да одат во туѓина.Со одлуките на Грчката влада на македонското население што ја напушти земјата им било одземено државјанството, имотите им биле конфискувани. Тие можеле да се вратат во Грција само под услов ако се декларираат како Грци. Грчката влада беше свесна дека ретко кој Македонец од Егејскиот дел на Македонија ќе се одлучеше на такви чекори.[29] Ваквата грчка политика постојано се развиваше во негативна насока за да прерасне, би рекле, во сè поголемо непријателско гледање кон постоењето на Македонија како независна и суверена држава со свое константно историско име Република Македонија.

Во периодот од 1945 до 1991 година општествениот систем на Југославија го сочинуваа бројни конкретни органи и институции кои,

---

[27] Драшко Антов, Независна Македонија во Германските медиуми: 1991-2001 (10 годишен јубилеј-независност и сувереност), Култура, Скопје, 2003, 25-28.
[28] Христо Андоновски, Перипетиите на македонскиот јазик во Егејска Македонија, „Разгледи", II, 4, Скопје, 1959, 35-42.
[29] Д-р Стојан Киселиновски, Етничките промени..., 85-94.

остварувајќи ги своите функции (надлежности, т.е. права, должности и одговорности), ги спроведуваа во дело принципите што ја чинеа целината на системот.[30] Додека тие органи и институции доследно ги исполнуваа своите функции и ги спроведуваа договорените принципи, општествениот систем беше успешен. Меѓутоа, кога поедини органи и институции престанаа да функционираат, или тоа го чинеа погрешно, отпочна процесот на распадот на системот. Тоа траеше одредено време и се манифестираше како криза на системот.[31] Од година во година на виделина сѐ повеќе излегоа длабоките противречности во националните, економските и политичките интереси на републиките и покраините, како и нивните настојувања за што поголеми права во однос на Федерацијата. И покрај негативните ефекти во повеќе сфери на општественото живеење што се појавија во републиките, благодарение на Титовата харизматична личност кој стана фактор на стабилност на целиот општествен систем на СФРЈ, тие беа совладувани.[32]

Од официјалното прогласување на Демократска Федерална Македонија во 1944 година па сѐ до 1991 година, кога Република Македонија се прогласи за независна и суверена држава, факт е дека таа имаше своја сопствена територија, македонскиот народ е народ со сопствен национален идентитет, со свои културни обележја, со свој јазик, организирана власт, целосна државна инфраструктура и институции во сите области на општественото живеење. Македонија започна да ја развива сопствената економија, започна да се одвива со забрзано темпо процесот на меѓународно признавање на Република Македонија од повеќе земји во светот. Сето тоа позитивно влијаеше за намалување на обидите за негирање на македонската држава, за негирање на постоењето на македонскиот ентитет, јазик, историја, културно богатство итн.

---

[30]Prof. d-r BrankoPetranovi~, d-r ^edomir [trbac, Istorija socijalisti~ke Jugoslavije..., 108–116.
[31]Džon Lempi, Jugoslavija kao istorija: bila dva put jedna zemlja, Beograd, 2004, 205–216; Новица Вељановски, Македонија 1945–1991..., 60–70.
[32] Džon Lempi, Jugoslavija kao istorija...,156-163.

# I

# РАСПАЃАЊЕ НА СФРЈ

## *1. Продлабочување на југословенската криза*

Со распаѓањето на Југославија управувале извесни дијалектички закономерности. Поинаку речено, тоа во прв ред се оние општествено-политички и економски услови што овозможуваа да се формира една нова свест, секогаш за еден чекор подалеку од минатото. Штом станува збор за претходни причини за распадот на Југославија,[33] за една или повеќе значајни вертикали што до современиот човек допираат од длабината на минатото, не би бил далеку часот кога за поимот распад, сознајно и вредносно, се поистоветува со поимот историски, не се мисли историски, доколку не се мисли на причините на претходното. Но, начелно, слободно може да се каже дека сите претходни причини се историја, или пак сите претходни причини се историски релевантни. Она што како причина за распадот на Југославија влегло во историјата и останува во неа бидејќи е доказен материјал.

Секако дека не може со сигурност да се определи времето кога, всушност, започнал распадот на Југославија. Различни автори во врска со ова прашање имаат различни мислења. Многумина од нив го објаснуваат времето и мотивот за распадот на Југославија и во врска со тоа имаат определени критички претпоставки како и директен исказ. Нивната цел, меѓу другото, е што попластично да ја објаснат ситуацијата што довела, односно била поврзана со донесувањето на првите уставни амандмани[34] со посебен акцент на донесениот

---

[33] Д-р Славко Милосавлевски, Страв од промени-кризата на политичкиот систем на Југославија во седумдесетите години, Култура, Скопје, 1991, 14-16.
[34] Уставот од 1963 година, ги напушти формалните определби, определувајќи се за водечка и идејно насочувачка улога на КПЈ.



СЕМИНАР НА ...

Устав од 1974 година,[35] кој има пренагласен акцент, но сепак и еден таков акцент во чија суштина, ретко кога би можеле да се посомневаме за распадот. За нас важно е и тоа дека има и такви автори кои времето за причините за распадот го лоцираат и порано од донесувањето на уставните амандмани, но тоа прашање секако дека сè уште останува отворено. Овде, нас не ни е тоа целта затоа што мислиме дека тоа прашање е со релативитет. Меѓутоа, факт е дека релативно е и прашањето дали станува збор за „разбивање" на Југославија, или пак за нејзин распад. Несомнено е точно дека времето на интензитетот на распадот на Југославија може да се лоцира по 1986 година.[36] Тоа е време кога дојде до ескалација на југословенската криза, поточно речено се влоши политичката и економската ситуација во земјата, меѓутоа не предимензирајќи ги, но и не потценувајќи ги односите што настанале во меѓунационалните и меѓурепубличките сфери. Сето тоа е смислено и резултираше од надворешни ефекти, чија конструкција е очигледна, уверливоста прилична, иако на крајот на краиштата сето тоа е можно.[37]

Сознанијата за периодот по 1986 година имаат многу поширока теоретска основа во која е содржан целиот сплет на можности за посликовито и поцелосно да се осознае проблемот, односно да се осветли прашањето со таканаречената „агонија" на Југославија, кој доведе до осамостојување на југословенските република и нивното прогласување за самостојни и независни.[38]

Точно е дека кризата во СФРЈ, поради настанатите економски и политички проблеми, беше присутна подолго време, но факт е и тоа дека таа криза од ден на ден сè повеќе се влошуваше. Со смртта на Јосип Броз Тито за настанатата економска и политичка криза во Југославија се создадоа и можности да се проговори за слабостите, за недостатоците, како и за неиздржливоста на „политичкиот систем на југословенското социјалистичко

[35] Д-р Светомир Шкариќ, Споредбено и македонското-уставно право, Матица, Скопје, 2004, 158-165.
[36] Киро Глигоров, Македонија е сé што имаме, Скопје, 2001, 195-203.
[37] Киро Глигоров, Македонија е сé што имаме...., 120-140.
[38] Бранко Илмачић, Југословенска криза и рат 1991-1995, књ. I, Токови, настанка и анализа узрока, Београд, 2000, 130-138.

самоуправување". На ова, секако дека имало влијание и смртта на Кардељ – креаторот на тој систем. Некои автори заминувањето на Кардељ пред Тито го сметаат за хендикеп, па од тоа сознание, од таа емпирија за животно-историскиот времеплов се доаѓа до сознание дека Кардељ би „смислил" макар и нешто ново и невозмоижно само да ја спаси Југославија од распад.[39]

Со смртта на Едвард Кардељ, идеолог, теоретичар и идеен творец на општествено-економскиот и општествено-политичкиот систем на Југославија, а една година потоа, особено со смртта на претседателот Јосип Броз Тито, творецот на АВНОЈ-ска Југославија, постојната дезориентација уште повеќе се зголемила.[40] Политичкото и државното раководство на Југославија, аналогно на тоа и републичките раководства, иако го очекувале тој миг, сепак беа неподготвени. Основна тенденција беше како да се продолжи со политиката на Тито од изминатите години, развојниот пат и опстојувањето на Југославија. На сите им беше јасно дека во Југославија постои нестабилност, а за тоа влијаеа повеќе фактори, тие тргнуваа дека неопходно е истакнување на идеолошката парола „И по Тито – Тито". Таа парола, всушност, значи дека и во понатамошниот развоен општествено-економски систем треба да се дејствува со цел да се продолжи Титовата политика од изминатиот период.[41]

Гледано пообјективно, несомнено е дека смртта на Тито не беше мала, не само за Југославија како целина, туку и за нејзините републики. Личноста на Јосип Броз Тито уживаше голем авторитет не само кај населението во Југославија, туку и надвор од нејзините граници. Како потврда за тоа колкав бил голем авторитетот на Тито, зборува и неговиот закоп, на кој река од луѓе, државници од разни страни на светот присуствувале на закопот, одавајќи признание и почит на великанот. Веднаш по неговата смрт, согласно Уставот на СФРЈ, на функцијата претседател на Претседателството на СФРЈ бил избран Лазар Колишевски со едногодишен мандат. Според толкувањата на тогашните

[39] Стојан Андов, Јосип Броз Тито и распаѓањето на Југославија: политички студии и сеќавања, Скопје, 2013, 120-130.
[40] Стојан Андов, Јосип Броз Тито...., 268-284.
[41] Ibid., 140-146.

југословенски правници, мандатот на Колишевски траел само 14 дена,[42] бидејќи се наближил денот утврден за редовната смена за претседател на Претседателството. Словенецот Сергеј Крајгер по утврдениот азбучен ред го заменил Лазар Колишевски.[43] Титовите наследници не се снаоѓале најдобро во градењето на сопствениот авторитет, па затоа најчесто се повикувале на името и делото на Тито. Факт е дека Претседателството на СФРЈ, како и Претседателството на СКЈ не водеа посебна политика за зачувување на единството на Југословенската држава. Тие немаа своја вистинска програма.

Каква била политиката на СКЈ во однос на ова прашање Јохан Голтунг на едно место истакнува: „Она што Југославија требаше да го направи во рамките на „социјализмот" веќе беше многу направено".[44] Во Југославија немаше конституирано демократска структура со повеќе партии, СКЈ беше една партија и немаше опозиција.

Уште долго време ќе се анализираат причините за продлабочување на југословенската криза и за распадот на Југославија. Секако, повеќе аналитичари немаат единствено мислење за тоа, бидејќи скоро сите досегашни аналитичари изнесуваат досега различни гледишта што се однесува до причините за распадот на Југославија. Од оценките на повеќето автори, коишто го проучуваат ова прашање, може да се дојде до заклучок дека причините за распаѓање на Југословенската држава се предизвикани од економската и политичката нестабилност на земјата, како и од внатрешните, а пред сè, од надворешните фактори. За некои прашања авторите кои се занимаваат со ова прашање од најновата историја имаат исти или идентични ставови. Така, едни сметаат дека историскиот пристап на Јосип Броз Тито се разликуваше со постојана и ефектна политичка структура и како  резултат на неговата

---

[42] Крсте Црвенковски-Славко Милосавлевски, Нашиот поглед за времето на Колишевски, „Мисла", Скопје, 1996, 50-70.

[43] Лазар Колишевски член на КПЈ од 1935 година, член на АСНО, член на Президиумот на АСНОМ, прв претседател на Владата на ДФМ од 16 април 1945 год. Бил и на други високи партиски и државни функции. По смрта на Тито, во 1980 година, 14 дена беше претседател на Претседателството на СФРЈ.

[44] Johan Galtung, Univerzitet Havaji SAD, Bivša Jugoslavija: Nekoliko napomena o dijagnozi, prognozi i terapiji, „Evropa I raspad Jugoslavije", priredila Radmila Nakarada. Institut za evropske studije, Beograd, 1995, 98.

способност во својата сопствена епоха се препознава по водењето на својата политика на внатрешен и надворешен меѓународен план.[45] Секое време се одликува со карактеристики на челните личности во согласност со потребите на населението, меѓутоа, како што вели Буркахарт „секое време не наоѓа свој голем човек, ниту пак секоја голема способност наоѓа свое време“.[46]

Едноставно речено, секогаш не се совпаѓа длабоката структура на побарување на одреден тип на челник со конкретна индивидуална понуда. Распознавањето и изборот на клучна личност како што беше Јосип Броз Тито се појави во едно значајно одредено време, зависно од одредените историски законитости кои на различен начин се исполнуваа во отворени, различни облици. На Балканот, во Европа, па и пошироко во светот, не е лесно да се издвои една таква личност со мудра тактика во водењето на внатрешната и меѓународната политика, како што беше Титовата харизматична личност, која стави белег на повоената југословенска историја. Тито, со својот авторитет, израсна во државник за почит.[47] Други, пак, автори сметаат дека Тито не оставил добар и ефикасен општествено-политички систем кој требаше постојано да се надоградува за да може да се зачува Југословенската држава.[48] Според трети, пак, автори, Тито дал придонес за зацврстување на братството и единството, односно на југословенството. Ваквото мислење не е праведно, ако се земе предвид дека во Босна и Херцеговина „југословенството“ беше најизразито како резултат на мешовитите бракови. Тоа се распадна под влијание на оние сили кои сакаа да се раздружат од Југословенската држава и точно е дека во Босна и Херцеговина имаше најкрвав расплет. Не може да се земе за точно и мислењето дека Јосип Броз Тито, иако бил познат државник, „го оставил зад себе недовршеното дело –Југославија, како што тој го замислувал и го проектирал“.[49] Тешко е да се претпостави каков бил всушност

[45] Трајче Грујоски, Распадот на СФРЈ: студија и сведоштва, ИНИ, Скопје, 2003, 215-232.
[46] Виолета Ачкоска, Братството и единството1944-1974: помеѓу хармонија, и дисхармонија, Институт за национална историја, Скопје, 2003, 22-26.
[47] Киро Глигоров, македонија е се што имаме..., 114-115.
[48] Ibid.
[49] Johan Goltung, Univerzitet Havaji SAD, Bivša Jugoslavija: nekoliko napomena o diagnozi, prognozi I terapiji, „Evropa i raspad Jugoslavije“, priredila Radmila Nakarada, Institut za evropske studije, Beograd, 1995, 95.

проектот на Тито за Југословенската држава. Меѓутоа, фактите зборуваат дека Тито, и во критичните денови пред неговата смрт, многу бил загрижен што ќе се случи со Југославија.[50] Најпосле, ниту една водечка личност во државата не може да биде одговорна за сите настани што се случуваат по нејзината смрт, бидејќи луѓето што остануваат треба да ја градат и сегашноста и иднината.[51]

Основната причина за распадот на Југославија не е во федеративниот принцип или за многумина конфедеративен принцип на уредување на Југословенската држава, туку причините се наоѓаат во економско-политичкиот систем, во којшто секогаш политиката е доминантна водечка сила над економијата. Па во тој контекст, може слободно да се дојде до констатација дека вината на Титовата личност што се однесува до расападот на Југославија е делумна или пак би рекле воопшто незабележителна.[52]

СКЈ и по смртта на Тито продолжи со старата практика во водењето на политиката. Неговите резултати се оценуваа со тоа колку биле одржани седници и колку разни документи (како што се разните анализи, извештаи, заклучоци, информации и слично) биле усвојувани, без да се прави оцена колку тие имаат примена во практиката.

Со цел да ја подобри својата позиција во општеството, СК инсистираше на што повеќе зголемување на бројноста на своето членство, не водејќи сметка за ефикасноста. Кога Јосип Броз Тито се наоѓаше во тешка здравствена состојба, и по смртта на Тито, во текот на 1980 година, во редовите на СК беа примени околу 200.000 нови членови. Само во 1948 година, кога се бараше „партиски" одговор на Резолуцијата на ИБ, според постојните податоци, биле примени нешто повеќе од бројот на членовите примени во 1980 година.[53]

Според едни податоци, во декември 1981 година, бројот на членовите на СК бил околу 2.117.083 члена што претставуваше 9,5% од вкупниот број на

---

[50]Nora Belof, „Jugoslavija-jedan rat koj se mogao izbeći". Од англиски на српски јазик предвод на Risto Tubić, Београд, 1999, 28.
[51] Новица Велјановски, Македонија 1945-1991..., 331-333.
[52] Иван Катарџиев, „Тито за Македонија", ГИНИ, бр. 2, 1989, 92-94.
[53]Во 1948 година, според расположивите статистички податоци нови членови на СКЈ биле примени 216.000 лица.

населоението во Југославија.[54] Во Македонија, според истите податоци, бројот на членовите на СК пораснал на 149.620 односно 7,8% од вкупното население во Република Македонија.[55] Зголемувањето на бројноста на членството на СК секако дека имаше смислена партиска пропагдно практична цел, да се докаже оправданоста на општествено-политичкиот систем како и „решеноста" на СК да го продолжи Титовиот пат. Од горните статистички податоци јасно се гледа дека бројот на членовите на СК бил многу голем, ако се има предвид дека членови на СК од малцинствата кои живееле на југословенските простори бил многу мал, а особено од албанското малцинство.[56]

Национализмот кај дел од албанското население секако дека е една од причините кој доведе до распад на Југославија. Во еден извештај за политичката сосотојба во Југославија, од ноември 1982 година, меѓу другото, се наведува дека национализмот кај Албанците бил прилично изразит. Албанските иредентисти настојувале по секоја цена да ја одвојат албанската средношколска и универзитетска младина од партиската организација. Во редовите на партиската организација „постојат и класни нетрпеливости". Меѓу партиските организации во Југославија се појавиле и организации на национална основа кои, во тоа време, не биле бројни. Нетрпеливоста односно национализмот на Албанците влијаел негативно врз нивното зачленување во партиската организација. Жената Албанка во Југославија, а пред сè, онаа од Косово, многу ретко била член на партиската организација. За тоа големо влијание имаше нивната традиционалност, културна заостанатост, а пред сè, влијанието на оџите. Проалбанската идеологија, сложените меѓунационални односи биле само дел од причините за распадот на Југословенската држава.[57]

Во Централниот комитет на СКЈ од крајот на 1982 година било констатирано дека дејствувале „непријателски" албански групации во средните училишта и на факултетите. Дејствувањето било разновидно. Во Приштина, во

[54] Архива на Државниот завод за статистика на Р. Македонија, Информација за бројната состојба на членството на Сојузот на комунистите на Југославија од 25 јануари 1982 година.
[55] Историја на СКЈ..... 546.
[56] Архива на Државниот завод за статистика на Р. Македонија, Анализа за состојбата на членството на СКЈ од 25 ноември 1985 година.
[57] Архив на ЦК СКЈ, XXIII, I/6, Извештај за политичката состојба во Југославија 26 ноември 1982 год.

ноември 1982 година, било забележано како група на средношколци Албанци оделе на состаноци што биле организирани од албански националисти. Од нив добивале задачи за собирање прилози (парична помош) наменети за разни активности. Во Урошевац, Пеќ, Тетово, итн., исто така била забележана една поголема група на средношколци Албанци која била поврзана со националисти кои имале изразито „фашистичка“ идеологија.[58] Членовите на средношколските групи многу вешто ја прикривале непријателската тенденција. Во ситуација, ако некој негов член бил отстранет од училиште, имале заштита кај професорите Албанци (Приштина, Урошевац, Тетово, Скопје, итн.). Овие таканаречени групи посебно биле активни во кршење на редот и дисциплината во училиштата и на факултетите (побуни против слабата исхрана, недостаток на училиштен простор и слично).[59]

Во училиштата со албански наставен јазик биле организирани приредби со „профашистички“ дух. Постојат повеќе примери дека во средните училишта со албански наставен јазик, во периодот по 1982 година, во наставата по историја, како и по други предмети, наставниците задоени со големоалбански дух многу често им зборувале на учениците за отцепување на Косово од Југославија, а оние во Тетово за отцепување на западниот дел на Македонија и создавање на „Голема Албанија“.

Сепак продлабочувањето на кризата во Југославија најмногу дошло до израз во областа на економијата, но тоа секако најде одраз и во политичката сфера. Кризата беше очевидна и сè повеќе и повеќе се продлабочуваше Секако, неминовно беше да се извршат некои реформи со цел да се избегне ескалацијата. Но, размислувањата во тој поглед беа различни. Така, Киро Хаџивасилев смета дека една од главните причини за продлабочување на кризата во Југославија, во осумдесеттите години на дваесеттиот век, била смртта на Едвард Кардељ во 1979 година, а пред сè смртта на Јосип Броз Тито во 1980 година, кои беа најавторитетни водечки личности во Југославија во тоа време. Со нивната смрт, а особено со Кардељевата смрт, Сојузот на

[58] Ibidem.
[59] Ibidem.

комунистите остана без најистакнатиот идеен предводник.[60] Хаџивасилев смета дека по смртта на Кардељ новите раководства на Сојузот на комунистите не покажале видна активност за да можат да се справат со тешкотиите, не биле во состојба да се снајдат во одредените историски околности и да изнајдат соодветни решенија пред кои тие се нашле.

Точно е дека во Југославија кризната ситуација во сите сфери на општествено-политичкиот и економскиот живот, по смртта на Кардељ и на Тито, станува сè поочевидна. Проблемите во сите сфери на човековото живеење беа посложени и сè потешки, а идејните потенцијали на Сојузот на комунистите не беа способни да се снајдат пред поставените задачи поради што очевидна беше настанатата фаза на идејна конфузија и дезориентација.

Основната цел на политичкото раководство на СКЈ било да ја шири „демократската идеја и да се залага за остварување на демократските принципи". Неговата цел е да води непомирлива борба против сите оние кои сакаат да ги скратат основните човекови права и да придонесуваат во рушењето на општествено-политичкиот систем во Југославија, но и против оние кои придонесуваат за распадот на Федерацијата.

## *2. Позициите на Сојузот на комунистите на Југославија*

Посветеноста на членовото на СКЈ за зачувување на постојниот систем на Југословенската држава беше видливо и на конгресите на СК што се одржаа во текот на 1982 година. Во Скопје, од 6 до 8 мај 1982 година, беше одржан Осмиот конгрес на СКМ. На Осмиот конгрес на СКМ во темите кои беа главен предмет на расправа немаше ништо ново, туку само се повторувале задачите на СКМ во понатамошниот развој на „самоуправните социјалистички односи". Со слична содржина на Осмиот конгрес на СКМ бил и рефератот на Ангел Чемерски кој дал свое видување дека СКМ има завршено голема работа.

[60] Киро Хаџивасилев, „Судбината на социјализмот-загатките на производствените и на социјалистичките односи", „Матица Македонска", 1999, 182-186.

Во Белград од 26 до 29 јуни 1982 година е одржан XII конгрес на СКЈ. Овој конгрес на СКЈ беше прв конгрес што се одржа по смртта на Тито, а веќе втора година се применуваше формулата „едногодишен мандат“. Точно е дека по содржината на работата овој конгрес не се разликуваше битно од претходните. Доминантни теми на Конгресот биле следниве: „Перспективата на самоуправувањето и на самоуправна Југославија“; „Национализмот во Југославија како фактор кој ја дестабилизира земјата“; „Проблемите во економската област“ и други.[61]

Идејна конфузија во редовите на СКЈ имаше и пред одржувањето на Дванаесеттиот конгрес кој на дневен ред не ги постави горливите економски прашања, туку прашањата како да се среди состојбата во СКЈ. На овој конгрес била усвоена „Политичка платформа за развој на социјалистичкото самоуправување, братството и единството и заедништвото на Косово“. Д-р Душан Драгосавац на Конгресот поднел реферат на тема „Борбата на СКЈ за сестран напредок на Социјалистичка и самоуправна Југославија“. Од самите наслови на поднесените теми на Конгресот јасно се гледа дека само се повторуваат познати работи, без конкретна визија.[62]

На Конгресот имало голема расправа и дискусии во врска со Долгорочната програма за економска стабилизација. Имало многу недоречени прашања во Долгорочната програма за економска стабилизација. Немало подготвеност да се отфрли дотогашната концепција на единство на доходот и како што наведува К. Хаџивасилев: „Изостана разработката и поуспешна конкретизација на таа програма, така што таа остана без никакво практично дејство“.[63]

Ова е време кога сè повеќе се влошуваше не само економската туку и политичката состојба во Југославија, тоа посебно се одразуваше во понеразвиените републики каков што беше случајот со Македонија.

[61] Перо Морача, Душан Биланџиќ, Станислав Стојановиќ, Историја на Сојузот на комунистите на Југославија, 1979, 16-40.
[62] Prof. d-r Branko Petranovič, Dr Čedomir Štrbac, Istorija Socijalističke ...., k. 1... , 93-95.
[63]Киро Хаџивасилев, Судбината на социјализмот..., 186.

Бидејќи СКЈ немаше некои други алтернативни решенија, па затоа Долгорочната програма за економска стабилизација, час ја поддржуваше, а потоа ја негираше и слично, за најпосле да сфати дека во неа има многу слабости  и недоречености. Се сметало дека е неопходно доизработка на некои делови од Долгорочната програма. Ваквите ставови наидувале на различни гледишта во редовите на Претседателството на ЦК на СКЈ. Кај некои членови не постоеше решеност брзо да се направат промени, а други пак, мислеле ако се направат промени, тие би преставувале вистинска кочница на патот кон економско осамостување на републиките.[64]

Ретко кој можеше јасно да ги сфати предвидените промени во Долгорочната програма, а особено оној предлог „за два дела од личниот доход“, чијашто суштина не можеле да ја сфатат и да ја разберат работниците.

И покрај „еднобојноста“ на конгресните материјали што се лансираше подолг временски период, секако дека имало и поедини иницијативи и обиди на поедини партиски лидери да се извршат позначајни промени во општествено-економскиот систем. Ваквите иницијативи немале поддршка ниту таму каде што се предлагале и не биле усвојувани. Ова го искористиле поразвиените републики на Југославија (Словенија и Хрватска). Ним јасна им била несреденоста на состојбата во врвот на Партијата и Државата.[65] Тие си презеле свои сопствени иницијативи и активности на стопански план и започнале да создаваат економски сопствени системи, што во Македонија не се случуваше. За Македонија, може да се каже, дека нејзиниот партиски и државен врв немаше изградено свои конкретни иницијативи, туку го прифаќаше она што доаѓаше од врвот на Федерацијата.

Во осумдесеттите години, како што напоменавме, економската состојба во Југословенската држава сè повеќе се заоструваше. Поради тоа беа иницирани расправи во новоформираната Комисија на сојузните општествени совети за проблемите на економската стабилизација. Ова прашање поврзано со економската ситуација беше предмет на расправа и во соодветните работни

[64] Д-р Трајче Грујоски, Распадот на СФРЈ студија и сведоштва, ИНИ, Скопје, март 2003, 211-215.
[65] ДАРМ, Фонд: Влада на Рдпублика Македонија, к. 20, ае. 74/9.

групи при Претседателството на ЦК на СКЈ. Слична расправа имаше и во соодветната работна група при ЦК на СКМ.[66]

Комисијата „на спасот", како што била наречена во некои средини, изготвила повеќе значајни документи во кои главен акцент бил поставен на идните задачи со цел да се направи стабилизација во економскиот систем. Се мислело дека неопходно е да се зајакне улогата на „работничката класа" во решавањето на проширената репродукција, а додека пак репродуктивната способност на одделните фирми да биде во зависност од односите во распределбата на доходот и чистиот доход. Во областа на решавањето на проблемите беа внесени многу нејаснотии при разврската на одделни прашања и се сметаше дека е неопходно големо теоретско познавање од областа на економијата со цел проблемите од оваа област да имаат позитивна разврска.[67]

Во Документите на Комисијата на сојузните општествени совети за проблемите за економската стабилизација, меѓу другото, се вели: „Распоредувањето, односно распределбата на доходот не е и не може да биде случаен, туку мора да биде општествено уреден однос, во кој средствата за лични доходи не се произволно определена големина, а ни средствата за развој на материјалната основа на трудот не може да се сметаат за остаток од доходот...". Од ова јасно се гледа дека „здружениот труд" не најде вистински мерила и начин на стимулирање. Овде нејасно е што треба да се подразбере под „општествено уреден однос", освен да се мисли дека државата и политиката се поистоветени со „општеството" и дека тие најпрво треба да се подмират, а потоа, она што ќе остане да го делат работниците. Јасно е дека работниците не се мотивирани во производството, ниска е стапката што се одвојува за лични доходи.[68]

Негативниот однос кон предложените „економски промени" секако дека имаше одраз на „идејната состојба на СКЈ", па наводно тие беа саботирани. Ваквите предлози биле разгледани и конечно утврдени дури по многубројните дискусии кон крајот на 1985 година. Како што се наближуваше Тринаесеттиот

[66] ДАРМ, Фонд: Влада на Рдпублика Македонија, к. 46, ае. 29/6.
[67] ДАРМ, фонд: Претседател на Република Македонија-кабинет, к. 125, ае. 326/4.
[68] Ibid.

конгрес на СКЈ, чии подготовки се сметаа за многу важни, овие определби за да се направи поуспешен чекор во областа на економијата, односно да се разрешат некои поважни економски прашања, останаа само во теоријата.

Главен проблем и понатаму останува функционирањето на политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување. Влијание во тој поглед најмногу е регистрирано во редовите на СКЈ. Врз основа на ставовите и заклучоците на тој конгрес, Претседателството на СКЈ заседе став во својствена историографска деталност да се направи „критичко преиспитување на политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување".

Сообразно со својата идеолошка поставка и определба, оваа задача му беше доверена на Сојузниот општествен совет за прашања за општетсвено уредување. Општеството имаше свои горливи проблеми, Партијата исто така. Беше формирана Централна работна група од авторитетни личности, претставици на политичкиот и економскиот живот од републиките и покраините. Централната работна група работела под раководство на д-р Тихомир Влашковиќ, познат универзитетски професор на Економскиот факултет од Белград. Во ова време професорот Влашковиќ бил на функцијата претседател на ЦК СК на Србија. Работната група дала иницијатива и донела Одлука за формирање на неколку работни групи во републиките и покраините, со задача да подготват сепарати на „Критичката анализа" за разни прашања.[69]

По предлог на Централната работна група, при крајот на 1982 година, се почнало со формирање на работни групи. Во нив биле ангажирани повеќе од двесте лица, познати личности на политичката, економската и други сфери од човековото живеење, за подготвување на „Критичката анализа". Ангажманот на членовите на работните групи, нивниот општествен арбитер, доаѓа до израз на страниците на одделни сепарати по повод „Критичката анализа". Првиот сепарат се појавил во декември 1984 година, а во 1985 година дошло до објавување на целокупниот текст на „Критичката анализа во функција на

[69] Архив Југославије, Београд, фонд: ЦК КПЈ, к.29, ај.115/4.

политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување“ (нацрт и сепарати).[70]

Кризата продолжуваше и се развиваше. Материјалите за „Критичката анализа“ само во СР Македонија биле објавени во 20.000 примероци и на сите јазици, што беше своевиден апсурд. Во време кога југословенскиот проблем е во центарот на вниманието некои можеби очекуваа дека проблемот би се решил ако со содржината на „Критичката анализа“ би биле запознати и обичните луѓе. Па затоа материјалите по повод „Критичката анализа“ за кратко време биле распространети, со еден збор речено скоро во сите населени места, а пред сè, меѓу членството на партиските и синдикалните организации и другите општествено-политички организации. Што е уште поважно, материјалите за „Критичката анализа“ биле напишани на стил кој не можел да го разбере обичниот човек. При какво и да е споменување на концептот на материјалите, расположението варирало помеѓу политичарите и економистите и другите учени луѓе. Со сигурност може да се констатира дека материјалите по повод „Критичката анализа“ биле прочитани и разбрани само од оние кои професионално се занимавале со прашања од политичката, економската и општествената сфера.[71]

Свеста за задржување на политичкиот систем на работничкото самоуправување во Југославија беше агенсот во агитацијата на активистите, приврзаници на тој систем, членови на партиската, синдикалната организација, на младинската организација. На конференциите одржани по повод „Критичката анализа“ со силно чувство на „одговорност“ учествувале, пред сè, познавачи на општествениот, политичкиот и економскиот систем, како и стручњаци од други области. Тие со историска резолутност развивале интензивна пропаганда со цел да се придобие општото југословенско јавно мислење за поддршка на постоечката политичка кауза. Значи, по иницијатива на активистите на општествено-политичките организации, во првата половина на 1986 година се одржувале повеќе состаноци низ цела Југославија на кои

[70] Архив Југославије, Београд, фонд: ЦК КПЈ, к. 36, аj. 94-18.
[71] Новица Велјановски, Македонија 1945-1991 ..., 347-348.

главен акцент бил ставан на содржината на „Критичката анализа". Тоа било еден од начините со цел населението да се оттргне од секојдневните тешкотии, а вниманието да биде насочено кон „Критичката анализа...".[72]

Во уводникот на „Критичката анализа" се потенцира да не им се верува на пропагандните емисари на југословенските соседи и пошироко „кои распалени од своите цели за југословенската иднина, поради нивните упропастувачки планови и интереси, со чудна енергија го наголемуваат нетрпението против југословенскиот општествено-политички систем". Тие упорно работеле на разединување на југословенската интелектуална елита, го критикувале југословенскиот социјалистички систем, ја афирмирале идејата за распад на Југославија. Критичката анализа" предвидува дека нема да се напушти работничкото самоуправување и делегатскиот систем при избор, односно не се предвидуваат промени во општествено-економските односи. Во контекстот на одбраната на општествениот систем и неговата афирмација, посебно внимание привлекуваат податоците дека во основата на „општественото договарање", самоуправното спогодување на производствено-продажната сфера и во други сфери не се забележуваат промени. Во „Критичката анализа" имало забелешки, но за нив воопшто не се нуделе позитивни разрешници. Со право се констатира дека „Критичката анализа" или друг материјал од ваков вид така јасно ја потенцира оправданоста на постојниот југословенски општествено-политички и економски систем и ниеден друг материјал не покажал таква виталност кој, својата содржина ја оправдува не само пред југословенската општествена јавност, туку и надвор од неа.[73]

Со оправданост се тврди дека „Критичката анализа" не нудеше ништо ново, туку всушност претставува доразработена верзија на Кардeловата студија, која во поново време била позната и под името „Правците на развојот". Всушност, во 1984 година се започна со „Критичката анализа" за која јавно и форумски беа изречени многу пофалбни зборови. Значи, тоа беше

[72] Киро Хаџивасилев, Судбината на социјализмот...,181-185.
[73] Архив Југославије , фонд: Савезно Извршно Веће( во понатамошниот текст за фонд: Савезно Извршно Веће ќе ја употребуваме сигнатурата фонд: 130), к.8, ај. 110.

еден од начините преку кој се спроведуваше тезата меѓу југословенското, балканското и европското јавно мислење за оправданоста на општествено-политичкиот систем во Југославија, односно таа требаше да биде нова и силна афирмација, односно „спасител" на Титова Југославија. Уште во почетокот на расправата, највисокото југословенско раководство и раководствата на некои републики инсистираа на доверба, беше направен обид да не се премости југословенскиот општествено-политички систем. Во тоа згуснато време со многу настани највисокото југословенско раководство одново беше соочено со историски предизвици да се дојде до точката на обединување на различните ставови на сите сили со јасни идеи за југословенската кауза. Тоа стоеше на позиции и даваше оцени дека базата на политичкиот систем „самоуправување" има цврста подлога, Титовиот „завет" мора да се почитува и паролата „И по Тито – Тито!" останува и понатаму актуелна и доминантна.[74] Раководството на Југославија сметаше дека треба да се негува и почитува ставот на Тито за да се остане верен на политичкиот систем и неговата база „самоуправувањето". Ова беше повеќе од тестаментална обврска кон Титовиот завет. Југословенското раководство, како сублимирана животна филозофија за опстојба на Југославија, ја презеде врз себе и одбранбената доктрина на Карделевата теорија, а Кардељ бил оценет како ненадминат теоретичар... Тие ја фокусираа својата енергија за да се продолжи по старото. Но, тоа не е сè. Честопати се поставува прашањето дали пропагаторите на политичкиот систем на самоуправувањето беа убедени во тоа што го прокламираа. Со сигурност дека не, но никој не смисли нешто ново, нешто подобро.[75]

Се приближуваше времето за одржувањето на Тринаесеттиот конгрес на СКЈ. Одржувањето било планирано за летото 1986 година. „Критичката анализа..." како документ за „излез од кризата" целосно се вгради во неговите подготовки. Таа ориентација на позитивно гледање на „Критичката анализа..." се изрази и на Деветтиот конгрес на СКМ одржан од 8 до 10 мај 1986 година во Скопје. Одредени делови од овој „прворазреден документ" беа напишани со

[74] Архив Југославије, фонд: 130, к. 9, ај. 216.
[75] ДАРМ, фонд: Централен комитет на СКМ (во натамошниот текст за фонд: Централен комитет на СКМ ќе ја употребуваме сигнатурата фонд: 427), к. 2950, ае. 315.

цел да се упати критика на поедини партиски членови, а пред сѐ, на некои партиски функционери во СРМ поради нивната недоследност и послаба активност во реализација „на задачите на СКМ“.[76]

Прашањето поврзано со национализмот на Албанците во Македонијаа ја карактеризира атмосферата на Деветтиот конгрес на СКМ. Меѓутоа, на ова прашање сѐ повеќе се гледаше како на прашање кое доведува до една кризна ситуација во СФРЈ. Деветтиот конгрес на СКМ во врска со прашањето за албанскиот национализам во Македонија постапуваше мошне заобиколено со цел да се сфати дека политичкиот врв во Македонија и воопшто политичките и државните органи на власта немаат ништо против Албанците, иако суштината на овој проблем беше многу одамна позната. На многу места во „Критичката анализата“ беа поставени овие прашања поврзани со национализмот, но исто така забиколено и неконкретно. Меѓутоа, од сегашна временска дистанција може да се укаже дека во редовите на СКЈ е очигледна недоволната дефинираност и занемарување на активноста за согледување на суштината на национализмот, кој секако е една од главните причини за распадот на Југославија.

Ова е време кога општественото внимание е насочено, пред сѐ, на функционирање на државните органи. Еднопартискиот систем му пречи дури и на СКЈ и тој станува сѐ повеќе комотен и се повлекува при разрешувањето на главните проблеми. Договорената економија и создавањето на основни организации на здружен труд, и покрај целиот напор, се покажаа како формалистички приод кон реформата.

Многу се полагаше на конгресни промени на СКЈ. Во мај 1986 година и подоцна истата година на Тринаесетиот конгрес на СКЈ, биле извршени кадровски промени во Партијата. Меѓутоа, факт е дека причините за излез од кризата не се во кадровските промени на СКЈ, туку проблемите се во концепцијата и структурата на нештата. Очигледно е дека Сојузот на комунистите западна во голема и безизлезна криза. Тој не понуди решение за излез од сопствената криза, а во тој контекст не беше способен да најде

[76] ДАРМ, фонд: 427, к. 2964, ае. 184.

решение за кризата во државата. Уште еднаш се потврди дека ако не се најде начин да се оствари економска стабилизација на државата, да заживее производството, да се подобри животниот стандард на луѓето, факт е дека од теорија и идеологија не може да се живее.[77]

Во текот на 1989 година дојдоа до силен израз несогласувањата помеѓу раководствата на одделни републики и покраини. Се забележува групирање кон оваа или онаа опција. Македонија водеше флексибилна политика. Тоа одеше дури и на штета на македонските национални интереси. Васил Тупурковски, тогашен член на Претседателството на СФРЈ, дал изјава дека „непринципиелна е коалицијата“ меѓу СР Словенија и СР Хрватска против СР Србија. Ваквата изјава на Тупурковски секако дека предизвика реакции, пред сѐ, во Словенија и во Хрватска.[78]

Во Белград, од 20 до 22 јануари 1990 година, се одржал Четиринаесеттиот вонреден конгрес на СКЈ. На Конгресот пропаднал обидот за воспоставување на српска доминација. Комунистите од Србија не ги прифатиле предлозите на делегатите од Словенија за демократски реформи на СКЈ и поради тоа делегатите на Словенија први го напуштиле Конгресот. Подоцна и делегатите на СК на Хрватска ја напуштиле работата на Конгресот, што де факто преставуваше распад на СК на Југославија. Прекинувањето на работата на Конгресот, всушност, беше рушење на Сојузот на комунистите на Југославија. Милан Панчевски, претседател на Претседателството на ЦК на СКЈ со едногодишен мандат од СРМ, правеше обиди да се изнајде решение да не се прекине работата на Конгресот и беше расположен да го прифати предлогот на Слободан Милошевиќ за дефинирање на нов кворум без учество на делегати од Хрватска и од Словенија.[79] Во овие драматични мигови доаѓаше до израз оптимизмот на Анте Марковиќ кој истакнуваше дека „СК не мора да постои, но СФРЈ ќе постои“.

---

[77] Киро Хаџивасилев, Судбината на социјализмот..., 183-185.
[78] Душко Велић, Бошко Тодоровић, „Разбијање Југославије 1990-1992“, 131-140.
[79] ДАРМ, фонд:427, к. 2734, ае. 216.

### *3. Национализмот – една од причините за распад на Југославија*

Југославија сè повеќе и повеќе се задолжуваше и на тој начин успеваше да одржи некаква стабилност на животниот стандард. Од ден на ден сè повеќе растеше невработеноста. Економската нестабилност се надоплонуваше со политичката. Во републиките и покраините (иако не во сите) се размислуваше за судбината на Југославија, со што се покажа дека и СКЈ не е единствен. Сè повеќе и повеќе доаѓаше до израз национализмот.

Летото 1987 година Сојузот на комунистите на Србија изврши влијание настанатиот проблем во Косово да го постави на седница на ЦК на СКЈ, со цел да се изврши ревизија и промена на политиката во Косово за да се спречи притисокот што го правеле Албанците врз Србите и Црногорците во Покраината и ги принудувале на иселување.[80]

Во септември 1987 година е одржана Осмата седница на ЦК на СКЈ на Србија. На оваа седница дошло до пресметка со поумерените сили во СК на Србија предводени од Драгиша Павловиќ, претседател на ГК на СК Белград и Иван Стамболиќ, претседател на Претседателството на СР Србија. Дојде до судири и до изразити спротиставени мислења во редовите на СК на Србија. Погледнато во целина, со право може да се тврди дека распадот на СФРЈ доби кулминација на Осмата седница на ЦК на Сојузот на комунистите на Србија. Тогаш победи радикалната струја на чело со Слободан Милошевиќ. Ова многу лошо се одрази на целосната општествено-политичката ситуација во Југославија. Пламна нетрпеливоста помеѓу развиените и неразвиените републики, помеѓу левичари и десничари, меѓу федералисти и републиканци, меѓу реформатори и конзервативци, меѓу либерали и комунисти. Се отворија старите кавги меѓу одделните народи кои живееа во СФРЈ.[81]

Во ова време, атмосферата на Косово беше толку вжештена што се наѕираше нејзината експлозија. Изразито беше барањето за државност на Албанците на Косово (Влада во илегалство). Се блокираа сите процеси на

---

[80] Архив Југославије, фонд: 130, к.87, aj. 124.
[81] Архив Југославије, фонд: 130, к.93, aj. 143.

договарање, се тргна кон решение со сила, владееше тотална несигурност. На барање на претседателката на Социјалистичкиот сојуз на Србија, Мира Марковиќ, Србија започна со економска блокада против Словенија, „да не се купува и увезува стока од Словенија".

Специфичноста во ескалирањето на кризата во Југославија, особено нејзиното согледување и начинот на разрешување, се гледа во тоа што подолго време официјалните органи на државата и раководството на СКЈ не сакаа да ја признаат не само економската туку и политичката криза во која се наоѓаше државата. Но, кога не беше можно кризата и понатаму да се покрива според стариот испробан рецепт, дојдоа до сè поголем израз противречностите во политичката сфера. Одговорните во Југославија долго време ја премолчуваа и не сакаа да се соочат со фактичката состојба во економската и политичката област која за неколку години ескалира до размери на негирање и распаѓање на постојниот политички систем на државата.[82]

По ескалацијата на економската и политичката криза во земјата се промовира партискиот плуаризам кој, во почетокот речиси без правило на игра, на политичката сцена исфрли партии со висок национален набој што неминовно отвори и нова димензија во југословенските односи – национализам и кризата на меѓунационалните односи меѓу републиките. Со еден збор речено, кризата во меѓунациналните односи, според аналитичарите, одигра значајна улога за распадот на СФРЈ.

Трите димензии на југословенската криза, без разлика на редослед на нивното манифестирање и интензитет, направија големи негативни последици и придонесоа за распадот на Југославија.

Интересно е да се напомене дека во целиот период на разрешување на кризата беа предлагани безброј варијанти за мирно решавање на проблемите. Актуелната политичка состојба и натаму беше оптоварена не само со политичките проблеми, туку и со меѓунационалните односи.[83]

[82] Архив Југославије, фонд: 130, к.98, aj. 115.
[83] Архив Југославије, фонд: 130, к.92, aj. 123.

Во Словенија, во 1987 година, сè повеќе се забележува процесот на спротиставување на сите федерални институции што божем на некој начин придонесувале на загрозување на нејзините републички права. Поради српскиот национализам и агресивната политика на Слободан Милошевиќ, Словенија си го штитеше својот словенечки суверенитет од загрозување од сојузните власти. Тоа се искажуваше и во однос на буџетите, но и во однос на програмите за стабилизација. Но сепак, тоа не беше основна причина. Факт е дека раководството во Словенија во водењето на својата самостојна политика наоѓаше поддршка кај меѓународните фактори, а пред сè кај западните земји, кои наводно се деклариираа дека се за единствена Југославија. Во Словенија, во 1988 година, четири австриски банки отворија свои филијали. Ова секако беше знак дека доколку Словенија стане самостојна и независна држава, таа ќе биде поддржувана и финансиски. Кон крај на 1988 година Владата на Словенија ги усвои амадманите на Сојузниот Устав, што исто така беше „одбранбена мерка“.[84]

Во февруари 1989 година рударите Албанци од рудникот Стари Трг во Трепча, во Косово, организираа штрајк. Овој штрајк беше насочен против политиката на Србија и нејзиното наводно „угнетување и експлоатирање“ на Албанците. Поддршка на штрајкот на Албанците од рудникот Стари Трг му дадоа Словенците. По тој повод во Љубљана бил одржан масовен митинг. На митингот зборувал и претседателот Милан Кучан и други раководители од Словенија. Претседателот Кучан штрајкот на Албанците од Косово го нарекол „одбрана на АВНОЈ-ска Југославија од 1943“.[85] На словенечкиот претседател Милан Кучан настапот на митингот сигурно дека не му беше насочен кон зачувување на АВНОЈ-ска Југославија, туку да се обелодени националистичката политика на српскиот лидер Слободан Милошевиќ. Кучан на овој начин сакаше штрајкот на рударите од Косово да го претстави дека има политичка мотивација и да го поврзе со граѓанските права на Словенците, со

---

[84] Душко Велић, Бошко Тодоровић, „Разбијање Југославије..., 131-140.

[85] Suzan Budvord, Balkanska tragedija-haos I raspad posle hladnog rata, „Filp Višnić", Beograd, 1997, 103.

уставните принципи на територијалниот суверенитет и нивното право за отцепување.[86]

Во почетокот на март 1989 година, од страна на српската власт, некои од организаторите на штрајкот на рударите во Косово Поле беа затворени. На крајот од 1989 година од редовите на СКЈ беше исклучен еден од идејните водачи на „албанското сепаратистичко движење“ Фадиљ Хоџа. Во изјавата што ја дал Фадиљ Хоџа ги оправдувал сите насилства што ги правеле Албанците на Косово врз невиното православно население, чии претци со векови живееле на тие простори. Фадиљ Хоџа го оправдувал дури и силувањето на жените и младите девојки Србинки и Црногорки од страна на албанските националисти.[87] Ваквата негова изјава предизвика страшен револт не само во Србија, туку и во Југославија пошироко. Затоа Фадиљ Хоџа не можеше да остане во редовите на СКЈ. Тој бил сменет.[88]

Во март 1989 година во Србија беа организирани масовни јавни протести во знак на незадоволство од режимската политика на Слободан Милошевиќ.

На 28 март, истата година, Собранието на Србија ги усвои уставните амандмани на Уставот на СР Србија за ограничување на автономијата на покраините. Поради усвојување на уставните амандмани во Собранието на Србија, истиот ден кога тие беа донесени, во Косово од страна на Албанците беа организирани масовни демонстрации. Во демонстрациите загинале 22 демонстранти, 2 полицајци, а имало и повеќе ранети.[89] Поради ваквата новонастаната ситуација на Косово Претседателството на СФРЈ било приморано да преземе соодветни мерки за воведување на ред и мир во Покраината. Била прогласена вонредна состојба. Поради тоа Претседателството на СФРЈ ги обврза сите републики и покраини да испратат свои полициски контигенти, со цел да се одржи под контрола напнатата состојба во покраината Косово. Чуствувајќи се победник со усвојувањето на

---

[86] Архив Југославије, фонд: 130, к.112, aj. 158.
[87] Архив Југославије, фонд: 130, к.а21, aj. 93.
[88] Ibid.
[89] Архив Југославије, фонд: 130, к. 115, aj. 183. Анализа стања покраине Косова, 28 септембра 1989 године.

уставните амандмани од страна на Собранието на Србија и со воведувањето на вонредната состојба на Косово, Слободан Милошевиќ, на 28 јуни 1989 година, на сам ден Видовден, во Газиместан во Косово Поле, по повод 600-годишнината од битката на Србите против Турците, организирал масовен митинг. На митингот Србите го изразиле своето незадоволство против Албанците. Меѓу другото, Милошевиќ на митингот во Газиместан истакнал: „Косово е српска територија и никој нема право, а најмалку Албанците да ги истеруваат Србите и Црногорците од својата земја". На митингот на Косово Поле имало околу милион луѓе. По настапот на Милошевиќ во Косово тој го изгуби чуството за реалната состојба во Покраината и самиот се сметаше дека е најугледниот лидер во Југославија и дека е непогрешлив во донесувањето на одлуките. Говорот на Милошевиќ во Косово Поле уште повеќе ги поттикна и ги засили сепартистичките амбиции на Албанците. Извршено е силно влијание врз ширењето на „албанското националистичко сепартистичко движење".[90] Се појавија повеќе немири во годините што следеа, со единствена цел – независност за Косово. На баравите барања Србија се спротиставувала. Идејните творци на програмите во покраината Косово биле националистичките водачи од редовите на Албанците, чија главна цел била реализација на проектот за создавање независно Косово, односно создавање на „Голема Албанија", во чиј состав би влегле и територии на кои живеат и други народи. Косовските Албанци во својата прокламација ја афирмирале идејата „обединување на Космет, западниот дел на Македонија и дел од Црна Гора – со Албанија".[91]

Ваквата политика на албанските националистички кругови секако дека претставува култ на албанските сепаратистички интереси и е основна водилка за реализирање на нивната цел: „сите Албанци да живеат под еден етнички покрив". Во тој контекст политичките активности, аналогно на тоа и економските и воените како практика, кон српскиот, македонскиот,

[90] Архив Југославије, фонд: 130, к. 118, ај. 140. Извештај о митингу Газиместана, девадесет и осмог јуна 1989 године.
[91] Архив Југославије, фонд: Претседништво Федеративне Републике Југославије, 1971-1992 (фонд: 803), к.38, ај. 49.

црногорскиот простор и други балкански простори, на кои живеат Албанци, имаат класичен геополитички пристап, со тенденции за проширување и за заземање туѓи територии од страна на Албанците. Гледано низ призмата на историјата, експанзионистичките пориви на активностите на албанските националисти од Косово биле насочени пред сè кон создавање на чисто етничко Косово, како и создавање на „Голема Албанија“.[92]

Политиката на Милошевиќ, а воедно и политиката на албанската иредента на Косово, секако се една од причините, ако не, би рекле, и една од главните причини за дефинитивниот распад на Југославија.

Собранието на Република Македонија, во април 1989 година, ги усвои уставните амандмани на Уставот на Република Македонија од кои јасно се гледа дека Македонија беше дефинирана како „национална држава на македонскиот народ“. Во Македонија се чуствуваа политичките и економските проблеми. Невработеноста беше изразита. Од ден на ден растот на невработеноста стануваше сè поголем. Така, според едни статистички податоци, во декември 1986 година во Македонија имало 141.147 невработени лица. Во политичката состојба во земјата доаѓаат до израз заострените меѓунационалните односи.[93]

На 17 април 1989 година Претседателството на ЦК СКМ на својата одржана седница посебно внимание посвети на прашањето на албанскиот национализам и сепаратизам во Македонија.[94] На седницата беше истакнато, покрај другото, дека во Македонија „Сè позабележливо и сè позасилено е дејствувањето на албанскиот национализам и сеператизам на линијата на создавање „Голема Албанија„ т.е. за отцепување на Косово, дел од Црна Гора и дел од Западна Македонија“. Албанија беше обвинета бидејќи не се спротиставила преку официјалните државни инструменти, туку само вербално ги осуди или ја премолчила иницијативата за создавање „Илирида“, распишувањето на референдум на македонските Албанци. Од страна на

---

[92] Архив Југославије, фонд: 130, к. 42, ај. 123.

[93] Архива на Државниот завод за статистика на Република Македонија, Анализа за економската состојба во Р. Македонија 1986 година.

[94] ДАРМ, фонд: Претседател на Република Македонија-кабинет (фонд 1386), к. 149, ае. 15/4.

Албанија не беа осудени ни вооружените активности на Албанците во Македонија и не ја отфрли тезата дека Македонците не се предизвикувачи на немири со Албанците и воени судири. На оваа седница Претседателството на ЦК СКМ ја обвини Албанија за мешање во македонските внатрешни работи и дека Албанија го поттикнува национализмот и сепаратизмот на Албанците во Македонија.[95]

Прашањето на албанскиот национализам и сепаратизам беше актуелно и на Десеттиот конгрес на СКМ, одржан од 25 до 27 ноември 1989 година. Овој конгрес беше всушност последниот конгрес на СКМ на кој се расправаше не само за албанскиот национализам, туку и за национализмот пошироко во Југославија.[96] Нема сомнение дека последните години од деветтата деценија од XX век, а пред сè 1989 и 1990 година, беа најкризните години за Југославија воопшто, аналогно на тоа и за Македонија, која беше доста преокупирана со своите тешкотии на економски план, но сепак и другите настани во обласа на политиката како и со нацинализмот на Албнците кои не ја заобиколија. Затоа таа многу ги почуствува настаните што се случија во овие години, иако некој од нив не беа директно на нејзината територија.

### *4. Реформите на Анте Марковиќ*

На 16 март 1989 година за претседател на Сојузниот извршен совет на СФРЈ бил избран Анте Марковиќ.[97] Соочувајќи се со проблемите на развој на југословенската економија, Марковиќ пред Сојузниот извршен совет и пред Претседателството на СФРЈ го поставил прашањето за повторување на реформата од 1965 година, присособена на новите услови. Марковиќ пред Сојузниот извршен совет ја изнел својата амбициозна програма за економски

[95] ДАРМ, фонд: Влада на Република Македонија (фонд: 1305), к. 145, ае. 204.

[96] ДАРМ, фонд: 1305, к. 132, ае. 38.

[97] Претседатели на Сојузниот извршен совет на Југославија во периодот од 1953 до 1992 година биле: Јосип Броз Тито, 1953-1963; Петар Стамболиќ, 1963- 1967; Мика Шпиљак, 1967-1969; Митја Рибичич, 1969-1971; Џемал Биједиќ, 1971- 1977; Веселин Ѓурановиќ, 1977-1982; Милка Планинц, 1982- 1986; Бранко Миколиќ, 1986-1989; и Анте Марковиќ, 1989- 1992 година.

реформи во државата, чија основна цел била да ја спречи хиперинфлацијата. Според едни статистички податоци, во Југославија при крај на 1989 година инфлацијата достигнала највисока стапка од 2679 % на годишно ниво.[98]

На покана на американскиот претседател Џорџ Буш (Постариот), при крајот на 1989 година, Марковиќ бил во посета на САД. Барајќи поддршка за својата економска политика во земјата, Марковиќ во САД преговора со познати експерти од ММФ. Марковиќ бил на состанок со директорот на ММФ – Михаил Камедозо, кој го пофалил коегзистентниот и храбар проект на Анте Марковиќ. Како резултат на воспоставената соработка со Меѓународниот монетарен фонд Марковиќ за својата програма ангажирал неколку познати странски експерти во економската наука и на меѓународен план како што биле: Американецот Џефри Сакс (кој, инаку во Чиле направил успешна реформа); Пол Фишер, кој важел за главен економски експерт во ММФ. Повеќе економски експерти дале помош на разни начини во спроведување на економската програма на Марковиќ. Економските експерти одржувале консултација со самиот премиер Анте Марковиќ, како и со тимот на Југославија кој работел на спроведувањето на самата економска реформа. Во тимот кој работел на самата реформа од југословенска страна биле ангажирани повеќе домашни југословенски експерти, меѓу кои: професорот Маџар, Драголсав Војниќ (тогашен директор на Економскиот институт на Хрватска и професор на Хрватскиот универзитет), Војо Ракиќ (Србин од Босна, универзитетски професор по економски науки), Киро Глигоров, професор по економски науки и политичар, како и многу други. Тоа било една голема експертска стручна екипа составена од стручњаци од разни области, ги имало скоро од сите републики, независно од тоа што во некои републики и во тоа време се појавиле тенденции за контрола на овие реформски зафати на Сојузната влада.[99]

Банките од западноевропските држави ветиле финансиска поддршка на Марковиќ и неговата реформа, доколку неговиот концепт се спроведува во

[98] Архив Југославије, фонд: 130, к.48, ај. 93.
[99] Архив Југославије, фонд: 130, к. 125, ај. 94.

Југославија. Марковиќ најнапред започнал успешно да се справува со проблемите во банкарскиот сектор. Предвиден бил конвертибилен динар. Го средил воениот буџет на ЈНА од 60 % на 35 % од вкупниот износ на средства со коишто располагала Југославија. Започнал да ја средува состојбата на издатоците во администрацијата, за сметка на тоа го зголемил буџетот на царината и на полицијата. Марковиќ дал предлог да се зголемат платите на вработените во царината, но тој предлог имал и спротиставени мислења.[100] Дотогаш половината од буџетот на Федерацијата се финансирал од разните придонеси од републиките и покраините, додека пак другата половина ја сочинувала сопствени приходи на Федерацијата. Тука станува збор за даноци на промет, царина и патарина. Штом се зголемиле платите на царинарниците, приходите од царина биле многу зголемени, па затоа не случајно Анте Марковиќ дал предлог за укинување на придонесите што ги давале републиките и покраините во буџетот на Федерацијата.[101]

Реформата на Анте Марковиќ започнала со успех да се спроведува. Но и покрај успешните резултати, во дел од републиките се појавиле и спротиставени мислења. Така, Словенците и Хрватите и понатаму го поставувале прашањето како да се располага со девизите и околу тоа прашање постојано се наметнувало расправа и барале некои специфични решенија, какви што немало никаде во светот, како на пример девизите да ~ припаѓаат на секоја основна организација на здружен труд и да се знае колку од тие девизи треба да се дадат за централни потреби. Со еден збор речено, со девизните средства републиките сами да располагаат со право сами да се задолжуваат. По ова прашање се воделе големи дебати, поради ваквите спротиставени мислења беше потребна интервенција на ММФ, кој реагираше на таквите ставови на Храватите и Словенците, со образложение дека тој систем не може да фунционира и ќе доведе до економско затворање на републиките и до меѓусебно тргување со девизи, што инаку веќе постоеше во реалноста.[102]

---

[100] Архив Југославије, фонд: 130, к. 109, aj. 86.
[101] Киро Глигоров, Македонија е сѐ што имаме..., 144-146.
[102] Архив Југославије, фонд: 130, к. 109, aj. 92.

Друг проблем, ако во реформата се оди на пазарно стопанство, тогаш не може да опстане Фондот за неразвиени подрачја. Овде се поставува прашањето дали требаше да се оди со поевтини кредити, со помали каматни стапки, но сè што ќе се добие морало да се врати. Вакво решение не одговарало на неразвиените републики како што се: Црна Гора, Македонија, Босна и Херцеговина и Покраината Косово. На нив, ако им се дадат кредити, каматите ќе се трупаат и тие не ќе можат да ги вратат. Македонија немала доволно девизни средства и ако сакала да добие, требало да плати. Тоа значи, можеш да добиеш девизи колку што сакаш, но да платиш не онолку колку што бил официјалниот единствевн курс што го признавал ММФ, туку онолку колку што бараат оние што имаат девизи. Тоа било неприфатливо.[103]

Но ако се воведе друг систем на финасирање на неразвиените подрачја со бенефиции, во тој случај, Харватите барале тоа да се однесува и за неразвиени подрачја во Хрватска, како што биле: Лика, Кордон и Банија. Гледано, низ призмата на аголот на прилив на средства врз основа на фондот за неразвиени подрачја, од сите републики на тогашна Југославија, само Словенија не требало да добива средства од тој фонд. И по ова прашање, како да се определат критериумите за користење на средствата од Фондот за неразвиени подрачја, па макар и врз онова на кредити, и со пониски камати, и тука не можело да постигнат согласност. Србите почнале да го креваат својот глас и да изнесуваат дека и во Србија имало повеќе општини коишто се понеразвиени од некои општини во Македонија и Босна и Херцеговина и имаат потреба од финансиски средства.[104]

Сè до усвојувањето на концептот на реформата на Анте Маркоивиќ, и тогаш, и потоа, ова прашање останало отворено. Прво, надвладувало мислењето дека со девизниот режим секоја република може слободно да располага со своите девизи, но да ги купува и продава по официјалниот курс на Федерацијата, а девизните средства да бидат во Народната банка на Југославија. По извесно време потоа била донесена Одлука дека можат да се

[103] Архив Југославије, фонд: 130, к. 109, aj. 114.
[104] Архив Југославије, фонд: 130, к. 108, aj. 104.

создаваат и таканаречени комерцијални девизни резерви во банките, па како вкупни девизни резерви на земјата тогаш се собирале оние што биле во Народната банка и во банките што ја претставувале масата која давала слика дали земјата има доволно девизи за еден стабилен економски курс или не.[105]

Нема сомнение дека економските реформи на Анте Марковиќ беа насочени кон заживување на економијата и беа насочени кон конвертибилност на динарот, но во некои од нив беа содржани елементи на јакнење на федералната власт. Реформите на Анте Марковиќ не ги сакаа Словенците коишто сметаа дека Анте Марковиќ со своите реформи сака што повеќе да ја концентрира власта во свои раце и да им прави извесни отстапки на Србите и на Армијата. Реформите на Анте Марковиќ не ги сакаа ни привrзаниците на политиката на Милошевиќ, бидејќи сметаа дека Марковиќ ги прави реформите во интерес на поразвиените републики во Југославија, а пред сè во интерес на Хрватска и Словенија.

Во почетокот на 1991 година Анте Марковиќ изврши девалвација на динарот, а како резултат на тоа, инфлацијата во земјата достигна големи размери. Ваквото решение на Марковиќ не беше подеднакво прифатено. Ова, секако имаше позитивен одраз на поширокaта потрошувачка. Штетно беше што девизите се одлеваа надвор од земјата, а многу се намалија девизните резерви на земјата.[106]

Србија реагираше на мерките на Владата на Анте Марковиќ, како и поради тоа што Словенија не вршела уплата на своите придонеси во Федерацијата. Србија преку своите служби во Народната банка на Југославија извршила упад на платниот промет, „позајмувајќи 1,4 милјарди долари“.[107] Со сите овие самоволности, практично, неформално се распадна стопанскиот систем на СФРЈ и сите тие придонесоа за распадот на Југославија. Постоеше и мислење дека најголемиот дел од Србите сакаат да се спроведат реформите на Владата на Анте Марковиќ, да се зачува опстанокот на Југославија и дека Југославија може да опстои во економски поглед и без Словенија.

[105] Ibid.
[106] Архив Југославије, фонд: 130, к. 108, aj. 116.
[107] Ibid.

Ова е време, и покрај позитивната, би рекле, економска реформа на нејзиниот идеолог Анте Марковиќ, на постоење проблеми не само во сферата на економијата, туку и во политичкиот живот, обидот на Анте Марковиќ да ја спаси Југославија од распаѓање заврши со неуспех.

### *5. Процесот на распаѓање на Југославија*

Научните работници во своите текстови изнесуваат различни мислења за прашањето кога се распадна и кој е „виновникот" за распадот на СФРЈ. Секако дека кога станува збор за „вина" се мисли на оние држави кои станаа независни. Гледано и од објективна гледна точка уште пред самиот распад на СФРЈ, повеќе години и пред тоа, идејата за напуштање на Југославија најсилно била изразена во Словенија.[108]

Како причини за распадот на СФРЈ секако се внатрешните горливи економски, социјални и политички проблеми, а пред сè, меѓуетничките. Поради нивното заострување постоело опасност од избувнување на војна на југословенскиот простор. Тоа е време кога се повикува целата светска дипломатија да изнајде решение за да се спречи тој можен процес. Монополот на еднопартискиот систем на власта на СКЈ и опаѓањето на неговиот авторитет беше очигледен. Стопанскиот систем практично беше неефикасен, придружен со инфлација, која од ден на ден сè повеќе се зголемуваше. Безработицата на населението беше очигледна, опадна животниот стандард на граѓаните.

Непостоењето на заедничкиот југословенски пазар беше видливо. Југословенските републики во економски поглед сè повеќе се затвораа. Имено, сето ова предизвикуваше незадоволства од заедничкиот живот во СФРЈ. Нема сомнение и мислењето на одделни аналитичари дека за распадот на СФРЈ има видно влијание и улогата на меѓународниот фактор и на разузнувачките служби. Југославија, за време на Студената војна, како вонблоковска земја

---

[108]Види: Борисав Јовиќ, „Последњи дани" СФРЈ, друго издање, Крагуевац, 1996, 339–340. Борисав Јовиќ бил претседетал на Претседателсвото на СФРЈ, неговата објавена книга е, всушност, дневник на авторот.

водеше неврзана политика, па затоа има значајно геостратешко место во балансирањето на односите меѓу источните и западните земји. Поради ваквата политика на неврзана земја Југославија секогаш беше на удар и предмет на дејствување на разузнувачките служби на големите сили.

Секако дека кога станува збор за периодот пред распаѓањето на Југославија треба да се има предвид и фактот дека во меѓународната јавност, а пред сѐ во САД и во Германија сѐ повеќе растеше „загриженоста“ што ќе стане со Југославија. Практично до самото распаѓање на Југославија овие две големи сили заземаа став за зачувување на единството на СФРЈ. Во каква форма Југославија ќе биде, меѓународната јавност остави да се договорат републиките кои ја сочинуваа Федерацијата, но беше против прекинувањето на сите врски меѓу републиките. Со еден збор речено, САД и Германија практично стравуваа да не се создаде една нова стратешка ситуација на Балканот од која би произлегле низа нови проблеми. Потребно е да се каже дека една српска струја предводена од Слободан Милошевиќ по секоја цена настојувала да се одржи Југославија. Ваквиот став бил поддржан од Милан Панчевски тогашен претседател на ЦК на СКЈ.[109]

На Словенците често пати им било префрлувано дека тие не сакаат да вложат напори да се реформира СФРЈ и да се одржи како држава. Словенците имаат „објективна“ одговорност за распадот на Југославија, затоа што тие не сакаа и не беа подготвени да прифатат централизирана Југославија во која доминантно место би имала Србија на чело со нејзиниот лидер Слободан Милошевиќ, односно она што било практика од време на династијата Караѓоѓевиќ со извесни модификации. Словенија ја обвинуваше Србија дека е главна кочница за политичката состојба во СФРЈ, а воедно си преземаше мерки за изнаоѓање на подобри решенија за својата иднина. Точно е дека раководството на Словенија, по смртта на Јосип Броз Тито, се залагаше за слаба власт на федеративниот центар, а за поширoки права да имаат републиките, утврдени со Уставот од 1974 година.[110] Словенците, како пример,

[109] Архив Југославије, фонд: Скупштина (фонд:160), к.48, ај. 29.
[110] Архив Југославије, фонд: 160, к. 38, ај. 99.

ја посочувале тогашната Европска економска заедница, како и некои други лабави федерации. Имало предлози Југославија да стане конфедерација или пак асиметрична федерација. Но, имало и такви предлози Југославија да се трансформира во доброволна заедница на независни држави кои би соработувале за прашања од нивни заеднички интерес. Словенците предлагале да се воспостави една монетарна унија и на тој начин би се олеснил патот за влез во Европската заедница. Овој предлог на Словенија не бил прифатлив, а пред сè од страна на раководството на Србија на чело со Слободан Милошевиќ, кој веќе јасно ја изразувал својата идеја „сите Срби во една држава“.

Тие, пак, сметале дека и покрај уставните промени од 1974 година, кои содржеле доста елементи од конфедеративен карактер, Југославија сепак била држава со изразито центарлистички управен карактер.[111] Словенија чувствувала потреба да се заштити, особено кога Србија имала за цел да ја реализира програмата на Српската академија на науките и уметностите (САНУ).[112] Кај словенечкиот народ сè повеќе созреваше мислата дека се наближува денот кога тие треба да се отцепат од Југослвија. На 23 декември 1990 година во Словенија се одржа референдум на кој 88,5 % од гласачите се изјаснаа за независност на Словенија. Примерот на Словенија го следеше и Хрватска, но таму ситуацијата беше покомплицирана. Отпор за отцепување од Југославија даваше српското население, кое со векови живее на просторот на Хрватска. Малку подоцна, по патот на Словенија и Хрватска тргна и Република Македонија.[113]

Процесот на распадот на Југославија секако дека беше забрзан и од неспособноста на Владата на Милка Планинц, како и од Владата на Бранко Миколиќ (Хрват од БиХ), кои не понудија и не презедоа некои позначајни мерки за решавање на проблемите во економската сфера.

[111] D-r Božo Repe, Liberalizam Sloveniji, „Borec“, 9-10, 1992, 23-24.

[112] Програмата на САНУ всушност преставувала текст подготвен од една комисија составена од неколку члена. Во текстот децидно се укажува на фактот дека Србите биле загрозувани и асимилирани во таканаречена „претходна“ Југославија.

[113] Спасе Мирчески, Алманах на Република Македонија (Хронологија:1991–1997), „Нова Македонија“, Скопје 1998, 21–23.

Факт е дека извесна надеж „за спас на Југославија“ понуди Владата на Анте Марковиќ (од СР Хрватска). Марковиќ, по оставката на Миколиќ во почетокот на 1989 година, доби мандат за формирање Влада. Доаѓањето на Анте Марковиќ за претседател на Сојузниот извршен совет, неколкуте негови реформски потези, помогнати од развиените земји, внесоа доза на оптимизам.

Точно е дека од јануари 1990 година кога во Белград се прекина XIV конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија и кога поради одбивањето на предлозите за плуралистички промени, делегацијата на Словенија прва го напушти Конгресот, а веднаш по неа, истото го направи и делегацијата на Хрватска. Ова значеше дека СКЈ всушност се распадна. ЈНА беше единствена сила што остана да го брани она што можеше да се брани за СФРЈ. Секако тоа беше единствената причина за интервенцијата на ЈНА на подрачјето на Словенија и на Хрватска. Ваквата интервенција на ЈНА во Словенија и во Хрватска од македонската јавност беше негативно оценета. Тоа даде импулс да се збрзаат активностите кои одат во правец за осамостојување на Македонија. Европското јавно мислење имаше негативно гледиште за воената интервенција на ЈНА во Словенија и Хрватска. Тоа значеше посериозна употреба на воено оружје на просторот на Европа, по Втората светска војна. Републиките што се осамостојуваа добиваа симпатии од цивилизирана Европа.[114]

На 6 февруари 1991 година во Словенија е во посета македонска делегација. Во разговорите се истакнало дека до нов договор за иднината на Југославија може да се дојде само низ целосно меѓусебно почитување и по мирен пат и само врз основа на почитување на сувереноста на републиките. На 19 февруари 1991 година во Скопје се водени разговори со делегација на Хрватска, станало збор за иднината на Југославија, при тоа е потенцирано дека Југославија може да опстои само како заедница на суверени и рамноправни држави.[115]

На конференцијата за печат одржана во Скопје на 9 февруари 1991 година претседателот Киро Глигоров и членот на Претседателството на СФРЈ

[114] Грујоски, Трајче, Распадот на СФРЈ..., 216-220.
[115] Ахил Тунтев, Република Македонија, прва декада (1990-1999), МИ-АН, Скопје, 2005, 12.

Васил Тупурковски изјавиле дека егзистенцијата на СФРЈ без една или две републики би претставувала фикција.[116]

Во Сараево, на 22 февруари 1991 година, била одржана седница на Претседателството на СФРЈ со претседателите на републиките. На оваа седница дошле до израз спротивставените ставови меѓу Србија и Црна Гора од една и Словенија и Хрватска од друга страна.

На 3 март 1991 година во Хрватска дојде до многубројни безредија. Во периодот од 9 до 14 март 1991 година настанаа безредија и крвави пресметки меѓу припадниците на полицијата и демонстрантите на белградските улици. Во овие драматични мигови доаѓа до израз ескалацијата на политичката криза во Југославија, од 13 до 15 март 1991 година заседава врховниот командант на вооружените сили на СФРЈ, при што членовите на Претседателството се изјаснуваат околу предлогот за воведување вонредни мерки. Македонскиот претставник Васил Тупурковски ја нагласил потребата да се изнајде решение на политичката криза исклучиво по пат на политички дијалог. Тогаш претседателот на Претседателството на СФРЈ Борисав Јовиќ поднел оставка од претседателската функција, тоа беше секако една од причините за ново заострување на југословенската криза.[117]

На 3 мај 1991 година кај Вуковар – Борово Село дојде до драматични судири меѓу вооружените групи Срби од една и хрватската полиција од друга страна. Напната е ситуацијата и во Книнска Краина. Во Сплит на 6 мај 1991 година загина војникот Сашо Гешовски од Кавадарци. Смртта на војникот Сашо Гешовски предизвика голем револт меѓу граѓаните во Македонија и пошироко.

Со цел да се спречи заострувањето на кризата во односите меѓу југословенските републики на политички, економски и меѓунационален план, биле одржани шест состаноци на кои учествувале претседателите на републиките: Милан Кучан – Словенија, Фрањо Туѓман – Хрватска, Алија Изетбеговиќ – Босна и Херцеговина, Слободан Милошевиќ – Србија, Момир

116 Ibid.
117 Ibidem, 14-20

Булатовиќ – Црна Гора и Киро Глигоров – Македонија. На 28 март 1991 година претседателите одржале средба на таканаречениот самит во Сплит, на кој станало збор за иднината на Југославија. На самитот во Белград одржан на 4 април истата година, дојдоа до полн израз суштинските разлики во дијалогот на претседателите на републиките. Третиот самит бил одржан на 11 април 1991 година, во Брдо, кај Крањ. Македонскиот претседател Киро Глигоров ја застапувал тезата дека републиките само како суверени држави можат да расправаат за решавањето на југословенската криза и доколку една од републиките се отцепи од СФРЈ, Македонија не сака да остане „во остатокот на Југославија". Во Охрид во вилата „Билјана"– Горица, на 18 април 1991 година, е одржан четвртиот самит на претседателите на југословенските републики. На овој самит станало збор за многу важни прашања кои биле од заеднички интерес на републиките, како и за влијанието на меѓународниот фактор врз решавањето на југословенската криза. На следниот состанок одржан на 29 април истата година во Цетиње, во центарот на вниманието беше предлогот за распишување референдуми за независност. Последниот, шести самит на претседателите на југословенските републики, бил одржан на 6 јуни 1991 година, во Стојчевац кај Сараево.[118] На овој самит претседателот Киро Глигоров и претседателот Алија Изетбеговиќ излегле со заеднички проект познат како Глигоров-Изетбеговиќ, во кој се дадени насоки за идното уредување на Југославија. По интензивните консултации меѓу претседателите на републиките и со сојузните функционери за иднината на Југославија, кои се одржаа во Белград на 19 јуни 1991 година, пропадна обидот за конституирање на Претседателството на СФРЈ.

Пролетта 1991 година продолжуваат интервенциите на меѓународната заедница за барање излез од кризата. Во таа насока, Европскиот парламент во Стразбур (15 март 1991 година) усвои Резолуција за Југославија, во која се утврдува дека Европската заедница ќе преговара само со Југословенската Федерација и врз таа платформа Белград го посетија повеќе министри од ЕЗ. Во Белград, од 29 до 30 мај 1991 година, беа челни луѓе на ЕЗ, како што се Жак

[118] Киро Глигоров, Македонија е сѐ што имаме..., 245-250.

Делор и Жак Сантер кои понудија мерки со кои Европската заедница можела да го спречи распаѓањето на Југославија. На првата средба остварена со Делор и Сантер македонскиот претседател Киро Глигоров им ја претставил и платформата Глигоров-Изетбеговиќ за иднината на Југославија.[119]

Џемс Бејкер, американски државен секретар за надворешни работи, на 21 јуни 1991 година е во официјална посета на Белград. Во разговорите што тој ги води со југословенските лидери и претседателите на републиките главен акцент е ставен на зачувување на единството на Југославија и нејзиниот територијален интегритет. Претседателот Глигоров е прв соговорник на Бејкер и го запознал со македонската позиција во разрешувањето на југословенската криза.

Ова е време кога станува сè појасно и појасно дека се доближуваат најдраматичните мигови на распадот на дотогашната Југословенска Федерација. Во некои републики тој процес беше мошне поинтензивен, но и во Македонија се одвиваа подготовки за осамостојување. Македонија е цврсто определена за договор со југословенските републики и за мирен расплет на југословенската криза, но истовремено таа води самостојна политика за заштита на своите интереси.

### *6. Хашката конференција 1991 година*

Кризата на просторите на поранешна Југославија обедини голем број научници, политичари, аналитичари и новинари, што на еден или на друг начин се обидуваа и сè уште се обидуваат да дадат јасен одговор на прашањето: Зошто тоа се случи? Од аспект на Европската заедница одговорот е потребен за да се развие и спроведе на дело сериозна програма што ќе успее да ја избегне југословенската криза и просторот на Југославија да се претвори во зона на стабилност и соработка, а со самото тоа да ги елиминира сите потенцијални опасности што можат да загрозат некој сегмент од интересите на ЕЗ. Гледано од аспект на Република Македдонија, одговорот на сите овие

[119] Ibidem, 252-260.

прашања е уште поважен. Дури не е претерано да се каже дека решавањето на југословенската криза, прекинувањето на војната во поедини простори на Југославија, секако дека се од витално значење за нејзиниот опстанок, но и за натамошниот социјално-економски развој.[120] Од друга страна, факт е дека во тој момент заинтересираност за новонастанатата состојба во Југославија, односно за излез од југословенската криза, како и за идниот развој на Југославија, покажа меѓународниот фактор, покрај ЕЗ, покажаа и САД и Русија.[121] Тоа на целата состојба во Југославија ѝ дава дополнителна доза на непредвидливост. Едноставно, егзистирањето на одреден број на отворени прашања што доведоа до југословенската криза, во комбинација со сѐ уште нејасната  надворешна политика на меѓународните фактори, доволно зборува за тешката предвидливост и за ставот на ЕЗ кон многубројни прашања кон кризата. Ова е дотолку важно, доколку се има предвид фактот дека распадот на поранешна Југославија, односно со почетокот на воените дејствија на нејзината територија, директно се поврзува токму со непостоењето на директна загрозеност на интересите на ниту еден од клучните меѓународни „играчи“ како што беа ЕЗ (подоцна ЕУ), САД и Русија.

Во секој случај, и колку да има некаква вина меѓународниот фактор, факт е дека најголем проблем за настанатата југословенска криза се дезинтеграционите процеси, а потоа и војната во Хрватка и Босна и Херцеговина.[122]

Европската заедница презела интензивна активност во однос на она што се случуваше во Југославија во текот на 1991 година. Имено, тогаш постоеше една верзија, која подоцна се потврдила, дека бил постигнат некаков договор меѓу влијателните меѓународни фактори, Европската заедница да се зафати со решавањето на југословенската криза, пред сѐ поради тоа што ова прашање

[120]Joha R. Lampe, Yugoslavija as history, Tvice There Was a Country, (New York: Cambridge Univerzity Press, 1996), 10.
[121]Derek Hall and Darrick Danta, „The Balkans> Perception and Realities“, Recostruction the Balkans, A Geography of the New Southeast Europe, (New York, Toronto and Singapore>John Wiley, and Sons, 1996), 3-12.
[122]Mark Almond, Europe`s Backyard War, The War in the Balkans, (London: Heinemann, 1994, 61-91.

има европски карактер, односно поради можните реперкусии на кризата во Југославија врз безбедноста во Европа.

Државите-членки на ЕЗ, почнувајќи од март па сè до ноември 1991 година, усвоиле повеќе декларации за Југославија каде што ја утврдиле својата позиција и понудиле мерки за мирно разрешување на југословенската криза. Ангажманот на ЕЗ најнапред започнал со апели до државното раководство на Југославија и до претседателите на републиките, биле разгледувани проблемите во рамките на Југославија да се решат по мирен пат и со договор меѓу сите југословенски републики. Потоа ЕЗ продолжи со посреднички иницијативи, давање на добри услуги и презеде повеќе дипломатски активности, сè со цел мирна разврска на југословенската криза. На 26 март 1991 година ЕЗ усвои Декларација за Југославија, во која, меѓу другото, се вели: „Според нас дванаесеттемина, обединета и демократска Југославија има најдобри шанси соодветно да се интегрира во новата Европа.[123]

На Луксембуршкиот состанок, одржан на 9 април 1991 година, шефовите на државите и на владите на земјите-членки на Заедницата донеле Одлука, според која Југославија не може да смета на интеграција во Европа, доколку не го зачува своето единство и територијален интегритет. Оваа политичка одлука на ЕЗ се настојувала да се реализира по разни канали. Југославија почнаа да ја посетуваат претставници на Европската заедница. Во пролета на 1991 година во посета на Белград се министрите за надворешни работи на Луксембург Жак Пос, на Италија Џани де Микелис и на Холандија Ханс ван ден Брук. Овие европски преставници во разговорите со југословенските претставници изјавиле дека Европската заедница може да има соработка само со Југославија, а не со шест одвоени ентитети.[124]

Една од позначајните посети на Белград (29-30 мај 1991) е и посетата на Жак Делор, претседател на Европската комисија и Жак Сантер, премиер на Луксембург, тогаш претседавач на Заедницата. Европските претставници во Палатата на Федерацијата во Белград разговарале со југословенскиот сојузен

[123] „Medjunarodna politika“ , 1991, br. 995-997, 998-1000.
[124] Архив Југославије, фонд: 160, к.28, aj. 96.

премиер Анте Марковиќ и со други претставници на Федерацијата, како и со претседателите на републиките. Овие водечки луѓе на ЕЗ потврдиле дека ЕЗ е подготвена да ~ помогне на Југославија во процесот на демократизација и преземените реформи, а воедно укажале и на подготвеноста на ЕЗ да преземе мерки со цел да го спречи распаѓањето на Југославија. Целта на нивната мисија во Белград била јасна, да се информираат за состојбата во Југославија и врз основа на согледувањата да утврдат како да се постави Европската заедница во идниот период кон развојот на демократијата и кон другите промени во Југославија и, се разбира, да понуди мерки со кои Европската заедница би можела да го спречи распадот на Југославија. Во Белград, претседателот Глигоров, во разговорите со Делор и Сантер, ја изложил македонската позиција во однос на разрешувањето на југословенската криза, односно цврстата определба на Македонија за што поскоро и поефикасно поврзување со европските интеграции. Глигоров разговарал за заедничките интереси на републиките и пред Делор и Сантер практично ја промовирал Платформата што ја подготвиле заедно со Изетбеговиќ.

Претседателството на СФРЈ, во летото, поточно во периодот јули-септември 1991 година, презема многубројни активности со цел да најде мирна разврска на политичко-безбедносната криза во земјата, донесува многубројни одлуки, усвојува значајни заклучоци за мирно решавање на кризата. На 20 август 1991 година во Белград е одржана Проширената седница на Претседателството на СФРЈ, на која учествуваат: членовите на Претседателството, претседателите на републиките, претседателот и потпретседателот на Собранието на СФРЈ, претседателот на Сојузниот совет на Собранието на СФРЈ, претседателот на Сојузниот извршен совет, сојузните секретари за надворешни работи, внатрешни работи, развој, правосудство и управа и заменик на сојузниот секретар за народна одбрана. На седницата биле усвоени принципи кои требало да бидат основа да се подготви предлог-политички договор за решавање на југословенската криза. Текстот на предлог-договорот требало даа биде разгледан на следната проширена седница на Претседателството на СФРЈ. Но, поради влошувањето на југословенската

криза, како и поради продлабочувањето на кризата во редовите на самото Претседателство на СФРЈ, овој значаен документ не бил разгледан.[125]

Европската заедница интензивно се занимавала со решавање на југословенската криза. Поради продлабочување на кризата, Европската заедница во согласност со сите заинтересирани страни на Југославија, донеле Одлука за свикување Мировна конференција за Југославија. Целта на свикувањето на мировната конференција, пред сé, била да се дојде до прекин на воените судири на просторот на поранешна Југославија и мирно решавање на југословенската криза.

Интересно е да се напомене дека во целиот период на разрешување на југословенската криза биле предлагани многубројни модалитети кои подразбирале и нешто заедничко меѓу југословенските републики, како на пример: конфедерација, лабава федерација, сојуз на суверени држави, економска унија, царинска унија и други, но ниеден од овие предлози не бил сериозно разгледан.

За да се даде поавтентична слика кога и како, де факто, не се дојде до договор за опстанок на Југославија, сосема накратко ќе се осврнеме на разговорите водени на Конференцијата за Југославија во Хаг.

На 27 август 1991 година Европската заедница усвоила Декларација за Југославија. На 3 септември 1991 година Европската заедница донела Декларација за Југославија, каде што биле утврдени принципите според кои ќе работи мировната конференција за Југославија.[126]

Пред почетокот на Конференцијата претседавачот лорд Карингтон одвоено се сретнал со преседателите на републиките.

На свечен начин, на 7 септември 1991 година, во зградата на Меѓународниот суд на правдата, односно во Палатата на мирот во Хаг, започнала познатата Хашка мировна конференција. На Конференцијата присуствувале министрите за надворешни работи на дванаесетте земји-членки

[125]Овој документ бил објавен во деновите, непосредно пред започнување на мировната конференција за Југославија во Хаг. За содржината на одлуките и заклучоците на Претседателството на СФРЈ во периодот јули-август 1991 година, поопширно види во:„Medjunaeodna politika“ , 1991, br. 995-997.
[126] Архив Југославије, фонд: 130, к. 93, aj. 124.

на Европската заедница, членовите на Претседателството на СФРЈ, претседателот на Сојузниот извршен совет и претседателите на југословенските републики со свои тимови и разни експертски тимови од ЕЗ и од СФРЈ. Со Хашката конференција претседавал лордот Карингтон,[127] заедно со холандскиот премиер Луберс, како претседавач на Европската заедница. Лордот Карингтон како претседател, преговарач и координатор на Хашката мировна конференција, учествувал во обидите за мирно решавање на кризата во Југославија, бил во многу мисии за воспоставување на прекин на огнот на подрачјето на Југославија и за воспоставување на дијалог меѓу инволвираните страни во конфликтот во Југославија.[128]

Првата пленарна седница почнала на 12 септември 1991 година. На оваа пленарна седница било констатирано дека и покрај сите тешкотии и проблеми во југословенската криза, дека постојат извесни шанси за заеднички решенија во врска со кризата. Се укажало на потребата на итно запирање на воените дејства и воспоставување на мир како основен услов за водење преговори за идното уредување на Југославија.

На почетокот на работата на Конференцијата изгледало дека сите учесници се за мир, толеранција и дијалог. Но, како што доаѓале темите за надминување на кризата по мирен пат, ставовите на одделни претставници на републиките се менувале, тонот и дијалогот се покачувал. Така, уште на почетокот на Конференцијата, на свечениот ручек дошло до навреди помеѓу

---

[127]Питер Александер Руперт Карингтон (Peter Alehander Rupert Karington) е роден на 6. 6. 1919 година. Во неговата политичка кариера во Велика Британија бил на повеќе функции: Во Министерството за земјоделство и храна (1951-1954), Министерството за одбрана (1954-1956), висок комесар во Австралија (1956-1959), прв лорд на Адмиралитетот (1959-1963), министер без ресор (1963-1964), лидер на опозицијата во Домот на лордовите (1964-1970) и (1974-1979), секретар на одбрана (1970-1974), секретар за енергетика (1974), секретар за надворешни работи (1979-1982), генерален секретар на НАТО (1984-1988) и посредник за решавање на кризата во Родезија. Во почетокот на септември 1991 година, ЕЗ го именува за претседател, главен преговарач и координатор на Хашката мировна конференција за Југославија. Види: www. nato.int.

[128]Лорд Карингтон од должноста претседател на Хашката мировна конференција за Југославија, поднел оставка на 29.8.1992 година, на конференцијата за поранешна Југославија во Лондон. Види: www. nato.int.

Стипе Месиќ и Бранко Костиќ, членови на Претседателството на СФРЈ, што било причина лордот Карингтон да го напушти ручекот.[129]

Со Хашката конференција, Европската заедница длабоко се инволвира во југословенскиот комплекс. На 5 октомври 1991 година, во Хаг, е прифатен документ за спогодба за решавање на кризата во Југославија, како и договор за мирољубиво решение на кризата. Европската заедница поставуваше ултиматум упатен до претседателите Милошевиќ и Туѓман, како и до Сојузниот секретар за народна одбрана, генералот Вељко Кадиевиќ да го почитуваат договорот за мирољубиво решение на кризата. Европската заедница поставуваше ултиматуми за прекин на судирите, со предупредување дека ако не дојде до тоа Заедницата ќе утврди санкции против Југославија.[130]

За време на одржувањето на Хашката конференција, во едно страотно време, на 17 октомври 1991 година, и покрај договореното примирје во Хаг, Југословенската армија, под командата на Претседателството на Југославија и на министерот за одбрана генералот Кадиевиќ, го бомбардира Вуковар и Дубровник. Тогаш, претседателот на Министерскиот совет на ЕЗ, Ван ден Брук, предупреди дека Заедницата би можела да воведе санкции против Србија и Црнгора и Југословенската армија.

Втората пленарна седница почнала со работа на 18 октомври 1991 година, лорд Карингтон го понудил неговиот прв предлог-план или таканаречен „Карингтонов план“ за мирно решавање на кризата во Југославија насловен како: „Аранажман за општо решавање на кризата“. На седниците во Хаг, особено оние што се одржаа на 18 октомври, на 23 октомври и на 30 октомври 1991 година, лорд Карингтон понудил уште три изменети и дополнети верзии на документот за решавање на југословенската криза. Освен на пленарни седници, Конференцијата работела и во комисии кои ги сочинувале групи на експерти од различни области, експерти за човекови права, економски прашања итн. Во третирањето на одделни теми што се

[129] Киро Глигоров, Македонија е сé што имаме...., 265-267.
[130] Ibidem, 268-270.

расправаа на Конференцијата активно учествуваа повеќе министри и експерти од Македонија.[131]

Во почетокот на ноември, поточно на 5 ноември 1991 година, конечно беше закажана нова рунда преговори, односно беше одржана четвртата пленарна седница, на која беше разгледувана Спогодбата со промената и дополнета верзија за општо решавање на југословенската криза, што требаше да ја прифатат сите релевантни авторитети на републиките и сојузната власт на Југославија. Текстот на Договорот односно Спогодбата бил понуден на потпишување и бил потпишан од преставниците на Македонија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Црна Гора, а единствено Србија не го потпиша Договорот.[132] Имено, со непотпишувањето на Договорот (Спогодбата) за Југославија во Хаг од страна на претседателот Слободан Милошевиќ од името на СР Србија, сериозно се отвори патот за распаѓањето на СФРЈ.

Само неколку дена по крахот на Хашката конференција, на 8 ноември 1991 година, Советот на министри на Европската заедница на Самитот во Рим, покрај другото, донесе одлука за економска блокада на Југославија. Беа суспендирани договорите на Југославија со ЕЗ, соработката со ФАРЕ и друго. Италијанскиот министер Де Микелис изјавил дека ќе го следи процесот на признавање на Словенија и на Хрватска, придружен со санкции кон Србија. Во почетокот на декември 1991 година, поради воените акции на Југословенската армија во Хрватска, САД воведе санкции против Југославија.

По неуспехот за мирно решавање на кризата во Југославија, била суспендирана натамошната работа на Хашката конференција. Оваа

[131]На Конференцијата во Хаг од Република Македонија, заедно со македонскиот претседател Киро Глигоров беше и министерот за односи со странство Денко Малески како и советникот на претседателот Ахил Тунтев. На Конференцијата, како член на Претседателството на СФРЈ учествувал и Васил Тупурковски. Во третирањето на одделни теми, на Конференцијата во Хаг учествувале и д-р Денко Малески, д-р Љубомир Фрчкоски, д-р Јане Миљоски, д-р Гоце Петревски, д-р Ксенте Богоев, д-р Тодор Џунов, д-р Сашо Георгиевски, амбасадорот Вања Тошевски и други.

[132]Три настани во Србија влијаеле претседателот Слободан Милошевиќ да не ја потпише Спогодбата за Југославија од Хаг. Тоа биле: расцепот на претседателството на СФРЈ, кое остана да функционира само со четворица членови, со што се загуби неговиот легитимитет да донесува одлуки за клучните работи во земјата; одбивањето на ГШ на ЈНА и на неговиот началник, генерал Вељко Кадиевиќ да се прифати нова држава Југославија без Словенија и евентуално и без Хрватска, што било дадено како можност во Спогодбата. Тие таа можност ја оцениле како противуставна и се заканиле дека воено ќе интервенираат.

Конференција е позната и како Бриселска конференција бидејќи на 10 јануари 1992 година ја продолжила својата работа во Брисел. Следната година во организација на меѓународната заедница била свикана Меѓународна конференција за решавање на кризата во поранешна Југославија. Конференцијата била одржана кон крај на август 1992 година.

Во организација на ОН и ЕЗ, под претседателство на премиерот на Велика Британија Џон Мејџор во својство на претседавач на ЕЗ и Генералниот секретар на ОН Бутрос Гали, во Лондон од 26 до 28 август 1992 година беше одржана Лондонската конференција за поранешна Југославија, или пак потоа позната како Меѓународна конференција за поранешна Југославија. На Конференцијата присуствувале преставници на Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија,[133] СР Југославија, министрите на државите членки на ЕЗ, на петте постојани членки на Советот за безбедност на ОН, на Канада, Јапонија, Турција и Саудиска Арабија, како и претставници на ОН, КЕБС, преставници на Конференцијата на ЕЗ за Југославија и други. Лондонската конференција била свикана со цел да се дојде до конечно решение на проблемите во поранешна Југославија. Бил воспоставен раководен комитет на Конференцијата со кој претседавале претставник на Претседателството на ЕЗ и пратеник на Генералниот секретар на ОН. Со Конференцијата претседавале Сајрус Венс како специјален пратеник на Генералниот секретар на ОН и лорд Дејвид Овен, наследник на лорд Питер Карингтон како преставник на ЕЗ.[134]

Меѓународната конференција за поранешна Југославија преставувала форум за разговори и преговори меѓу судрените страни, при тоа помагајќи при склучување на повеќе прекини на огнот во Хрватска и Босна и Херцеговина. Се препорача превентивно распоредување на UNPROFOR во Република Македонија, во решавањето на „разликата“ за името меѓу Република Македонија и Грција, во постигнувањето на мирот во Босна и Херцеговина, во

[133]На отворањето на Конференцијата учествувала делегација на РМ предводена од претседателот Киро Глигоров и министерот за односи со странство д-р Денко Малески.
[134]Во мај 1993 година Сајрус Венс бил наследен од Торвалд Столтенберг (Норвешка), а во јуни 1995 година, лорд Дејвид Овен бил заменет од Карл Билд (Шведска).

нормализирањето на односите меѓу Србија и Хрватска и во решавањето на други прашања.

За званично да престане војната во Босна и Херцеговина која траела од 1992 до 1995 година, меѓународната заедница во воената база во близина на градот Дејтон, Охајо во САД, од 1 до 21 ноември 1995 година одржа мировна конференција наречена Дејтонска мировна конференција. Учесници на Конференцијата биле: Алија Изедбеговиќ, претседател на Босна и Херцеговина, Фрањо Туѓман, претседател на Хрватска, Слободан Милошевиќ, претседател на СР Југославија, американскиот посредник Ричард Холбрук и генералот Весли Кларк. Договорот званично е потпишан на 14 декември 1995 година во Париз.[135] Една од главните принципи на Дејтонскиот договор била поделбата на Босна и Херцеговина на два дела: Федерација Босна и Херцеговина и Република Српска. По потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор за Босна и Херцеговина, Советот за безбедност врз основа на усвоената Резолуција 1022 (22. 11. 1995 година), донесе Одлука за суспендирање на санкциите кон СРЈ,[136] и истата стапила на сила по потпишувањето на Дејтонскиот договор и повлекувањето на силите на босанските Срби зад зоните воспоставени со мировниот договор. Со Дејтонскиот договор званично престана војната во поранешна Југославија.

Меѓународната конференција за поранешна Југославија престана да функционира на 31 јануари 1996 година.[137]

---

[135] Архив Југославије, фонд 160, к.92, aj. 48.
[136] Архив Југославије, фонд 160, к.103, aj. 215..
[137] „Medjunarodna politika“, 1992, br. 1007-8.

## *II*

# ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### *1. Плурализам*

При крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години од XX век демократијата силно се наметна во централните и источноевропските земји, не одминувајќи го ниту Балканот, се разбира и Југославија, односно Македонија.

По распадот на СКЈ и во Република Македонија дојдоа до израз желбите за создавање на повеќепартиски систем по примерот на Европа и светот кои постоеа уште од она време кога таа се наоѓаше во составот на СФРЈ. Секако дека во Југославија првите политички партии најрано, уште во април 1990 година, се појавија во Словенија и Хрватска. Според едни податоци кои ни беа на располагање, дознаваме дека до почетокот на сепетември 1990 година во СФРЈ биле регистрирани 119 политички партии, од кои повеќето биле со републички карактер.[138] Ова е време на длабока криза во која се најде не само Сојузот на комунистите, туку и целата држава. Кризата што настана имаше за последица појава на негативен однос кон комунизмот што резултираше со појава на антикомунистичко движење, како и со појава на национализам во оние средини со мешано етничко население. Точен е фактот дека во републичките сојузи на комунисти, со исклучок на Сојузот на комунистите на

[138]Во летото 1990 година, во Македонија, Србија, БиХ и во други републики, биле формирани нови партии. Тогаш било формиранио и едно политичко движење, познато под името Сојуз на комунисти – Движење за Југославија. За претседател на тоа Движење бил избран полковникот Стеван Мирковиќ – генерал во пензија, а заменик била Мира Марковиќ, сопругата на Слободан Милошевиќ. Членови на Движењето на Југославија имало и Македонци, и тоа: генерали и офицери на ЈНА, афирмирани политички раководители од Македонија во Федерацијата. За цело ова време Гошев, челникот на СКМ – ПДП, енергично се спротиставувал на политиката на Движењето на Југославија која влијаела врз политиката на СКМ - ПДП. Но во целиот тој период, во времето на тие политички превирања, Гошев бил оспоруван од поедини личности на раководството на СКМ, како и од цели општински партиски организации.

Србија, се појави страшна одбивност кон пропагирањето на идеалите на комунизмот, тие нудеа нови програми во функција на нивна трансформација.

Со усвојувањето на уставните амандмани и со дополнувањето на постојниот закон од 1990 година, јавните организации, граѓанските асоцијации и политичкиот плуларизам што веќе беа реалност во Македонија, во моментот станаа практика. Според тоа, во Македонија била дадена можност за основање на асоцијации со минимум 10 луѓе со над 18-годишна возраст, нивните членови требало да бидат со постојано место на живеење во Македонија, а секое друго лице можело да биде член, чии граѓански права не биле обеспаравени или ограничени по налог на Судот.

Во член 20 од Уставот на Република Македонија, донесен во 1991 година, стои: „На граѓаните им се гарантира слобода на здружување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни права и слободи.

Граѓаните можат слободно да формираат здружение на граѓани и политички партии, да им се приклучат или повлечат од нив ...“[139]

Врз основа на новите уставни решенија, во јули 1994 година во Македонија беше донесен Закон за политички партии.[140] Овој закон создаде поволна клима за натамошно непречено формирање и функциониртање на политичките партии. Врз основа на законските одредби на овој закон, политичка партија имаат можност да основаат 500 полнолетни граѓани. Новоформираната партија морала да биде регистрирана во регистарот на политички партии во Окружниот суд. Законската регулатива содржела многубројни прашања, меѓу кои прашањето на програмата, на статутот на политчката партија, начинот на основање на партиите, содржината на работа, прашањето на финансирањето и многу други прашања.[141]

Во Македонија, на 5 јули 1990 година, СКМ се трансформира во Партија за демократска преобразба, за претседател е избран Петар Гошев.[142] На

---

[139]Види:Устав на република Македонија, 1991.

[140]Д-р Светомир Шкариќ, Споредбено и македонското-уставно право, Матица, 2004, 36-50.

[141] Политичките партии во Македонија, ПОС „Систем 21“, Скопје, 1990, 15-20.

[142]Гошев на XIV конгрес на СКЈ заедно со другите членови на македоснакта делегација ја напуштиле работата на Конгресот. Македонската делегација постапила по примерот на делегациите на Словенија и Хрватска. Постапката на Гошев, Милошевиќ ја дожевиеал како

20 април 1991 година, СКМ односно Партијата за демократска преобразба се трансформира во Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ). За нејзин претседател бил избран Бранко Црвенковски. Во тоа време Бранко Црвенковски бил најмлад член на партиското раководство на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија.[143]

На изборите во 1990 година настапи под името СКМ – Партија за демократска преобразба и освои 31 пратеничко место во Собранието на Република Македонија. Оваа партија во својата програма се залагаше за мир, демократија и просперитет на Македонија, за праведно општество, за слобода на човековите права, за суверена и правна Македонија, за Европска Македонија итн.

На парламентарните избори во 1994 година СДСМ стапи во коалиција со ЛПМ и СПМ и постигна голем успех со обезбедување на вкупно 87 пратенички места и вкупно 342.881 гласови.

Во 1998 година СДСМ освои 27 пратенички места.

На локалните избори во 2000 година настапува во коалиција „За Македонија заедно" (СДСМ, ЛДП, СПМ и Лигата за демократија). Освои најмногу советнички места и доби 33 градоначалнички места, пред сѐ, во големите градови и во Скопје.

На 18 март 1990 година е формирана Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ), за претседател бил избран Славко Милосавлевски, а потоа д-р Александар Донев и м-р Бранко Јаневски. Во својата програма оваа партија се залагаше за слобода, социјална правда, подобра иднина на Македонија итн.[144]

На изборите во 1990 година оваа партија учествува со 55 кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија, без успех.

---

удар врз себе од Македонија. Тоа не се очекувало, бидејќи со XIV конгрес на СКЈ претседавал Македонец.

[143]Спасе Мирчески, Алманах на Република Македонија ...,14– 15.

[144] Архива на Државниот завод за статистика на РМ, Анализа за состојбите на политичките партии во Македонија и резултатите на изборите (1990-2000).

Во 1994 година, на парламентарните избори, од предложени 56 кандидати СДПМ доби само еден кандидат за пратеник во Собранието на Република Македонија.

Во 1998 година, на парламентарните избори не освои ниту едно пратеничко место.

Во Скопје на 16 октомври 1990 година беше формирана партијата Сојуз на реформските сили на Македонија – име кое го носеше токму една година, до промената на 8 август 1991 година, кога е именувана во Либерална партија на Македонија (ЛПМ).[145]

Во програмската концепција на оваа партија се залагањето за поправедлив општествено-политички систем со цел Македонија да стане пристојно место за живеење и против секакво индивидуално или групно самоволие за приграбување на власта итн. Во својата програма оваа партија истакнува дека Македонија е држава на рамноправни граѓани во која македонскиот народ го изразува својот историски стремеж за своја сопствена државност, а народностите и етничките групи ги уживаат сите слободи и права и со македонскиот народ се грижат за заедничката татковина – Македонија. Оваа партија се залага за остварување на интересите на сите што живеат од својот труд и против експлоатацијата на човек врз човек.

На парламентарните избори во 1990 година доби 17 пратенички места во Собранието на Република Македонија.

---

[145]Во текот на 1990 година, Анте Марковиќ имал идеја да формира една југолсовенска партија чија главна цел би била реализација на неговите реформите. Во Босна, на планината Романија, Босанците одржале голем собир. На собирот имало над 100.000 луѓе. Всушност од Босна било прокламирано создавањето на Партијата на реформските сили. Анте Марковиќ бил многу заинтересиран за оваа партија. Тој инсистирал такви партии да се формираат во сите републики на Југославија. Во Македонија, со седиште во Скопје, кон крајот на јуни 1990 година, бил формиран Иницијативен одбор на реформските сили на Македонија, во рамките на Сојузот на реформските сили на Југолсавија. По предлог на Анте Марковиќ, за претседател бил избран Панде Лазаревски, професор на Економскиот факултет во Скопје. Професорот Лазаревски присусгвувал на состаноците на Партијата на реформските сили на Југолсавија, што се одржувале во Белград. Главен збор на тие состаноци имал Анте Марковиќ. На состаноците на Партијата на реформските сили на Југославија доаѓале претставници на партиите на реформските сили од сите републики на Југославија. Марковиќ барал од нив републичките партии да направат јасна програма и на изборите да покажат поголема активност. Професорт Панде Лазаревски не покажал видна активност во работата, па затоа бил сменет од Марковиќ, а на негово место бил назначен Стојан Андов.

Во 1994 година, за време на парламентарните избори освои 5 пратенички места самостојно, а во коалиција со СДСМ – 1 и во коалиција со СДСМ и СПМ – 87.

Во 1998 година, на парламентарните избори оваа партија настапува во коалиција со ДПМ, со 85 кандидати на мнозинската листа и 35 на пропорционалната. Освоија по две пратенички места.[146]

Во Скопје, на 17 јуни 1990 година, било одржано основачкото собрание на Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонското национално единство (ВМРО–ДПМНЕ).[147] За одбележување на оваа партија, е тоа што во своето име го вгради името на ВМРО од 1903 година, познат белег на славното македонско ослободително револуционерно дело. Секако дека името на оваа партија имаше пресудно влијание за придобивање на членството од македонските редови. За претседател на партијата ВМРО–ДПМНЕ бил избран Љубчо Георгиевски.[148]

---

[146] М-р Благоја Нинески, Изборите медиумите и партиите во Македонија 1990-2000, НИП „Студентски збор“, Скопје, 2001, 15-20.

[147] Д-р Новица Велјановски, Македонија 1945-1991 ..., 361

[148] Љубчо Георгиевски, челникот на ВМРО–ДПМНЕ, имал идеја за создавање на Конфедерација помеѓу Македонија, Грција и Бугарија. Ваквата идеја на Георгиевски уште тогаш се покажа дека е невозможна и имаше многу внатрешни спротиставувања. Водачот на ВМРО–ДПМНЕ не водеше сметка дали оваа негова идеја ќе најде на позитивен одглас во Грција и Бугарија. Политиката на ВМРО–ДПМНЕ наиде на позитивна оценка кај дел од македонската емиграција во странство посебно во Западна Европа, а донекаде и во Австралија, каде имаше развиена пропагандната активност по одделни прашања од политиката на ВМРО–ДПМНЕ. Дел од македонската емиграцијата правилно ги согледувале реалните состојби во југословенско-грчките и македонско-грчките односи, а додека пак еден дел од таа емиграција која имала антијугословенски став, сметала дека Вардарскиот дел на Македонија бил окупиран од Југославија за време на Тито, и надворешната политиката што ја водел Тито била главна кочница за обединување на Вардарскиот дел на Македонија со Егејскиот и Пиринскиот дел. Ваков став, пред сè, заземала дел од македонската емиграцијата во Австаралија. Таа уште по формирањето на ВМРО–ДПМНЕ изразила големи симпатии кон ова партијата, финансиски и на други разни начини ја помагала. МПЦ во Австралија дејствуваше и ги организираше Македонците. Дел од македонската емиграција во Австралија, меѓу Македонците ја пропагирала идејата за античкото потекло на сегашните Македонци. По повод одржувањето на разни свечености во Австралија, група македонски емигранти се облекувале во униформа како што биле војниците на Александар Македонски, и истакнувале пароли, на кои со црвени букви било испишувано сé што имал Александар Македонски, тоа ќе биде наше, на Македонците и на Македонија. Од нивна страна биле отпечатени книги, со содржина за обединета Македонија, како и географски карти во тој контест. Но набрзо се покажа дека таквата идеја на оваа македонска емигрантска група, која дејствувала во Австралија во однос на издигнувањето на македонската национална свест е градена врз погрешна основа. Публикациите, а пред сè картите за целосна етничка Македонија станаа еден вид „оружје“ во рацете на грчката пропагандана активност која стоеше на цврсти позиции дека градот „Скопје“

Во својата програма оваа партија го истакнува духовното, политичко, економско и етничко соединување на распарчениот македонски народ и држава во обединет Балкан и обидинета Европа.

На изборите во 1990 година ВМРО–ДПМНЕ успеа да добие 38 пратеници во Собранието на Република Македонија.

Во 1994 година, за време на парламентарните избори, го бојкотираше вториот изборен круг и немаше ниту едно пратеничко место.[149]

Во 1998 година ВМРО–ДПМНЕ, според мнозинскиот принцип самостојно се избори за 12 пратенички места; во коалиција со ДА уште за 37 пратеници, и во коалиција ДА со ВМРО–ДПМНЕ уште 9 пратенички места.[150]

Оваа коалиција во 1998 година формираше влада во Република Македонија, проширувајќи ја при тоа владината коалиција уште со ДПА.

Во 1999 година, 49 пратеници, сите од ВМРО–ДПМНЕ, предложија кандидат за претседател на Република Македонија, кој во изборниот натпревар го доби мандатот.

На локалните избори во 2000 година, настапува во коалиција со Демократска Алтернатива.

Во Скопје, на 4 февруари 1990 година, е основано Движењето на македонската акција (МААК), за прв претседател бил избран професорот Гане Тодоровски од Филолошкиот факултет во Скопје, а потоа претседатели биле Анте Поповски и Јагнула Куновска.

---

е држава која има територијални претензии кон Грција и претставува главна опасност не само за Грција туку и за регионот пошироко.

Во една Декларација, која е потпишана помеѓу Владата на Љубчо Георгиевски и бугарската Влада, се наведува дека во Бугарија остануваат и натаму старите толкувања дека македонскиот јазик е наметнат на македонксиот народ од Тито и Коминтерната, Македонците зборуваат на „бугарски јазик“ со различни дијалекти. Овие две суштествени прашања останаа отворени прашања во македонско-бугарски односи, и покрај знаменитата продукција на врвни дела напишани на народен македонски јазик од времето на преродбата во XIX век, па сè до таканаречената „втора ренесанса“ – односно периодот на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ во манастирот „Св. Прохор Пчински“, на сам ден Илинден, на 2 август 1944 година, кога македонскиот јазик е прогласен за официјален јазик во македонската држава.

[149] Види: Избори 1994-Конечни резултати за пратеници на Собранието на РМ, Р(Д)ИК, Скопје, декември 1994.

[150] Избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 1998 година, Статистички преглед 324, Државен завод за статистика, Скопје, април 1999.

МААК иако се сметаше за движење, тоа постигнуваше извесни успеси како во политичкиот живот, така и во организирањето на избори во Македонија.

На 28 септември 1995 година името е променето во МААК – Конзервативна партија, за претседател бил избран Страшо Ангеловски.[151]

На парламентарните избори во 1990 година е забележан незначителен успех во трката за пратеници во Парламентот.

Во 1996 година, МААК–КП настапи во коалиција со ВМРО–ДПМНЕ и ДПА и заедно на локалните избори освоиа 27 градоначалнички места.

Во 1998 година настапува во коалиција со Македонската алијанса и Демократската партија под заедничко име Македонска национална коалиција и без успех е на парламентарните избори.

Во Скопје, на 13 јули 1990 година, основана е Социјалистичка партија на Македонија. Претседател на оваа партија бил Киро Поповски, а потоа Љубисав Иванов.

На изборите 1990 година настапува под името Социјалистички сојуз. На 6 август 1991 година името го менува во Социјалистичка партија на Македонија.

На парламентарните избори 1990 година добива 5 пратенички места во Собранието на Република Македонија.

На парламентарните избори 1994 година успехот е половичен, но во коалицијата со СДСМ и ЛПМ освоила 87 пратенички места.

Во 1998 година, на парламентарните избори освои едно пратеничко место.[152]

Новонастанатата политичка ситуација создаде услови свои политички партии да формираат во Македонија и националните малцинства. Така, во Тетово, на 1 август 1990 година е основана Народна демократска партија (НДП), за претседател бил избран Илијаз Халили.

---

[151] М-р Благоја Нинески, Изборните медиуми...., 135-145.
[152] Ibidem, 148-171.

Во програмата оваа партија потцртува дека во Македонија носител на суверенитетот се: Македонците, Албанците, Турција, Власите, Ромите и други. Се залага за образование на мајчин јазик.

Во 1990 година на парламентарните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија имала само еден пратеник.

Во 1994 година учествува на парламентарните избори со 41 кандидат, од кои 4 се избрани.

На 11 јуни 1997 година, во Гостивар поради концептуални програмски сличности, НДП се обединува со ПДПА во единствена политичка партија со име Демократска партија на Албанците (ДПА), претседател е Арбен Џафери.

На изборите во 1998 година настапи како коалиција ПДПА-НДП. На листата на кандидатите за пратеници според пропорционалниот пристап настапува во тројна коалиција со ПДП, ПДПА-НДП и заедно добија 8 пратенички места.

На локалните избори во 2000 година во предизборната кампања својот настап го промовира како ПДПА-НДП со 42 кандидати, за градоначалници и со советнички листи во 44 општини. ПДП, ПДПА-НДП освои 23 градоначалнички места и 270 советнички мандати.

Во Тетово, на 15 април 1990 година, е основана Партијата за демократски просперитет (ПДП). За нејзин престедател бил избран Невзат Халили, а потоа претседатели биле Абдурахман Алити, Имер Имери, итн.[153]

Во 1990 година, на парламентарните избори, ПДП освои 22 пратенички места во Собранието на Република Македонија.

На парламентарните избори во 1994 година избрани се 10 пратеници во Собранието на Република Македонија.

Во 1998 година, на парламентарните избори, избрани се 10 пратеници.

Во Скопје, на 25 јули 1990 година, е формирана партијата Демократски сојуз на Турците, за претседател бил избран Мугбил Бејзат. На годишнината од постоењето го менува името во Демократска партија на Турците во Македонија, а за претседател е избран Ердоган Сарач.

[153]Спасе Мирчевски, Алманах на Република Македонија..., 13-14.

Во 1990 година, на парламентарните избори, не доби кандидат за пратеник.

Во 1994 година оваа партија се здоби со еден пратенички мандат.

Во 1998 година, на изборите не освојува ниту еден пратенички мандат.

Партијата за целосна еманципација на Ромите од Македонија (ПЦЕРМ) е основана на 29 август 1990 година во Скопје, претседател е Абди Фаик, потоа Бајрам Берат.

На парламентарните избори во 1990 година, како и на парламентарните избори 1994 година, оваа партија освоила едно пратеничко место.[154]

Во 1998 година оваа партија не постигнала успех на парламентарните избори.

Без да изнесуваме подаатоци за основањето на сите партии што покажуваат активност во периодот од 1990 до 2001 година, врз основа на податоците што ги имавме на располагање, се доаѓа до сознание дека во единаесетгодишното постоење и организирање на политичкиот живот во Македонија, вкупно во Регистарот на Основниот суд Скопје 1 Скопје се заведени 100 политички партии.

Во 1990 година се регистрирани 24 политички партии. Меѓутоа, на изборите во таа година учествуваат уште три политички субјекти и уште 4 политички партии, се сретнуваат во одделни евиденции; во 1991 година се регистрирани 14 политички партии; во 1992 година се регистрирани 18 политички партии; во 1993 година се регистрирани 10 политички партии; во 1994 година се регистрирани 7 политички партии; во 1995 година се регистрирани 4 политички партии; во 1996 година се регистрирани 3 политички партии. Се забележува константно намалување на интересот за појава на нови политички партии; во 1997 година се регистрирани 2 политички партии; во 1998 година се регистрирани 7 политички партии, бројот е зголемен бидејќи во таа година се одржуваат парламентарните избори; во 1999 година е

[154] Стојмен Михајловски и Душан Вергиќ, „Повеќепартиските избори во Република Македонија", Анализа на изборните резултати во 1994 и 1996 година, ИСППИ, Скопје, 1998, 58-79.

регистрирана само 1 политичка партија, а во 2000 година (година на локалните избори) до јули истата година беа регистрирани уште 10 политички партии.

Седиштата на политичките партии главно се лоцирани во Скопје. На 76 политички партии централите им се во Скопје.[155]

Седишта на политички партии има и во други градови (или во некои села кои се наоѓаат во непосредна близина до градовите). Во Тетово седиште имале 7 политички партии, 6 во Гостивар, во Прилеп и Охрид по 4, во Битола и Струга по 2, а во Штип, Струмица, Куманово и Кичево по 1 политичка партија.[156]

### *2. Парламентарни избори*

Со амандманот 68 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија (СРМ) се афирмира еднодомната власт во Собранието на СРМ, со амандманот 74 е определено „Собранието на СРМ да го сочинуваат 120 пратеници" и „од секоја општина се избира најмногу по еден пратеник".[157]

На 20 септември 1990 година Собранието на Република Македонија прогласи 25 амандмани на Уставот на СР Македонија, со што практично Македонија стана повеќепартиска држава. Во согласност со членот 329 од Уставот на СР Македонија и амандманот 74, претседателот на Собранието на СРМ д-р Вулнет Старова на 24 септември 1990 година потпиша одлука за рапишување избори за пратеници кои се одржаа на 11 ноември истата година.[158]

---

[155] Архива на Државниот завод за статистика на Република Македонија, Анализа за состојбата на политичките партии и изборните резултати во Република Македонија 1990-2000 година.

[156] Ibid.

[157] Во 1990 година Македонија сè уште имаше 34 општини во согласност со Законот за административно-територијална поделба на СРМ од 1965 година, според чии одредби поделеноста егзистираше над 30 години, а всушност претставуваше и имаше белег на природна поделеност на земјата во согласност со животот и традициите итн. Од 6 август 1944 година до 1990 година Македонија во административно-територијален поглед е делена 13 пати. Десет пати во првите 20 години, а во 1996 година Македонија во административно-територијален поглед има 123 локални административни единици-општини. Од денешен аспект постојано се пишува, се тврди, коментира, анализизира, се предлагаат и законски измени за намалување бројот на општините.

[158] М-р Благоја Нинески, Изборите, медиумите..., 15-20.

Дефинитивно е утврден бројот на 120 изборни единици (секоја општина од 34-те има по една изборна единица, а преостанатите 86 пратенички места се распоредени на општините кои го преминуваат утврдениот кофициент 11.550 избирачи по општина).

Постојните партии како што беа СКМ односно Партија за демократски промени, Социјалистичката партија, ВМРО–ДПМНЕ и голем број новоформирани партии, за време на предизборната кампања, пред македонската јавност излегоа со свои платформи и програми со цел секоја од нив да освои што повеќе пратенички места во Параламентот. Во нивните програмски платформи политичките партии за време на предизборната кампања ги изнесуваа своите гледишта во однос на идниот статус на Македонија.[159] Секоја партија од свој агол различно го толкуваше излезот од кризата во која се наоѓаше Македонија. Накратко, со еден збор речено, во програмите на партиите што ги изнесуваа за време на предизборните активности, имаше три опции за идниот статус на Македонија. Првата опција беше Македонија да се изгради како самостојна суверена држава; втората опција Македонија да остане како составен дел на Југословенската Федерација, изразена во платформата на Партијата на Југословените; и третата, пак, опција предвидувше Македонија да биде рамноправен субјект, но во конфедерална заедница на самостојни и суверени републики.

За време на предизборните активности, Партијата на СКМ односно Партија за демократски промени, предводена од Петар Гошев, во нејзините програмски начела главен акцент ставаше врз принципот Македонија да се изградува како суверена, демократска и правна државна на рамноправни граѓани. Сличен став на оваа партија, имала и Социјалистичката партија на чело со Киро Попоски.

ВМРО–ДПМНЕ за време на предизборните активности го истакнувала значењето на создавање на суверена македонска држава.

Партијата Сојуз на реформски сили, предводена од Стојан Андов, во своите програмски начела за време на предизборните активности ја

[159] Ibidem, 55-67.

истакнувала демократијата на граѓаните за суверена држава во постојните граници. Партијата на Југословените на чие чело едно време бил професорот Милан Ѓурчинов за време на предизборните активности се залагала за суверена македонска држава во рамките на Југославија. Сличен ваков став имала и Партијата за целосна еманципација на Ромите предводена од Фаик Абди, како и во програмските начела на Социјал-демократската партија на Славко Милосавлевски. Лигата за демократија предводена од д-р Ѓорѓи Маријановиќ, професор на Правниот факулет од Скопје, за време на предизборните активности изложувајќи ја својата програма, се истакнувало дека доклоку дојде до распаѓање на Југославија, во тој случај Македонија ќе биде неутрална држава, а Европската заедница ќе ги гарантира нејзините граници.

Партиите формирани од Албанците за време на предизборните активности ги истакнувале своите програми во кои се предвидувало Република Македонија да биде држава на сите носители на суверенитетот: Македонците, Албанците, Турците, Власите, Ромите и други.[160]

Од содржината на програмите скоро на сите тогашни партии што настапувале на митинзите во предизборната кампања била ставена критика на социјалистичките самоуправни односи, на односите во економијата за подобар живот итн. Во говорите на лидерите на партиите на митинзите било потенцирано дека излезот од кризата единствено се наоѓа во радикални промени на старите односи.

Во Македонија, во текот на септември 1990 година, се одржала предизборна активност. Во повеќе градови на Македонија биле одржани преизборни митинзи. Така, во Скопје, Охрид, Битола, Прилеп и други градови на Македонија, во септември 1990 година, биле одржувани предизборни митинзи. На митинзите што ги организирал реформираниот Сојуз на комунисти, најчесто зборувал Киро Глигоров. Во своите говори, Глигоров

[160] Архива на Државниот завод за статистика на Република Македонија, Анализа за состојбата на политичките партии и изборните резултати во Република Македонија 1990-1999 година.

посебно внимание посветил на значењето на самостојна и независна Македонија.[161]

На градскиот плоштад во Охрид, исто така во септември 1990 година, бил организиран првиот митинг на ВМРО–ДПМНЕ. На митингот, од страна на учесниците на ВМРО–ДПМНЕ биле истакнувани многубројни пароли, меѓу кои: „Да живее самостојна и независна Македонија", „Македонија е во нашите срца", „Македонија не ја даваме", „Македонија на Македонците" и многу други. Вакви или слични предизборни митинзи биле одржувани скоро во сите градови на Македонија.

Во Македонија во 1990 година имало формирано повеќе политички партии. Од расположивите податоци дознаваме дека во октомври 1990 година во Македонија имало 26 политички партии. Нивното формирање беше мотивирано од очекуваните резултати на повеќепартиските парламентарни избори. По повод учеството на граѓаните на првите парламентарните избори во еден напис, меѓу другото, се вели: „Среќни сме ние – гласачите што учествуваме на парламаентарните избори. Ние бевме маргинарилизрани и не лажеа, но сега за прв пат по 50 години стануваме учесници во политичката игра, чии играчи сами го одредуваат резултатот. О, убавино на плурализмот! Во нашата земја –Македонија овие денови воздухот е обременет со мирис на демокартијата. Нема политичка партија без зборот демократија во своето име или во својата програма... Проблемот е тоа што има и такви партии кои за цело време изјавуваат дека нивната партија ја потпомага демократијата во политичкиот, културниот и јавниот живот, но тие прават сè да ја потиснат истата демократија во деновите кога таа е потребна повеќе од сè друго".[162]

Во СР Македонија, на 11 ноември 1990 година, (прв круг) беа одржани првите слободни демократски повеќепартиски парламентарни избори на кои граѓаните за прв пат имаа можност да избираат претставници од повеќе политички партии и независни кандидати.

---

[161]ДАРМ, Фонд: Собрание на НРМ/СРМ (фонд: 158), к. 93, ае. 45.

[162]Томислав Османли, „Во смртниот час", 1993 год., док. 121, Разбирање на заедничкото минато учење за иднината, промени и континуитет во секојдневниот живот во Албанија, Бугарија и Македонија 1945–2000 година, Тетово, 48.

Резултатите од изборите беа познати дури по вториот (25 ноември) и третиот (9 декември) круг. На парламентарните избори, учествувале повеќе од 1.339.021 избирачи со право на глас, во првиот изборен круг гласале 1.135.728 избирачи, или 84,82% од вкупниот број запишани граѓани во избирачкиот список, а во вториот изборен круг од вкупно 1.083.051 евидентирани избирачи со право на глас гласале 831.218 избирачи, или 76,75% од вкупниот број запишани граѓани на избирачкиот список.

За пополнување на 120 пратенички места во Собранието, на изборите учествувале 1.156 кандитадти од 18 политички партии, од Здружението на пензионерите (општествена организација), како и 43 независни кандидати. Биле избрани вкупно 120 пратеници за Собранието на Македонија.[163]

На парламентарните избори, според изборните резултати, пратеничките места во Собранието биле следните: ВМРО–ДПМНЕ (Демократска партија за македонско национално единство) со 38 избрани пратеници била победник на овие избори, СКМ–ПДП (Партија за демократска преобразба а подоцна Социјалдекомократски сојуз на Македонија) со 31 пратеник, ПДП (Партијата за демокраски просперитет) со 22 пратеници, СРСМ (Сојуз на реформските сили на Македонија, подоцна Либерална партија) со 18 пратеници, Социјалистичката партија 4 пратеници, Партијата на Југословените 2 пратеници, Народната партија на Албанците и Партијата за целосна еманципација на Ромите имале по еден пратеник, независните кандидати имале 3 пратеници. Народна демократска партија, Демократската партија на Македонија, Социјалдемократската партија, Турската демократска партија, Демократска алтернатива, Демократската партија на Албанците, Либерално-демократската партија, Сојузот на Ромите на Македонија, на паралментарните избори не добиле пратенички мандати.

Коментирајќи ги резултатите од парламентарните избори јасно се гледа дека најголеми успеси на изборите постигна партијата ВМРО–ДПМНЕ. Најголема битка за превласт се водеше меѓу трите најголеми блока и тоа:

[163] Архива на Државниот завод за статистика на Република Македонија, Десетгодишни резултати на политичките партии во Република Македонија.

СКМ–ПДП (левата партија), ВМРО–ДПМНЕ („национална" партија како што и таа сама се нарекувала) и ПДП и НДП, партии од албанскиот блок.[164]

ВМРО–ДПМНЕ ја застапуваше идејата за интегритет на етничка Македонија. Јасно е дека оваа идеја не можеше да дојде до реализација. Според оваа теза на ВМРО–ДПМНЕ, во составот на Македонија требало да влезат територии коишто ~ беа одземни со Букурешкиот мировен договор од 1913 година. Ваквата идеја на ВМРО–ДПМНЕ секако дека беше невозможна и претставува еден вид опасност за цивилизациските развој на Македонија и на оваа идеја на ВМРО–ДПМНЕ ќе се спротистават соседните држави: Грција, Бугарија и Албанија.

Политички гледано, идејата на ВМРО–ДПМНЕ за интегритет на етничка Македонија како мамка за да се добие повеќе гласови за време на изборите и натаму беше употребувана, и тоа во разни форми и ветувања, а на оваа идеја остана верен Љупчо Георгиевски со своите истомисленици.

ВМРО–ДПМНЕ со својата програма се сметаше дека наводно е наследник на основните идеи на вистинскта ВМРО и на нејзините идеолози: Гоце Делчев, Дамјан Груев, Христо Татарчев, Петар Поп Арсов и други.

ВМРО–ДПМНЕ со пропагирање на македонската национална идеја брзо го зголемуваше своето членство. Во нејзините редови таа привлече многу млади луѓе кои веруваа во иделогијата на политичката партија. Тоа секако имаше одраз врз резултатите на изборите и освоените пратенички места. Но, наскоро се покажа дека ваквата идеја на ВМРО–ДПМНЕ е неостварлива. Таа идеја беше спротивна на концептот на вистината и реалноста, спротивна на концептот и идеологијата на Гоцевата ВМРО.[165]

Македонците кои живеат надвор од границите на Македонија за своите права и слободи треба да се борат единствено во рамките на државите во кои тие живеат.

---

[164] С. Демиденко, Политические партии Македонии и дискуссия по вопросам балканской политтики, Российский институт стратегических исследований, Москва, 1997, 15–58.

[165] Д-рЛидија Христова, д-р Весна Шопар, д-р Славејко Сасајковски, „Парламентарните избори `98 во македонија", ИСППИ, Скопје, 1999, 65-74.

Власта во Македонија во 1991 година наследи доста влошена состојба во односите помеѓу Македонците и Албанците. Македонија, како и другите тогашни југословенски републики во 1990 година, беше принудена од своите редови да испраќа контингенти полициски сили во Косово за одржување на редот и мирот. Од Третата армиска област на ЈНА, каде што најголем дел војници и старешини беа Македонци, тие се испраќаа да учествуваат во воспотавувањето на редот и мирот во Косово. Сето тоа имаше негативно влијание врз пошироко антиалбанско расположение во Македонија. Албанците во Македонија земаат помасовно учество на изборите, давајќи го нивниот глас за пратениците од партиите на албанскиот национален блок што резултираше со освојување на добар број пратенички места уште на првиот круг.[166]

### *3. Дејноста на новите органи на власта*

Во Македонија, во текот на 1990 година и првата поливина на 1991 година, се случија многубројни настани кои, секако, беа навестувачи за многубројните промени во сите сфери на човековото живеење. Граѓаните во Македонија своето незадоволство почнаа сè почесто да го изразуваат во организирање на демонстрации по улиците, а пред сè пред зградата на ЦК СКМ. Интелектуалниот кадар незадоволството го изразуваше преку печатот, младината преку младинскиот весник „Млад борец“ во кој беа опфатени мошне интересни теми и прашања кои, дотогаш, на македонската јавност им биле непознати или малку познати, како на пример, се пишувало за животната врвица на Методија Андонов –Ченто, за голготата на луѓето на Голи Оток, за „Вевчанскиот случај“ и за многу други настани од подалечното и поблиското историско минато на Македонија.[167]

Во април 1990 година Собранието на СР Македонија, по една жестока дебата, го измени Законот за општествените организации и со тоа се даде

---

[166] „Медиумите и изборите“ –Прирачник на Советот на Европа-центар за документација и информирање, Скопје, 1999, 25-28.
[167] Ibidem, 48-56.

можност да се формираат политички партии и здруженија. Со еден збор речено, со измените на Законот за општествени организации беа создадени објективни услови Македонија да стане повеќепартиска држава. Во Македонија, во политичкиот живот почнаа да се забележуваат промени, се појавија повеќе партии кои беа различни по својата платформа од платформата на дотогаш постоечката партија – Сојуз на комунистите на Македонија.

Постоеше огромна желба да се изразат идеите за развој на демократските процеси, а паралалено со тоа да се афирмира самобитноста на македонската држава, предизвикани од очигледното распаѓање на Југославија.

Собранието на СР Македонија на седницата одржана на 29 август 1990 година ја започна првата дебата за нужноста од промена на Уставот и на Уставниот закон на СР Македонија.

На седницата одржана на 20 септември 1990 година Собранието усвои 25 амандмани на Уставот на СР Македонија со кој се измениja многу битни работи во политичкото и во државното уредување на Македонија.[168]

Со амандманите се стави крај на еднопартискиот систем во земјата и се воведе повеќепартиски систем како модел на демократското уредување на идната држава.

Радикални промени во политичкиот систем во Македонија настануваат особено со донесувањето на Амандманите на Уставот на СР Македонија од 20 септември 1990 година. Со овие Амандмани наместо самоупрвувањето и делегатскиот систем, во центарот се ставени граѓанската демократија, пратеничкиот систем, како и политичкиот плурализам.[169]

Со донесувањето на овие амнадмани на Уставот престанува да функционира Извршниот совет како носител на извршната власт во Република Македонија, на неговото место се конституира влада. Наместо колективен шеф на државата – претседателство[170], воспоставена е функцијата претседател на државата и други промени.

---

[168] ДАРМ, фонд: Собрание на Република Македонија (фонд: 1304), к.186, ае. 98.

[169] ДАРМ, фонд: 1304, к. 154, ае, 126.

[170]Со Уставот на СФРЈ од 1974 година била воспоставена институцијата Претседателство на СФРЈ. Неговиот состав го сочинувале по еден претставник на секоја република (Македонија,

Ова е време кога во Скопје се чувствуваат реакциите на некои негативни постапки од Белград во однос на Македонија. Во Македонија растеше незадоволство од политиката на српските црковни власти кога по нивни налог од манастирот „Прохор Пчински“ беше иселена една од најзначајните македонски музејски поставки од Првото заседание на АСНОМ.

На 8 јануари 1991 година во Скопје е конституирано првото повеќепартиско Собрание на СР Македонија. То значи дека конститутивната седница на Собранието се одржа на 8 јануари 1991 година, на вториот ден на Божиќ, голем христијански празник. Неа ја отворил и со неа претседавал најстариот пратеник од новоизбраниот состав на Собранието, д-р Никола Стојановски од Велес, учесник во Народноослободителната антифашистичка војна. Хорот се подготвил да ја пее химната на Југославија, „Хеј Словени“. Пратениците од ВМРО–ДПМНЕ поставиле барање хорот да не ја пее химната на Југославија, но само македонската химна „Денес над Македонија“. На предлогот на пратениците на ВМРО–ДПМНЕ им се спротивставиле пратениците на СКМ–ПДП. Во Собранието се создала хаотична атмосфера. Собраниската седница ја продложила својата работа. Бил постигнат договор меѓу двете спротивставени партии. Хорот ги испеал двете химни. Најнапред ја испеал македонската химна, а потоа југословенската. Веднаш потоа, биле верификувани мандатите на пратениците. На дневен ред бил поставен предлогот за избор на претседател на Собранието. И по тој повод пратениците на седницата воделе голема дискусија. Спротивставени мислења имале пратениците на СКМ–ПДП и ВМРО–ДПМНЕ.[171]

---

Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Словенија) и по еден претставник од автономните покраини (Војводина и Косово). Претседателството претставувало колективен шеф на државата и врховен командант на вооружените сили. По системот на ротација од секоја република и автономна покраина се менувале претседателите на Претседателството на СФРЈ, а нивниот мандат траел една година. По смртта на Јосип Броз Тито во 1980 година, Претседателството на СФРЈ практично го презело раководењето со државата. Од 1980 година, претседатели на Претседателството на СФРЈ биле: Лазар Колишевски, Цвијетин Мијатовиќ, Веселин Ѓурановиќ, Мика Шпиљак, Сергеј Крајгер, Радован Влајковиќ, Петар Стамболиќ, Синан Хасани, Лазар Мојсов, Раиф Дииздаревиќ, Јанез Дрновшек, Боривоје Јовиќ и Стјепан Месиќ. „Medjunarodna politika“, 1992, br. 1014, str. 6.

[171] ДАРМ, фонд: 1304, к.112, ае. 154

ВМРО–ДПМНЕ останала на ставот за претседател на Собранието да биде избран Стојан Андов. Меѓу раководствата на партиите не биле завршени во целост договарањата за организацијата на новата власт. Но, сепак, неминовно било разрешувањето на прашањето на избор на претседател на Собранието. Со неговиот изборот се мислело ќе се создадат услови Собранието подобро да функционира, бидејќи одлуките што требало да ги донесува не можело повеќе да се одлагаат. Во текот на гласањето пратениците на ВМРО–ДПМНЕ останале на договорот Стојан Андов да биде избран за претседател на Собранието. Поради разните несогласувања со пратениците на СКМ–ПДП, пратениците на ВМРО–ДПМНЕ ја напуштиле седницата во текот на гласањето. Собраниската седница ја напуштиле 37 пратеници на ВМРО–ДПМНЕ. Седницата ја напуштил и Владимир Голубовски, отстранет од редовите на ВМРО–ДПМНЕ.[172] Во работата на собраниската седница останале 82 пратеници. Со мнозинство од 82 гласа за претседател на Собранието, бил избран Стојан Андов[173], пратеник од Сојузот на реформските сили. Претседателот Андов им се заблагодарил на пратениците што гласале за него, но и на пратениците на ВМРО–ДПМНЕ коишто ја поддржале неговата кандидатура. Со тоа завршила работата на Првата собраниска конститутивна седница.

На 9 јануари 1991 година Собранието на Македонија одржало нова седница, втора по ред. На оваа седница на дневен ред биле поставени прашања поврзани со подготовките на седницата на Претседателството на СФРЈ закажана на 10 јануари 1991 година, станало збор за иднината на Југославија.

---

[172] ДАРМ, фонд: 1304, к.156, ае. 183.

[173]Стојан Андов е роден на 30. 11. 1935 година во Кавадарци. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, а магистрирал на Универзитет во Белград. Бил потпреседател на Извршниот совет на СРМ, член на делегацијата на СРМ во Соборот на републиките и покраините на СФРЈ и член на Сојузниот извршен совет во три мандати, учесник во преговорите меѓу поранешна СФРЈ и ЕЕЗ (1971–1987) и амбасадор на поранешна СФРЈ во Ирак (1987–1991). Претседател на Собранието на РМ во три мандати (8. 1. 1991 – 19. 11. 1994), (19. 11. 1994 – 6. 3. 1996), (30. 11. 2000 – 3. 10. 2002). Извршувал и партиски функции, претседател на Сојузот за реформските сили на Македонија, подоцна, Либерална партија на Македонија. Види: Андов С., На мој начин, Скопје 2003. Во првата декада по осамостојувањето на Република Македонија, Претседател на Собранието на РМ ја извршувале: Тито Петковски (6. 3. 1996 – 19. 11. 1998) и д-р Саво Климовски (19. 11. 1998 – 30. 11. 2000).

На оваа седница преку свои пратеници ВМРО–ДПМНЕ настапи со предлог Собранието да донесе акт за незавеност и сувереност на Македонија[174].

Помеѓу лидерите на трите поголеми партии застапени во Македонското собрание, Петар Гошев од СКМ–ПДП (реформирани комунисти), Љупчо Георгиевски од ВМРО–ДПМНЕ и Стојан Андов од Сојузот на реформските сили во Македонија се воделе чести разговори по прашањето кој да биде кандидат за претседател на Македонија. Најнапред, тие размислувале за кандидат за претседател на Република Македонија да го предложат Владиката господин, господин Михаил (Методија Гогов), роден во Штип, митрополит скопски и повардарски. Митрополитот Михаил, кој бил навистина голем верник, од верски побуди не ја прифатил кандидатурата за претседател на државата.

Потоа дошло идеја за кандидат за претседател на Република Македонија да биде предложен Киро Глигоров, роден во Штип, д-р по економски науки, со големо политичко искуство во сојузните органи на Југославија, кој со своето семејство долги години живеел во Белград.[175]

Во Собранието се одвивало процедурата за избор на претседател на Републиката. До Собранието во предвидениот рок пристигнал само предлог од 22 пратеници на СКМ–ПДП за Киро Глигоров за кандидат за претседател на Републиката. Предлогот го подржала Социјалдемократската партија.

По конституирањето на Собранието на Македонија, на дневен ред било поставено прашањето за избор на претседател на СРМ, која од 7 јуни 1991 година, се преименува во Република Македонија.

На одржаната седница на Собранието на СРМ, на 19 јануари 1991 година, шест дена пред усвојувањето на Декларацијата и Платформата, било поставено прашањето за избор на претседател на Република Македонија. Единстевен кандитат бил Киро Глигоров. На оваа седница Киро Глигоров не ги добил потребните гласови, односно не бил избран за претседател. При првото тајно гласање, Киро Глигоров не добил 2/3 од гласовите. За Киро Глигоров

---

[174]Ахил Тунтев, Република Македонија...., 10–11.
[175] ДАРМ, фонд: 1304, к.163, ае. 148.

гласале 60 пратеници од потребните 80 гласови. Не ја добил поддршката од пратениците на ВМРО–ДПМНЕ и ПДП. Пратениците на ВМРО–ДПМНЕ имале некакви колебања за избор на претседател на Киро Глигоров. Тие сметале дека Глиогоров во себе има некои југословенски оптоварувања и дека и натаму ќе се залага Македонија да остане во заедница со СРЈ, макар и без Словенија и Хрватска.[176]

На седницата на Собранието на 22 јануари 1991 година, ВМРО–ДПМНЕ дала соопштение дека ќе ја поддржи кандитатурата на Киро Глигоров. Меѓутоа поставила услов со кој барала потпретседател на државата и премиерот да бидат од нејзините редови. Била постигната согласност околу овие прашања меѓу пратениците на сите политички партии. На седницата на Собранието, одржана на 27 јануари 1991 година, присутвувале 119 пратеници, од нив 114 пратеници гласале за изборот за претседател на македонската држава да биде Киро Глигоров, четири ливчиња биле неважечки.[177] На седницата одржана на 27 јануари 1991 година, Собранието го избра Киро Глигоров[178] за прв претседател на Република Македонија. Киро Глигоров бил претседател на Република Македонија во два мандати од 27 јануари 1991 година, па сè до 19 ноември 1999 година.

---

[176] Ibid.

[177] Ibid.

[178] Киро Глигоров е роден на 3. 5. 1917 година во Штип. Во 1939 година, дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот во Белград. Учесник во НОБ, член на АСНОМ, повереник за финансии при Президиумот на АСНОМ (1944–1945), член на АВНОЈ, помошник генерален секретар на Претседателството на Владата на ФНРЈ (1945-1947), помошник министер за финансии во Министерсгтвото за финансии на ФНРЈ (1947–1952), помошник претседател на Стопанскиот совет на Владата на ФНРЈ (1952-1953), заменик директор на Сојузниот завод за стопанско планирање (1953–1955), секретар на Сојузниот извршен совет, одговорен за економски прашања (1956–1962), Сојузен секретар за финансии (1962–1967), потпретседател на Сојузниот извршен совет (1967–1969), член на Претседателството на ЦК СКЈ (1969–1971), член на Претседателството на СФРЈ (1971–1972), член на Извршното биро на Претседателството на СКЈ (1972–1974), претседател на Собранието на СФРЈ (1974–1978), Член на Советот на Федерацијата (1978–1987). Претседател на РМ во два мандата (27. 1. 1991 – 19.11. 1994) и 19. 11. 1994 – 19. 11. 1999). Види: Киро Глигоров, Македонија е сè што имаме, Скопје, 2001, 685–720.

Функцијата претседател на Република Македонија, во првата декада по осамостојувањето ја извршувал и Борис Трајковски (15. 12. 1999 – 26. 2. 2004) до загинувањето во авионската несреќа. Вршители на функцијата претседател на РМ биле Стојан Андов (4. 10. 1995 – 17. 11. 1995), и д-р Саво Климовски (19. 11. 1999 – 15. 12. 1999).

На свечената седница по повод изборот за претседател на државата во Собранието присуствувале пратениците, претставниците од општествениот и културниот живот, како и претставници на верските заедници на Македонија. На свечената седница претседателот Киро Глигоров одржа пристапна беседа во која се содржани неговите видувања за главните определби за внатрешниот развој и надворешната политика на земјата, односно накратко се осврнал на положбата на Македонија, на нејзиниот независен слободен демократски развој и за нејзината меѓународна афирмација.

По повод изборот, до новоизбраниот претседател на Република Македонија Киро Глигоров пристигнале многу бројни честитки. Меѓу другите, до претседателот, како и до целиот македонски народ во СР Македонија пристигнала честитка и од ОМО „Илинден" од Петрич.

Истовремено, по изборот, претседателот на Република Македонија, Владата и Собранието беа преокупирани со едно од доминатните прашања, поврзано со иднината на Македонија, во контекст на најавуваните промени во Федерацијата, за што политичките партии и здруженија имаа утврдени или барем скицирани свои проекции.

На 27 јануари 1991 година, Собранието на Република Македонија го избра претседателот на независна Република Македонија – Киро Глигоров, а на Заседанието од 1 февруари 1991 година за потпретседател на Република Македонија е избран Љубчо Георгиевски.

Собранието на Македонија, на 16 април 1991 година, го усвои Нацртот на амандманот за бришење на одредницата Социјалистичка од името на СР Македонија. На 18 април 1991 година Собранието на Македонија меѓу другите одлуки донесе и одлука со која името Радиотелевизија – Скопје е преименувано во Македонска радиотелевизија.

Без да ги изнесуваме сите закони што ги донесе Собранието на Република Македонија, ние ќе се задржиме само на неколку. Така, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 април 1992 година донесе Закон за паричната единица[179] на Република Македонија. Паричната

---

[179]ДАРМ, фонд: 1304, к.156, ае. 145.

единица на Република Македонија е денар. По донесувањето на овој закон беа донесени и други закони кои се однесуваа на независноста и осамостојувањето на Република Македонија како што се: Законот за химна[180] усвоен на седницата на Собранието на Република Македонија одржана  на 11 август 1992 година. Со усвојувањето на овој закон Собранието на Република Македонија го усвои текстот на националната државна химна на Република Македонија. Всушност се работи за истиот текст и истата химна која Република Македонија ја имаше до 1992 година. Автор на текстот на химната „Денес над Македонија" е македонскиот писател Владо Малески; Собранието на Република Македонија на истата седница одржана на 11 август 1992 година го усвои и Законот за знамето на Република Македонија[181]. Ова знаме беше државно знаме на Република Македонија до октомври 1995 година, кога по потпишувањето на Привремената спогодба на Република Македонија со Грција, беше донесен Закон со кој беше изменет изгледот на знамето, т.е. беше утврден сегашниот изглед на државното знаме на Република Македонија; Законот за државјанство на Република Македонија, донесен на собраниската седница одржана на 27 октомври 1992 година[182] и други закони од суштинска важност за осамостојувањето на Република Македонија.

На 7 март 1991 година претседателот на Република Македонија му го довери мандатот на академик Никола Кљусев за состав на нова Влада на Република Македонија.

Одлука за избор на Владата на РМ е донесена на седницата на Собранието на РМ одржана на 20 март 1991 година, четири месеци по одржувањето на парламентарните избори. Оваа влада е позната и како „експертска Влада" или „компромисна Влада", бидејќи истата била составена од експерти од различни области. Во образложението за составот на „есперската Влада" е наведено дека од предложените кандидати само двајца изјавиле дека членуваа на одделни партии – еден во СКМ–ПДП и еден во ВМРО–ДПМНЕ. Во составот на оваа влада беа 3 академици, 12 доктори на

---

[180] Ibid.
[181]Ibid.
[182]Ibid.

науки, 2 магистри и 6 дипломирани со искуство во практиката. Првата Влада ја сочинувале претседател и 22 министри, од кои 4 без ресор. Министрите биле предложени од 4 партии: ВМРО–ДПМНЕ, СКМ–ПДП, ПДП, СРС и СПМ.

За претседател на Македонската влада бил избран д-р Никола Кљусев[183], професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје. За потпретседатели на Владата на Кљусев биле избрани д-р Блаже Ристовски, Јован Андонов и д-р Беќир Жута. За министри кои раководеле со одделни министерства биле избрани: д-р Ристо Дамјановски, министер на Министерството за народна одбрана (разрешен и заменет со д-р Трајан Гоцевски); Јордан Мијалков, министер на Министерството за внатрешни работи; м-р Ѓорѓи Наумов, министер на Министерството за правосудство и управа; д-р Денко Малески, министер на Министерството за односи со странство; м-р Методија Тошевски, министер на Министерството за финансии; Стојан Трајановски, министер на Министерството за стопанство; д-р Гоце Петрески, министер на Министерството за развој; д-р Александар Лепавцев, министер на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија; д-р Иван Ангелов, министер на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; Илијаз Сабриу, министер на Министерството за труд и социјална политика; д-р Димитар Димитров, министер на Министерството за образование и физичка култура. академик д-р Ѓорѓи Ефремов, министер на Министерството за наука; д-р Цветан Грозданов, министер на Министерството за култура; д-р Перко Колевски, министер на Министерството за здравство; и Мартин Тренески, министер на Министерството за информации. За други членови на Владата, односно

[183]Никола Кљусев е роден на 2. 10. 1927 година во Штип. Во 1953 година дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот во Белград. Во 1964 година докторирал на Економскиот факултет во Белград на тема: „Критериумот и методи за оценување на економската ефективност на инвестициите". Професор на Економскиот факултет во Скопје (1968–1991), дописен член на МАНУ во 1988 година, а за редовен од 1996 година, претседател на Владата на СРМ/РМ (20. 3. 1991 – 4. 9. 1992) и министер за одбрана на РМ во Владата на Љубчо Георгиевски (1998–2000). Почина во Скопје на 16. 1. 2008 година. Види: Влада на Република Македонија.... .

министри без ресор биле избрани д-р Јане Миљовски, Илија Андонов – Ченто, д-р Љубомир Фрчковски и м-р Тоска Алајдин.[184]

Се мислело дека првата Влада не е политичка влада бидејќи само два члена имале партиска припадност, а додека мнозинството не искажале партиска припадност. Оваа влада била наречена „експертска", се покажало дека таа била многу блиска со своите ставови на иделогијата на партијата ВМРО–ДПМНЕ, предводена од Љубчо Георгиевски[185].

Првата влада се зафатила со многу важни прашања за осамостојувањето на Република Македонија. Меѓу првите прашања, на кое Владата посветила посебно внимание, беше прашањето за прекин на служењето на македонските војници во редовите на ЈНА, каде што поради несаканите воени дејстива и поедини националистички судири загинаа повеќе македонски млади војници – регрутирани во ЈНА.[186] Во првата Влада се појавија многу спротивни интереси и дојдоа до израз повеќе нејзини слабости. Тоа беа примарни причини поради коишто на Владата ѝ се искажа недоверба. Оваа „експертска Влада" се задржа на парламентарната сцена само 16 месеци, падна на 7 јули 1992 година, по барање на 26 пратеници од редот на четирите политички партии и на група независни пратеници. За нејзината недоверба се изјаснија мнозинството на пратеници од Македонското собрание. За одбележување е фактот дека за недовербата на Владата на Кљусев гласале дури и пратениците од т.н. лев и десен блок.[187]

Втората Влада на Република Македонија е формирана на 4 септември 1992 година, два месеци по изгласувањето на недовербата на „експерската"

---

[184] ДАРМ, фонд: Влада на Република Македонија (фонд: 1305), к.148, ае. 95.

[185] Љубчо Георгиевски е роден на 17. 1. 1966 година во Штип. Во 1990 година дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје – компаративна книжевност. Потпретседател на Претседателот на РМ (1. 2. 1991 – 22. 10. 1991), пратеник во Собранието на РМ (1992–1995, 2002–2006, 2006–2008, претседател на Владата на РМ (30. 11. 1998 – 1. 11. 2002). Партиски функции: претседател на ВМРО–ДПМНЕ (1990–2003). Види: Влада на Република Македонија, Скопје 1999, Македонски влади, Државен архив на РМ, Скопје 2005, 81–90.

[186] Во Сплит, на 6 мај 1991 година, загина Сашо Гешоски, роден во Кавадрци, на 19-годишна возраст, прва жртва од Македонија што служеше во редовите на ЈНА. Загубата на војникот Сашо Гешовски предизвика голем немир кај македонското население и семејствата чии деца се наоѓаа во редовите на ЈНА поставуваа барања до Владата на Република Македонија војниците да се вратат и повеќе да не служат надвор од Република Македонија.

[187] ДАРМ, фонд: 1305, к.356, ае. 423.

Влада. Втората Влада на Република Македонија, всушност, претставува прва политичка или коалициона влада на Република Македонија. Формирањето на оваа влада беше мошне тешко и проследено со конфликтни ситуации. Така на пример, по изгласувањето на недовербата на Владата на Никола Кљусев, претседателот на Република Македонија мандатот за состав на нова влада најнапред ѝ го довери на партијата што имаше најголем број пратеници во Собранието, односно на ВМРО–ДПМНЕ. По извршените преговори, ВМРО–ДПМНЕ не успеа да обезбеди парламентарно мнозинство од 61 глас, па поради тоа таа го врати мандатот. Потоа, мандатот му беше даден на Петар Гошев, член на СДСМ. Но, поради личното несогласување на Гошев со партиите во врска со предложените кандидати за министри, тој го врати мандатот.

Глигоров во третиот обид, мандатот му го даде на Социјалдемократскиот сојуз, а за мандатор го определи Бранко Црвенковски, кој успеа да формира Влада во мошне тешки услови на економски и политички план. Оваа влада е прва влада формирана според Уставот на Република Македонија. Таа е формирана по предлог на мандаторот, а не по предлог на шефот на државата. Оваа влада имаше 22 министри, од кои 4 без ресор. Во Владата на Бранко Црвенковски имаше 11 универзитетски професори, еден помалку во однос на „експерската“ Влада. Оваа влада беше составена од министри од 4 политички партии. СДСМ доби 11 министерски места, заедно со премиерското место, ПДП и Либералната партија добиле по 5 министерски места, а Социјалистичката партија доби едно министерско место.[188]

За претседател на оваа влада бил избран Бранко Црвенковски.[189] Бранко Црвенковски, претседател на Владата на Република Македонија бил од

[188]Светозар Шкариќ, Споредбено....., 672–675. Види поопширно: Светозар Шкариќ, Република Македонија 1991–2003 година.

[189]Бранко Црвенковски е роден на 12. 10. 1962 година во Сараево (Босна и Херцеговина). Во 1985 година дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје. Пратеник во Собранието на РМ (1990–1992), претседател на Владата на РМ во три мандати (1992–1994, 1994–1998 и 2002–2004), пратеник на Собранието на РМ (1998–2002). Од 28. 5. 2004 година ја врши функцијата претседател на РМ. Извршувал и партиски функции: член на Претседателството на

септември 1992 година па до крајот на 1998 година. За потпретседатели на Владата на Република Македонија биле избрани Стево Црвенковски, д-р Беќир Жута и Јован Андонов. За министри кои ќе раководат со одделни министерства биле избрани: д-р Владо Поповски, министер на Министерството за одбрана; д-р Љубомир Фрчковски, министер на Министерството за внатрешни работи; Туше Гошев, министер на Министерството за правосудство и управа; д-р Денко Малески, министер на Министерството за односи со странство; Џевдет Хајредини, министер на Министерството за финансии; Петруш Стефанов, министер на Министерството за стопанство; д-р Софија Тодорова, министер на Министерството за развој; Антони Пешев, министер на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија; д-р Ефтим Анчев, министер на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; Илијаз Сабриу, министер на Министерството за труд и социјална политика; д-р Димитар Бајалџиев, министер на Министерството за образование и физичка култура; д-р Аслан Селмани, министер на Министерството за наука; Ѓунер Исмаил, министер на Министерството за култура; и д-р Јова Тофовски, министер на Министерството за здравство. За други членови на Владата, односно министри без ресор биле избрани: д-р Јане Миљовски, д-р Љубе Трпевски, м-р Гордана Сиљановска и Сервет Авзиу.[190] Оваа влада, со мали промени во нејзиниот состав, работеше сè до парламентарните избори во 1994 година.

Пред Владата, чиј претседател беше Бранко Црвенковски, беа поставени за решавање многу значајни прашања. Важно прашање на кое Владата требаше да му даде приоритет беше осамостојувањето на државата, како и ослободувањето на македонските војници од редовите на ЈНА. На надворешен план најважно прашање на кое Владата посвети посебно внимание беше прашањето за меѓународно признавање на Република Македонија.

---

СКМ–ПДП, подоцна СДСМ (1990–1991), претседател на СДСМ (1991–2004). Види: Македонски влади...., 75-80.

[190]Архива на Собранието на Република Македонија, Одлука за избор на Владата на Република Македонија Бр. 08-3474/1 од 4 септември 1992 година, Скопје.

Претседателот Глиогоров постојано во своите визионерски погледи децидно ја истакнува демократијата, секоја нишка од законодавната, извршната и судската власт да ја извршува својата функција самостојно и со полна одговорност, со целосна јавност во работата, да се почитуваат доследно уставните закони, а пред сѐ да се почитуваат човековите права.

Владата на Република Македонија и државното раководство се залагале во државата да се негува и спроведува демократијата како „нежна билка", да расте чувството на одговорност кај секој поединец во работата, да зрее свеста кај луѓето за конституирањето на суверена Македонија, за нејзината стабилност и да се создаваат способни државни органи. Согледувањето на вистинската и реална состојба за излезот од кризата се примарни задачи кои надминуваат секаков партиски и парцијален интерес.

Во врска со приматот на демократијата во еден напис, меѓу другото, се вели: „Демократијата е многу пошироко поле... Таа претставува сложена мозаична слика на многубројни фактори на едно зрело демократско општество".

Владата на Република Македонија ги штитеше државните интереси, интересите на македонскиот народ и на сите граѓани кои живеат во Македонија. Македонската влада и претседателот Глигоров сметаа дека само врз демократска основа може да се изгради суверена и независна македонска држава како модерна правна држава која ќе биде способна да донесува праведни законодавни одлуки за иднината на сите граѓани кои живеат во неа. Нивните ставови биле јасни. Македонската Држава само ако се темели врз јака, одговорна извршна и судска власт, каде што до израз ќе дојде демократијата на граѓаните, тогаш таа ќе постигнува значајни резултати на внатрешен и меѓународен план. Во една таква држава граѓаните ќе можат слободно да одлучуваат со кого ќе живееат, во какви заедници и под кои услови ќе се вклучуваат во Заедницата на европските здружени народи. Македонија покажала големи заложби во насока нејзините граѓани да живеат како цилизирани слободољубиви луѓе, во неа да се развива демократското општество, таа да биде способна да ги уредува внатрешните односи по мирен

пат, во неа да се развива секаков вид на толеранција – верска, национална, политичка, затоа што само така може да оди Македонија кон прогрес на нејзините државни интереси. Реалност е дека Македонија се наоѓа на балкански простор во кој се испреплетени многу народи „секој сака да ја зачува својата самобитност, својата историја и национален дух, а тоа е можно само низ висок степен на развивање и толеранција и без каков и да било обид да се загрози соседот, просторот на кој живееле и неговите длабоко всадени корени.[191]

Во демкоратското повеќепартиско општество до добри одлуки се доаѓало преку борба на различни мислења, алтернативи и низ сестрана јавна дебата. Но, во исто време има прашања за кои е неопходен консензус на политичките партии за да не се доведат во прашање некои основни национални цели и вредности. Поделеноста или неспособноста да се постигнат заеднички решенија на такви витални прашања би воделе кон тешки внатрешни судири, нестабилност и заемни пресметки. Како што сведочи историјата, секогаш таквите состојби биле повод за потчинување, поробување или пак за внатрешно суспендирање на човековите права, на демократијата и слободата. Такви битни прашања претставуваат: сувереноста на Македонската Држава, судбината на Македонците во соседните држави, односот кон македонската дијаспора и врските со неа, меѓунационалните односи, определбата на македонските граѓани во каква заедница сакаат да живеат и со кого ќе се здружат и сл.[192]

Македонската влада и претседателот на државата биле свесни дека процесот на осамостојувањето на Македонија и нејзиното меѓународно признавање воопшто не е лесен. Тие сметале дека треба да се остранат сите оние евентуални пречки што во тоа време можеле да се очекуваат. Ја оценувале ситуацијата дека во Македонија паралелно со напорите за самостојност, би можело да се појави и паролата „За обединета Македонија“. Македонските сонародници во странство, па и определени политички структури од

[191] Види: Влад на Република Македонија, Министерство за информации, Скопје, 1999, 35-43.
[192] Киро Глигоров, Виорни времиња, Р. Македонија-реалност на Балканот, Култура, Скопје, 2004, 68-79.

Македонија, настојувале да се постави прашањето поврзано со македонските територии во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија, како и со положбата на македонското малцинство во Мала Преспа, што се наоѓа во составот на Албанија. Поставувањето на овие прашања би ги влошиле односите со соседните држави. Македонското државно раководство имало правилен став, ако се постават и актуелизираат овие прашања од страна на Македонија, тие би дале повод земјите учеснички на Букурешкиот мировен договор, односно во Втората балканска војна (1913 година) да ќе се здружат повторно против Македонија.[193]

Претседателот Глигоров вели: „да не заборавиме дека со столетија се сопираше македонското име. Иако од овде потекна словенската азбука и писменост, долго останавме без азбука, литертура, без можност дарбата на македонскиот народ да се изрази на сите полиња во вид на самостојна македонскта култура. Претендентите на македонската култура, претендентите на Македонија сакаат да ни ја одземат и нашата култура, без тие белези би изчезнале како народ “.[194]

Република Македонија, во периодот од 1991 до 2001 година, вложува големи напори не само на економски план, туку и за развојот на културните вредности. Македонскиот јазик е европски јазик тој се развива и доживува процут преку современата литература, уметност, тоа се белези што го одредува културниот лак на еден народ. Во културното творештво на Македонија имало врвни дострели кои можат да се мерат со таквите кај другите народи на Југославија, па дури и кај народите што живеат во европските држави.

Република Македонија во првите години на осамостојувањето се залагаше за развојот на културната традиција, за современи знаења, за поголем број факултетски образовани луѓе, доктори, правници, економисти. Таа се залагаше за активирањето на талентите во што таа гледаше еден од најголемите потенцијали за македонскиот прогрес. Нејзините погледи биле насочени да се развиваат интелектуалните, стручните и технолошките

[193] ДАРМ, фонд: Претседател на Република Македонија-Кабинет (фонд: 1386), к. 94, ае. 25.
[194] Дарм, фонд: 1386, к.94, ае. 39.

квалитети, да бидат што е можно на повисоко ниво, земајќи ги притоа предвид сите придружни тешкотии.[195]

Македонскиот народ има длабоко вкоренето чувство за претприемништво, трговија, занаетчиство. Тие традиции на Македонија ~ даваат определена предност. Македонија во економски развој беше една од послабо развиените земји во тогашна Југославија, или нешто малку поразвиена од Косово. Македонскиот потенцијал, во првите години на осамостојувањето имал шанса за економски развој на земјата. Тоа е резултат на високообразовниот кадар, како и резултат на цивилизациките вредности наследени кај македонскиот народ од неколку цивилизации што се сменувале на овие простори.

Република Македонија и претседателот Глигоров дале придонес за развојот на македонската култура која се најде во европските културни наследства и во современите цивлизациски текови.

Во развојот на самостојноста на Македонската Држава мошне е значајно неопходноста од обезбедување историски континуитет во создавањето на македонската национална идеја. По тој повод во еден напис, меѓу другото, се вели: „кога ги критикуваме и оценуваме одделните периоди од нашата историја, не треба да заборавиме дека без првиот Илинден немаше да дојде вториот – АСНОМ, а без него ќе немаме своја држава и сѐ друго што денес нѐ прави современа европска нација. Сите тие настани ја претставуваа онаа вертикала што ја краси нашата историја, битие, нашата гордост. Да го осудиме и да се ослободиме од сето она што не беше слобода: насилство, автократско владеење, да ги извлечеме од тоа неопходните поуки, но да не го помрачиме национално-ослободителното, што иманентно нѐ вброи меѓу слободољубивите народи – антифашистите за време на Втората светска војна, што бевме сојузници на тие народи. Како резултат од таа борба останува трајната

[195]Киро Глигоров во 1939 година завршил студии по економија на Белградскиот универзитет. Во тоа време имало близу 500 студенти Македонци на Белградскиот универзитет, помалку од 100 студенти студирале на Загребскиот универзитет, мал број на студенти студирале во Љубљана: музика, балет, сликарство или нешто друго. Во 1991 година само во градот Штип имало повеќе студенти отколку што имало во цела Македонија во 1939 година. Види: Киро Глигоров, Македонија е сѐ што имаме, Скопје 2001, 161–163.

придобивка на нашиот народ – нашата национална слобода и нашата Македонската Држава“.[196]

Националната свест и зрелост на македонскиот народ и воопшто на народот на сите простори се изразува со неговото чувство дали е решен или не да го зачува она што е втемелено како трајна вредност и сето она што е резултат на борбата и жртвите на генерациите од минатото. Кон ова треба да се додаде и решеноста на македонските граѓани да го отфрлат сето она што е плод на идејни заблуди, она што е надминато и осудено од времето, од научните достигнувања и човековите искуства. Притоа, секој пат на прв план да се имаат предвид слободата на човекот и неговите права во сите сфери на човековото живеење. Сè што пречи на слободата, на трудот, на умот и на творештвото на секој човек треба без одлагање и без догматски предрасуди да се отфрли и да се замени со она што е цивилизациски проверено и што го шири кругот на слободите и интегритетот на човекот, неговите интереси и стремежи на севкупниот прогрес.[197]

Во Република Македонија, во пресвртниот момент од македонската историја (1991–2001 година), нејзините граѓани беа рамноправни субјекти во градењето на Македонската Држава. Во Македонија се посветуваше внимание и на решавањето на економските и социјалните проблеми на земјата. Економската ситуација беше тешка. Како резултат на распадот на Југославија кризата траеше повеќе од една деценија. За излез од сето тоа, неопходна беше преобразба на општествениот и стопанскиот живот врз основа на соодветни значајни политички и економски реформи. Македонија, во првата деценија на осамостојувањето, се определи за што побрз излез од кризата, за економски развој, за намалување на инфлацијата, за конвертабилност на денарот, за слободно стопанисување, за преобразба на општествената сопственост во друг вид на сопственост, нов економски циклус и зголемување на вработеноста. Тоа беше единствена цел на Македонија за да се отворат перспективи, можности, каде што секој човек ќе може да даде свој определен придонес.

---

[196]Киро Глигоров, Македонија ..., 164–165.
[197]Киро Глигоров, Македонија ..., 165.

Македонија се залагаше да создаде и да обезбеди трајно сожителство на сите граѓани, без разлика на нивната верска и национална припадност, односно сожителство меѓу Македонците, Власите, Турците, Србите, Албанците, Ромите и сите други. Македонија е држава на рамноправни граѓани. Кон сувереноста на Македонија сите нејзини граѓани се однесуваат со еднаков респект без оглед на верската, националната и политичката припадност. Сите граѓани на Македонија заеднички го создаваат духот на толеранција, на заемно почитување,и да не се враќаат кон надминатите и историски осудени балкански пресметки, кон тесноградоста, заслепеноста и националната омраза.[198] Факт е дека само со сожителство и со меѓусебна толеранција на граѓаните на Македонија може да се дојде до нејзина перспектива во разни подрачја во реално, многу сложените национални односи.

Како модерна парламентарна држава, во Македонија во годините од првата деценија по нејзиното осамостојување се почитуваат човековите права и слободи, таа е отворена кон европската опција и пошироко. Одејќи по тој пат се создадоа услови за изнаоѓање начин за разрешување на кризата и се создаваат услови за подобар развој во сите сфери на човековото живеење. Во развојниот период 1990–2001 година Македонија направила чекор напред во развој на демократијата.

Претседателот Глиогоров во еден напис, меѓу другото, вели: „На Македонија да ~ го вратиме достоинството за да ја возобновиме Гоцевата мисла за Македонија како широко културно поле за сестран натпревар“.[199]

Македонија во горенаведениот период стана вистинска суверена држава во која парламентарната демократија се остваруваше како богатство на можности и алтернативи за еден културен избор. Македонија гарантира пристоен живот на граѓаните, социјална сигурност и економски просперитет. Во Македонија дојдоа до израз меѓунационалната и верската толеранција, трајната актуелност и вечната животворност на Крушевскиот манифест и на АСНОМ.

[198]Киро Глигоров, Македонија...., 166
[199]Киро Глигоров, Македонија ...., 168.

### *4. Услови за независност на Република Македонија и за меѓународно признавање*

Македонија во текот на 1990 и 1991 година активно зеде учество во разговорите со преставниците, како и со поголем број на меѓународни институции и субјекти кои учествуваа во разрешувањето на југословенската криза. Бидејќи не можеше да се најде решение за мирна разврска на кризата, во Македонија беа преземени значајни активности со цел да се донесат важни акти потребни за осамостојување на Македонија и за нејзино прогласување за независна и суверена држава. Несомнено е дека тој процес беше подолг и проследен со многубројни тешкотии. Со оглед на фактот што до тој период беа донесени многубројни документи потребни во процесот на осамостојувањето на Македонија, во оваа пригода ќе се задржиме само на неколку клучни документи што мислиме дека претставуваат стожер на македонската државност, а тоа се донесувањето на Декларацијата за сувереност на СР Македонија, Референдумот, Уставот на независна Република Македонија, Декларација за суверена и самостојна држава Македонија, Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава и други акти.

Меѓутоа, факт е дека пред донесувањето на овие значајни акти, од суштинско значење за прогласувањето на независноста на Република Македонија уште во Собранието на СРМ започна дебата околу идното уредување на Македонската Држава во новонастанатата општествено-политичка состојба. Така на седницата на Собранието одржана на 29 август 1990 година започна првата дебата за нужноста од промени на Уставот и Уставниот закон на СРМ.

На седницата одржана на 20 септември истата година, Македонското собрание усвои 25 амандмани на Уставот на СР Македонија, со кој се измениja многу битни работи во политичкото и државното уредување на Македонија. Како што е познато, на 11 ноември 1990 година се распишаа првите

повеќепартиски избори, а потоа уследија изборите за конституирање на првото повеќепартиско собрание (8 јануари 1991 година), како и изборите на 27 јануари 1991 година, кога Собранието на Република Македонија го избра Киро Глигоров за претседател на независна Република Македонија, а на седницата од 1 февруари истата година, Собранието за потпретседател на Република Македонија го избра Љубчо Георгиевски.[200]

Претседателот Киро Глигоров на 7 март 1991 година му го довери мандатот на академик Никола Кљусев за состав на нова Влада на Република Македонија, а по негов предлог на 20 март 1991 година, беше формирана првата Влада на независна и суверена Република Македонија.

### *4.1. Декларација за сувереност на Република Македонија*

По распадот на СКЈ[201] во рамките на ЦК на СКМ била формирана комисија која имала задача да подготви програма во политичкиот и стопанскиот систем во Република Македонија. Составот на Комисијата го сочинувале: Киро Глигоров, Никола Кљусев, Денко Малески, Димитар Димитров, Коле Чашуле, Љубомир Фрчковски и други личности.

Собранието на СР Македонија требаше да донесе акт со кој ќе се овозможи СР Македонија како рамноправен член да земе учество во идните разговори меѓу претседателите на републиките.[202]

---

[200] ДАРМ, фонд: 1304, к.28, ае. 12.

[201] Во времето кога се рушеше Берлинскиот ѕид, во ноември 1989 година, се одржал X конгрес на СКМ. На Конгресот за претседател на Сојузот на комунистите на Македонија бил избран Петар Гошев. На XI конгрес на СК на Македонија СКМ се преименува во СКМ – Партија за деомкратска преобразба (СКМ–ПДП), а подоцна во Социјалдемократски сојуз.

[202] Словенците по пат на референдум (плебисцит) се изјасниле за положбата на Словенија. Во Хрватска пак, беа донесени неколку законодавни акти и посебен уставен закон, со кој се даде сигнал дека Хрватска ќе стане независна држава. Во Србија, со Уставот донесен при крај на 1989 година јасно се утврдува дека Србија ќе биде независна држава, но со тоа што тој статус на Србија е условен со завршните и преодни одредби во кои се потенцира дека споменатате одредби ќе влезат во сила откако органите на власта во Србија, ќе донесат заклучок во тој контекст. Алија Изетбеговиќ немал намера Босна и Херцеговина да остане во составот на Југославија без Хрвтска и Словенија.

ВМРО–ДПМНЕ преку своите пратеници настапи со предлог Македонското собрание да донесе Декларација за сувереност на Македонија. Точно е дека раководството на оваа партија немаше јасен став за начинот на донесување на Декларацијата. Со Декларацијата за сувереност на Македонија се мислело дека ќе се зајакне внатрешната сотојба и стабилноста на државата. Љубчо Георгиевски, лидер на ВМРО–ДПМНЕ, сметал дека треба да се обезбеди 61 глас во Собранието за да се донесе Декларацијата за сувереност на државата, но во нејзиното донесување да не учествуваат пратениците на СКМ–ПДП и пратениците на партиите од Албанците. На собраниската седницата, одржана на 9 јануари 1991 година, пратеникот Ламбе Арнаудов, во име на пратеничката група на ВМРО–ДПМНЕ, надвор од предложениот дневен ред, без какви било претходни консултации, дал предлог за донесување на Декларација за сувереност на Социјалистичка Република Македонија. Имајќи ги предвид сите околности мнозинството пратеници не го прифатиле предлогот на Ламбе Арнаудов за донесување на Декларцијата.[203]

Донесувањето на Декларацијата за сувереност на СР Македонија е задача на Собранието, односно на избраните пратеници во прв ред, без разлика што сè уште немало извршено целосно конституирање на новото државно раководство на власта.

Претседателот на Собранието Стојан Андов го увидел значењето на донесувањето на Декларацијата за сувереност на СР Македонија. Оваа идеја тој му ја соопштил и на Милан Шиковски, секретар на Собранието.[204]

Донесувањето на Декларацијата неминовно требало да биде засновано врз основа на постоечкиот Устав и на деловникот за работа на Собранието. За таа цел биле избрани повеќе комисии и нивни претседатели. Бил извршен избор на членовите на Комисијата за уставни прашња која имала задача да ја води постапката за донесување на Декларацијата за сувереност. Претседател на оваа Комисијата бил Стојан Андов. Во составот на Комисијата имало две работни групи со задача да изготват предлог-текст за Декларацијата. За

---

[203] ДАРМ, фонд: 1304, к. 28, ае. 10.
[204] Стојан Андов, На мој начин, Матица Македонска, Скопје, 2003, 53-58.

раководител на работната група за изготвување на Декларацијата бил избран Драги Арсов од ВМРО–ДПМНЕ, потпретседател на Собранието.

Била избрана и работна група за изготвување на Предлог-платформа на СРМ за идното уредување на Југославија, која тргнува од определбата за суверена македонска држава. Всушност оваа Платформа е Македонија да учествува во разговорите со претседателите на републиките за решавање на југословенската криза. Раководител бил Тито Петковски од СКМ–ПДП, потпретседател на Собранието. Од содржината на текстот на оваа Платформа јасно се гледа дека таа не содржи никакви елементи кои се во насока против Деклрацијата за сувереност.[205]

Разгледувањето на Декларацијата и на Платформата во Собранието се совпаѓа со бурните политички настани што се случуваат во Југославија. Најважните суштински прашања во Македонија секако се поврзани со политичката состојба и со настаните во другите југословенски републики.

На седницата на Претседателството на СФРЈ, одржана во Белград на 10 јануари 1991 година, на Стојан Андов јасно му било дека Слободан Милошевиќ и Фрањо Туѓман сакале да влијаат врз изборот на претседател на Република Македонија и на претседателот на Влада. Милошевиќ настојувал Андов да преземе активности со цел Петар Гошев да не биде избран за претседател на Македонската влада. Ваквиот став на Милошевиќ во однос на Гошев на Стојан Андов му бил многу јасен.[206]

По враќањето на Стојан Андов од Белград, постапката за донесување на Декларација на сувереност била забрзана. За неколку дена биле готови текстовите на Декларацијата и на Платформата.

Претседателот на Владата на СР Македонија Глигорије Гоговски свикал седница на Влада на која бил разгледан текстот со поддршка на предлозите на Декларацијата за сувереност на Македонија и Платформата за решавање за кризата во Југославија. Овие документи биле доставени до

---

[205] Стојан Андов, На мој начин..., 72-81.
[206] IBidem, 124-128.

Собранието. До Собранието било доставено и мислење со поддршка на предлозите на двата документи и од Претседателството на Републиката.

На седницата, одржана на 25 јануари 1991 година, Собранието на дневен ред го поставило разгледувањето на предлозите и усвојувањето на текстот на Декларацијата за сувереност на СР Македонија и на Платформата. Секако дека тоа се први значајни документи од програмски карактер коишто Собранието ги разгледувало на почетокот на расправата. Собранието на СР Македонија врз основа на член 318 од Уставот на СР Македонија, а во согласност со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, на седницата одржана на 25 јануари 1991 година, ја донесе Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија. На истата седница усвоена е и Платформата.

Со донесувањето на Декларацијата за сувереност на Македонија, практично и правно е отворен процесот на осамостојувањето на Република Македонија како независна и самостојна држава.[207]

По повод донесувањето на Декларацијата за сувереност на СР Македонија, на собраниската седница одржана на 27 јануари 1991 година, воведен збор имал претседателот на Собранието Стојан Андов кој, меѓу другото, истакнал: „Донесувањето на Декларацијата за сувереност на СР Македонија, во овој политички миг претставува неопходна потреба за да може Македонија да настапува од рамноправни позиции како и другите републики на СФРЈ во настаните што престојат. Донесувањето на Декларацијата е израз на нараснатите можности на Македонската Држава, со цел да застане и да опстои како суверен, но конструктивен фактор во Југославија, но и на балакански простори. Таа зрелост и созреаност на Македонија е резулатат на вековната борба на македонскиот народ. Овој акт на сувереност е само нов квалитетен чекор во долгиот макотрпен, но и богат со настани историски процес на создавање и развој на Македонската Држава. Упорната борба за духовно и национално ослободување која се разгоре во средината на минатиот век доведе до првото признавање на административното единство на

[207] ДАРМ, фонд: 1304, к. 28, ае. 18.

Македонија на Берлинскиот конгрес од страна на тогашните големи сили на Европа. Разловечкото и Кресненското востание се херојски битки, жртвувања, но и со документите што беа донесени, покажаа дека во административно обележаните македонски граници постои јасна свест за силна политичка волја и енергија за остварување на националната самобитност, слобода и независност. Гоцевото ВМРО укажа на еден нов квалитет на потреба, но и готовност да се мобилизираат и подговат за пресудни битки сите национални капацитети, афирмирајќи ја идејата за Македонија на Македонците и за национално ослободување, потпирајќи се на сопстевените сили. Семето на тие идеи брзо се виде дека падна врз плодна почва. Илинденската епопеја ги потресе Балканот и Европа со хероизмот и со невиденото жртвување на македонските револуционери и на револуционерните маси. Но, таа епопеја исто така го восхити тогашниот свет со ширината на можностите што ги заговараше за заедничко живеење на Македонците и припадниците на другите народи и народности во Македонија. Крушевската Република беше краткотрајна и недоволно силна да ги издржи ударите на добро вооружената и огромна Османлиска војска. Но, Крушевската Република, удирајќи ги темелите на македонската државност, според идеалите и според ширината на слободите и правата што ги нудеше, беше надмоќна над сите монархистички режими околу неа и беше предвесник на едно ново време, кое како време на слободи и демократија стана очекувано и посакувано во нашата современост на сите простори на Балканот. Непрестанатиот отпор и, особено Народноослободителна борба на македонскиот народ, доведе до остварувањето на вековните идеали за сопствена држава која се конституира со документите на АСНОМ. Во изминатите години од Првото заседание на АСНОМ, покрај големите тешкотии со кои се срекаваше Македонија, таа доживеа и успеа да оствари сестрана афирмација на нејзиното битие во сите полиња. Оттаму е разбирливо, но и неизбежно, што речиси сите политички партии ја застапуваат тезата во предизборната активност во овие плураристички односи за јасно недвосмислено дефинирање на Македонија како суверена држава.“[208]

---

[208]Стојан Андонов, Драматичната 1991 година, Политички студии и сеќавања, Скопје 1991,76.

Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија претставува првиот донесен правен акт со кој се утврдува физиономијата на идното уредување на новата македонска држава. Всушност, Декларацијата преставува еден мошне важен значаен документ кој не само на домашната, но и на странската јавност ~ стави до знаење дека Македонија си ја презема одговорноста во свои раце за својата иднина.

Најважни одредби кои ја сочинуваат содржината на Декларацијата за сувереност на СР Македонија се следните:

Член 1. Со оваа Декларација се изразува сувереноста на Социјалистичка Република Македонија во согласност со уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ за самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување.

Член 2. Политичкиот, стопанскиот и правниот систем на Социјалистичка Република Македонија се темелат на Уставот на СРМ и на републичките закони, а во согласност и со определбите изразени во оваа Декларација.

Уставот на СФРЈ, сојузните закони и другите сојузни прописи и општи акти ќе се применуваат на територијата на Социјалистичка Република Македонија доколку не се во спротивност со Уставот на СРМ, републичките закони и со одлуките на Собранието со кои се остварува сувереноста на СРМ.

Член 3. Изразувајќи ја сувереноста на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на СРМ ќе донесе нов устав со кој, покрај другото ќе се определат општественото уредување и идните симболи на државноста на Македонија.

Член 4. Социјалистичка Република Македонија како суверена држава самостојно одлучува за идните односи со државите и со другите народи на Југославија, во согласност со своите интереси, по мирен и демократски пат.

Член 5. Оваа Декларација, Уставот на СРМ, републичките закони и другите прописи и општи акти се основа за одлучување и дејствување како на републичките органи и организации, така и на сојузните органи и организации на територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Член 6. Собранието на СРМ и надлежните органи на Републиката, до донесување на новиот устав, можат и самостојно да преземаат мерки за заштита и унапредување на положбата и правата на деловите на македонскиот народ што како национално малцинство живее во соседните земји, за Македонците во другите земји, за иселениците од Македонија и за граѓаните на привремена работа во странство.

Член 7. Доколку спогодбено и демократски не се решаваат меѓусебните односи на суверените републики во СФРЈ, или тоа се врши на начин на кој се загрозува суверенитетот на Републиката, Собранието на СРМ ќе донесе уставен закон со кој ќе ги утврди другите прашања од уставноправен карактер со кои СРМ како самостојна и независна држава ќе го преземе извршувањето на суверените права што ги остварува преку органите на СФРЈ и ќе го утврди начинот на спогодување со другите републики за правното наследство на СФРЈ и за меѓусебните односи, според начелата на меѓународното право.

Член 8. Оваа Декларација влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.[209]

Несомнено е дека одредбите во Декларацијата за сувереност на СР Македонија ја насочуваат нашата земја да се движи мошне сигурно во новиот пат на самостојност. Од Декларацијата да го користи она што е вистински сублимирано, а сепак доволно препознатливо за сувереноста на Македонија. Меѓутоа, за современото пулсирање на суверноста на Македонија Декларацијата има посебен нерв. Тука, би рекле, Декларацијата ненаметливо добива поуниверзални вредности, согледани низ призмата на поширок временски период. Така, од нејзината содржина која е богата со мноштво значајни одредби, може да се согледа и сфати она што доаѓа како израз на нејзината природна потреба од правилно ориентирање на Македонската Држава. Во оваа Декларација се наведува дека доколку спогодбено и демократски не се разрешат меѓусебните односи на суверените републики во тогашна СФРЈ, или пак, тоа се врши на начин на кој сувереноста на Република Македонија би била загорзена, тогаш Собранието на Република Македонија,

---

[209] ДАРМ, фонд: 1304, к. 28, ае. 25.

врз основа на уставниот закон, ќе ги регулира и другите прашања од уставно-правен карактер со кој Република Македонија како самостојна и независна држава ќе го преземе извршувањето на суверените права што ги остварува преку органите на Федерацијата и ќе го утврди начинот на спогодување со другите републики за правото на наследство од СФРЈ како и за меѓународните односи врз основа на начелата во меѓународното право.

Со изнесените ставови во Декларацијата јасно се гледа дека Република Македонија нема мигови на колебливост, таа преку решителен чекор ќе го презема извршувањето на своите суверени права што дотогаш го остваруваше преку Федерацијата.[210]

Со донесувањето на Декларацијата за сувереност на Македонија и Платформата беа создадени услови да се намали поделеноста на мислењата на пратениците, а со тоа да се намали и отпорот кон донесувањето на овој важен документ од суштинско значење за Македонија. Декларацијата за сувереност на Република Македонија била објавена во Службен весник.

Еден месец потоа, двата највисоки органи на Југославија, Сојузната влада и Претседателството на СФРЈ сметале дека Декларацијата за сувереност на Македонија е многу „радикална“ и затоа поднеле предлог за оценка на уставноста на Декларацијата до Сојузниот уставен суд. На 13 март 1991 година Сојузниот уставен суд донел Решение за поведување постапка за оценување на уставноста на Декларацијата за сувереност на Македонија.[211]

Во тоа време Република Македонија имаше свои членови во Сојузната влада и во Претседателството на СФРЈ (еден член). Кога барањето за испитување на уставноста на Декларацијата за сувереност на Република Македонија стигнало до Сојузниот уставен суд, веднаш претседателот на Собранието на Македонија Стојан Андов бил информиран од Крсте Чаловски, судија во Сојузниот уставен суд. Крсте Чаловски како судија од Македонија лобирал во постапката при избор на судија-известител, со цел да се создаде

---

[210] Д-р Трајан Гоцевски, Кризите во Македонија...., 61-62.

[211] Претседателот на Владата акад. Никола Кљусев за независноста на Р. Македонија: (од моите бележници), Конференција на тема: Улогата на Владата на Никола Кљусев во обезбедувањето на независноста и самостојноста на Македонија: десет години независна Република Македонија, Скопје, 2011, 5-14.

атмосфера да се донесе решение за да се одбие барањето за поништување на Декларацијата за сувереност на Македонија. Со помош на судијата К. Чаловски за судија-известител бил избран Ратко Мочивник, член на Сојузниот уставен суд од Словенија. Судијата Мочивник добро ја сфатил целата работа и суштината на спорот на проблемот и го одложувал неговото решавање сè до моментот кога тој се откажал од член на Сојузниот уставен суд.[212]

По осамостојувањето на Словенија кон крајот на јуни судиите од Словенија не учествувале во работата на Уставниот суд на СФРЈ. Исто така, летото во 1991 година судијата Владимир Шекс од Хрватска не доаѓал да учествува на седниците на Уставниот суд во Белград. Во Сојузниот уставен суд во Белград останале да работат вкупно 11 судии, и тоа: по двајца судии од Србија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина и по еден судија од Хрватска и од автономите покраини Војводина и Косово. Крсте Чаловски, судија од Македонија, во почетокот на декември 1991 година од оправдани причини, поради болест, престанал да доаѓа и да учествува во работата на Сојузниот уставен суд. Така, во работата на Сојузниот уставен суд на Југославија останале само 10 судии. Од Македонија таму како судија работел Димче Козар. Сојузниот уставен суд имал 10 судии, одлуките ги донесувал со 8 гласови. На седницата на Сојузниот уставен суд одржана на 24 декември 1991 година на дневен ред бил поставен и предлогот за оценување на Декларацијата за суверност на Република Македонија.[213]

Од извадокот од Записникот на седницата од 24 декември 1991 година на Сојузниот уставниот суд на Југославија, потпишан од советникот на Сојузниот уставниот суд Радивое Браевиќ, јасно се гледа дека во работата на седницата учествувале 10 судии. Судот не можел да донесе одлука за Декларацијата за сувереност на Македонија. Ниту еден од дадените предлози не го добиле потребното мнозинство гласови. Резултатите од гласањето се: за предлогот да се укине Декларацијата за сувереност на Република Македонија гласале 4 судии, против биле 6 судии; за предлогот да се укинат членовите 2 и

[212] Стојан Андов, Драматичната 1991 година,...., 142-150.
[213] Архив Југославије, фонд: 130, к. 93, ај. 85.

5 гласале 5 судии, против биле 5 судии; за предлогот да се укинат членовите 7 и 8 гласале 6 судии, против биле 4 судии.[214]

Иницијаторот за свикување на седницата на 24 декември 1991 година на Уставниот суд на Југославија не бил задоволен од исходот, па затоа по секоја цена инсистирал да се одржи уште една седница на Уставниот суд. Таа била закажана за 28 јануари 1992 година и е даден само еден предлог за гласање. Оваа седница била значително потемелно подготвена.[215]

### *4.2. Референдумот од 1991 година*

По новите повеќепартиски избори кои се спроведоа на 11 ноември 1990 година и по конституирањето на власта во Македонија врз современи стандарди, несомнено се постави прашањето за заокружување на осамостојувањето на Македонија и за нејзиното прогласување за самостојна, независна и суверена држава, прашање кое беше од примарна вредност. Тоа се решаваше во исклучително тешки внатрешно-политички услови. Во Македонија имаше приврзаници на идејата за останување во СФРЈ, односно во заедничката држава, па макар во нејзиниот состав да членуваат и мал број на републики. Ваквата дилема ја прекина Македонското собрание.

По долгите расправии на пратениците во Македонското собрание, како и по консултациите со релевантни институции и поединци од земјата и странство, несомнено е дека чекор напред во однос на осомаостојувањето е да се донесе одлука за едно важно судбоносно прашање, македонските граѓани по пат на референдум да ја изразат сопствевната волја, да се определат за сопствената иднина за своја суверена држава.

На седницата на Собранието одржана на 6 август 1991 година со акламација била донесена Одлука[216] за распишување на Референдум во Република Македонија, на кој нејзините граѓани треба да се изјаснат за

[214] Ibid.
[215] Трајче Грујоски, Распадот на СФРЈ...., 243-246.
[216] Службен весник на Република Македонија, 1991, бр. 37.

статусот за суверена и самостојна држава Македонија. Во оваа Одлука децидно стои дека Референдумот ќе се одржи на 8 септември 1991 година и тој ќе се спроведе на начин и постапка утврден со Законот за републички референдум. Оваа одлука беше мошне значајна историска одлука на македонскиот законодавен дом. Меѓу сите политички партии во Собранието по ова прашање имаше консензус и кај најголемиот број на обични граѓани на Македонија имаа единство по ова прашање.[217]

При утврдувањето на рефендумското прашање имаше повеќе дилеми, а секако тука беше неопходно една вештина, политичка мудрост и тактика. Во Македонија сè уште имаше единици од составот на Југословенската народна армија која изврши интервенции во поедини југословенски републики. Постоеше опасност таа да подлегне на провокации од некои екстремни луѓе и тоа да го искористи како повод за воена интервенција во Македонија. Референдумското прашање беше формулирано со двојно значење: „дали граѓаните се за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден Сојуз на суверените држави на Југославија“.[218] Секако дека на ваквата формулација на прашањето беа поставувани и разни забелешки од членовите на партиите. Некои од нив сметаа дека вака поставеното прашање претставува всушност „една мала врата“ за формирање на нова федеративна држава каде што над сите доминанатна положба би имала Република Србија. Секако дека ваквите мислења не беа праведни.[219]

Формулацијата на референдумското прашање беше резултат на тогашната воено-политичка криза во Југославија и политичката ситуација во Република Македонија. Согласно со референдумското прашање, граѓаните на Република Македонија со гласањето, прво, одлучуваа за формирање на суверена и самостојна Република Македонија, а потоа како второ, доколку се

[217] Д-р Трајан Гоцевски, Патот до независна Р. Македонија: (1990-1993), Култура, Скопје, 2015, 35-52.
[218] ДАРМ, фонд: 1304, к. 34, ае. 22.

[219] Види: „Референдум“-Конечни резултати од изјаснувањето на граѓаните на РМ, Билтен на Републичката комисија за спроведување на референдумот, Скопје, 8 септември 1991, 34.

постигне договор со другите републики, Република Македонија би стапила во иден сојуз со другите суверени држави – републики од Југославија.[220]

Референдумот беше одржан на 8 септември 1991 година, каде македонските граѓани го дадоа својот глас. На Референдумот во Македонија повеќе од 70% гласаа за самостојност на Македонија.

Референдумот не беше подржан од албанскиот електорат. Албанците го бојкотираа гласањето. Референдумот беше успешен и со тоа Македонија легитимно реши да се раздружи од тогашната Југословенска Федерација.

Гласањето на граѓаните на територијата на Република Македонија се одвиваше на 2.658 гласачки места, во 34 општини. За референдумот им беше овозможено да гласаат и граѓаните, кои од објективни причини се наоѓаа на отсложувањето на воен рок или на воена вежба. Можност да гласаат им била дадена и на оние граѓани кои на денот на гласањето живееле во други републики на Југославија, како и на оние граѓани кои биле на привремена работа во странство кои во времето на референдумот не се наоѓале во Македонија.[221]

Во реализацијата на Референдумот учествуваше Републичката изборна комисија во соработка со 34 општински комисии за спроведување на Референдумот.

Во избирачките списоци бројот на запишаните гласачи бил вкупно 1.495.807 лица.

Од статистичките податоци по повод одржувањето на Референдумот на територијата на Република Македонија може да се дознае дека за Референдумот се изјасналe 1.074.855 лица, односно 71,86% од вкупниот број гласачи запишани на избирачките списоци. Во 11 општини во Република Македонија изјаснувањето било над 90 %, во 12 општини изјаснувањето е меѓу 80 и 90 %, во 3 општини се движи од 70 до 80 %, во 2 општини од 60 до 70 %, во 3 општини 50 до 60 %, а само во 3 општини и тоа на територијата во

[220] Д-р Трајан Гоцевски, Неутрална Македонија; од визија до стварност, Скопје, 1995, 12-15.
[221] „Референдум"-Конечни резултати...., 47-49.

западниот дел на Македонија, поточно во општините Тетово, Гостивар и Дебар, одзивот на граѓаните за Референдум бил под 50%.[222]

Од горенаведените статистички податоци јасно може да се дојде до заклучок дека одзивот на граѓаните за референдум на територијата на Република Македонија бил голем. Така, од вкупно 34 општини, во 31 општина изјанувањето на граѓаните за референдум било над 50%.

Од статистичките податоци, исто така, се дознава дека на Референдумот гласале вкупно 1.132.981 лице, односно 75,74 % од вкупниот број гласачи запишани во избирачките списоци. На референдумското изјаснување не се одзвале 262.826 лица, односно 24,26% од граѓаните. Од вкупниот број на гласачи кои учествувале на Референдумот на територијата на Република Македонија, позитивно се изјасниле со заокружување на зборчето ЗА 1.021.981 лице, односно 68,32 %, додека пак, против биле 38 986 лица, односно 2,61 % и 13. 502 ливчиња односно 0,90 % биле неважечки.

На референдумот во Македонија излегле 1.495.807 гласачи односно 70,32 % од вкупниот број на населението. Од нив 1.021.981 гласачи, односно 95,68 % гласале за самостојност и сувереност на Македонија, а додека пак 38.896 или 4,32 % избирачи се изјаснија против сувереност и самостојност на Македонија.[223]

Во 21 држава во странство одзивот на граѓаните кои се наоѓале таму и биле државјани на Република Македонија, за Референдумот гласале 58.126 лица.

Кај гласачите кои биле државјани на Република Македонија, а живееле во странство зборчето ЗА го закокружиле 57.327 лица од вкупно 58.126 гласачи односно 98,63%, додека пак 653 гласачи односно 1,12 % биле против. Биле пронајдени и 140 ливчиња односно 0,25 % кој биле неважечки.

Од горните податоци јасно се гледа дека на територијата на Република Македонија и во странство одзивот на граѓаните за Референдумот бил голем. Вкупно гласале 1.132.981 лице, од нив се изјасналe ЗА 1.079.308 лица односно

[222] Ibidem.

[223] Архива на Републичката (Државна) изборна комисија, Извештај за резултатите од референдумот од 8 септември 1991 година.

95, 26 %. Против гласале 39.639 лица, односно 3,50 % и 13.648 лица односно 1,20% дале неважечки ливчиња.

На Референдумот поддршка дале и Македонци кои не се државјани на Република Македонија, а живеат во странство. Тој број изнесувал вкупно 4.223 лица. Во Австралија поддршка за референдумот дале 4.009 лица, во САД 90 лица, во Чехословачка 50 лица, во Шведска 32 лица, во Полска 25 и Франција 17 лица.[224]

Резултатите од гласањето на Референдумот биле повеќе од импресивни. Од вкупниот број на гласачи, според расположивите податоци од нив дури 95,32% се изјасниле за суверена и самостојна македонска држава.

Неизбежен е впечатокот дека позитивните гласови на граѓаните на Македонија на Референдумот преставуваат вистински историски чин кон поставувањето на Македонија како меѓународен субјект. Преку Референдумот дојде до израз свесно вековната желба на македонскиот народ која се сведува кон вредносно регистрирање на заокружување на еден можен внатрешен законодавен процес.

Академик Никола Кљусев за Референдумот во 1991 година напиша: „Референдумот блесна со заслепувачка светлина. Го калеше духот на народот. Нè храбреше со верба и надеж во иднината. Го враќаше загубеното, украденото. Стана мистична привлечна сила, магија што нè врзуваше цврсто за шифрата на македонскиот илинденски искон. Веќе стануваше сè појасно дека излегувањето од хаотичниот кошмар и варваризмот на едноумниот систем, таа шифра притаено живеела во многу македонски срца и не бил уништен нејзиниот ископски дух".[225] *Овие позитивни гласови на граѓаните на* Македонија значеа историски чекор напред кон стапувањето на Македонија како меѓународен субјект – вековна желба на македонскиот народ и на националностите кои живеат на македонските простори.

Покрај Референдумот, Уставот и основните законодавни акти, неминовно било донесувањето на околу 700 законски проекти за да се

[224] Ibidem.
[225] Д-р Никола Кљусев, Предизвици, 3 книга Видувања, Матица, Скопје, 2000, 84.

заокружи самостојноста на Македонија како суверена држава. Со еден збор речено, видливите резултати од Референдумот од 8 септември 1991 година ги задолжија надлежните органи на власта да го свртат вниманието кон градење на една значајна политичка, безбедносна и економска стратегија која ќе биде вистински промотор на Македонија како самостојна и суверена држава.

Успешноста на Референдумот ги допре критериумите на Арбитражната комисија на ЕЗ предводена од Роберт Бадинтер, угледен француски правник, која заклучува дека Македонија токму поради Референдумот ги исполнува сите услови за меѓународно признавање.[226] Историски гледано, резултатите од Референдумот се инкорпорираат, се дообјаснуваат. Тие се сфатливи самите по себе. Впечатливите резултати од Референдумот преставуваат неизбежен чекор напред, самите по себе се доосмислуваат и продлабочуваат во севкупното значење за меѓународно признавање на Република Македонија како самостојна и суверена држава.

Референдумот за самостојна, независна држава ја изрази желбата и идеалите, пред сè, на македонскиот народ кој со векови тежнееше за создавање на самостојна и суверна држава Македонија.

Вистината, правичноста од резултатите на Референдумот, тоа се идеалните основи кои ~ го отворија патот на Македонија кон нејзиното осамостојување и меѓународна афирмација. Овој референдум има историски чин, бидејќи Република Македонија како самостојна и суверена држава, според Повелбата на ООН има право и должност да организира и своја безбедност, одбрана и заштита.[227]

Набрзо по успешниот Референдум, Собранието на Република Македонија, врз основа на член 318 од Уставот, а по повод плебисцитарно изразената волја на граѓаните за суверена и самостојна држава Македонија, на

---

[226] Нано Ружин: „Европската идеа од утопија до реалност", Студентски збор, Скопје, 1996, 32-36.
[227] Д-р никола Кљусев, Патот кон македонска независност, фондација „Никола Кљусев", Скопје, 2014, 36-40.

својата седница одржана на 17 септември 1991 година, донесе Декларација за суверена и самостојна Република Македонија.[228]

Декларацијата е со следната содржина:

Во член 1 од Декларацијата се наведува дека Собранието на Република Македонија констатира дека на Референдумот одржан на 8 септември 1991 година граѓаните на Република Македонија плебисцитарно ја изразија својата волја и го дадоа својот глас Република Македонија да се конституира како суверена и самостојна држава Македонија. Со успешните резултати од Референдумот граѓаните на Република Македонија на демократски начин испишаа нова страница во македонската многувековна историја за заокружување на процесот на самостојност и сувереност на Република Македонија како држава.

Во член 2 од Декларацијата јасно се гледа ставот на Република Македонија која како суверена и самостојна држава ќе води политика на доследно почитување на општо усвоените принципи на меѓународното право, содржани пред сѐ во документите на ООН, завршниот документ на КЕБС во Хелсинки и Парискатa повелба. Република Македонија својот меѓународен субјективитет ќе го заснова врз почитување на меѓународните норми за односите меѓу државите и врз полно почитување на принципите на територијалниот интегритет и суверенитет. Република Македонија нема да се меша во внатрешната политика на другите држави, таа ќе се залага за јакнење на меѓусебното почитување и доверба и развој на сестрана соработка со сите земји и народи кои се од заемен интерес.

Во член 3 од Декларацијата се гледа дека Република Македонија е определена за развој и доследно почитување на принципите за добрососедските односи и соработка со сите свои соседи, како и за развој и успешна соработка со земјите од Европа и другите земји од светот, со меѓународни организации и групации. Во таа насока Република Македонија е посебно заентересирана за вклучување во интеграциските процеси во Европа,

[228] ДАРМ, фонд: 1304, к. 34, ае. 25.

како и за унапредување на билатералните и мултилатералните видови на соработка во регионот кои се под влијание на современите трендови.

Од член 4 на Декларацијата се гледа политиката на Република Македонија која, пред сѐ, ќе биде насочена кон почитување на принципот на неповредливост на границата како гаранција за мирот и безбедноста не само во регионот туку и пошироко. Република Македонија мошне е јасна и децидна во својата надворешна политика дека таа нема никакви аспирации на територијални претензии кон која било соседна земја. Меѓутоа, факт е дека Република Македонија решително би се спротиставила на какво било непочитување и загрозување на нејзиниот територијален интегритет од друга земја. Република Македонија има јасен став и доследно ќе се придружува кон принципот – проблемите во меѓународните односи од кој било вид да се решаваат со мирни средства по пат на дијалог и врз принципот на заемно почитување.

Во член 5 од Декларацијата се наведува дека Република Македонија врз основа на своите уставни определби ќе се грижи за положбата и правата на деловите од македонскиот народ, кои како национално малцинство живее во соседните земји. Република Македонија ќе продолжи да води политика која ќе се потпира врз меѓународните норми и чија основна цел и суштина е признавањето и почитувањето на основните човекови права и слободи, а во тие рамки и на слободите и правата на Македонците кои како национални малцинства живеат во соседните земји. Република Македонија ова ќе го сфаќа како прашање што може да се разрешува исклучиво со мирни и демократски средства и во духот на европските и цивилизациски стандарди.[229]

Република Македонија е фактор на мирот и безбедноста во регионот и пошироко и сите свои сили и активности беа насочени кон изградување како модерна и демократска држава и доследно вложуваше напори за остварување на принципите кои беа изразени во Декларацијата.

[229] Ibidem.

Пред осамостојувањето на Република Македонија, од тогашната Федерација се раздружија легитимно Република Словенија и Република Хрватска, но во нивниот случај тоа беше со употреба на воена сила.

Со прогласувањето на независност и сувереност, со одржувањето на Референдумот, Република Македонија го презеде и вршењето на надворешните работи. Со одлуката од 15 јануари 1992 година Европската Унија ја призна независноста на Република Словенија и Република Хрватска, со тоа всушност престана да постои Југословенската Држава.[230] Меѓутоа, секако овде можеме слободно да констатираме дека Хрватска и Словенија имаа силни поддржувачи за нивната самостојност во земјите-членки на Европската Унија, тоа не беше случај со Македонија.

Во овој период Република Македонија води дипломатска политика за нејзино меѓународно признавање. Владата на Република Македонија донела одлука за отповикување на сите македонски дипломатски претставници кои биле во Сојузниот секретаријат за надворешни работи и во странство, со цел да се формира нова македонска дипломатија.[231]

Референдумот за осамостојување на Република Македонија кај соседите, а особено во Грција, предизвика несакани реакции. Во Грција резултатите од Референдумот предизвикаа загриженост, обзнанувањето на нова нација на Балканот не беше во корелација со нивните големодржавнички аспирации. Во официјална Атина се појави страв од распадот на СФРЈ. Во Грција владееше мислење дека со создавањето на нови самостојни држави на Балканот можни се и територијални промени, односно промени на границите, ќе се поттикне будење на националната свест кај нејзините етнички заедници.

---

[230] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 277-279.

[231] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., (Одлука за отповикување на сите дипломатскоконзуларни и културни преставници од Република Македонија во Сојузниот секретаријат за надворешни работи и од странство во Скопје, 21 јануари 1992.), 244.

### *4.3. Уставот на Република Македонија од 17 ноември 1991 година*

По ескалацијата на југословенската криза, која сé уште траела, органите на власта на Македонија во текот на 1991 година презедоа низа чекори за решавање на својот државно-правен статус кои резултираа и со донесувањето на еден важен државно-правен акт – Устав. По одржувањето на Референдумот како прва и основна задача се постави изработката на Устав на Република Македонија врз демократски принцип, граѓанскиот концепт на општеството и врз современи европски стандарди како услов Македонија да го започне процесот за евроатланските интеграции како земја која ги споделува сите вредности како и другите европски држави.

Собранието на Република Македонија, на 26 седница одржана на 17 и 20 ноември 1991 година, го донесе Уставот на Република Македонија каде што е втемелена државотоворноста и суверeноста на земјата.[232] За усвојување на Уставот на Република Македонија гласале 92 од вкупно 120 пратеници. Тоа е поголем број гласови од предвиденото двотретинско мнозинство (80). Прогласувањето на Уставот на Република Македонија е извршено со Одлука на Собранието на Република Македонија. Таа одлука е донесена со 96 гласа веднаш по донесувањето на Уставот на Република Македонија.[233]

Според Уставот на РМ суверенитетот на државата произлегува и им припаѓа на самите граѓани кои живеат во неа. Избирачкото право е еднакво за сите граѓани во Република Македонија, тоа право е општо, непосредно и се остварува со тајно гласање.

Со Уставот, Република Македонија се здоби со највисок уставно-правен акт. При неговата изработка, користени се уставните закони на голем број земји со граѓански модел на општеството, уставната традиција на Македонија за време на постоењето на поранешна СФРЈ, како и основните категории и концепти на современата уставно-правна теорија и практика. Со донесувањето

---

[232]Уставот на Република Македонија е објавен во „Службен весник на РМ" бр. 52 од 22 ноември 1991 година, а амнадманите 1 и 2 од Уставот на Република Македонија беа објавени во „Службен весник на РМ" бр. 1/92.
[233]Светозар Шкариќ, Споредбено..., 180–201.

на новиот Устав Република Македонија се здоби со нов современ устав, изработен врз основа на светски стандарди.[234]

Во Уставот на Република Македонија доаѓаат до израз најважните основни прашања, како што се: темелните вредности на уставниот поредок, основните одредби, основните права и слободи на човекот и граѓанинот, организација на државната власт, Уставниот суд, локлана самоуправа, меѓународните односи и одбраната на Републиката, како и воената состојба и вондредните околности.

Фрагментните проблесоци на Уставот на Македонија, за прв пат се јавуваат како можни и неизбежни историски основи каде што Република Македонија за прв пат ја дефинира сувереноста, самостојноста, демократијата и социјалните аспекти на државата. Сувереноста е неделив, неотуѓив и непреносив елемент. Таа произлегува од граѓаните и тоа право едниствено им припаѓа само ним. Аргументирано во Уставот се потцртува интересот на територијалниот интегритет на Република Македонија. Во Уставот, јасно, децидно е потенцирано дека територијата на Република Македонија е неделива, неотуѓива и постојната граница на државата е неповредлива, таа единствено може да се менува само врз основа и во согласност со Уставот на Република Македонија.

Од една децидна клаузула се гледа дека Уставот содржи цврсти гаранции за неменливоста на гранците на државата. Од содржината на целиот Устав, од неговата поткрепеност врз меѓународното право, се гледа дека Република Македонија нема територијални претензии кон другите држави. Од содржината, пак, на седмото поглавје на Уставот се дознава дека ново е тоа што се воспоставуваат вооружените сили на Република Македонија како право на секоја самостојна и суверена држава чии задачи се да го штитат територијалниот интегритет, сувереноста и самостојноста на државата.[235]

Во Уставот се опфатени неколку тематски области, меѓу кои доминантни се: основните слободи и права на човекот и граѓанинот, а пред сè

[234]Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 188-210.
[235] Види: Устав на Република Македонија од 17 ноември 1991.

гаранцијата за самостојната позиција на Македонската Држава. Дополнителна гаранција за самостојната позиција на Македонската Држава е одредбата за непризнавање на окупација на Република Македонија, на кој било нејзин територијален дел. Во Уставот прецизно е определена и процедурата на надлежностите при прогласување на вондредна состојба и вондредни околности.[236]

Од изнесеното може да се заклучи дека со Уставот од 1991 година Република Македонија е дефинирана како самостојна и независна држава. Таа, со Уставот го изразува својот основен атрибут на самостојна, независна национална држава на македонскиот народ и на граѓаните кои живеат во неа. Од ова произлегува дека со новиот Устав Република Македонија зачекорува кон нов уставно-правен и државен процес кој ги изразува желбите на македонскиот народ и граѓаните што живеат во неа.

Според Уставот, Собранието на Република Мкаедонија преставува претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт. Бројот на пратеници во Собранието изнесува 120 лица. На избраните пратеници мандатот им трае 4 години, тој е отповиклив. Независно од тоа што пратеници се преставници на граѓаните, тие одлучуваат по свое убедување.

Според Уставот, претседателот на државата ја претставува Република Македонија и е врховен командант на вооружените сили. Неговиот мандат трае 5 години.

Изборите за пратеници на Собранитето на Република Македонија и за претседател на државата ги распишува претседателот на Собранието на Република Македонија.[237]

На 6 јануари 1992 година Собранието на Република Македонија донесе Одлука за прогласување на два уставни амнадмани во врска со член 49 од Уставот на Република Македонија, во кој децидно се нагласува дека: „Република Македонија нема територијални претензии кон соседните држави;

[236] Д-р Светомир Шкариќ, Споредбено..., 55-63.
[237] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 187-220.

границата може да се менува само во согласност со Уставот; и Република Македонија нема да се меша во суверените права на други држави“.[238]

Уставот на Република Македонија создаде основни општествено-економски и политички претпоставки за развој на земјата. Тој е прв Устав на самостојна суверена и независна Република Македонија.[239] Првиот Устав на Република Македонија е конципиран врз граѓанска основа, уште веднаш, во преамбулата на Уставот можат да се насетат дадените можности за непречено дејствување на повеќепартискиот систем и за развој на демократските односи.

### *4.4. Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава*

Република Македонија се определи за мирен и демократски пат за своето осамостојување и стекнување на меѓународен легимитет на својата независност. Многубројни се фактите коишто зборуваат дека Република Македонија не беше вмешана во крвавиот расплет на југословенската криза туку, напротив, таа беше активен фактор и соработуваше со претставниците на меѓународната заедница, со цел да има мирна разврска на воената криза. Македонија е една од оние земји кои со многу напори и одрекувања и со голема мудрост на нејзиното раководство успеа да го надмудри големиот предизвик на кризата.

Патот на осамостојувањето на Македонија и нејзиното меѓународно признавање не беше лесен. Соседите на Македонија не ~ беа наклонети. Балканските ветришта од минатото повторно се појавија. Националистичките желби и стремежи, романтичарските соништа за создавање на големи држави

---

[238] ДАРМ, фонд: 1304, к. 41, ае. 32.

[239]Уставниот развиток на современата македонска држава започнува по Втората светска војна и може да се подели на четири периоди. Првиот уставен период започнува со усвојувањето на Решенијата на Првото заседание на АСНОМ и продолжува со донесувањето на првиот македонски устав т.е. Уставот на НРМ на 31. 12. 1946 година, вториот период со донесувањето на Уставот на СРМ на 12. 4. 1963 година, третиот период со донесувањето на Уставот на СРМ на 25. 2. 1974 година и, четвртиот уставен период започнува со донесувањето на Уставот на Република Македонија на 17. 11. 1991 година.

на Балканот неизбежно е дека и Македонија можеа да ја вовлечат во војна и да се повторат годините на Балканските војни, Букурешкиот мировен договор, односно годините од нејзиното распарчување, раздорот, делбите и поделбите, мачнините, страдањата на народите и слично.

Република Македонија презеде голем број активности на билатерален план со цел меѓународно признавање на нејзината независност.

На 2 декември 1991 година претседателот на Република Македонија Киро Глигоров упати писмо до сите шефови на држави и влади во светот за признавање на независноста на Република Македонија.[240] Во писмото на претседателот Глигоров, меѓу другото, се вели: „Македонија постојано се залага за принципот на мирно самоопределување, таа одби да учествува во војната. Ние мислиме дека употребата на воена сила во една комплексна мултинационална заедница, чии проблеми можат да бидат успешно решени единствено со политички дијалог, води до експлозии на незадоволство и на уништување.

Одбивајќи да бидеме заложници на ситуацијата што е надвор од нашата контрола и која почива врз принципи спротивни на оние за кои ние се залагаме, ние ја зедовме својата судбина во свои раце заради остварување на нашата цел – целосна сувереност...

Ние ја сметаме државата Македонија како стабилизирачки фактор на Балканот и во Европа. Ние сме подготвени да докажеме дека демократијата е можна преку мирен соживот со припадниците на другите националности во Македонија...

Официјалното признавање ќе ѝ овозможи на државата Македонија да воспостави, на исправна и стабилна основа, односи со другите држави. Тоа ќе биде и порака до помалку мирољубивите дека територијата на признатата држава Македонија не е слободна за освојување...“.[241]

Непосредно по обраќањето на претседателот Киро Глигоров до светските лидери, Собранието на Република Македонија, во согласност со

[240] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 290.
[241] Ibid.

членот 68 од Уставот, на седницата одржана на 19 декември 1991 година, донесе и Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава.[242]

Декларацијата е со следната содржина:

1. Република Македонија како суверена и независна држава бара да биде меѓународно призната.
2. Република Македонија ги прифаќа критериумите и ги исполнува условите донесени од Советот на министрите на Европската заедница на 17 декември 1991 година во Брисел.
3. Република Македонија го прифаќа Нацрт-документот на Конференцијата за Југославија во Хаг.

   Таа го поддржува продолжувањето на Конференцијата за Југославија во Хаг и ќе учествува, како и досега, на конструктивен начин во нејзината работа со цел да се постигне дефинитивно решение за југословенската криза на мирен и демократски начин.

   Истовремено, Република Македонија ги поддржува досегашните напори на ЕЗ на тој план и ја изразува својата готовност активно да учествува во нив.
4. Република Македонија ги поздравува и во целост ги поддржува напорите на ООН, преку Генералниот секретар и Советот за безбедност за мирен расплет на југословенската криза, вклучувајќи го и упатувањето на мировни сили на ОН.

   Собранието на Република Македонија го повикува претседателот на Републиката и ја задолжува Владата, во согласност со нивните уставни овластувања, да ги преземат сите мерки и активности што произлегуваат од оваа Декларација.
5. Оваа Декларација да се објави во „Службен весник на Република Македонија“.[243]

[242] ДАРМ, фонд: 1304, к. 40, ае 28.
[243] Ibid.

### *5. Мирна разврска на безбедносната состојба во Република Македонија*

Покрај изнесените состојби што ги креираше новиот Устав на Република Македонија, тој отвори процес за изработка и донесување на Закон за одбрана на Република Македонија. Според Уставниот закон, голем број закони во Република Македонија требало да се донесат во рок од 6 месеци по донесувањето на Уставот. Неопходно се чуствувала потребата веднаш да се започне работата за донесувањето на Законот за одбрана и таа работа да се заврши што побрзо со цел да се создадат поволни услови за воспоставување на системот за одбрана на Република Македонија како суверена држава.

Определувајќи се за формирање на сопствени вооружени сили, кои во дотогашниот систем Република Македонија ги немаше, Владата оваа задача ја постави како приоритетна, па затоа голем дел од нејзините активности беа насочени кон формирање на македонски вооружени сили. Колку беше важно ова за Македонија, зборува и сугестијата што ја добивале од лорд Овен, овластен преговарач за кризата на Југославија, кој на претседателот Глигоров во една пригода во Брисел му рекол: „Идејата за мирно иселување на ЈНА е брилијантна и ако ја остварите ќе бидете независна држава, во спротивно сè е неизвесно и сомнително“. На друга средба, пак, во Брисел лорд Овен на претседателот Глигоров му рекол: „Вие како лидер во Македонија повикајте го народот со цвеќиња да ги испраќа војниците на ЈНА и направете сè планот за мирна разврска... целосно да се спроведе. Во спротивно, како независна држава ќе имате толку војска како што е ЈНА!“[244]

Со оглед на тоа што повлекувањето на ЈНА од Македонија требаше да започне веднаш по донесувањето на Уставот, односно пред формирањето на одбраната на Македонија, во ова време приоритетно се постави прашањето за обезбедување на државната граница во услови кога Македонија сè уште нема своја регуларна војска.

Во ова време незгодни моменти на македонското осамостојување му приредуваше и преполовеното Претседателство на СФРЈ. Тоа на една своја

[244] ДАРМ, фонд: 1386, к.95, ае. 18.

седница ја донело т.н. одлука на четворицата со која индиректно ~ се дадоа големи овластувања на ЈНА и се легализираа воените дејства против републиките кои се изјаснаа за осамостојување. Ваквата одлука на Претседателството на СФРЈ беше во спротивност со ставовите на Владата на Македонија и на претседателот Глигоров за мирно осамостојување на Република Македонија.[245]

Владата на Република Македонија, изгради свои ставови, кои гласеа:[246]

1. Тргнувајќи од непризнавањето на војната што се наметна на југословенската територија, од меѓуетничките аспирации и меѓунационалните судири, сметаме дека овој акт претставува окупација на една република, во случајот Хрватска, од страна на армијата и дека блокадата на касарните во Хрватска исто така е неприфатлива.

2. Упатуваме апел до врховната команда на ЈНА сите наши војници и офицери да се вратат во Република Македонија која е нивна татковина. Владата презема обврска да создаде претпоставки за нивно прифаќање и работно ангажирање, решавање на нивните семејни и станбени прашања и сл. Исто така, Владата стои на својот став понатаму да не упатува регрути во ЈНА.

3. Безбедносните органи на Македонија треба будно да ја следат состојбата и да обезбедат услови за одвивање на животот и работата во овие услови кои ни се наметнати со воена пресија.

4. Резервистите и другите единици кои не се од Македонија, а престојуваат тука, веднаш да се повлечат, бидејќи тоа ги вознемирува граѓаните на Македонија.

5. Владата упатува апел до граѓаните да не наседнуваат на провокации, да се гради одговорен однос на партиите кон ова прашање и да не дозволиме преку разни провокации да дојде до интервенција на ЈНА или на други паравоени формации.

---

[245] Д-р Трајан Гоцевски, Кризата во независна Македонија..., 73-78.

[246] Д-р Трајан Гоцевски, Одбрамбеното осамостојување на Македонија: чекор кон суверена држава: кон десетгодишнината од независноста: 1991-2001, Македонска ризница, Куманово, 2001, 64-115.

6. Да се искористат овие релативно мирни услови и брзо да се изградат механизмите на правниот и економскиот систем за самостојно живеење на суверена Македонија. Парламентот посебно внимание да му посвети на донесувањето на системските и на другите потребни законски акти.

7. Владата ќе се заложи пред меѓународните асоцијации, органи и тела, како и кај владите на одделни земји, за обезбедување територијален интегритет на Македонија и за нејзино меѓународно признавање. Ќе се обратиме и до Македонците во странство за преземање на акции за поддршка на овие наши иницијативи пред владите на тие земји.

8. Владата ги задолжува надлежните ресорни министерства да ги преземат нужните мерки и активности во согласност со новонастанатите околности.

9. Собранието да пристапи кон испитување на можностите за донесување Декларација за неутралност на Македонија и за демилитаризација на ова подрачје.

10. Да се усогласи дејноста на информативните средства во Републиката со новонастанатата состојба, а во согласност со политиката и ставовите што ги гради Република Македонија.[247]

По објавувањето на овие ставови од страна на Владата на Македонија настапи период на неизвесност, дојдоа до израз нервозни реакции од Командата на Скопската воена област и од разни други структури кои не сакаа да ја разберат новата положба на Македонија. Во ова време дојде до несогласување на тогашниот министер за одбрана, кој беше офицер на ЈНА, со Владината политика за повлекување на ЈНА од Македонија и со донесувањето на Закон за одбрана на Република Македонија, итн.

По донесувањето на Уставот и по назначувањето на нов министер за одбрана (Трајан Гоцевски беше назначен за министер за одбрана, прво цивилно лице), Министерството за одбрана на Република Македонија се обрати со апел до сите старешини Македонци да ја напуштат ЈНА, да се пријават во соодветното министерство со цел да се започне процес за создавање армија на

[247] Ibidem.

Република Македонија. Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 14 февруари 1992 година, го донесе Законот за одбрана.[248]

Претседателот на државата беше свесен дека иако Македонија се прогласи за суверена и независна држава, таа сѐ уште не може сама да ги регрутира своите војници. Во еден напис на Глигоров, меѓу другото, вели: „каков вид на суверенитет е тоа кога македонските синови ги разбудуваат од нивните кревети и ги носат кој знае каде...? Какви се тајните на една војна кога родителот не знае каде го носат неговото чедо? Некој ќе рече, воена состојба, мобилизација... Зошто тие не ги мобилизираат синовите на оние кои нѐ доведеоа до оваа „војна помеѓу браќа“ и кога „смртниот плач“ ќе дојде до нивните домови, тогаш можат да дојдат до својот здрав разум.[249]

Претседателот на Република Македонија на 6 февруари 1992 година, писмено се обрати до вршителот на должност Сојузен секретар за народна одбрана, генерал-полковник Благоје Аџиќ, со предлог за средба и разговори за постигнување договор за повлекување на Армијата од територијата на Република Македонија.[250]

Во писмото, претседателот Глигоров укажува на постоењето и на ескалацијата на југо-кризата со можност да се прошири и на останатите делови на поранешна СФРЈ, што би имало несакани последици за сите народи и народности што живеат на тие простори. Во писмото, претседателот Глигоров ја соопштува и позицијата на Република Македонија во разрешувањето на кризата, при што посебно нагласува на македонските конструктивни предлози и однесувања и дека Македонија во ниту еден сегмент не го загрозила никого, ниту пак придонесувала за ширење на кризните подрачја. Во писмото напоменато е дека со прогласувањето на Уставот, Македонија стана самостојна, независна држава и дека со Законот за одбрана Македонија ќе го реши и системот на одбраната, како еден од основните услови за остварување на сувереноста. Во писмото, исто така, се укажува и на некои нови

[248]Службен весник на Република Македонија, бр. 8/15. II1992 година.
[249]Киро Глигоров, Македонија е се што имаме..., 185.
[250] ДАРМ, фонд: 1386, к.4, ае. 28.

компликации доколку ЈНА би останала на територијата на Република Македонија.

Претседателството на СФРЈ, на седницата одржана на 14 февруари 1992 година, го прифати барањето на македонскиот претседател за преговори за мирно повлекување на ЈНА од територијата на Република Македонија. Беше определен и денот на разговорите 21 февруари 1992 година. Во Скопје на 21 февруари 1992 година допатува вршителот на должноста сојузен секретар за народна одбрана и началник на ГШ на ЈНА, генералот Благоје Аџиќ, со приличен број на преговарчи со високи чинови.[251] Разговорите се одржаа на Водно и траеа речиси цел ден. Состанокот го отвори претседателот на Република Македонија Киро Глигоров кој ја предводеше македонската преговарачка екипа. Покрај претседателот Глигоров во неа учествуваа и Стојан Андов, Никола Кљусев, министерот за одбрана Трајан Гоцески (прво цивилно лице назначено на оваа висока функција), Љубомир Фрчковски и неколку генерали.[252]

На средбата во Скопје претседателот Киро Глигоров разговарал со генералот Благоје Аџиќ за одлуката на Врховната команда во врска со повлекувањетето на ЈНА од Македонија. На состанокот генералот Аџиќ, меѓу другото, рекол: „Кој би поверувал дека Македонија може да ја напушти Србија... Ние со вас имаме толку добри односи..., па јас овде сум служел 7 години, сум бил во Прилеп, во Велес и овде во Скопје. Македонскиот народ е многу добар... “.[253] Претседателот Глигоров во разговорот со генералот Аџиќ, укажал на фактот дека Македонија е независна држава. Со Уставот, територијалниот интегритет и независноста на земјата ја штитат вооружените сили на Македонија. Во Македонија се забранети воени и слични единици кои не им припаѓаат на македонските вооружени сили. Секоја странска војска мора да ја напушти територијата на Македонија, па затоа најдобро е мирно повлекување на ЈНА од територијата на Македонија. Глигоров, во разговорот

---

[251] ДАРМ, фонд: 1386, к.4, ае. 32.

[252] Архива на Министерството за одбрана на Р. Македонија, Годишен извештај од крајот на декември 1992 година.

[253] Д-р Никола Кљусев, Предизвици-Бесони ноќи, книга втора, Матица Македонска, Скопје, 1998, 154-155.

со Аџиќ, меѓу другото, рекол: „Ако Југословенската армија мирно се повлече од Македонија понесете го сето оружје со вас... Офицерите треба сами да кажат, кој сака да остане тука – нека си остане, кој сака да отиде со војската – нека си оди, ако му остане фамилијата овде – никој нема ништо да ѝ пречи. Жените со децата можат да си живеат во Македонија, да добиваат дел од платите на нивите мажи. Становите никој нема да им ги земе... Не смее да се заборави оти со години се живеело заедно и луѓето се многу испомешани со разни врски, со бракови со други народи... Добар дел од припадниците на Армијата, па и од офицерите, првите службувања ги имале овде, во Македонија. Замислте сега да дојде до некој конфликт во какво сеќавање вие ќе останете кај овој народ? Тука сте живееле, сте се посетувале со фамилии, и едно и друго и сега тука да падне крв. Тоа со генерации, со години ќе се памети, ќе се прераскажува по лошо“.[254] Кај генералот Аџиќ проработило она човечкото хумано чувство.

Меѓу претседателот Киро Глигоров и тогашниот вршител на должноста сојузен секретар за народна одбрана и началник на ГШ на ЈНА, генерал Благоје Аџиќ, во Скопје на 21 февруари 1992 година, бил потпишан Договорот за повлекување на ЈНА од територијата на Република Македонија. Според овој Договор, Република Македонија со сопствена војска ја презеде контролата врз целата своја територија.[255] Според одредбите на Договорот Глигоров-Аџиќ, повлекувањето на ЈНА од Македонија требало да заврши заклучно со 15 април 1992 година. Во Договорот било прецизирано дека недвижниот имот на ЈНА што се наоѓа на територијата на Република Македонија останува во сопственост на Македонија. Во Договорот децидно се наведува дека македонските војници што биле во состав на единиците на ЈНА, најдоцна до крајот на април 1992 година, да се демобилизираат и да се вратат во Република Македонија. Што се однесува пак до офицерскиот кадар, според овој договор, тие можеле да бираат дали ќе останат во дотогашната служба на ЈНА, или пак ќе се вклучат во составот на одбраната на Република Македонија, на сите оние

[254]Киро Глигоров, Македонија е сè што имаме...., 188– 189.
[255]Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 249-251.

што ќе останат во Македонија ќе им се гарантираат еднакви права и слободи со останатите граѓани што живеат во Р Македонија. Воената болница и радарите на Аеродромот Петровец се договориле да останат во Република Македонија.[256] Содржината на договорот беше објавена на страниците на весникот „Нова Македонија“ од 22 февруари 1992 година.

Врз основа на дијалогот и успехот постигнат со Договорот меѓу шефот на македонската држава, кој воедно беше и врховен командант на вооружените сили во Македонија, Киро Глигоров од една страна, и генералот Благоје Аџиќ од друга страна, во Република Македонија за среќа, дојде до мирна разврска при повлекувањето на ЈНА од територијата на Република Македонија. По пат на мирни средства, без конфронтации се дојде до позитивен одговор на едно од суштинските и најважни прашања, пред кое се најдоа Македонската влада и Собранието. Се обезбеди мирот и независноста на Македонија.

На 26 март 1992 година, во Скопје дојде до потпишување на Договор меѓу претседателот Глигоров и генералот на ЈНА, Никола Узелац.[257] Со овој договор истиот ден припадниците на ТО на општина Чаир го презедоа последниот и најголем воен објект во Република Македонија, касарната „Маршал Тито“. На 27 март 1992 година Република Македонија со своја војска ја презеде контролата над целата своја територија. Со тоа всушност, од Република Македонија, замина и последниот војник на ЈНА. Во гарнизонот во Охрид на 14 април 1992 година, пристигна првиот воен регрут припадник на Армијата на Република Македонија. Тоа беше Панче Јамандиев, роден во Велес, во 1970 година. Во касарните во Скопје, Битола, Штип и во Охрид на 15 април 1992 година пристигнаа првите регрути од регуларниот состав на Армијата на Република Македонија.[258]

Од 2 до 3 мај 1992 година ЈНА без инциденти се повлече од Македонија.

---

[256] Архива на Министерството за одбрана на Република Македонија, Информација за повлекување на Југословенаската армија од Република Македонија (од 25 март 1992 година).

[257] С. Марковски, Б. Миневски, Татковино за кого се боревме ( за македонските војници кои беа последни регрути во ЈНА и кои загинаа или останаа тешки инвалиди во туѓите војни низ СФР Југославија 1991-1994), Нова Македонија, Скопје, 1999.

[258] Д-р Трајан Гоцевски, Кризата на независна Република Македонија..., 73-75.

Внатрешно-политичката, социјалната и меѓуетничката ситуација во Република Македонија беше обележана со сложена мрежа на надворешни и внатрешни фактори коишто придонесуваа за економската и политичка несигурност и растечка меѓуетничка и социјална тензија. Сето ова беше одраз и на влошената економска состојба во државата. Според статистичките податоци коишто ги имавме на располагање, во Македонија во 1994 година невработеноста на работната сила изнесуваше приближно 30%, стапката на инфлацијата достигнала и над 50%. Република Македонија ги чувствуваше последиците од економската блокада наметната од Грција во февруари 1994 година, од една страна, како и ефектите од санкциите на Обединетите нации против Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора). На Република Македонија ~ беа попречени главните патишта за увоз-извоз на јужната и северната граница. Меѓународните инвеститори покажаа незаинтересираност за инвестиции во Република Македонија. Владата на Македонија правеше големи напори да ја трансформира економијата во систем на слободен пазар и примаше минимална финансиска помош од Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, Европската Унија и одделни држави-членки на Унијата. Економијата во Македонија покажува знаци на заживување во некои области, но таа сè уште се соочуваше со големи предизвици и имаше потреба од натамошна меѓународна помош.[259]

Со големи проблеми се соочи Република Македонија во годините по нејзиното осамостојување, надворешните и внатрешните етнички тензии беа видливи, сите заедно продолжија да ја поткопуваат стабилноста на Република Македонија и да претставуваат закана за нејзината кршлива демократија.

Во почетокот на 1994 година некои лидери на албанската популација во Македонија поставувале барања за подобрување на нивниот политички, економски, социјален, културен и образовен статус, вклучувајќи го и прашањето за признавањето на албанскиот јазик како втор официјален јазик во Република Македонија. До непожелна конфронтација дошло помеѓу некои лидери на албанските политички партии и претставниците на Владата на

[259] Д-р Никола Кљусев, Предизвици- Бесани...., 157-159.

Македонија, бидејќи водачите на албанските политички партии преземале активности за отворање на Универзитет на албански наставен јазик во Тетово. Лидерите на етничките Албанци вклучени во овој обид истакнувале дека во Македонија постојат државни универзитети во Скопје и Битола каде што наставата се изведува на македонски наставен јазик, а на Педагошка академија во Скопје делумно се изведуваат и предавања на албански наставен јазик. Владата на Македонија имаше став дека идејата за основање на Универзитет на албански наставен јазик, надвор од државниот воспитно-образовен систем е против Уставот и законите на Република Македонија и обвини дека поддржувачите односно лидерите на етничките Албанци го поставуваат ваквото образовно прашање со цел да ги реализираат своите политички амбиции за „федерализација", односно создавање на „Голема Албанија".[260]

Во Тетово, во почетокот на 1994 година, биле организирани повеќе масовни демонстрации. За време на демонстрациите во Тетово одржани на 17 февруари 1994 година загинал еден Албанец и повредени биле неколку полицајци. Кратко време по настаните во Тетово пратениците Албанци во Парламентот (биле 19, од вкупно 120 пратеници) ја бојкотирале седницата на Парламентот, во знак на поддршка на нивните барања за употреба на албанскиот јазик како втор официјален јазик во државата.[261]

Од 25 мај до 11 јули 1994 година во Македонија беше спроведен попис на населението. Целта на пописот е да се даде веродостојна слика за етничкиот состав на населението. Одржувањето на пописот беше набљудуван, финансиран и делумно организиран од Советот на Европа и Европската Унија. Владата на Република Македонија, на 17 септември 1994 година, испрати писмо до Советот на Европа во кое го известува за спроведениот попис на населението. Во ноември 1994 година Македонската влада официјално ги објави резултатите од пописот на населението. Според резултатите од спроведениот попис во 1994 година националниот состав на населението во Македонија е следниот: Македонци 68% од вкупното население во Република

---

[260] ДАРМ, фонд: 1304, к. 64, ае. 75.
[261] ДАРМ, фонд: 1304, к. 64, ае. 83.

Македонија, Албанци 22%, и, останати 10% (Турци, Срби, Власи, Роми и граѓани кои етнички не се определени). И покрај верификацијата од страна на меѓународните набљудувачи на веродостојноста на резултатите и правилниот начин на одржувањето на пописот, лидерите на албанските политичките партии ги оспоруваа резултатите од пописот.[262]

Есента во 1994 година во Република Македонија се одвиваат многу бурни настани. Тоа е време кога се вршат подготовки за одржување на вторите парламентарни избори. Истовремено беа закажани и изборите за претседател на државата. Сето ова беше проследено со една мошне интензивна предизборна кампања во која не изостанаа многубројни меѓусебни обвинувања на политичките противници. На 16 октомври 1994 година во Република Македонија беа одржани вторите парламентарни и претседателски избори. На изборите беа забележани определени неправилности, но според севкупното мислење на набљудувачите, изборите во Македонија беа одржани на генерално уреден, регуларен и мирен начин.[263]

Претседателот Киро Глигоров, кој во тоа време бил на 77-годишна возраст, повторно, со мнозинство гласови е избран за претседател на Република Македонија. На претседателските избори за Глигоров гласале 52,44% од вкупниот број избирачи, а тоа значи дека Киро Глигоров уште во првиот изборен круг е избран за претседател. Тој беше кандидат на Сојузот на Македонија – коалиција на партии. Противкандидат на Киро Глигоров за претседател му беше Љубиша Георгиевски, режисер, предложен од ВМРО–ДПМНЕ.

Парламенатрните избори во Република Македонија се одвиваа во два круга. Во првиот изборен круг имало 1.766 кандидати на 37 политички партии. Независни кандидати 10 лица.[264]

---

[262] Архива на Државниот завод за статистика на Република Македонија, Извештај за резултатите од пописот од ноември 1994 година во Р. македонија.

[263] Избори 1994 година-Конечни резултати за пратениците во Собранието на РМ, Р(Д)ИК, Скопје, декември 1994 година.

[264] Стојан Мухаловски, Душан Вергиќ, „Повеќепартиските избори на Република македонија" (Анализа на изборните резултати во 1994 и 1996 година, ИСППИ, Скопје, 1988 година.

Меѓутоа двете големи опозициски партии во Македонија, ВМРО–ДПМНЕ и Демократската партија на Албанците го сметаа првиот круг на изборите како лажиран. Како резултат на тоа, тие го бојкотираа вториот круг на изборите што доведе до тоа партијата што беше на власт, односно Коалицијата на партии наречена Сојуз за Македонија да обезбеди апсолутно мнозинство на вторите парламетарни избори, при што освоила 95 пратеници од 120 пратенички места во Парламентот, односно повеќе од 2/3 од вкупниот бројот на пратенички места.

На вторите параламетарни избори Либераларната партија предводена од Стојан Андонов, кој беше претседател на Собранието на Република Македонија, ја напушти коалицијата Сојуз за Македонија и премина на страната на другиот блок партии, односно на страната на опозицијата. Партиите коишто ги бојкотираа изборите имаат влијание врз значителен дел од електоратот и, бидејќи во тоа време тие партии не го признаваа ниту избраниот Парламент, ниту пак претседателот на државата, настанала таква ситуација која била неповолна за водење на конструктивен политички дијалог.

По победата на коалицијата на партии – Сојузот за Македонија, мандатот за состав на Влада му беше доделен на Бранко Црвенкоски, лидерот на Социјалдемократскиот сојуз. Мининистрите во Владата на Бранко Црвенковски биле избрани од политичките партии од коалицијата на Сојузот за Македонија.[265]

По донесувањето на Законот за локална самоуправа во Македонија беа спроведени првите локални избори за градоначалници и за советници во 120 општини во државата. Од анализата на изборните резултати може да се дојде до заклучок дека и на локалните избори во Република Македонија најголеми резулатати постигна партијата СДСМ, па затоа како резултат на тоа од нејзините редови имаше избрано најголем број на градоначалници и советници.

---

[265]Прелиминарни заклучоци за набљудувањето на медиумите во предизборната кампања и изборни резултати во 1994 година-Европски институт за медиуми и европска комисија, Скопје, 30 октомври 1994 година.

Од Мисијата на УНПРОФОР која набљудува и известува за состојбата долж границите на Република Македонија со Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора) и Албанија се дознава дека на границата нема тековна воена закана. Во Македонија немаше решителен чекор за воспоставување на јасна меѓународна граница меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија (Србија и Црна Гора). По инцидентите што се случија на подрачјето на границата меѓу двете држави летото во 1994 година, УНПРОФОР договори воено-административна граница помеѓу двете страни што ја определува северната граница на оперативното подрачје на трупите на УНПРОФОР.[266] Факт е дека ниту Владата на Република Македонија, ниту Владата на Сојузна Република Југославија не ја признаваа воено-административната граница како легитимна меѓународна граница и двете страни ја користеле за известување и справување со инциденти на преминување на границата. Ова е период кога и покрај тоа што не се забележани тензии меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија, меѓутоа, бидејќи сè уште не беше заемно призната меѓународната граница меѓу овие две држави, потенцијал за судир сè уште постоеше и затоа секако дека од примарно значење беше да започне со работа заедничка гранична комисија со цел да се реши ова долготрајно нерешено прашање во однос на границата.

### *6. Војната во СР Југославија и последиците во Македонија*

Како што е познато, „косовското прашање" има долга „предисторија" и „историја".[267] По распадот на Југославија па, слободно може да се рече, сè до почетокот на 1997 година, по „косовското прашање" во белградскиот државен и политички врв владеело некакво затишје. Претседателот Слободан

[266] Д-р Никола Кљусев, Предизвици-Бессони ноќи..., 160-175.

[267] Познато е дека Албанците немале своја средновековна држава, па тоа веројатно е една од причините за појавата на нивната национална свест и самобитност, некаде кон крајот на XIX век, со првата „Призренска лига". По Првата светска војна со Версајскиот мировен договор од 1919 година потврден е територијалниот и државниот интегритет на Албанија.

Милошевиќ сметал дека поради Дејтонската спогодба западните држави нема да бидат заинтересирани за „косовското прашање“ и тој ќе го стави под своја контрола. Со еден збор речено, Милошевиќ сметал дека ова прашање ќе го решава според својот рецепт. Според уверувањата на Милошевиќ, западните сили требало да бидат задоволни бидејќи Србија ја препуштила „Книнска Краина“ на Хрватска, поради настаните во Босна и Херцеговина и слично.[268]

Косово е српска територија и според сите меѓународни правила претседателот Милошевиќ сметал дека има меѓународна моќ и не обратил поголемо внимание на сè позачестените меѓународни конференции, кои имале неофицијален карактер, што се одржувале на Запад, а пред сè во САД, но биле од големо значење за иднината на Косово, аналогно на тоа ipsofacto, и за самата Србија. Тоа е време, кога е активен Вашингтонскиот проект за етничките односи, сите упатени биле информирани дека истиот проект има големо влијание врз државната администрација во Вашингтон, кога се во прашање етнички или слични проблеми на малите народи на различни меридијани во светот. На конференциите обично присуствувале експерти и личности на западните земји и од Косово.[269]

На овие конференции не било забележано учество на владини преставници од СРЈ. Од учесниците на конференциите на Запад стигнувале пораки до највисокиот државен политички врв на СРЈ во кои меѓу другото се вели: „Внимавајте, „косовското прашање“ ви е пред врата, не можете уште долго да молчите, тоа брзо, многу брзо ќе ве тресне по глава“. Стигнувале и информации до владејачката елита во Белград дека западните највлијателни учесници на овие конференции сметале дека Косово е српска покраина и пред учесниците Албанци од Косово настапувале од таа позиција. Западните влијателни учесници сметале дека Косово треба да има поголема автономија од онаа што ја имал со Уставот од 1974 година, но секако таа да биде посеопфатна

[268] John R. Lampe, Yugoslavia as Histori Twice There Was a Country, 1996, 10-11.
[269] Славко Милосавлевски, Амбасадорски записи, Љуботен, Скопје, 2006, 48-52.

и пореална. Тие сметале дека територијалниопт интегритет на СРЈ не треба да биде доведен во прашање.[270]

За време на бомбардирањата од НАТО алијансата на СРЈ, еден од редовните учесници на конференциите на Запад, на кои на дневен ред било поставувано косовското прашање, во разговорите со македонскиот амбасадор Славко Милосавлевски му рекол: „Само малку слух да имаше Слободан Милошевиќ за нашите пораки, сигурен сум дека немаше тој самиот да се доведе во ваква ситуација. Сега веќе се плашам дека е доцна. Сега е тој на пат да го загуби Косово“.[271]

Во текот на меѓународна политичка консолидација на СРЈ, се прекинала штотуку започнатата комуникација на Србија околу проблемите на Косово во редовниот воспитно-образовен процес. Со посредство на италјанскиот бискуп Еудиџио бил постигнат договор Милошевиќ-Ругова. Со овој договор требало да се реши едно многу важно прашање од воспитно-образовниот процес. Милошевиќ не покажал заинтересираност да се симне од дневен ред ова прашање, барем како еден вид експеримент кој ќе им послужи во понатамошните разговори за идните односи помеѓу Србија и Косово. По сè изгледа дека Договорот за школството во Косово, постигнат меѓу Милошевиќ и Ругова веќе било ставено ad acta.

„Косовското прашање“ во ова време како да беше споредна работа на целата владеачка гарнитура на СРЈ. Ова се гледа и од мислењето на Владо Штамбук, професор по политичките науки на Белградскиот универзитет, висок функционер на ЈЗЛ и близок соработник на Мира Марковиќ. Во Дирекцијата на ЈЗЛ, професорот Штамбук бил одговорен за надворешна политика[272].Тој бил убеден во историската мисија за спас на Србија. Според него „косовско прашање“ за Србија не постои. Самите Албанци на Косово вештачки го создаваат тоа прашање, тие не го признаваат Уставот на СРЈ, не ја признаваат и самата државата во која тие живеат. Професорот Штамбук смета дека Уставот

[270] Radmila Nakarada, Raspad Jugoslavije problem, Beograd, 2006, 48-53.
[271] Славко Милосавлевски, Амбасадорски записи..., 68.
[272] Штамбук присуствува на еден ручек на неколку амбасадори во словенечката амбасада на кој бил и тој по покана на амбасадорот Мојжита.

од 1974 година, во однос на Косово е најголема грешка на Југославија, па преку тој Устав Југославија стигна до својот неславен крај. Тој поставува прашање, па зарем и Србија треба ли да ја доживее истата судбина? Албанците на Косово[273] според Уставот на СРЈ од 1992 година, како и другите малцинства ги имаат сите права кои се на повисоко ниво од која и да е европска држава. Албанците од Косово немаат причина да не се задоволни од правата гарантирани со Уставот, тие игнорирајќи го Уставот на СРЈ од 1992 година, ја игнорираат и државата во која живеат.[274]

Професорот Владо Штамбук, обидувајќи се да го детерминира поаргументирано статусот на Албанците на Косово во новосоздадената ситуација, се нурнува во релевантни факти што го оптоваруваат него и на емоционален план. Неговото мислење во однос на „косовското прашање" не е само негово лично сознание. Тоа е всушност став, мислење и филозофија на владеачката гарнитура на СРЈ.[275]

Цела 1997 година поминала во знак на апслоутен молк во однос на „косовското прашање". Званичен заклучок на Владата од Белград беше дека „косовско прашање" не постои и тоа е едноставно измислена апстракција на „непријателите" на СРЈ, него го измислиле западните држави како средство за притисок врз Владата на СР Југословија. Со еден збор речено, начин како Западот да ~ се закани на СРЈ. Точно е дека повеќе години немало никаква комуникација помеѓу српските и косовските институции. Во Косово паралелно егзистирале два авторитета како власт, постоеле два училишни системи, еден парасистем – албански, а друг државен. Постоела целосна поделеност на населението на албанско и неалбанско, видлива била поделеноста дури и во приватниот трговски сектор.[276] Доволно уверливо во општата политичка

---

[273] Косовското собрание на 2 август 1990 година ја прогласи „Уставната декларација" за независност на Косово, додека на 7 септември 1990 година, во Качаник, беше прогласен Уставот на Република Косово.
На 26-30 септември 1991 година Албанците од Косово се изјаснија за независна и суверена држава. На 24 мај 1992 година во Косово беа спроведени првите парламентарни избори што ги доби Демократскиот сојуз на Косово на чело со д-р Ибрахим Ругова кој беше избран за прв претседател на независно Косово.

[274] Архив југославије, фонд: 130, к.8, ај. 32.

[275] Архив југославије, фонд: 130, к.46, ај. 49.

[276] Архив југославије, фонд: 130, к.46, ај. 52.

ситуација на Косово се вклопуваат и честите насилства, убиства, палење на куќи и слично од страна на Албанците врз невиното христијанско население. Во Косово било забележано дејствување на значителен број на разни вооружени формации на Албанците. Нивниот број сè повеќе се зголемувал, особено во 1997 година и почетокот на 1998 година. Тие беа организирани во бригади и повисоки облици на воено организирање, сè до врховни команди и штабови. Во Косово биле изработени цели одбранбени системи. Со еден збор речено, од страна на Албанците биле вршени сериозни подготовки за вистинска војна, не само од герислки туку и од класичен карактер. Албанците на Косово биле снабдени со најмодерно оружје од лесно до најтешко, приспособено за дадените објективни услови и долготрајна борба. На Косово дејствувале илегални, вооружени и воени формации организирани во ОВК. Албанците сметале дека нивната положба од ден на ден станувала сè потешка. Во ноември 1997 година, на една посмртна церемонија на убиен учител во судир со српската полиција, прв пат јавно се појави на сцената Ослободителната војска на Косово (ОВК).[277]

Борбата за независно Косово започна во Преказ на Дреница на 28 февруари 1998 година, кога Адем Јашари со целото семејство Јашари го започна вооружениот отпор против српската војска и полиција. По вој момент вооружените акции на ОВК се проширија низ цело Косово и траеше сè до повлекувањето на војската и полицијата на СРЈ од Косово.

Појавата на јавна сцена на ОВК значеше закана која навестуваше дека во секој момент може да дојде до радикално нарушување на целокупната сигурност и безбедност на оваа територија.

ОВК, прифаќајќи го насилството и хегеномијата на вооружените формации, како начин за сопствена афирмација, се легитимира себеси како жолчен непријател на српското население, односно против сè она што има православен белег. Затоа ОВК страсно се ангажира да изврши егзодус на Косово во однос на српското население, односно да изврши егзодус на населението што не е албанско. Целта на ОВК била јасна, да направи чисто

[277] Архив Југославије, фонд: 130, к.84, aj. 56.

етничко, албанско Косово. Пред акциите на ОВК, преставниците на западниот свет ги затворале очите.[278]

По големата трагедија во Босна и Херцеговина, прогресивните демократски сили во светот не можеа да го набљудуваат одвивањето на настаните во Југославија. Ситуацијата во Косово од ден на ден стануваше сè посериозна. Владеачката гарнитура од Белград, се однесувала така, како ништо да не случува на Косово. Овде се поставува прашањето зошто Милошевиќ толку „лежерно“ се однесувал кон предлозите на меѓународната заедница, што ги поддржувала и Русија, традиционален пријател на СРЈ односно на Србија, за евентуални разговори меѓу Србите и Албанците од Косово под медијаторство на шпанскиот премиер Фелипе Гонзалес.[279]

Збунува тоа што сета вистина за Косово им се кажува в лице на властите од Белград, но тие не ги сфаќале сериозно предупредувањата за сложената ситуација на Косово.

Инволвирањето на меѓународната заедница во решавањето на „косовското прашање“, само по себе ја намалило моќта и авторитетот на претседателот Милошевиќ. Тој бил цврсто убеден дека клучот за „косовското прашање“ го држи во свои раце и дека тоа е внатрешен проблем на СРЈ или поточно на Србија. Милошевиќ не сакал да дојде до серизони разговори со Албанците од Косово за решавање на акутелниот јазол „косовско прашање“, кое тој самиот, чекор по чекор го создал. Милошевиќ се надевал дека над побунетото Косово ќе извојува воена победа со искусната и мошне посилната војска и полиција на СРЈ. Во српската офанзива во 1998 година, ОВК претрпела големи загуби. Западните сили исто така, на свој начин ги искристализирала своите интереси на Косово. Југословенската дипломатија не го проценила тоа добро, а можеби и Милошевиќ не сакал да ја слуша. Милошевиќ ја пропуштуил и последната шанса да се постигне посолидна основа за подологотраен мир на Косово. По „косовското прашање“ како

[278] Jugoslovenska Država 1918-1998 (zbornik radova sa naučnog skupa), Institu za savremenu iatorija, 1999, 130-167.
[279] Архив Југославије, фонд: Претседништво Социјалистичке Федеративне Југославије (фонд: 803), к. 16, aj. 38.

zСлободан Милошевиќ така и неговата сопруга Мира Марковиќ, се претпоставува како да го изгубиле и последниот молекул на здраво разумно расудување. За нив како и за власта во Белград воопшто, Косово претставувало нивни проблем и не преземале мерки како да го решат тој проблем.[280]

По офанзивата против ОВК, Владата од Белград пристапи кон стратегија за разговори со косовските Албанци. Таа сакала без меѓународно посредување да донесе собраниска резолуција за Косово. Во ова време ситуацијата на Косово многу се заострила особено по ликвидацијата на Јашари кај Србица. Биле водени разговори помеѓу Србија и Косово. Српската владина делегација ја предводел Мирко Марковиќ. Западните сили биле подготвени во разрешувањето на „косовското прашање" да посредуваат, а за нивен главен посредник бил предложен Фелипе Гонзалес. Српската влада овој предлог не го прифатила.[281]

Во октомври 1998 година бил одржан состанок Милошевиќ – Холбрук. СРЈ била принудена да прифати мисија на наблудувачи на ОБСЕ, чиј број бил околу 2.000 лица, а потоа тој број бил зголемен на повеќе од 3.000 лица. Нивната цел била да ја следат ситуацијата на Косово, односно да ја спроведуват Резолуција на Советот на безбедност на ООН. Во Резолуција, во првата точка се предвидува безусловен прекин на воените дејства во Косово и повлекување на „прекубројните" воено-полициски сили од тој дел. Исто така, СРЈ прифати да се водат раговори меѓу Србија и Косово со посредство на меѓународната заедница, преставена од конкат-групата, во која како што е познато учествува и Русија. Во тој контекст од значење е одржувањето на Конференцијата во Рамбуе, на 23 февруари 1999 година. На Конференцијата во Рамбуе, на дневен ред било поставено „косовското прашање", односно решавањето на конечниот статус на Косово, односно дали да остане во состав на Србија или пак да има друг статус.[282]

---

[280] Jugoslovenska država…., 234-252.

[281] Архив југославије, фонд: 130, к.28, aj. 33.

[282] M. Stojković, Balkanski ugovori odnesi 1876-1996 (dvostran i viš višestrani medjunarodni ugovoru I drugi diplomatski akti o državnim granicama političkoj i vojnoj saradnju verskim etnickim manjinama, tom 3 (1946-1996), Službeni list SRJ, Beograd, 1999, 78-83.

На Конференцијата во Рамбуе српската делегација била предводена од претседателот Милан Милутиновиќ. Оваа делегација заземала став дека при решавањето на „косовското прашање“ појдовна точка од која ќе се тргне треба да биде Жабљачкиот Устав. Српската делегација воопшто не се согласила на Косово да се применува Уставот од 1974 година. Додека пак косовската делегација на Конференцијата во Рамбуе се залагала Косово да биде независна држава на Балканот, а потоа во нејзиниот состав да влезат сите територии во коишто живеат Албанци. Во текот на разговорите кои биле водени со посредство на претставници на конакт-групата, делегациите од Србија и Косово требало да потпишат Документ со кој на Косово му се обезбедува поширока автономија, помалку и повеќе слична на онаа што ја имало на Косово со Уставот од 1974 година. Во врска со обезбедувањето на мирот на Покраината Косово, Србија имала право да задржи минимални воени и полициски сили на Косово, сè до моментот на утврдувањето на конечниот статус на Косово, предвидениот рок бил 3 или 5 години. За тоа време на Косово ќе се стационираат одредени сили на НАТО или ООН или некои други. Српската делегација се сметала за неовластена за потпишвање на ваков документ и поради тоа ја напуштила Конференција во Рамбуе. Оваа конференција заврши со неуспех во однос на разрешување на „косовското прашање“. По повод „косовското прашање“ биле водени повеќе разговори: во Клечек, Рачак итн. Познати се драматичните разговори Милошевиќ – Холбрук во Рашомонидја, одржани на 23 март 1999 година, каде требало да дојде до потпишување на некоја спогодба – компромис со цел да се избегне можноста СРЈ да биде бомбардирана од страна на НАТО.[283]

Српската влада го закажала датумот за почеток на разговорите. Српската делегација допатувала во Приштина. Разговорите во Косово, и покрај повеќе проблеми, започнале. На една страна била српската делегација предводена од Мирко Марковиќ, потпретседател на Српската влада и професор по уставно право на Правниот факултет во Белград. Во составот на косовската делегација биле: Ибрахим Ругова, Каќуша Јашари, Ветон Сорои и други.

[283] M. Stojkovič, Balkanski ugovori..., 134-142.

Третата делегација ја преставувале претставници на помалите заедници на Косово: на Турците, Бошњаците и на Ромите.[284]

Есената во 1998 година претседателот Слободан Милошевиќ сепак прифатил некакво меѓународно ангажирање (посматрачи на ОБСЕ) на Косово. Македонија била против секаква воена интервенција во соседните земји. Од Македонија, како земја-членка на Патнерството за мир, било побарано да дозволи, поради спроведување на договорената операција со посматрачи на Косово, на нејзиниот простор да се лоцира „ќелија на НАТО" што ќе ги опслужува леталата на НАТО. Во Македонија по одлука на Македонската влада биле стационирани НАТО посматрачите. Тоа беше повод југословенското МНР да ~ врачи демарш на Македонската влада. СРЈ во декември 1998 година воведе ембарго за македонските превозници за извоз на стока за Словенија.[285]

Македонскиот државен врв, во смисла на доискажување на вистините што се наталожиле, постојано загледан во случувањата кај блискиот северен сосед, беше ангажиран со цел да се намалат последиците од воените дејства во СРЈ. Претседателот Глигоров со својата визионерска мисија навлегува длабоко во карактеристичните суштини на ситуацијата на просторот на Србија, разгранувајќи мноштво индивидуални судбини и синтетизирајќи ја колективната одговорност за ваквата состојба низ едно изразито своевидно познавање на настаните. Познавајќи ја ситуација на широко на просторот на северниот сосед, претседателот Глигоров се обидува да ~ ги објасни на Србија сите тајни и загатки што претходат на воените дејства. Македонски претседател Глигоров кој знае по кој пат со срце се нурнува во настаните сè со цел да ~ се помогне на Србија и на нејзиниот народ.

Не чекајќи го филтерот на времето од воените настани, стравувајќи од предрасудите за можните последици во Македонија, Глигоров си го задржува правото до крај да ја изрече вистината кој е крив за настаната ситуација. Вистината е таа што ја држи Македонија исправена во овие драматични воени

[284] Slavko Milosavlevski, Ambasadorski..., 95-98.
[285] ДАРМ, фонд: 1305, к.34, ае.68.

мигови. Ова е време на испреплетувања на настани, се променуваат личности во политичкиот живот, се расветлуваат тајните за поводот на војната, се отфрлуваат маските и сè излегува на виделина, за сè она кој е виновник за морничавите глетки. За тоа да се осуди кој е тој, треба пред сè многу да се знае за историската вистина што притиска да се искаже. Претседателот Глигоров тоа го имал, можел и знаел да процени и даде позитивен придонес. Знаел, притоа, да биде и со голема толеранција, би рекле, со голема мудрост во дипломатијата, која по сè изгледа дека тоа е една негова природна црта и вештина, за потоа да се сфати како најцелисходна. Несомнено е дека Македонија не се чувствува виновна во врска со случувањата во Србија.

Во Скопје зачестиле посетите на Генералниот секретар на НАТО – Хавиер Солана, и на команадантот за Европа – Весли Кларк.

Во декември 1998 година ситуацијата на Косово сè повеќе се влошувала. Војската на СР Југославија почнала да се утврдува на границата кон Македонија. Претседателот Милошевиќ во ова време сака да создаде поинаква престава за Македонија од она што тој ја формирал врз сопстевените сознанија, нурнувајќи се во македонската историја. Милошевиќ е изразито гневен поради нападот на неговата земја од страна на НАТО. Затоа Милошевиќ по откривањето на причините за војната, се чувствувал самиот како допатуван од некое друго време. Ваквата дезориентација тој почнува да ја чувствува уште пред да почне војната во СРЈ.[286]

Претседателот Глигоров побарал помош од Генералниот секретар на ООН – Кофи Анан да продолжи нивната мисија во Македонија. Глигоров во таа насока се обратил за помош и до САД. Ситуацијата во Косово стануваше сè полоша и полоша. Македонија почна да се подготвува за примање на бегалците од Косово. На 20 март 1999 година, Верификационата мисија на ОБСЕ од Косово целосно се префрлува во Македонија. Претседателот Глигоров поради сериозната ситуација го свика Совет за национална безбедност на Македонија

[286] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме...,423.

за да побара гаранција од НАТО за безбедност на Македонија. Поради тоа, тие денови дошло до краткотрајно затворање на границите кон СР Југославија. [287]

Демократските сили во светот поради косовската криза интервенираа со употреба на воена сила против воено-полициските сили на СРЈ предводени од нивниот врховен командант, претседателот на СРЈ Слободан Милошевиќ. На 24 март 1999 година НАТО започна со бомбардирање на разни стратешки цели на просторот на СР Југославија. Истиот ден сите светски телевизиски канали, како „CNN", „Euro News", „RTL", „Rai Uno", „Rai Due", „Rai Tre", „Italia 1" и др. известуваа за почетокот на бомбардирањата над СРЈ Југославија од страна на НАТО.[288]

Во Македонија се зголемуваше бројот на бегалците од Косово. Во Скопје, Демократската партија на Србите организира демонстрации против НАТО. За време на демонстрациите имаше повеќе инциденти пред Амбасадата на САД во Скопје.

Претседателот на САД Бил Клинтон, во писмото од 26 март 1999 година, испратено до претседателот Глигоров, по повод косовската криза ја изразува готовноста на Америка за целосна поддршка на Македонија доколку дојде до загрозување на нејзиниот територијален интегритет од страна на СР Југославија.

Поради кризната ситуација во Косово голем број бегалци од Косово почнаа да влегуваат во Република Македонија. Според евиденцијата на Црвениот крст, на 2 март 1999 година, само во Тетово биле регистрирани 1.547 лица кои во поголем број биле сместени во семејства на македонски Албанци.[289]

Со почетокот на бомбардирањето на НАТО на СРЈ, бројот на бегалците од Косово рапидно се зголемувал. Така, на 26 март 1999 година овој број на бегалци достигнал до 13.626 лица, на 2 април 1999 година според податоците на хуманитарното друштво „Ел Хилал" бројот на бегалците од Косово достигнал 50.000 лица кои биле сместени во Куманово, Скопје, Тетово и во

---

[287] Ibidem, 424-425.
[288] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 57-58.
[289] Ibidem, 59.

Гостивар. Според податоците на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, на 16 април истата година во Република Македонија од Косово влегле 122.895 лица бегалци.

Македонија беше подготвена да прифати само околу 20.000 бегалци. Бројот на бегалците од Косово сè повеќе се зголемуваше и за кратко време вкупниот број на бегалци-Албанци кои од Косово влегле во Македонија во јуни 1999 година достигна до 379.523 лица кои биле сместени во кампови што биле специјално изградени на почетокот на косовската криза.

Уште во април 1999 година Македонија се најде пред хуманитарна катастрофа. Ситуацијата на нејзиниот северен сосед сè повеќе се влошуваше. На македонско-српската граница биле киднапирани тројца американски војници. Некои членки на ЕУ и други земји најавувале прифаќање на околу 100.000 бегалци од Македонија. Ветувањата не биле исполнети. Македонија била прогласена како земја со висок ризик и странските партнери почнале да се откажуваат од своите договори. Македонија се наоѓала во тешка ситуација поради најавата од хуманитарна катастрофа од енормниот прилив на бегалци од Косово, па затоа претседателот Глигоров, со цел да најде излез од кризата на својата земја, од 4 до 9 април 1999 година имал интензивни телефонски контакти со Бил Клинтон, со генералниот секретар на НАТО Хавиер Солана, со канцеларот Шредер и други. На 5 април 1999 година првата група косовски бегалци биле пренесени во Турција и во Германија.[290]

На 8 април 1999 година Собранието на Република Македонија ја разгледувало безбедносната состојба на земјата. Генералниот секретар на НАТО Хавиер Солана, во Брисел на 9 април 1999 година, разговарал со министрите на Република Македонија Димитров и Кљусев и изјавил дека безбедноста на Република Македонија е директна грижа на НАТО-алијансата. На Самитот на ЕУ во Брисел (14–15 април 1999 година), посветен на бегалската криза, Германија изнела план од 6 точки за решавање на косовската криза. Исто така предлози изнел и Генералниот секретар на ООН Кофи Анан. Претседателот Глигоров се обратил пред пратениците на Самитот во Брисел во

[290] Д-р Трајан Гоцевски, Кризите..., 208-209.

врска со актуелната воено-политичка состојба во Македонија. Тој побарал Алијансата да ја гарантира безбедноста на Македонија. Во тоа време во Македонија во еден запуштен рудник кај Лојане на 16 април 1999 година бил откриен локален штаб на ОВК, при што беа запленети 4,5 тони оружје и експлозив.[291]

Во овие драматични мигови на Македонија од страна на ЕУ и други земји ѝ била ветувана помош поради бегалската криза, биле давани гаранции дека ќе помогнат во обезбедување на територијалната безбедност, помош за економски развој и дека ќе помогнат најголемиот дел од косовски бегалци да ја напушатат Македонија откако за тоа ќе се создадат поволни услови.

Војната против СРЈ не престануваше. Скопје секојдневно го надлетуваа авиони на НАТО, кој продолжи со бомбардирањето на цели на СР Југославија. Беше гранатирана и резиденцијата на Милошевиќ на Дедиње (градена од времето на Тито).

Во Вашингтон, од 23 до 25 април 1999 година, се одржал Самитот на НАТО посветен на улогата на НАТО во идниот милениум. Самитот бил одржан под сенка на косовската криза. На Самитот присуствувала и македонска делагација предводена од претседателот Глигоров. Тој на Самитот во Вашингтон, меѓу другото, истакнал дека територијалниот простор на Македонија нема да се дозволи да се користи за воени дејства против кој било нејзин сосед. На Самитот Глигоров го иницирал горливото прашање за проблемот со косовските бегалци. Во Белата куќа одржана е средба на претседателот на Македонија и на САД, Глигоров и Клинтон.

Во почетокот на мај 1999 година воздушните напади на НАТО против СР Југославија продолжија со поголем интензитет. На 7 мај 1999 година НАТО бомбардира повеќе цели во Ниш и многу места околу автопатот Ниш – Белград.[292]

На 7 мај 1999 година претседателот на Република Македонија Киро Глигоров упатил писмена порака до претседателот на СР Југославија Слободан

[291] ДАРМ, фонд: 1304, к.73, ае.46.
[292] ДАРМ, фонд: 1386, к.132, ае. 36.

Милошевиќ.[293] За таа цел претседателот Глигоров го испратил неговиот советник Ахил Тунтев да ја пренесе неговата лична порака до Милошевиќ. Во Белград Ахил Тунтев заедно со македонскиот амбасадор Славко Милосавлевски пораката ја предал на Живорад Јовановиќ – министер за надворешни работи на СРЈ. Средбата се одржала во една од просториите на разурнатото Министертво за надворешни работи во Белград. Министерот Живорад Јовановиќ бил и непосредно запознат со македонската позиција околу косовската криза.[294] Во пораката, претседателот Глигоров го известува претседателот Милошевиќ дека добил повеќе писма од граѓани на СР Југославија, во кои тие го молат Глигоров да се ангажира во разрешувањето на косовската криза, а воедно да се залага за престанок на возудшните напади врз СР Југославија. Во пораката, Глигоров исто така го известува Милошевиќ за штетите што ѝ се нанесуваат на Македонија од воената состојба од НАТО. Глигоров во пораката, покрај другото, го запознал Милошевиќ и со содржината на Самитот на НАТО и ЕАБС во Вашингтон. Глигоров кој присуствувал на Самитот се уверил дека сите членки на НАТО биле решени да ги продолжат и да ги засилат воздушните напади против СР Југославија. Глигоров стоел на мислење дека колку подолго време траат жестоките воздушни напади врз СРЈ, толку е потешко таа да најде излез од кризата. Тој тврди дека непотребно е да страдаат невини луѓе, да се рушат стратешки и други објекти, да се уништуваат културни добра и слично. Во писмената порака Глигоров, меѓу другото, вели: „Актуелните воздушни напади на НАТО против Југославија, со сите страшни последици, се резултат на формираното милење на западните сили во форма на цврст заклучок дека главен генератор на сите неволји и страдања на Косово, а претходно во Босна и Хецеговина, како и во Хрватска е репресивната моќ на власта од Белград. Дали е точно тоа или, пак, во прашање е нешто друго, но факт е дека таквата увереност во странство е цврста и длабока, исто така, на Запад е увереноста дека сѐ додека репресивната моќ на Белград не се редуцира или пак не се стави под демократска контрола, не ќе може да се обезбеди

[293] ДАРМ, фонд: 1386, к. 133, ае.42.
[294] Славко Милосавлевски, Амбасадорски записи...., 132-138.

решение за Косово. Но, не само тоа, сè дотогаш се верува дека ќе виси опасноста од граѓанска војна не само во Србија, туку и во Црна Гора, ќе се забавува процесот на помирување во БиХ каде што има 10.000 војници на НАТО. Ќе доцни демократската преобразба во Албанија, Македонија, Бугарија, Романија, Хрватска. Накусо, ќе постои извор на регионална нестабилност, а еден единствен дестабилизаторски фактор се гледа во Белград".[295]

Претседателот Глигоров смета дека на Балканот не може да има чисти етнички држави. Западните држави па и државите од светот не можат да прифатат политика на етничко чистење, независно од сложеноста на причините за „косовската криза". Западот, тврди Глигоров, во демократски рамки може да прифати решение за почитување на територијалниот интегритет на постојните држави, без промена на постојните граници. Во интерес на сите земји на регионот, а пред сè, во интерес на српскиот и црногорскиот народ, секако дека неминовно е војната да прекине и да се намалат несакните дејства и последици од неа.

За да се најде решение на настаната состојба се водени разговори со високи руски дипломати, како што се разговорите Примаков – Милошевиќ, Черномирдин – Милошевиќ, па драматичните разговори Ахтизари – Милошевиќ и други.[296]

Република Македонија во овие мигови се обидува да направи сè што е во нејзина моќ за пријателство, за перспективите на заедничкиот живот на народите од регионот. Македонија како независна и суверена држава, врз основа на демократски принцип, настојува да ги продолжи пријателските врски со СРЈ, аналогно на тоа и со Србија. Овие врски Македонија ги негува и ќе ги негува, ќе ги унапредува низ демократски натпревар на идеи, итн. Поради пријателството на Македонија со нејзиниот северен сосед, таа се залага за побрзо престанување на војната.

Во Куманово, на 8 јуни 1999 година, почнаа преговори меѓу НАТО и СР Југославија за потпишување на мировен договор. На 10 јуни 1999 година, по

[295] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме..., 426.
[296] ДАРМ, фонд: 1386, к. 112, ае. 21.

усвојувањето на Резолуцијата на ООН за посредување на меѓународни сили во Косово под команда на НАТО, беше потпишан Мировниот договор меѓу Генералот Џексон и српските генерали. Со потпишувањето на договорот во Куманово на 10 јуни 1999 година се стави крај на војната во СР Југославија. НАТО ги прекина воздушните нападите врз СР Југославија. Југословенскиот државен врв, врз основа на Резолуција на ООН број 1244, беше принуден во мировна мисија на Косово на своја територија да дозволи стационирање на сили на НАТО. Претседателот на СРЈ Слободан Милошевиќ, според Доворот во Куманово, доби извесни гаранции за заштита на територијалниот интегритет на СР Југославија. Според овој договор, војската и полицијата на СРЈ почнаа да се повлекуваат од Косово, а додека пак за Покраината Косово се предвидувало да биде под протекторат на ООН.[297]

Во периодот од април до јуни 1999 година, во врска со косовската и бегалската криза, Македонија ја посетиле голем број државници, дипломати и јавни личности, меѓу кои: Високиот комесар за бегалци Садако Огата (9 април); Генералниот секретар на ООН Кофи Анан (19 мај), кој во разговорите со претседателот Глигоров, со премиерот Георгиевски и други јавни личности од Македонија, изразил голема благодарност во име на Светската организација поради ангажирањето на Македонија околу бегалците од Косово; на 22 јуни во посета на Македонија бил американскиот претседател Бил Клинтон со сопругата Хилари, кои го посетиле бегалскиот камп во Стенковец.[298]

На 26 јуни 1999 година почнало организирано враќање на бегалците од Македонија во Косово. До 29 јуни истата година Македонија ја напуштиле повеќе од 160.000 бегалци. Според расположивите статистички податоци во Македонија засекогаш останале да живеат повеќе од над 55.000 косовски бегалци. Тоа секако дека има негативни реперкусии во сите сфери на човековото живеење во Република Македонија.

Владата на Република Македонија, во драматичните услови на современата војна, односно во услови на копнената инвазија на НАТО врз СРЈ,

---

[297] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 59.
[298] Киро Глигоров, Виорни времиња, Р. Македонија-реалност на Балканот, Култура, Скопје, 2004, 86-93.

остана одлучна во ставот дека нема да дозволи нејзината територијата да биде употребувана како „отскочна штица“ за каква било операција на НАТО врз СРЈ. Македонија била доследна во надворешната политика со НАТО, ЕУ и САД, но не сакала да предизвика никаков инцидент за влошување на односите со СРЈ.[299]

Поради големите штети што ѝ беа нанесени на СРЈ, поточно на Србија, за време на воздушниот напад од НАТО алијансата, на СРЈ ѝ требаше доста време за да може да закрепне. Потребна ѝ беше хуманитрна помош на Србија и меѓународна солидарност. Грција беше меѓу првите држави што ѝ даде на Србија хуманитарна помош. Од Грција секој ден во Србија пристигнуваше „конвој“ со хуманитрана помош. За секоја хуманитарна акција, српските медиуми известуваа и даваа посебно значење. Во Србија пристигнуваше хуманитарна помош од повеќе земји во светот.[300]

Македонија беше една од земјите во регионот која во тешките моменти се солидаризира со Србија и укажуваше хуманитарна помош. По тој повод, за одбележување е и хуманитарната акција на стотици луѓе-таксисти од Македонија, кои учествуваа во крводарителската акција во болницата во Врање. Нивниот пример го следеле и други граѓани на Македонија кои се вклучиле во разни акции за помош на граѓаните на Србија.

Од Македонија во Белград била пристигната хуманитарна помош во храна, лекови ќебиња и друго. Организатор на оваа акција е Друштвото на македонско-југолсовенско пријателство од Скопје. Во оваа хуманитарна акција за Србија, за одбележување е активноста што ја покажале членовите на ова друштво, меѓу кои: д-р Синиша Зариќ – претседател на Друштвото, Душица Илин – секретар на Друштвото, Каја Апостоловска – член и други. Македонската амбасада во Белград укажувала помош при транспортот на хуманитарната помош, било дозволено помошта привремено да биде сместена во соодветни простории на Македонската амбасада во Белград. При крајот на војната, членовите на Друштвото на македонско-југословенско пријателство

[299] Ibidem, 215-216.
[300] Архив Југославије, фонд: 130, к.22, aj. 38.

биле ангажирани за згрижување на деца за летување во Македонија од Општината Палилула во Србија. Тие доставиле молба до Македонската амбасада во Белград да посредува во организрањето на летување на посиромашните деца од семејства кои претрпеле големи штети за време на бомбардирањето. Претседателот на Црвениот крст на Македонија Нарашанов покажал интерес за реализирањето на оваа акција.[301]

Владата на СРЈ останува доследна во сопствената политика иако при крајот на војната Милошевиќ сфати дека во случајот тој е бесилен пред доаѓањето на бурата од страна на НАТО алијансата. Тешко ја доживува безилезната драма на СРЈ, односно на Србија. Немоќен е да го спречи она што така решително ~ се направи на СРЈ. Несомнено е дека ваквата политика и определба на НАТО алијансата за воздушниот напад на СРЈ се мошне сложени и суптилни прашања, кои за да се проучат бараат поседување на огромни знаења од европската дипломатска историја и да се има способност критички да се интерпретира истата.

---

[301] Архив на Југославија, фонд: 803, к.16, ај. 48.

# *III*
# МАКЕДОНИЈА И СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ

## *1. Македонско-српски односи*

Периодот на СФРЈ како сојузна држава на народите на Југославија по Втората светска војна долго време преставува пречка за јавно изразување и активности на националистичките сили, а во прв ред во Србија. Но, тоа не значи дека тие повеќе не постоеле. Српскиот национализам, аналогно на тоа и национализмот кај другите балкански народи, секако дека има подлабоки корени во историјата. Тој се храни од митовите, и покрај многубројните декларации и каењето во интернационализмот, во братството и единството. Српскиот национализам егзистираше во потсвеста на повќе српски комунистички кадри. Неговото основно манифестирање најчесто доаѓаше до израз и во врска со историското минато на македонскиот народ, со улогата на ВМРО, Иилинденското востание и многу други историски настани. Затоа беше потребно време, научните кадри од македонската историографија со издржана аргументи да докажат дека ВМРО од илинденскипт период нема никаква врска со ВМРО на Ванчо Михајлов и дека нема никаква еднаквост или сличност меѓу Гоце Делчев – водач на ВМРО и терористот Иван (Ванчо) Михајлов.[302]

Па и тогаш, кога врз основа на силна аргументација, мораше јавно да се прифати македонската вистина, сè уште имаше луѓе од српскиот политички, црковен, научен и публицистички свет, кои поинаку мислеа за македонската историска реалност.

[302] Киро Глигоров, Виорни времиња....., 104-118.

Пред, а особено по распадот на Југославија, повторно заживува српскиот национализам, се шири антимакедонската пропаганда, се создава поширок простор за слободно дејствување на српскиот национализам.

Основна тврдина на српскиот национализам претставуваат српската четничка организација, некои српски интелектуални кругови, такви имаше и во редот на Српската акедамија на науките и уметностите (САНУ), меѓу нив секако водечко место има писателот Добрица Ќосиќ како и врвот на Српската православна црква.

Како што е познато, дел од српската ителегенција околу САНУ го донесе познатиот „Меморандум", кој всушност преставува политичка платформа од современ карактер. Во „Меморандумот" доаѓа до израз српскиот национализам. Идеен творец на „Меморандумот" бил писателот Добрица Ќосиќ.[303]

Од содржината на „Меморандумот" може да се согледа со какви чувства на омраза биле обземени авторите на политичката платформа против сè она што не било српско во поранешната Југословенска држава. Од настаните што се случија во Босна најдобро и најпластично можат да се согледаат размислувањата на авторите на „Меморандумот".

Писателот Добрица Ќосиќ, познат српски националист, во еден свој запис од август 1991 година, по нему познати критериуми, во редот на непријателите на Србија го вбројува и македонскиот народ. Писателот Ќосиќ, констатитра дека Македонците се „таен" и „прикриен" српски непријател и дека во прашање е традиционална политика на „бугарашите" против српскиот народ.[304]

Во врска со историското минато на македонскиот народ и со правото на создавањето на суверена и независна македонска држава, писателот Добрица Ќосиќ, во својата книга „Промени", како да ја обновува, помалку заборавената лекција на „големо српските патриоти" од минатото, како што се: Милое Милоевиќ, Милојко Веселиновиќ, Јован Хаџи Васиљевиќ, Јован Цвијиќ,

[303] Славко Милосавлевски, Амбасадорски записи...., 68-71.
[304] Добрица Ћосић, Промене, (Избор текстова Милорад Вучелић, Едиција „Ремек" 3), Дневник-Новине и часписи, Нови Сад, 1992, 231–232.

Новаковиќ, и многу други, и во тој поглед Ќосиќ не кажува ништо ново. Писателот Добрица Ќосиќ смета дека од страна на Македонија се води антисрпска политика. Врз основа на старата аргументација, тој тврди дека Македонија има „српски карактер“, се наведува дека таа е „коминтерновско битие“. Писателот Ќосиќ, истакнува дека 100.000 Срби биле асимилирани во Македонци и дека македонската историска наука ја негира српската историја. Сето тоа, писателот Ќосиќ го вели со цел да изнесува невистини кои се опасни и штетни за Македонија и нејзиниот народ.[305]

Во својата книга „Промени“ писателот Добрица Ќосиќ на едно место вели: „Но она што е ново и многу загрижува е дека во Македонија, македонскиот национализам, со својата научна аргументација, е веројатно најголемиот идеолошки апсурд на современа Европа. Македонската наука, литература, публицистика и основните документи за постоење на македонската нација ја негираат српската средновековна историја и култура. Македонија своето македонство го базира во делата на Филип Втори и Александар Македонски, од тогаш ја изведува својата историја, а српството и двовековната српска држава на македонската територија, ја третира како окупација. Таа со републичката територија што ѝ ја обележа Тито со Политбирото на Комунстичката партија на Југославија, игнорирајќи ги историските и релевантни факти, изврши македонизација, односно узурпација на српската средновековна територија и култура, каква што, скоро во целиот среден век на српскиот народ не е позната, не е позната ниту во европската историја“.[306]

Од ова се гледа дека писателот Добрица Ќосиќ, со своите ставови, јавно се спротиставува на правото на македонскиот народ да си го објаснува своето културно-историско минато. Писателот Ќосиќ со голема омраза се нафрлува врз македонската историска реалност. За жал, кај еден голем талент на дарба во пишувањето, како што е писателот Добрица Ќосиќ, се чувствува невидена омраза против постигнувањата на Македонија во развојот на културата и науката, во минатото како и во годините по Втората светска војна.

---

[305] Славко Милосавлевски, „Разговор“ со Добрица Ќосиќ, Љуботен, Скопје, 1994, 102-115.
[306]Ibidem, 154–155.

Во својата книга „Промени“, писателот Ќосиќ, вели: „Идните револуционери на Србија, треба да ги изгорат сите книги и весници, што ги пишуваа и печатеа комуниститите – титовците. Нашата писменост – српската, треба повторно да почне од Мирославското евангелие, да се почне со азбуката на Вук Караџиќ и да не се трујат децата „со самоуправната идеологија“, која го загади југословенското и балканското тло“.[307] Слободно може да се каже дека оваа идеологија на Добрица Ќосиќ своја примена до апсурд ја доживеа Босна.

Осамостојувањето и прогласувањето на независноста на Република Македонија во српските националистички кругови во Белград предизика чувство на нерасположение. Тие ширеа пропагандистичка мисла дека од трите соседни земји: Србија, Бугарија и Грција, кои со Букурешкиот мировен договор од 1913 година ја поделија Македонија, со нејзиното осамостојување и прогласување за независна и суверена држава, единствено Србија има најголема загуба. Па затоа, по осамостојувањето на Македонија, српските националистички кругови презедоа разни активности на политички и верски план против Македонија.

Факт е дека уште во периодот на распаѓањето на Сојузната држава, Слободан Милошевиќ во својство на претседател на Србија преземал разни активности со цел да го спречи осамостојувањето на Македонија. За да ја реализира поставената цел, Слободан Милошевиќ во текот на 1991 и 1992 година и потоа остварил повеќе средби со грчки државници и дипломати. Така, на 16 април 1991 година Слободан Милошевиќ бил во посета на Атина каде се сретнал и разговарал со претседателот на грчката држава Караманлис и со премиерот на Грчката влада Мицотакис.[308]

Непосредно пред седницата на ЕУ, на чиј дневен ред биле поставени правилата за признавање на поранешните југослоевнски држави, во Берлград, во ноември 1991 година, оствариле средба Милошевиќ и Мицотакис. На 3 јануари 1992 година, во посета на Атина, бил југословенскиот министер за

[307] Ibidem, 69–70.
[308] Архив Југославије, фонд: 803, к. 34, ај.29.

надворешни работи, а 10 дена потоа во Белград, повторно дошло до средба меѓу претседателот Милошевиќ и премиерот Мицотакис.[309]

Арбитражната комисија на Европската Унија, на чие чело бил Французинот Бадинтер, по професија правник, на 11 јануари 1992 година издала соопштение дека Република Македонија ги исполнува сите условите за меѓународно признавање на нејзината независност. Не само во официјална Атина, туку и во официјален Белград, оваа вест на Арбитражната комисија е прифатена со голема огорченост. На 16 јануари 1992 година, во Атина, дошло до средба меѓу Милошевиќ и Мицотакис. По повод разговорите во Атина било објавено заедничко соопштение во кое се вели: „Србија и Грција, патот за надминување на кризата, единствено го гледаат во создавањето на „мини Југославија" во која ќе биде вклучена и Македонија". Во ова соопштение доаѓаат до израз ставовите на Србија и Грција, по прашањето за осамостојувањето на Македонија.[310]

Три месеци подоцна, претседателот Слободан Милошевиќ, повторно е во Атина. Разговорите со премиерот Мицотакис се тајни, во форма на приватна посета. Од белградски и атински извори се дознава дека владите на Србија и Грција преговарале често за создавање на т.н. можна „Конфедерација" помеѓу Грција и Србија, која би ја „проголтала" Република Македонија. Слободан Милошевиќ, неколку месеци по средбата во Атина, излегол со предлог за создавање на таканаречена „Конфедерација", во чијшто состав требало да влезат Србија и Грција, меѓутоа иако во соседтсво меѓу нив се наоѓа независна Република Македонија, таа повеќе не се споменува. Официјална Атина и официјален Белград на разни начини настојувале односно правеле обид да се организира „Меѓународна конференција" за Македонија, на која би учествувале земјите од регионот – потписнички на Букурешкиот мировен договор од 1913 година. Ваквата иницијатива уште во почеток пропаднала, бидејќи енергично ѝ се спротиставиле Бугарија и Турција. Политиката на претседателот Слободан Милошевиќ лансираше и разни иницијативи со кои

[309] Архив Југославије, фонд: 803, к. 34, aj.38.
[310] ДАРМ, фонд: 1386, к. 4, ае. 12.

сакаше да стави на знаење дека прашањето за Република Македонија ќе се решава надвор од решенијата на југословенската криза, кои произлегуваат од Декларацијата за дисолуција на Југосалвија, донесена на 16 декмври 1991 година. Но со јакнењето на српските вооружени конфликити во Босна и Херцеговина и со сè поголемата конфронатција на политиката на Слободан Милошевиќ во меѓународната јавност, секој обид за комбинаторики околу статусот на Македонија, бил нереален и опасен бидејќи со тоа би се отворило ново жариште на Балканот.[311]

Тогашните политички и дипломатски преставници на СРЈ, своите интервенции ги насочиле во правец на одолговлекувањето на признавањето на Република Македонија.

Претседателот на македонската држава, Киро Глигоров, во една своја изјава дадена на познатиот новинар Драган Николиќ, од 15 февруари 1992 година, меѓу другото истакнува: „Мислам дека во текот на Вторта светска војна, и по неа, дојде до една фундаментална позитивна промена, која преставува факт, кој не може да се занемари во проценката на односите меѓу српскиот и македонскиот народ. Српскиот народ и српската држава го признаа и го прифатија историскиот факт дека постои македонски народ и дека на Заседанието на АСНОМ е создадена македонска држава. Тој факт има огромно значење, ако на нешто нè научи историјата, тоа е дека, мораме да тргнуваме од реалноста, македонскиот народ си има своја држава, во текот на војната имаше своја војска, се ослободи заедно со другите, создаде култура, која според европските мерила даде врвни вредности, има свој јазик и богато историско минато... Верувам дека тие резултати ќе бидат трајно зачувани. Проблемите што постојат треба да ги решаваме по пат на дијалог и почитување. Но фактот дека Македонија е она што е, дека Србија е тоа што е, дека тоа се две суверени држави и дека мораат да се почитуваат...“[312]

Македонија водеше доследни пријателски односи со СР Југославија (Србија и Црна Гора). Она што важи за сите други соседи на Македонија, тоа

---

[311] Д-р Иван Катарџиев, Соседите и Македонија: вчера, денес, утре, Менора, Скопје, 1998, 76-83.
[312]ДАРМ, фонд: 1386, к. 4, ае. 15.

важи и за СРЈ. Таа долго време ја остави Македонија да биде без меѓусебно признавање. Македонија и СР Југославија долго време немаа воспоставено дипломатски односи, значи немаа остварено официјална комуникација. Факт е дека пред признавањето на Македонија од страна на СР Југославија, претседателот на Србија, Слободан Милошевиќ, неколку пати бил во Охрид, остварил средби со претседателот на Македонија Киро Глигоров. Тоа секако дека не е официјална комуникација, меѓу надлежни државни институции, а пред сè меѓу министерставата за надворешни работи и другите органи на власта. Долго време не биле потпишани меѓудржавни договори меѓу Македонија и СР Југославија.

На југословенските простои во меѓувреме се промениле многу работи. Пропаднал уште еден од многуте планови на меѓународните посредници, планот за Српска Краина –Хрватска, што го предложиле Сајрус Вејнс и лорд Овен.

Во Босна и Херцеговина се измени ситуацијата. Дојде до поголема рамнотежа помеѓу силите на српската војска и војските на Хрватите и Муслиманите. Почнало да се предвидува дека и во Босна и во Хрватска, југословенските воени сили ќе бидат поразени. Хрватските војски успеале да ја заземат Краина, Србите биле принудени да ја напуштат како бегалци.[313]

Како што е познато, сите тие планови на српскиот претседател Милошевиќ пропаднаа. Војната што ја водеше СРЈ со Босна и со Хрватска, имаше влијание врз опаѓање на контактите помеѓу Сбија и Грција на највисоко ниво. Во ова време Македонија, пополека, но мошне тешко почна да се стабилизира. Во ноември 1994 година, претседателот Слободан Милошевиќ е во посета на Атина. Тој при средбата со највисокиот грчки државнички врв дал предлог за создавање на Балканска федерација, во чиј состав би влегле: СР Југославија, Грција и Македонија. Ваквиот предлог на Милошевиќ дури и од страна на Грција која беше близок пријател на Србија, не беше прифатен.[314]

---

[313] Славко Милосавлевски, Иван Катарџиев, Мирче Томовски, Факти за Македонија, Зумпрес, Скопје, 1996, 56-73.
[314] Ibid.

Во реализација на својата политика во однос на Македонија, Милошевиќ имал поддршка и кај „Светската српска заедница", која во октомври 1996 година, во Сремски Карловци организирала собир, на кој до израз дошла агресивноста на српскиот национализам.[315]

Активности насочени против независноста на Македонија презел и врвот на Српска православна црква. Независно од фактот што Република Македонија е назависна и суверена држава и е меѓународен субјект, СПЦ си именувала свој администратор за македонските епархии. Именуваниот владика, и покрај многубројните притисоци, не успеал да создаде своја агентурна база во Македонија. Архиерејскиот собир на СПЦ, на Заседанието одржано во 1997 година, го сменил дотогашниот администратор со чин на владика на некои македонски епархии, а на негово место бил именуван патријарохот Павле. Од ова јасно се гледа дека српскиот национализам во поглед на РМ дејствува не само на политичко туку и на верско ниво.

Точно е дека додека Милан Паниќ бил претседател на Владата на СРЈ, постоеле инцијативи за воспоставување на меѓусебни добрососедски односи меѓу Македонија и СР Југославија. Милан Паниќ бил премиер на Владата на СРЈ од 14 јули 1992 година до 2 март 1993 година.[316] Во Охрид, на 2 август 1992 година, е одржана средба на претседателот Глигоров со југословенскиот премиер Милан Паниќ. На средбата учествувале и претседателот на Собранието Стојан Андов и Петар Гошев. На средбата станало збор за состојбите на Балканот, а пред сѐ посебно внимание било посветено на прашањето за билатералните односи меѓу двете земји. Констатирана е потребата од меѓусебно признавање на поранешните југословенски републики.

Пред Владата на СРЈ било поставено прашањето за признавање на Словенија и Македонија. Оваа Влада го прифатила предлогот за признавање на Словенија, но околу прашањето за признавање на Македонија, се водела жестока дебата, а особено меѓу Милан Паниќ и Добрица Ќосиќ. Тогаш Добрица Ќосиќ, му рекол на Милан Паниќ: „Па ти не знаеш што правиш за

---

[315]Татјана Становиќ, На маргините на Собирот „Србите во Македонија" политиката посилна од реалноста. Нова Македонија, 17 октомври 1996, 6.
[316]Милан Паниќ на изборите од декември 1992 година, е кандидат за претседател на СРЈ.

признавањето на Македонија, па тоа е наш народ и наша земја. Не можеме ние така да си играме, со она за што во историјата, српската војска пролеала крв!“ Ќосиќ потоа зборувал за Балкансите војни: „Овој дел од Македонија нам ни припадна, и зошто сега да признаваме независна држава, и сè во тој дух ...“. Писателот Добрица Ќосиќ стоел на големосрпски националистички позиции во однос на независноста на Република Македонија.

Премиерот на владата на СРЈ, Милан Паниќ, на 29 октомври 1992 година, бил во посета на Македонија. Во Скопје остварил средба со претседателот Киро Глигоров и со премиерот Бранко Црвенковски. Целта на посетата била да се потпише некоја изјава, договор, или пак декларација за меѓусебно признавање на овие две соседни држави. Но при оваа посета на претседателот Милан Паниќ во Скопје, не дошло до потпишување на официјален документ за односите помеѓу Македонија и Србија. Премиерот Милан Паниќ, при посетата на Скопје, изјавил дека СР Југославија ќе ја признае Македонија, наспроти негативните ставови на Слободан Милошевиќ.

Во почетокот на 1993 година, на местото на Милан Паниќ, за претседател на Владата на СР Југославија бил избран Шаиновиќ, кој божем на седниците на Владата на СРЈ ги застапувал предлозите и ставовите на Милан Паниќ. По неговиот избор за претседател на Владата на СРЈ, видливо било дека тој давал целосна поддршка на политика на Слободан Милошевиќ, односно работел по наредба на Милошевиќ, кој станал прва личност во СРЈ.[317]

Претседателот Слободан Милошевиќ во свои раце ја имал војската и полицијата. Во СРЈ полицијата е концентрирана во многу поголем број, отколку што една држава во нормални услови би требало да има полиција за сопствена безбедност. Милошевиќ кој бил на чело на Социјалистичката партија направил цврста коалиција со Југословенската здружена левица (ЈУЛ), на чие чело била неговата сопруга Мира Марковиќ, на тој начин под своја контрола ги ставил и медиумите.

---

[317] ДАРМ, фонд: 1386, к. 8, ае. 22.

Република Македонија на 12 јули 1994 година, упати официјална нота – покана до Владата на СР Југославија за состанок на мешовитата државна комисија за разгледување и одбележување на меѓународната граница.[318]

Прашањето за признавање на Македонија од страна на СР Југославија во првите години по осамостојувањето на Македоија беше отворено прашање. На 2 октомври 1995 година македонскиот претседател Киро Глигоров бил во прва официјална посета на Србија. Средбата помеѓу претседателот Киро Глигоров и претседателот Слободан Милошевиќ се одржала во местото Добановце, 20-тина километри од Белград.[319] Оваа средба има големо значење за натамошниот развој на македонско- српските односи.

На средбата во Добановце, од македонска страна покрај претседателот Глигоров, присуствувале и неговите советници Ахил Тунте и Снежана Османли, а од српска страна претседателот Милошевиќ и министерот за надворешени работи на СРЈ, Милан Милутиновиќ[320]. Меѓу претставниците на делегациите биле разменети мислења за настаните што се случува во регионот. Претседателот Глигоров се интересирал за актуелните американски иницијативи и на контакт-групата за излез од босанската криза. Југословенските претставници ја информирале македонската делегација дека, божем, српскиот државен и политички врв, во изминатиот период, во разговорите на средбите со грчки претставници, Мицотакис и Папандреу, им било укажувано на фактот дека Грција не може да бара од претседателот Глигоров и од било кој друг македонски политичар, да прифати промена на името на Македонија.[321]

По прашањето на меѓусебните односи претставниците на двете страни искажале мислење дека е потребна нивна нормализација како на билатерален

---

[318] Д-р Денко Малески, Бебето од катран:Македонија во меѓународните односи: (1991-1993), Култура, Скопје, 2012, 136-139.

[319] Во Добановце, куќата била многу добро уредена, во која се сретнале делегацијата на Македонија предводена од претседателот Глигоров и делегацијата на СР Југославија предводена од Милошевиќ. Околу куќата имало шума полна со дивеч, особено со фазани.

[320] Милан Милутиновиќ, министер за надворешни работи на СР Југославија од 1995 до 1998 година; Претседател на Србија бил од 1998 до 2002 година. Хашкиот трибунал го осудил за воено злосторство за време на судирот на Косово и Метохија, но бил ослободен од сите обвинувања.

[321] Киро Глигоров, Македонија е сѐ што имаме...., 395-396.

така и на регионален план. По повод средбата во Добановце, во една изјава на претседателот Глигоров, меѓу другото се вели: „Слободан Милошевиќ се сложи дека можеме да ги нормализираме односите тогаш кога ќе бидат симнати санкциите. Очекуваат тоа да биде на крајот од октомври 1995 година и тогаш да се воспостават дипломатски односи и амбасади во Белград и Скопје...“. Делегациите на Македонија и Србија констатирале дека целосна нормализација на односите помеѓу двете земји е во интерес на стабилоноста на југот на Балканот. Сосема е логично да се разреши проблемот меѓу Македонија и Србија и да се изврши нивно меѓусебно признавање. Во меѓувреме надлежните органи од двете страни, да подготват Договор за таа цел. На средбата во Добановце било заклучено што поскоро да се отвори гранцата меѓу овие две соседни земји.[322]

Во разговорите водени во Добановце, станало збор и за односите помеѓу МПЦ и СПЦ. Според Уставот и во Македонија и во Србија, црквата е одделена од државата. Милошевиќ истакнал дека никој не бил во можност на српскиот патријарх Павле да му предложи да ја признае афтокефалноста на МПЦ. Преставници на Македонската и на Српската православна црква, одржуваат постојани контакти, се среќаваат, разговараат, преговараат, но сè уште прашањето за признавање на афтокефалноста на МПЦ од страна на СПЦ е отворено прашање.[323]

Во Белград, на 23 јануари 1996 година, биле продолжени македонско-југословенските разговори за нормализација на односите меѓу двете земји. Во врска со тоа на 26 јануари истата година, Италија, како претседавач на ЕУ, побарала од СР Југославија, итно признавање на Македонија како услов за да се приближат меѓусебните односи на Унијата со СРЈ.

Во подготовката и изработката на меѓудржавниот документ – Договор за меѓусебно признавање на Македонија и СРЈ, биле ангажирани Министерството за односи со странство на Македонија и соодветното министерство од Белград.

---

[322] Киро Глигоров, Македонија е сé што имаме...., 397-399.
[323] Ibid.

На 8 април 1996 година, во Белград, министрите за надворешни работи Љубомир Фрчковски и Милан Милутиновиќ, потпишале Протокол за меѓусебно признавање на СР Југославија и Република Македонија и за воспоставување на дипломатски односи на амбасадарско ниво. На 25 април 1996 година Македонското собрание ја ратификува Спогодбата за регулирање на односите и унапредување на соработката меѓу СР Југославија и Република Македонија.[324]

Спогодбата е потпишана осумдесет и три години по одржувањето на Букурешкиот мировен договор, кога етничката целост на Македонија беше распарчена меѓу соседите; педесет и две години по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, во манастариот „Св. Прохор Пчински", кога беа удрени темелите на современата македонска држава; пет години, по прогласувањето на Република Македонија како независна и суверена држава; три години по приемот на Р Македонија како рамноправен член во ООН; шест месеци по одржувањето на Дејтонскиот мировен договор за Босна, со кој СРЈ имаше обврска, меѓусебно да се признае со сите држави настанати по распадот на СФРЈ, како услов за нејзин прием во ООН.[325]

Оттука потпишувањето на Спогодбата меѓу Р Македонија и СРЈ, од 8 април 1996 година, преставува чин од билатерално значење, историски настан што ги надминува границите на билатералната политика и добива една значајна поширока димензија од регионален карактер. Оваа Спогодба претставува една фаза од завршувањето на градењето на односите со соседна СРЈ и претставува чин во градењето на една цврста, праведна, исправна политика на избалансирани односи помеѓу Р Македонија и СРЈ.

Факт е дека Србија од крајот на 1944 година ја признаваше Македонија под нејзиното уставно име, меѓутоа и Република Македонија, не ќе можеше од официјален Белград да прифати поинакво признавање, освен под уставното име. Според едни податоци, претседателот Слободан Милошевиќ, во моментот на потпишувањето на Спогодбата за признавање на Македонија, имал

---

324 Ibid.
325 Ibid.

сознание дека претседателот на Грчката влада и грчкиот минстер за надворешни работи се наоѓале во Вашингтон, САД, со цел да добијат поддршка од претседателот Бил Клинтон за „македонското прашање“. Потпишувањето на Спогдбата меѓу Република Македонија и СРЈ претставува јасна порака упатена од Милошевиќ до, инаку, пријателска Атина дека времето за нова рунда на балкански делби и нови територијални претензии е поминато и дека поради мирот што настапува во новото време, грчката битка против историјата на Македонија и против нејзиното уставното име не наидува на поддршка.[326]

СР Југославија ја призна независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија како нова балканска и меѓународна политичка реалност.

Потпишувањето на Македонско-југословенската спогодба, од 8 април 1996 година, е значаен настан за историјата на Македонија и за пошироката меѓународна заедница. За значењето на Спогодбата, претседателот на Македонската влада Бранко Црвенковски во еден свој напис вели: „Спогодбата помеѓу Република Македонија и СРЈ е чин на историска правда. Таа ќе доведе до вистинска стабилизација на регионот.

По повод донесената Спогодба се појавиле негативни грчки реакции. Спогодбата била оценета како непријателски потег на Белград кон Атина.

Во Белград, на 2 септември 1996 година, е конституирана и почна да работи заедничката дипломатско-експертска комисија за утврдување на протегањето и описот на државната граница меѓу Република Македонија и СР Југославија.

Премиерот Бранко Црвенковски на 2 јули 1997 година бил во посета на СР Југославија. Во Белград водел разговори за значењето за утврдување на државната граница меѓу Република Македонија и СР Југославија, како и за унапредувањето на билатералните односи меѓу овие две држави. Разговорите биле водени со претседателот Милошевиќ и со премиерот Р. Контиќ.

---

[326]Невенка Митревска, Создавање на историјата, „Нова Македонија“,10 април 1996 година, 3.

На 15 јули 1997 година Слободан Милошевиќ е избран за претседател на СР Југославија.[327]

Меѓутоа, факт е дека и натаму остана проблемот околу демаркацијата на меѓудржавната граница помеѓу Србија и Македонија. Бидејќи долги години Македонија и Србија беа во состав на заедничка држава, па затоа границата меѓу двете соседни земји, со некои измени погоре-подлоу, се третиташе како внатрешна.

На 2 ноември 1997 година, на островот Крит, се сретнале претседателите на државите и владите од балканските земји. На средбата на Крит присуствувале и македонскиот претседател Киро Глигоров и претседателот на СР Југославија Слободан Милошевиќ.

Претседателот Глигоров во разговорите на островот Крит што ги водел со претседателот на СРЈ Слободан Милошевиќ ги изложил историските факти околу проблемот на демаркацијата на меѓудржавната граница меѓу Македонија и Србија. Претседателот Глигоров неспорно владеел со историографската материја на сопственото интересирање и кажување, овде поконкретно, каде треба да биде границата помеѓу Македонија и Србија.[328]

Потпирањето врз историската вистина, всушност е и основата и најважната содржинска вредност на ова прашање околу демаркацијата меѓу Македонија и Србија. Толку повеќе, што во разговорите меѓу овие двајца државници е доловено пресвртното време во поновите историски настани, времето кога се донесуваат судбоносни решенија за иднината на Македонија и Србија. Овде сите дилеми и неснаоѓања, сите несигурности и поревања пред решавачкиот момент на демаракционата линија меѓу Македонија и Србија, добиваат сопствена длабочина и осмисленост во општата консталација во овие сложени времиња. На тој начин, општите и индивидуалните судбини на Македонија и Србија, се прелеваат во своевидна симбиоза која сигурно ги трансформира историските процеси во несомнени подобри билатерални односи.

[327]Слободан Милошевиќ, претседател на Србија од 11. 1. 1991 до 21. 7. 1997 година; претседател на СРЈ од 23. 7. 1997 до 7. 10. 2000 година.
[328] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 48.

Претседателот Глигоров е несомнен и солиден познавач на историското минато на Македонија и на нејзините односи со Србија и со другите балкански соседи. Каква била демаркацијата на меѓудржавната граница меѓу Македонија и Србија, Глигоров до таквите сознанија дошол низ евидентна студиозна подготовка, истражувјќи низ богатата архивска документација за времето што ѝ претходи директно пред распадот на Југославија. Таквиот напор македонскиот претседател очигледно го направил со цел историските факти да се стават во функција на историјата, а не на политиката, да се избегне колизијата меѓу историската автентичност и политичката невистинитост.

Мудроста и знаењата на претседателот Глигоров добиваат уште еднаш мошне суптилна и длабоко осмислена конкретизација околу демаркацијата на меѓудржавната граница меѓу Македонија и Србија. Глигоров на средбата на островот Крит го прашал Милошевиќ: „А што правиме со границата?". Милошевиќ одговорил: „Границата не била проблем 50 години, зошто сега да биде проблем? Околу тоа никогаш не сме спореле.". Претседателот на СРЈ Слободан Милошевиќ сметал дека нема проблем околу прашањето на демаркацијата на меѓудржавната граница меѓу овие две соседни земји.[329] Претседателот на Република Македонија Глигоров во разговорите со Милошевиќ предложил: „Сегашната граница, без никакви измени да ја утврдиме како меѓудржавна, а во знак на добра волја предлагам: ако границата поминува низ некое српско или македонско село, имот, а чести се случаите, една нива на ист сопственик да е од едната страна, другата нива од другата страна, едните да гонат за данок овде, другите од другата страна, па сè до тоа кој каде ќе служи војска. Да направиме мали исправки, спорната нива нека влезе или на едната или на другата страна, зависно од тоа кој е во прашање, дали Македонец или Србин, и на тој начин да го симнеме тоа прашање од дневен ред, да им олесниме на луѓето. Станавме две самостојни држави, треба да го решиме ова прашање за да немаме погранични проблеми од таков или

[329] Види: Д-р Срѓан Керим, Македонија меѓу себе и светот: 55 дена дипломатија, Скопје, 2001, 85-87.

друг карактер“.[330] Од страна на Милошевиќ бил прифатен предлогот на Глигоров. По кратко време, по разговорите водени на островот Крит, во Белград одржала состанок Комисијата за одбележување на македонско-југословенската граница. На состанокот македонските преставници, врз основа на разговорите во Крит, предложиле постојната граница меѓу Македонија и Србија да биде утврдена како меѓудржавна со неопходни корекции кои треба да се утврдат. Факт е дека претставницте на Комисијата од Србија, на состанокот во Белград изнеле свои барања, спред кои на српска територија да останат дел од пасиштата на Шар Планина, шумски површини во Скопска Црна Гора и Голо Брдо – Кривопаланечко. Комисијата за одбележување на македонско-југословенската граница продолжила и понатаму со својата работа, а прашањето околу демаркацијата на меѓудржавната граница меѓу Македонија и Србија го решила позитивно.

На 7 мај 1999 година претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, упатил писмена порака до претседателот на СР Југославија Слободан Милошевиќ, во која го известува за позициите на Македонија за сестрана поддршка на СРЈ и дека Република Македонија не ги оправдува воздушните напади на НАТО врз СРЈ.[331]

Македонија и СРЈ, аналогно на тоа и со Србија во развојот на добрососедските односи посветиле внимание и на прашањето за правата на Македонците во Србија, а пре д сè оние кои живеат во Војводина, како и за правата на Србите во Македонија. Претседателите на Македонија и СРЈ, по ова прашање постигнале согласност истите права што ги имаат Србите во Македонија да ги имаат и Македонците што живеат во Србија. Да имаат училишта на свој мајчин јазик, да имаат свои културно-уметнички друштва, да ги празнуваат националните празници на својата матична земја и др.

[330] Киро Глигоров, Македонија е сѐ што имаме...., 397.
[331] ДАРМ, фонд: 1304, к. 78, ае. 28.

## *2. Македонско- бугарски односи*

На 15 јануари 1992 година Бугарија е прва земја која ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име. Бугарската влада во своето мудро соопштение, истакна, дека ги признава реалностите во Македонија, но не ја признава Република Македонија за држава на македонскиот народ, туку за држава на некое население што живее во Македонија. Бугарската политика и наука, со ретки исклучоци, Македонците отсекогаш ги третира како „Бугари“.[332]

Од ова јасно се гледа, дека бугарската државна политика, како и публицистиката, на Македонците никако не сакаат да им го признае нивното политичко, духовно, материјално и секакво друго богатство. Не одејќи во детали, ќе потсетиме на некои програмски цели што ги преставила пред себе бугарската држава уште во почетокот на создавањето на Македонија како независна и суверена држава.

Бугарскиот претседател Желев, во својата изјава, дадена по повод признавањето на Македонија, меѓу другото истакнал: „Бугарија ја призна Македонија, во сообразност со признавањето на правото на самоопределување ..., Бугарија не е готова да ги признае Македонците, како нација, бидејќи тоа е открите на Коминтерната со одредени политички цели“. Бугарскиот претседател Жељу Желев, во своите изјави секгаш истакнувал дека Бугарија нема намера да се меша во внатрешните работи на Македонија. Ваквите ставови на Жељу Желев се јасни. Во сите негови подоцнежни изјави, во врска со прашањето за македонската нација, кои се сведувале пред сè на следното: „Бугарија ја признава државноста на Македонија, но не и постоењето на македонската нација и македонскиот јазик“. Ваквиот став на бугарскиот претседател Желев е многу јасен. Како може Бугарија да ја признава независноста на македонската држава, но да не ја признава македонската нација и јазик, кога едното со другото се во логичка поврзаност. Од една

[332]Основната примеса на бугарската доктрина за Македонија е дека од X до XIX век, историјата на Македонија, секој пат била поврзана со целосната историја на Бугарија, етничка, јазична и културна. Види: Проблеми на българския език в Македония, София 1993, 7.

страна бугарскиот претседателот Желев, истакнува дека Бугарија води политика на немешање во внатрешните работи на Македонија, а од друга страна пак, не ја признава македонската нација, односно не го признава правото на интимното чувство, на секој човек да го изјасни своето национално самопопределување. Исто така, ставот на бугарскиот претседател Желев дека „македонската нација е плод на Коминтерната“, е неодржлив, бидејќи не постои вештачко создавање на некоја нација, а во тој контекст и на македонската.[333]

Од ова се гледа, дека претседателот на Бугарија, во однос на прашањето за постоењето на македонската нација, ја негира македонската вистина по ова прашање. Факт е дека голема навреда и штета за македонскиот народ е да му се каже дека е плод на коминитерносвки заговор, дека преставува некаква коминтерновска нација, фикција, создадена со посебни политички цели. Македонија е држава со своја бујна историја, со сè она што се вистински белези за еден народ кој опстојува и ќе опстојува со векови на овие простори.[334]

Постојат многубројни значајни историски факти, а и пописите во Македонија, зборуваат за постоењето на македонската нација и македонскиот јазик. Со ревизијата на Санстефанскиот мировен договор, на Берлинскиот конгрес во 1878 година, на македонскиот пример западноевропската дипломатија, покажа според констатацијата на акедемник Манол Пандевски, како не треба да се решава судбината на еден доволно осознаен народ, кој ќе го има за поседица долгото живеење на Македонецот на епицентарот на сите балкански кризи, сè до современото живеење.

Владата на Бугарија имала колебања и отпори од страна на некои нејзини членови, кои мислеле дека Бугарија мошне рано ја призна независноста на Македонија и дека Бугарија требало да се управува според ставоите на ЕЗ. Впрочем, најмногу отпор за признавањето на Македонија давал тогашниот министер за надворешни работи на Бугарија. И покрај поедини

[333] Д-р Срѓан Керим, Македонија меѓу себе и светот..., 96-110
[334] Ibid.

различни ставови, секако дека младите поколенија, треба да паметат, дека Република Македонија и нејзините граѓани, во едно многу тешко и драматично време, имале добар пријател, како што била Бугарија. Претседателот Желев и македонскиот политички државен врв, секако дека имале различни ставови и погледи по некои прашања. Но поради добрата волја и меѓусебните разбирања на двете страни се наоѓале решенија, и за оние прашања кои биле од интерес на двете земји, на Македонија и Бугарија.[335]

Во февруари 1992 година, делегација на ВМРО–ДПМНЕ предводена од нејзиниот лидер Љубчо Георгиевски, била во посета на Бугарија, во Софија. Љубчо Георгиевски во една своја изјава, дадена за бугарската телевизија, меѓу другото рекол: „Важно е што Бугарија ја призна македонската држава, а за македонската нација нека говорат научниците". Овде е важно да се подвлече фактот што Љубчо Георгиевски се задоволил само со тоа што Македонија била призната како држава од Бугарија, без разлика на тоа што Бугарија не ја признала македонската нација.[336]

Во 1992 година, министерот за односи со странство на Република Македонија, Денко Малески бил во официјална посета на Бугарија. Во Софија, Малески се сретнал со бугарскиот претседател Жељу Желев. На средбата присуствувал и бугарскиот министер за надворешни работи, Стојан Ганев. Министерот Денко Малески, во разговорите ги изложил македонските ставови за кризата и како го гледа нејзиниот излез. Претседателот Желев, изразил поддршка за независноста на Македонија и додал дека „Бугарија секогаш ќе ѝ биде прозорец за излез од тешката ситуација на Македонија".Подоцна во услови на грчката блокада, Бугарија ~ ги отвори границите на Македонија за дотур на нафта. На врвот на надворешно-политичките приоритети на Бугарија, во ова време, веќе не е Македонија, туку членството во НАТО и ЕУ. Оттаму, и понудениот „прозорец" наместо „врата".[337]

Во разговорите, што се водени помеѓу македонскиот министер за надворешни работи Денко Малески, со бугарскиот претседател Жељу Желев и

---

[335] Д-р Иван Катарџиев, Соседите и Македонија...., 143-152.
[336] ДАРМ, фонд: 1305, к.26, ае. 18.
[337] Д-р Денко Малески, Бебето од катран: Македонија во меѓународните..., 246-258.

бугарскиот министер за надворешни работи Стојан Ганев, бугарските преставници имале извесни забелешки на македонската политика. Така на пример, на министерот Стојан Ганев, му пречел членот 49 од македонскиот Устав, во кој меѓу другото стои „Република Македонија, се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив ...“. Министерот Ганев[338] предлагал да се случи договор за пријателство, за соработка, или некаков вид политичка декларација меѓу Бугарија и Македонија.[339]

Бугарија, и покрај тоа што ја призна официјално Република Македонија како независна држава, таа имаше своја изградено стратешка позиција, според која со признавањето на македонската држава, Бугарија не ја призна и автохтоноста на македонската нација. Ваквиот став на бugraскиот претседател Жељу Желев, веројатно бил и под влијание на отпорите што се јавиле во Бугарија, во однос на признавањето на Македонија, а пред сè кај членови на софиската ВМРО- СМД, кои правеа забелешки дека буграската Влада, не смеела да ја признае независноста на македонската држава. Овие агресивни гласноговорници од буграската ВМРО-СМД, постојано темата за македонската нација ја поставувале на дневен ред и на тој начин создавале едно антимакедонско расположение во Бугарија и сметале дека е дојдено времето, односно е создадена клима за Бугарија, да се реализира санстефанскиот сон за создавање на таканаречена „Голема Бугарија“, во чии граници ќе влезе не само Македонија, туку и Западниот дел на Србија, практично до Ниш, како и Тракија и преостанатиот дел во Добруџа – Романија. За сите овие територии, членовите на софиската ВМРО-СМД, тврделе дека се „буграски“ територии, кои требало да се приклучат кон нивната матица – Бугарија.[340]

Меѓутоа, тоа не е само став на членовите на ВМРО-СМД, кои направиле голема штета во развојот на македонско-бугарски добрососедски односи. Факт

---

[338]Бугарскиот министер Стојан Ганев, подоцна станува претседател на Генералното собрание на ОН, на предлог на групата за Источна Европа. По завршувањето на мандатот, Ганев останува во САД, каде се занимава со бизнис – мобилна телефонија.
[339] Д-р Денко Малески, Бебето од катран: Македонија во меѓународните..., 259-263.
[340] Ibidem, 265-266.

е дека и во повеќе официјални гласила на познати политички партии од Бугарија се пласирале слични вакви невистини. Како потврда на ова зборува и апелот на еден познат бугарски публицист, објавен на страниците во весникот на бугарските социјалисти „Дума" (наследник на поранешниот орган на БКП „Работничко дело"), од 17 септември 1994 година. Од содржината на текстот во написот јасно се гледаат бугарските територијални аспирации кон Македонија. Во весникот „Дума", меѓу другото се вели: „Би се радувале да прочитаме, како бугарскиот претседател му вели на господинот Киро Глигоров, дека ние гледаме на Македонија како на втора бугарска држава... Тоа не значи дека имаме територијални претензии кон Македонија. Тоа значи само она што во Бугарија, никој не го одречува и дека не може да го одречува, дека т.н. Македонците се Бугари". Од овој текст, навистина, со малку зборови, се искажуваат горки вистини, за присутниот сон на Софија за создавање на т.н. „Голема Бугарија".

Кога зборуваме за македонско-бугарските односи, неспорно е да се каже фактот, дека Бугарија е прва земја што ја призна Македонија под нејзиното уставно име. Бугарите тоа чето пати го истакнуваат. Меѓутоа, постои и еден друг факт, кој исто така јасно зборува за позицијата на Бугарија во однос на Македонија. Овде може да се каже дека Бугарија со Македонија воспостави целосни дипломатски односи на амбасадорско ниво, при крајот на декември 1993 година, откако тоа го направија повеќе членките на ЕУ, а дотогаш независноста на Македонија беше призната повеќе од 20 блиски и далечни земји.[341]

При една неофицијална средба, помеѓу македонскиот претседател Киро Глигоров и бугарскиот претседател Жељо Желев, близу до Бургас, се разговарало за односите меѓу овие две соседни земји. Бугарскиот претседател Желев се обидел да му ги објасни на македонскиот претседател Глигоров како стојат работите кај бугарскиот народ, во однос на признавањето на македонската нација. Во разговорите, бугарскиот претседател Желев меѓу другорто истакнал: „И не е толку важно што мислам јас. Ова е реалноста во

[341] Киро Глигоров, Македонија е сè што имаме...,408-410.

Буагрија. Ако се собере сѐ заедно во Бугарија, од повеќе генерации, има околу два милиона Македонци, кои се по потекло од Македонија. Најголем дел од нив, барем така велат, се чувствуваат „поголеми Бугари“ од нас и таа работа е завршена. Тие луѓе дојдени од Македонија во Бугарија, и тој дел од нашето население, се многу влијателни во Бугарија. Тие луѓе апсолутно не се согласуваат да се признае Македонија, доклоку тоа прашање беше предмет на некоја расправа во Парламентот пред признавањето на Македонија. Но ние сметаме дека признавањето на Македонија е историски момент, тоа мора да се каже, да се признае таа држава, и тоа ние први да ја признаеме. Но ова со македонската нацијата, со јазикот, тоа нема шанса, не вреди за тоа да се зборува во Парламентот, таму ќе бидат глуви за таа работа“.[342]

Претседателот Глигоров, од своја страна, се обидел да го истакне својот став по однос на ова прашање, и да изнесе повеќе аргументи кои потврдуваат за постоењето на македонската нација и македонскиот јазик. Точно е дека ако сакаат да соработуваат две држави, отворено и искрено, и да имаат отворени граници, тоа е можно, единствено, само ако двете земји се соочат со реалноста. Факт е дека постои македонскиот народ, тој зборува на својот мајчин македонски јазик, на јазик на кој се напишани стотици и стотици книги, поезија, проза, монографиии од разни научни области. Претседателот Глигоров при средбата истакнал дека малдите генераци во Македонија, па дури и оние што се средновечни луѓе, бугарскиот јазик за нив е туѓ и неразбирлив, или пак она што се пишува на бугарски јазик им е тешко да го прочитаат.

Бугарскиот претседател Жељу Желев, повеќе пати доаѓал во Македонија, каде што остварувал средби и разговори со македонскиот претседател Глигоров. Претседателот на Бугарија Жељу Желев, престојувал во Скопје на 5 февруари 1993 година, по повод промоцијата на неговата книга „Фашизмот“ преведен и на македонски јазик На промоцијата на оваа монографија присуствувал македонскиот претседател Киро Глигоров, како и претставници на просветно-културни и општествено-политички институции.

---

[342] Киро Глигоров, Македонија е сé што имаме..., 411.

По тој повод, во претседателскиот кабинет биле водени разговори помеѓу претседателот Глигоров и претседателот Желев, и тогаш претседателот Желев го убедувал претседателот Глигоров, дека прашањето за признавањето на македонската нација и на македонскиот јазик во бугарскиот Парламент, таков каков што бил Парламентот во тогашниот состав, не можело да помине. Претседателот Желев истакнал дека во бугарскиот Парламент мошне влијателна е групата на ВМРО-СДМ и навел дека признавањето на македонската нација и на македонскиот јазик од страна на Бугарската влада, поради тоа е невозможна работа.[343]

Во Софија се забележува активното дејствување на мошне агресивната организација – ВМРО-СДМ, која дала свој придонес во обновувањето на „Македонскиот научен институт" во Софија, кој објавил бројни книги и памфелти од македонското историкото минато со пропагандна содржина, чија главна цел е да се истакне бугарскиот каратктер на македонското историско минато, а пред сè од илинденската епопеја, да им даде признание на личностите од врховистичката ВМРО, како што биле: Ванчо Михајлов, Тодор Александров, и други.[344]

Ова е време кога во Пиринскиот дел на Македонија е создадена организацијата ОМО „Илинден", чија активност од страна на бугарските власти, на најгруб начин била спречувана. Според една изјава на лидерот на ОМО „Илинден" Јордан Констатинов (4 јули 1994 година), оваа организација на Македонците од Пиринска Македонија повеќе жалби поднела до Европскиот суд за човекови права.[345]

Македонскиот претседател Киро Глигоров и бугарскиот претседател Жељу Желев реализирале повеќе средби. Дошло до потпишување на меѓудржавни договори меѓу Македонија и Бугарија. Во посета на Македонија на 6 и 7 јуни 1993 година бил бугарскиот премиер Љубен Беров, тогаш дошло до потпишување на посебена Спогодба за економска соработка меѓу Бугарија и

[343] ДАРМ, фонд: 1386, к.10, ае. 28.
[344] Ibid.
[345] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 345.

Македонија. Оваа Спогодба, која била потпишана на македонски и бугарски јазик, никогаш не била ратификувана од страна на бугарскиот Парламент.

Во предевчерието на првата официјална посета на македонскиот претседател Киро Глигоров на Бугарија, од бугарска страна е предизвикан еден така наречен „јазичен спор", кој мошне негативно се одразил на меѓусебните односи на овие две соседни земји. Во Скопје, на 13 април 1994 година, се водени македонско-бугарски разговори за соработка во областа на образованието, науката и културата. Бугарскиот министер за образование Марко Тодоров одбил да ја потпише Спогодбата за соработка во областа на науката, образованието и културата, поради несогласување да ја прифати вообичаената завршна клаузула на документот, дека таа е потпишана на македонски и бугарски јазик. Во Софија другиот ден (15 април), министерот Марко Тодоров, дал јавно соопштетние, во кое наведува дека Спогодбата не ја потпишал бидејќи „македонскиот јазик не постои". Посетата на бугарскиот министер за образование, Марко Тодоров, предизвика различни коментари во македонската и во бугарската јавност.[346]

На 24 и 25 април 1994 година, на покана на бугарскиот претседател Желев во официјална посета на Софија, Бугарија, била македонска државна делегација, на чело со претседателот Киро Глигоров. Македонската државна делегација, во Бугарија, била пречекана со највисоки протоколарни почести. Водени биле разговори со бугарскиот претседател Желев, во вилата „Бојана" – Софија. При посетата на Бугарија, претседателот Глигоров се обратил пред бугарскиот Парламент. Претседателот Глигоров истакнал дека поради *„јазичниот проблем" не дошло до потпишување на* парафираните договори. Глигоров ја изразил готовноста на Македонија на најширок план да има добрососедските односи и заемно корисна соработка со Бугарија на сите подрачја. Македонскиот претседател Киро Глигоров, во својот говор пред бугарскиот Парламент меѓу другото истакнал: „Одлуката на Бугарија да ја признае независниота на Република Македонија, отовори една нова ера во

[346] ДАРМ, фонд: 1386, к. 12, ае. 18.

меѓусебните односи и заедничка соработка меѓу овие две соседни земји, тоа е чин во прилог на мирот и стабилноста на југот на Балканот".[347]

На 20 декември 1994 година биле воспоставени и официјални дипломатски односи помеѓу Македонија и Бугарија на ниво на амбасадори. Во текот на 1994 година, почнало со реализација на два заеднички проекти меѓу Македонија и Бугарија, во врска со коридорот Исток – Запад и железничкото поврзување. Бугарија ѝ даде поддршка и помош на Македонија за време на грчкото ембарго.[348]

Македонија во односите со Бугарија, од своја страна, се залагаше историјата да се прифати како поука, да се искористи максимално сопственото и туѓото искуство за доброто на слободниот човек, на народите на двете земји, со свест и одговорност. Светот, во тоа време, требаше што повеќе да се поврзува, треба да се умее и да живее секој свој живот, но сите еден покрај друг, и секој е потребен на другиот. Македонија вложуваше напори, врз основа на принципот на почитување на постојните граници меѓу Македонија и Бугарија, го почитуваше принципот на правата на малцинствата. Исто така, Македонија се залагаше за решавање на сите прашања со Бугарија по пат на дијалог, со политички мирни средства, со цел унапредување на пријателските и билатералните односи меѓу овие две соседни земји. Македонија е земја која придонесе за мирот и стабилоноста во регионот.[349]

Реалност е дека македонската држава, не радо, го прифаќа мислењето на претставниците на бугарската држава, кои изразувале готовност, званично да изјават, дека ја признваат Република Македонија, но не ја признаваат нејзината нација и јазик. Неспорно е дека во бугарското јавно мислење, особено кај помладите генерација, како и во политичките кругови, кога е во прашање постоењето на македонскта национална самобитност, се појавуваат разни струи. По прашањето за македонската нација и јазик во Бугарија, може да се рече дека постојат и некои разлики, тие осцилираат од прифаќањето на

[347] Киро Глигоров, Македонија е сѐ што имаме..., 413.
[348] ДАРМ, фонд: Министерство за надворешни работи на Република Македонија (фонд: 1392), к.1, ае. 14.
[349] Д-р Срѓан Керим, Мостови кон иднината: Меѓународни односи на преминот од XX кон XXI век, 2005, 184-190.

реалноста, т.е. дали да го признаат постоењето на македонската нација и јазик, македонското историско минато, култура итн. Други пак, стојат на мислење, целосно да ја негираат историската реалност во Македонија. Точно е дека меѓу претставниците на буграскиот државен врв има и личности кои заземаат позитивни ставови. Почнувајќи од времето на Тодор Живков па наваму, независно од идеолошките и политичките разлики, кога е во прашање односот кон македонската нација, во Бугарија владее целосно единство.

Жан Виденов, во својство на претседател на Бугарската влада, на 31 мај 1996 година, поставил барање до Македонската влада, во кое инсистира во договорите потпишани меѓу Македонија и Бугарија, изрично да стои клаузулата дека тие не се составени на бугарски и македонски јазик. По тој повод, во еден свој напис, Виденов, меѓу другото вели: „Позната е тезата, за постоењето на македонскиот јазик како атрибут на таканаречената македонска нација и респективно на таканареченото македонско малцинство. Таа позиција е неприфатлива од бугрска страна. Ние сметаме дека не е реално да се обврзува развојот на билатералните односи со претензиите за политичкото признавање на „терминот македонски јазик“.[350]

Ваквиот став на Жан Виденов со ништо не се разликува од ставот на претседателот на бугарската држава Петар Стојанов. Претседателот Стојанов сметал дека надвор од границите на Бугарија, историјата на македонскиот народ ќе ја прогласи за „најромантичен“ дел на бугарската историја. Ваквиот став на Петар Стојанов се гледа и од неговата поздравна телеграма испратена до Четвртиот конгрес на ВМРО–СДМ, одржан на 18 и 19 февруари 1996 година во Софија. Во оваа телеграма, Виденов истакнува: „Високо ја ценам улогата што ја има ВМРО во нашата историја. Високо го ценам и тоа што денес го правите во името на демократијата и национално единство на Бугарија“.[351]

---

[350]Бранко Тричковски, Бугарскиот премиер Жан Виденов за јазичниот спор со Република Македонија. Македонија требало да ги признае историските реалности, Нова Македонија, Скопје, 1 јуни 1996, 6.
[351]Бранко Тричковски, Катарза и привиди, Нова Македонија, Скопје, 20 февруари 1996, 2.

Кога се има предвид програмата на ВМРО–СДМ, веднаш се доаѓа до сознание дека нејзините членови настојуваат ВМРО-СДМ да ја претстават, како достоен наследник на ВМРО на Иван Михајлов – терорист и експонент на бугарскиот реваншизам во свое време.[352] Местото и улогата на ВМРО-СДМ во бугарскиот политички живот и учеството на претседателот Петар Стојанов на прославата на Илинден 1997 година во Разлог (каде што од Бугарија навлегле четите на Иван Цончев), а не на прославата што беше организирана во Мелник, каде што Јане Сандаски го крена востанието во Серскиот револуционерен округ, тогаш се јасни ставовите на ВМРО-СДМ и на претседателот Петар Стојанов во поглед на прашањето за македонската нација.

Во однос на прашањето дали постои македонско историско минато, дали постои или не постои македонска нација и македонски литературен јазик, ставовите на највисокото раководство на државниот и политичкиот врв се исти. По ова прашање, исти ставови имале Жан Виденов, како претседател на Бугарската влада и Ѓорѓи Прванов претседател на БСП. Прванов, во времето додека БСП се наоѓаше на власт во Бугарија, во еден напис објавен на страниците на неделникот „Пулс", меѓу другото ќе истакне: „Во нашата партија и пратенички групи активно се работи на изнаоѓање формула околу јазикот, што би ги задоволил и двете страни (Македонија и Бугарија)".[353] Прванов предлагал формула при потпишувањето на меѓудржавните документи помеѓу Бугарија и Македонија која би гласела дека документите се потпишуваат на официјалните јазици во Уставите на двете држави".[354]

Во интервјуто на Георги Прванов, со новинарот Виктор Цветановски, објавено на страниците на весникот „Нова Македонија", од 13 февруари 1997 година, меѓу другото се наведува дека во разговорите помеѓу министерствата за надворешни работи на двете земји, и двете страни, односно Македонија и Бугарија, формулирале „по пет варијанти, и секоја од нив може да биде

[352]Види: Виктор Цветановски, „Историјата на Македонија е бугарска". Интервју со Красимир Каракачанов, претседател на ВМРО- СДМ, Нова Македонија, 10 март 1997, 7.
[353]Прванов Горѓи, Така блиски а така далечни. Потпретседател на Вишиот совет на БСП говори за разрешување на јазичниот спор меѓу Македонија и Бугарија за претстојните претседателски избори во неговата земја, за релациите меѓу Бугарија и НАТО. Пулс, Скопје, 26 април 1996,12.
[354]Истото.

развиена и да биде база за натамошно барање и компромис". Од интервјуто, дадено за „Пулс", Прванов признава дека во неговата партија има и членови, кои имаат порадикални гледишта по прашањето за односите помеѓу Македонија и Бугарија.

Во првата половина на 1997 година во политичкиот живот на Бугарија настанаа промени. На власт дојде опозициониот блок на Сојузот на Демократските сили (СДС). Со нивното доаѓање не дојде до нешто ново, позитивно, во однос на прашањето кон македонскта нација и јазик, ситуацијата уште повеќе се влоши. Во Бугарија се засили кампањата за непостоењето на македонската нација и македонскиот јазик. Тогашниот министер за надворешни работи на Бугарија, тврдел дека: „јазичниот спор со Македонија, нема политички туку филолошки карактер".

Пропагандна активност на официјална Софија била насочена против постоењето на македонската нација. Бугарската влада, со сите свои сили, настојувала пред бугарската јавност, а особено пред меѓународното јавно мислење, да докаже дека прашањето со македонската нација и јазик се чиста измислица, вештачка политичка конструкција, која се создава на антибугарска основа.

Суштината на бугарските дисквалификации што ги пласира Бугарија, се со цел да изнесе разни невистинити за македонското историското минато, односно за национално револуционерното минато на македонскиот народ и неговата националност, за македонското богато културно наследство, сè со цел да докаже дека не постои македонска националност, дека таа не е самостојна, туку е туѓа политичка измислица, насочена единствено против бугарскиот народ на Балканот. Ваквиот негативен однос на бугарската политичка доктрина кон македонската национална самобитност и култура, секако дека е стар од далечното минато. Ако Бугарија сака да тргне од реалните претпоставки дека македонскиот јазик постои, и е различен од бугарскиот јазик, тоа би значело дека Бугарија го признава и постоењето на одделна нација во Македонија.

Во однос на македонското малцинство во Пиринскиот дел на Македонија и неговите национални права, еден бугарски политиколог, во

својот напис, објавен на страниците во весникот „Демократија", кој излегува во Софија, меѓу другото, вели: „Бугарија не може да си дозволи, да признае официјално една подобна утопија (македонски јазик и нација), која го ограбува до неверојатно брутален степен, бугарското национално наследство и создава современи и идни политички претпоставки, како за територијални претензии, така и за општа нестабилност".[355]

Од ова слободно може да се дојде до констатација дека сите наведени изјави, интервјуа, итн. од страна на Бугарската влада, наполно се слепи за она што со векови се случува во Македонија. Во бугарската политика нема ниту еден збор за тоа дека постои македонска нација и македонски јазик.

Бугарската влада заземала став дека Пиринскиот дел на Македонија, односно Благоевградскиот округ е неделив дел од Бугарија, македонското малцинство од овој крај, се сметало за „бугарско". Прашањето за национална припадност на тоа население е исклучиво негово прашање. Ваквите гледишта на бугрскиот политички државен врв како во деновите на осамостојувањето на Македонија, така и во најново време се непроменети. Со цел да се подобрат меѓудржавничките односи меѓу Македонијаи Бугарија, Бугарската влада сметала дека Македонија треба да се откаже од територијални претензии во Пиринскиот дел на Македонија, да се откаже од постоењето на македонско национално малцинство во тој дел, како и од многу други пршања кои можат да влијаат врз заострувањето на односите помеѓу Бугарија и Македонија.[356]

Бугарската влада врши перманентен притисок врз македонското национално малцинство во Пиринскиот дел на Македонија. Жестока е реакцијата на бугарската политика врз сите оние граѓани од Пиринскиот дел на Македонија, коишто послободно го изразуваат своето македонско чувство. Многу млади луѓе од овој крај, коишто имаа смелост да го изразат својот гнев против асимилаторската политика на бугарската власт, биле осудени и осудувани како „хулигани", нарушувачи на јавниот ред и мир. Бугарските

[355]Виктор Цветеановски, Македонија е коминтерновска творба!?, Нова Македонија, Скопје, год. 53, бр. 18100, 12.VI 1997, 2.

[356] Види: Д-р Виолета Ачкоска, Македонската емиграција во Бугарија и афирмација на македонската национална посебност во периодот на формирањето на асномска Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 63, Скопје, 2010.

власти, особено жестоки мерки преземале против членовите и симпатизерите на ОМО „Илинден“ (илегална македонска организација). Од страна на бугарската власт спречувана била секоја иницијатива за прославување на знаменити личности и настани од македонско историско минато.[357]

На 4 февруари 1997 година, во Сандански, членовите на ОМО „Илинден“, направиле обид да организираат јавен собир, по повод годишнина од смртта на Јане Сандански. Бугарската полиција интервенирала и собирот не бил одржан. Така, карактеристичен пример е однесувањето на бугарската полиција која се обидела да го спречи одбележувањето на Илинден, во Разлог, на 2 август 1997 година. Членовите на ОМО „Илинден“, одржувањето на своите јавни собири и манифестации претходно го најавувале кај надлежните органите на власта, но тоа не било дозволено. На 12 август 1997 година, на страниците на весникот „Нова Македонија“ е објавена Декларацијата на ОМО „Илинден“, со кое се бара Бугарија да ја потпише Рамковната конвенција за националните малцинства, како и спроведување попис на населението во Бугарија.[358]

Точно е дека Бугарската влада своите негативни гледишта кон постоењето на македонската нација, историја и култура, ќе настојува да ги изразува не само во Пиринскиот дел на Македонија, туку и пошироко на Балканот, во прекуокеанските земји, во редовите на македонската дијаспора. Главен носител на таа валкана политика на бугарската националистичка пропаганда биле остатоците од ванчомихајловистичката организација, позната под името „Македонска просветна организација“ (МПО), чии корени биле видливи особено во Америка и Канада. Влијание во тој правец, секако дека имала и бугарската православна црква. Бугарската пропагандна публицистика, наводно ја оквалификувала, „Македонска просветна организација“ (МПО),

---

[357] Виктор Габер, за македонската дипломатија, Магор, Скопје, 2002, 189-194.
[358] На 22 септември 1997 година, во Стразбур, Бугарија не ја потпишала Конвенцијата за заштита на националните малцинства. Таа, на 25 септември 1997 година, предложила во Советот на Европа сопствена интерпретација на термините национално малцинство и малцински јазици во конвенцијата.

како организација со „антибугарска насоченост“, а нејзините членови како „македонски Бугари“, кои божем ја „поддржуваат позицијата на Скопје“.[359]

На 26 јануари 1996 година, бугарското Министерство за надворешни работи, испратило нота до Министерството за надворешни работи на Република Македонија во којашто Република Македонија се обвинува за непочитување на човековите права. По сè изгледа Бугарија се залага за промовирање на идејата за постоење на „бугарско национално малцинство“ во Македонија. Поткрепа на ова се и одржаните демонстарции на една група бугарски националисти пред Македонската амбасада во Софија на 16 март 1996 година.

Се чини дека ова е еден нов момент во политиката на Бугарската влада. Започна да се води една голема пропаганда на електорнските и печатените медиуми во Бугарија, сè со цел да се докаже дека не постои македонски јазик и македонска нација, да се негира во суштина реалноста на Македонија.

Случајно или не, во политичкиот живот на Бугарија, како и во некои кругови од бугарскиот културен и научен живот, а пред сè во редовите на помладите генерации, се појави една нова струја со пореалистички однос кон македонската стварност. Во целина земено, факт е дека уште долги години нема услови да се создаде клима во Бугарија, или подобро речено нема некоја нова струја, која ќе направи пресвртница во позитивна насока во размислувањата, наметнати од подалечното и поблиското историско минато.

На 26 февруари 1997 година бугарскиот премиер Стефан Софијански бил во кратка посета на Македонија. Побарана е помош за надминување на кризата со храна во Бугарија. На 24 март истата година Македонија – доделила 2.000 тони пченица хуманитарна помош на Бугарија. Ова е време (6 октомври 1997 година) кога во бугарскиот печат се објавуваат соопштенија дека е подготвена бугарска национална стратегија од група историчари. Точно е дека најголемиот дел во неа бил посветен на македонското прашање од големобугарските позиции. Била објавена книгата „Историја на литературата на западните и

[359]Костадин Гърдев, Българската емиграция в Канада, Академмическо издателство „Марин Дринов“, София,1994, 174–178.

јужните Словени" (издадена во Москва 1997 година), во која македонската историја се сместува во бугарската. По тој повод на 7 октомври 1997 година имаше огорчени реакции во македонската јавност.[360]

Во Софија на 10 февруари 1999 година бил постигнат договор за т.н. јазичен спор меѓу Македонија и Бугарија. На 21 февруари 1999 година македонска делегација составена од повеќе министри, предводена од премиерот Љубчо Георгиевски е во официјална посета на Бугарија. При оваа посета премиерот на Република Македонија Љубчо Георгиевски и бугарискиот премиер Иван Костов потпишаа Декларација за пријателство и соработка меѓу овие две земји.

На 11 и 12 март 1999 година бугарскиот министер за надворешни работи Надежда Михајлова е во официјална посета на Република Македонија. Во Скопје во разговорите со претседателот Глигоров и со премиерот Љубчо Георгиевски, министерот Михајлова посебен акцент ставила на подобрување на односите меѓу Македонија и Бугарија.

Во разговорите меѓу премиерот на Македонската влада Љубчо Георгиевски и бугарскиот премиер Иван Костов во Благоевград, на 21 септември 1999 година бил најавен режим на слободна трговија кој требало да започне да функционира од 2000 година.[361]

Борис Трајковски, по изборот за претседател на Република Македонија и Владата на Љубчо Георгиевски ја поддржуваат надворешната политика на Македонија за развивање на добрососедски односи.[362]

Ослободувањето од илузии, од баластите на историското наследство, прифаќањето на македонската реалност, на македонската нација, македонски јазик, историја, секако дека преставува тест во водењето на надворешната политика на современата бугарска држава. Факт е дека Бугарија прва ја призна Република Македонија како независна и суверена држава и ги отвори вратите за полесно да го преживее грчкото ембарго што ~ беше наметнато. Меѓутоа,

[360] ДАРМ, фонд: 1392, к.3, ае. 26.
[361] ДАРМ, фонд: 1392, к.2, ае. 19.
[362] ДАРМ, фонд: 1392, к.2, ае. 16.

Бугарската влада, научната и публицистичката јавност, во чии редови беа присутни емоциите на „националистички романтизам“, многу често го повторувале негирањето на националната самобитност на македонскиот народ и држава. Постојаното повторување на истата теза во меѓународни рамки сè повеќе звучи како празна фраза. Бугарија треба да сфати и да прифати дека Република Македонија е самостојна и независна држава со своја национална самобитност и свој македонски јазик, со свое историско минато, тоа е држава, која секогаш сака да биде столб на мирот, не само со соседите, туку и на Балканот и многу подалеку и да има тесна рамнправна соработка со соседните држави и пошироко.

### *3. Македонско-албански односи*

Во текот на 1990–1991 година, многубројни настани се случија не само на територијата на СФРЈ, туку и во Албанија. Тоа е време кога се појавија првите безредија во Тирана. При крајот на 1990 година и во текот на 1991 година, во Албанија настанаа големи суштински промени во државата. Во април 1991 година, во Албанија биле одржани првите повеќепартиски избори, на кои победија комунистите. Воведен е повеќепартиски систем. Во март 1992 година, на изборите победи Демократска партија на Сали Бериша, со мнозинство гласови во Парламентот.[363] Страшна била глетката во Тирана. Урнати се спомен обележјата на Сталин и Енвер Хоџа во центарот на Тирана.

Како резултат на исклучително влошената економско-политичка состојба во Албанија, како и поради големите притисоци на албанските власти, од средината на март 1991 година, започна процесот на масовно иселување на Македонците од регионот на Долна Преспа. Кај Стење, на преспанското

[363]Сали Бериша бил личен лекар на Енвер Хоџа. Студирал медицина во Париз, работел на отворено срце, важел за добар стручњак. За времето на Енвер Хоџа, тој не се занимавал со политика. Сали Бериша, преку студентите успеал да влезе во политичкиот живот. Основач е на Демократската партија. Правени биле обиди во Албанија да се врати синот на кралот Зогу, но тоа не успеало. Сали Бериша дејствувал во северниот дел на Албанија, таму немал свој против кандидат.

крајбрежје, Македонците од Албанија, масовно ја преминувале државната граница. Албанските гранични органи на власта, имале крајно индеферентниот однос, дозволувале слободни премини на границата. Се добивало впечаток, како да сакаат да се ослободат од Македонците од Мала Преспа. Македонците од овој крај ги напуштаа своите родни огништа. Тие се населуваа во Република Македонија, во посигурна средина, ги охрабрувале семејствата, роднините и пријателите да им се придружат, да се преселат во Македонија, да не ги трпат повеќе притисоците на албанските власти. Во почетокот на преселувањето, неколку македонски семејства од Мала Преспа кога дошле во Македонија, живееле во иста куќа, делејќи ги заеднички ресурсите. Честопати можело да се сретне меѓу Македонци од Мала Преспа, што се населиле во Македонија, едно четворочлено или повеќе члено семејство да живеат во една или две соби, додека не си ја изградат сопствена куќа. Македонци што дојдоа од Мала Преспа, по неколку години поминати во Македонија, се приспособија на новиот општествен амбиент. Од ден на ден им се подобруваат условите за живот. Почнале да градат куќи. Познати се со својот скромен животен стил. Имале тенденција во Македонија да се населуваат во едно одредено подрачје. Тие се населувале по неколку семејства, за да живеат близу едно до друго со цел да си помагаат. На тој начин си ја олеснувале траумата, предизвикана со иселувањето од својот роден крај. Овие Мкаедонци настојувале да имаат барем еден сосед од делот на Мала Преспа. Тие во Македонија, продолжиле да си го слават селскиот светец, патронот, како и други верски празници (Велигден, Божиќ и др.) и понатаму си ги одржувале врските со своите најблиски роднини од делот на Мала Преспа.[364]

Девојките и момчињата од Мала Преспа, не сакале да се мажат или женат со Албанци однпосно Албанки. Поради лошиот однос на албанските власти, тие се плашеле за маж односно за жена да изберат човек со муслиманска вероисповед, кој има други обичаи, зборува на јазик, за нив непознат. Една од интервјуираните девојки дојдени од Албанија во Македонија, вели: „Ние бевме две сестри и еден брат. Од Пустец, заедно со

[364] ДАРМ, фонд: 1392, к.5, ае. 24.

родителите, под притисок на албанските власти се преселивме во Ресен. Имав 20 години кога го напуштивме нашето родно село. Јас бев постарата сестра во семејството. Неколку дена пред нашето иселување, во нашиот дом дојде една блиска сосетка. Таа ни кажа, дека едно момче Албанец сакал да се омажам за него. Но јас, уште веднаш одговорив дека понудата не ја прифаќам. Тоа беше конечна одлука. Јас не сакав да ја сменам македонската семејната традиција, да се омажам за маж со муслиманска вероисповед. Тоа би било навреда и голем удар на моето семејство“.[365]

Македонцитеод Мала Преспа, поради влошената економска ситуација во Албанија, како и поради разните притисоци што ги трпеле од страна на албанските власти, ги напушатале своите родни огништа, но секој пат биле водени од помислата, дека во Македонија интимно ќе им биде подобро. Македонците од Мала Преспа кои се населија во Македонија, најголемиот број од нив беа со ниско образование. Тие главно се населуваа во урбаните средини. Девојките и момчињата сакале да се мажат или женат со Македонец односно Македонка, со добар углед во селото односно градот. Во врска со ова, има една македонска поговорка, која вели: „ И кога земаш куче, или маче, гледај да биде од добар сој“. Кај овие Македонци, сè уште во тоа време владееше и владее патријалхалната почит кон семејството. Кога изборот бил направен за женење или мажење, таткото на момчето однсоно на девојката, ќе го советувал својот син односно ќерката да бидат послушни, добри, вредни и морални.[366]

Односот на албанските власти кон Македонците во Албанија бил таков што со право може да се помисли дека ќе се повтори онаа историската трагедија, што ја правеле грчките власти врз Македонците, односно ќе се повтори во нова форма познатиот егзодус на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Македонците од Мала Преспа беа принудени да ја напуштат својата родна земја, своето огниште.

Точно е дека како и во другите соседни земји, така и во Албанија и не само во делот на Мала Преспа, туку и во некои поголеми градови на Албанија,

---

[365] ДАРМ, фонд: 1392, к.4, ае. 35.
[366] ДАРМ, фонд: 1392, к.4, ае. 21.

како што се Корча, Тирана и други градови, каде што живеат голем број Македонци не им се признаваат националниите права. Тоа се историски факти, кои не смееме да ги тргнеме од заборав.[367]

Кога зборуваме за билатералните односи на Македонија со нејзиниот западен сосед, секако треба да се има предвид положбата и правата на македонското малцинство во Албанија, со сите проблеми што тоа ги има таму, од една страна, како и положбата и правата на албанското малцинство што живее во Република Македонија. Тоа се постојано присутни прашања во билатералните односи на Македонија и Албанија. Тоа се прашања, што се поврзани како неразделива нишка меѓу себе и на кои треба да им се посвети посебно внимание. Албанците во Македонија имаат многу поголеми права во однос на Македонците во Албанија.

За разлика од Бугарија и Грција, во Албанија признато е дека има Македонци. Се наведува дека тие живеат само во околината на Мала Преспа и дека таму постои само „една задруга". Факт е дека во основните училишта во учебната 1944/45 година, на мајчин македонски наставен јазик биле отворени девет училишта во Мала Преспа,[368] а во периодот 1990–2000 година постоело училиште на мајчин македонски наставен јазик само во Пустец. Албанија, на Македонците не им забранувала да зборуваат на својот мајчин јазик. Официјална Тирана признала дека Македонците што живеат во Албанија не се Албанци, туку се дел од друг народ, тоа ја ограничува нејзината можност да спроведува врз нив директна репресија. Но, точно е дека албанската држава не ги признава Македонците кои живеат во Корча, Тирана и во други градови во Албанија.[369]

Македонците што живеат во Албанија се дескриминрани, не само во воспитно-образовниот процес, туку и во однос на вработувањето, како и во други сфери на општественото живеење. Мал бројот интелектуалци Македонци во Албанија кои се вработуваат немаат услови за нивен просперитет.

---

[367] Ibid.
[368] Д-р Нада Јурукова, Културно просветната..., 58-59.
[369] Ibid.

Албанија поставува голем број барања за албанското малцинство што живее во Македонија. Албанците како и другите граѓани во Република Македонија, ги имаат истите права во сите сфери на човековото живеење.

При крај на 1991 година, претседатлот на Република Македонија, Киро Глигоров, примил делегација на Македонци од Албанија. Оваа делегација го информирала претседателот Глигоров, дека според нивните сознанија, во Албанија живеат околу 350.000 Македонци. Меѓу нив има и некои кои по судбина на нештата, не го знаат да го зборуваат својот мајчин македонски јазик. Тоа се оние Македонци, за кои се расплеткува тајната, поради постапките на албанските органи на државната власт, под притисок на сила, морале да одат во училишта на албански наставен јазик, да учат на туѓ јазик, за да можат нивните родители да работат и да опстане нивното семејство во живот. Но и кај овие Македонци се буди македонската свест.[370] Македонците во Албанија преку разни форми на активности, како и преку членување во културно-уметнички друштва, и преку други разни форми на активности, настојуваат да ја изразат својата македонска национална самобитност и поставуваат барања, како малцинство, да ги имаат сите оние права кои се предвидени во меѓународните документи.[371]

Македонците во Албанија имале повеќе асоцијации и друштва, чија цел била заштита на човековите права. Во пролетта 1991 година, во Албанија, била регистрирана македонската политичка партија „Македонска алијанса за европска интеграција", на чело со Едмонд Темелко. Во програмската концепција на оваа партија било наведено дека нејзината цел е економскиот развој на Мала Преспа, мошне инструктивна била тезата на оваа многу значајна асоцијација која блеснала како секавица – воспоставување поголеми врски со Македонија. За одбележување е активност на друштвото „Мир" во Тирана, претседател бил Фетаху Кимет, како и на друштвото „Преспа" од Пустец.

---

[370] ДАРМ, фонд: 1392, к.2, ае. 43.

[371] За време на Втората светска војна во Албанската ослободителна армија учествувале и Македонци. Началник на Генерал-штабот и член на Политбирото бил македонецот Христо Темелко од Дебар, истакнат борец во Ослободителното движење на Албанија. Во Албанија Македонци имало и на некои други функции.

Во летото на 1991 година, во посета на Тирана е македонска владина делегација на чело со премиерот Никола Кљусев. Во составот на делегацијата имало и неколку министри, меѓу кои и министерот за односи со странство Денко Малески, професор на Правниот факултет во Скопје. Оваа е прва посета на Албанија од страна на македонска делегација во организација на Министерствотото на внатрешни работи на Република Македонија, кое имало воспоставено контакти со своите соработници од Албанија.

Во Албанија на власт сè уште бил Рамиз Алија, заменикот на Енвер Хоџа, кого македонската делегација го посетила во претседателската резиденција. Веднаш по паѓањето на Рамиз Алија, беа воспоставени пријателски односи меѓу Македонија и Албанија.[372]

На 22 јануари 1992 година, албанскиот министер за надорешни работи Илир Бочка, бил во посета на Македонија. Во разговорите што биле водени помеѓу министерот Илир Бочка и претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, на дневен ред било поставено и прашањето за признавањето на Македонија од страна на Албанија. Во тој конеткст министерот Илир Бочка, признавањето на Македонија од страна на Албанија, го условувал со исполнување на повеќе барања во врска со правата на албанското малцинство во Република Македонија. Значи признавањето на Македонија од Албанија е условено со исполнување на барањата на албанската популација во Македонија.[373]

Во Албанија, на 8 април 1992 година, за претседател на државата е избран Сали Бериша (претседател е до јули 1997 година).

Во мај 1992 година, во Тирана престојува премиерот на Грчката влада, Константинос Мицотакис. Целта на неговата посета е децидна и јасна, „да ја убеди Албанија да не ја признава Македонија пред Европската заедница“. Набргу потоа, во посета на Македонија бил новиот министер на албанската дипломатија, Алфред Серечи.[374] При посетата воспоставил контакти со министерот за односи со странство на Македонија Денко Малески. На првата

[372] Д-р Никола Кљусев, Предизвици..., 76-85.
[373] ДАРМ, фонд: 1392, к.2, ае. 25.
[374] ДАРМ, фонд: 1392, к.2, ае. 38.

средба, првото прашање што го поставил албанскиот министер Серечи, кој по професија бил доктор-педијатар, било прашањето за положбата и правата на албанското малцинство во Македонија. Преминувајќи на актуелната ситуација, министерот Серечи, во разговорите со македонскиот министер Денко Малески, истакнал дека, Владата на Албанија нема да се залага за промена на границите меѓу овие деве соседни земји. На Владата на Албанија, јасно ~ било дека постојат големи разлики во однос на правата и положбата на Албанците во Македонија, и оние кои живеат во Косово. Министерот Серечи, во разговорите со министерот Денко Малески, ја потврдил надворешната политика на Албанија за немешање во македонската внатрешна политика, и дека Албанија од Македонија ќе бара правата на Албанците во Македонија да бидат гарантирани врз основа на меѓународните договори. Тоа секако е еден од примарните услови, Албанија да ја признае Македонија како независна држава. Албанците во Македонија како и сите други нејзини граѓани, имаат исти права и должности. Албанското малцинство во Македонија ги има истите права и должности со другото население, во областа на културата, образованието, присутно е во органите на власта, судството, војската, државната управа, итн. Министерот Серечи во разговорот со македонскиот министер Денко Малески, зборувал и за спомен-плочата, посветена на албанската азбука во Битола, која ја открил Владо Малески, а која била срушена, и побарал нејзина реконструкција. Во разговорот министерот Серечи се согласил дека „Албанија нема право Албанците во Македонија да ги насочува што да прават“[375]. Во врска со состојбите на македонско-албанската граница, Серечи истакнувал дека „испукувањето на куршуми и убивањето на невини лица, е резултат на лични сфаќања на поедини луѓе, кои не стасале да размислуваат демократски“. Министер Серечи, изјавил дека Албанија набргу ќе ја признае Македонија. Ваквиот став на Алфред Серечи, бил потврден и при официјалната посета на претседателот Киро Глигоров на Албанија. Во разговорите водени меѓу претседателот Киро Глигоров и албанскиот претседател Сали Бериша, во Тирана, од албанската страна било потврдено дека Алабанија наскоро ќе ја

[375]Д-р Денко Малески, Бебето од катран: Македонија во меѓународните..., 246-273..

признае Република Македонија. Ваквиот став на претседателот Бериша, бил потврден и при неговата посетата на Македонија на 17 јуни 1992 година, „признавањето на Македонија од страна на Албанија, преставува билатерално, а не мултилатерално прашање“.[376] Оваа изјава, во широк лак ги открива меѓудржавничките односи меѓу овие две соседни земји, ги отркива идејните профили и карактери во тој контекст. Слични такви позитивни изјави суштествуваат во времето, и натаму се изнесуваат од страна на Албанија.

На 29 јули 1992 година, потпишан е Македонско-албански протокол за отворање конзуларни бироа во Скопје и Тирана.

Владата на Република Албанија, на 26 април 1993 година, усвои посебна Декларација, со која ја призна независноста и сувереноста на „Поранешната Југословенска Република Македонија“. Но и покрај ваквата политиката на Албанија, сеедно во која варијаната, таа врз некои примери кон Македонија, го покажа своето друго лице. Имено Албанија, македонскиот најблизок западен сосед, не се одлучи да ја признае Македонија под нејзиното уставно име. Албанија, во надворешната политика, како што е и со Бугарија, емитува сигнали, кои допираа по животната судбина на Македонија со цел никогаш Македонија да не може да дојде до своите исконски права. Албанија воспостави дипломатски односи со Македонија, откако тоа го направиле повеќето членки на Европската Унија, дури на 24 декември 1993 година. Поради ваквите ставови, претседателот Киро Глигоров со право размислувал за определени резерви во однос на политиката на раководството на соседна Албанија кон Македонија.[377]

Во Албанија почнува сè повеќе да се влошува состојбата. На 2 март 1997 година, прогласена е вонредна состојба во Албанија. Поради таквата состојба Владата на премиерот Александар Мекси беше принудена да поднесе оставка. Сали Бериша е реизбран за претседател на Албанија. Ситуацијата на јужниот дел на Албанија сè повеќе се заострува и слободно може да се каже дека е надвор од контрола на власта.

[376] Киро Глигоров, Македонија е сé што имаме..., 436-437.
[377] Ibidem, 438-442.

Албанската академија на науките во октомври 1998 година ја објави својата платформа за решавање на албанското национално прашање на Балканот од позиции на големоалбански национализам со територијални аспирации кон Македонија. По тој повод веднаш потоа МАНУ се спротистави на платформата на Албанската академија на науките и објави свои гледања во врска со овој стратегиски документ.[378]

Албанија надворешната политика кон Македонија ја насочува со проблемот на поголеми права на Албанците што живеат во македонската држава.

### *4. Македонско-грчки односи*

Создавањето нови независни и суверени држави на Балканот, поточно на просторот на поранешната југословенска држава, предизвика посебно внимание во меѓународната јавност и бурни превривања во дипломатските кругови. Во тој контекст, на прашањето на создавањето на Република Македонија, како независна и суверена држава, огромен простор бил посветен во медиумите на соседните, европските, како и во светските медиуми воопшто, и во голем број документи од повеќе земји на светот. Точна оцена по македонското прашање и за надворешната политика на Македонија со Грција, не може да се даде, бидејќи во тој поглед различни држави имаат различно гледиште. По поедини конфликти во односите меѓу Македонија и Грција, македонскиот јужен сосед, практично ја изгуби секоја смисла во однос на добрососедските односи. Меѓутоа, врз основа на исцрпните сознанија за овој значаен политички феномен, можно е да ја расветлиме и задднината, односно да ги расветлиме ставовите на Грција во последната деценија на XX век по однос на македонскаото прашање.

Уште при распадот на Југосавија, Грција изјавувала, дека нема да го признае прогласувањето на независноста на Македонија под нејзиното уставно

[378] Ibid.

име. Тоа се потврди со првите грчки реакции, кои се појавија веднаш по донесувањето на Декларацијата за независност на Република Македонија. Во грчикот печат, а пред сè во десничарскиот весник „Елефтерос типос“,[379] честопати се истакнувало дека „создавањето на Република Македонија како независна и суверена држава, ќе предизвикало трајна закана за националните интереси на Грција“. Во јуни 1991 година, било забележано, зголемено присуство на грчки воени едници на македонско-грчката граница.

Грција, водеше таква надворешна политика чија цел беше да го спречи признавањето на Република Македонија под нејзиното уставното име. Поради настанатите современи и актуелни настани што се појавија по распадот на СФРЈ, кај соседите на Република Македонија, а во тој контекст и кај соседна Грција дојдоа до израз разни интереси. Овде се поставува едно многу важно и суштинско прашање. Зошто Грција се одлучи на еден таков чин, да го негира уставото име на Република Македонија, а тоа значеше и оспорување на македонскиот идентитет.

Ваквата политика на Грција е резултат на некои историски наследени ситуации, што настанале по Балканските војни, односно со потипушувањето на Букурешкиот мировен договор во 1913 година. И навистина прашањето за признавањето на Македонија под нејзиното уставно име, стана едно мошне актуелно прашање во меѓународната јавност.

Македонсктото прашање, повторно беше „оживеано“ со прогласувањето на Република Македонија, како незивисна и суверна држава (8 септември 1991 година). Во ова време, грчкото политичко раководство, протестираше бидејќи новата независна држава се вика Македонија. Тоа тврдеше дека името Македонија ~ припаѓа само на Грција. Во тој контекст се и тврдењата на Грчката влада, која што ширеше разни невистини, дека Република Македонија го узурпирала името Македонија и поради тоа се навредени сите Грци и дека македонска држава, која се наоѓа на север од Грција, ќе има територијални претензии кон својот јужен сосед.[380]

[379] ДАРМ, фонд: 1392, к.6, ае. 27.
[380] Виктор Габер, За македонската..., 234-238.

Во 1991 година, по прогласувањето на независнота на Македонија, во грчиот печат, во јавноста, во редот на политичките партии, проблемот за признавање на независнота на Македонија од страна на Грција, му се даваше негативна нота. Точно е дека Македонија во надворешната политика кон Грција никогаш не појави територијални претензии не побара враќање на територијата од Егејскиот дел на Македонија којашто на Грција ~ припадна со Букурешкиот мировен договор од 1913 година. Објективно, Македонија, ниту во еден момент не преставуваше опасност за Грција и за нејзините национални интереси. Но, Грција беше опседната со мислењето дека Македонија сака да ~ се вратат одземените територии, и како да преовладуваше страв во Грција, дека без територијата од Егејскиот дела на Македонија, таа би била едена мала осторвска држава, со мал континентален дел и не би имала големо стратешко значење без солунското пристаниште. Грција во својата политка зазема негативен став во однос на признавањето на Македонија под нејзиното уставно име. Независно од фактот што во македонскиот Устав се направени извесни измени, односно дополнувања, како на пример, дека Македоноја нема никакви територијални претензии во однос на која било соседна држава, и второ, дека Македонија не сака да се меша во внатрешната политика на кој било сосед. Меѓутоа и покрај овие измени, надворешната политика на Грција кон Македонија се движеше во многу лоша насока.[381]

Грција им објаснувала на владите на државите што имале намера да ја признаат независноста и суверености на Република Македонија, дека доколку не ја одложат својата одлука по тоа прашање, секако тоа негативно ќе се одрази врз напорите за средување на односите меѓу Грција и Македонија. Ваквиот грчки став бил изнесен и објаснет пред претставниците на земјите-членки на ЕУ и од нив Грција барала поддршка и разбирање во однос на македонското прашање, како и нивна поддршка за влијание кај земјите што не биле членки на Европската Унија. Грчките дипломатски преставници

[381] Ibid.

изнесувале и лажни аргументи дека постои некаква можност кај раководството во „Скопје“, под одредени услови, да прифати промена и на уставното име.[382]

Македонските дипломатски преставници преземаа разни активности со цел да им објаснат на претставниците од меѓународната дипломатија дека Македонија не прифаќа никакви преговори за промена на името и дека Грција води политика само со цел да го одложи прашањето за признавањето на независнота на Македонија. Ваквата политика на Грција нема основа и не требало да се одлага решевањето на македонското прашање.

По одржувањето на референдумот за независнот на Македонија, сè повеќе се вжештувала амосферата во Грција. Дошло до раздвижување во политичките и дипломатските кругови во соседните земји. Тоа е време кога од официјалните гласила се дознава дека ЕУ ѝ доделила на Грција многу поволен кредит од 500 милиони германски марки, за реконструкција на пристаништето во Солун. Постоела можност, предвидената реконструкција на Солунското пристаниште, да биде искористена за прекинување на услугите што Солунското пристаниште ги врши на македонското стопанство.[383]

Во тоа време, не беа можни какви и да се дипломатски контакти меѓу Македонија и Грција. На денот на отварањето на Саемот, на 9 септември 1991 година, во Солун, присуствувала и македонска делегација, предводена од претседателот на Собранието, Стојан Андов. Саемот, го отворил претседателот на Грчката влада, Константин Мицотакис. Во македонската делегација, биле: Стојан Андов, Душан Петревски (претседател на Стопанската комора на Македонија), Љупчо Арсов (поранешен југословенски конзул во Солун, вработен во Министерството за односи со странство како раководител на секторот за односи со соседните земји), Штерјо Наков (директор на „Фершпед“, главен шпедитер на македонските стоки што минувале низ Солунското пристаниште), и уште осум лица преставници на поголеми фирми од Македонија, чии стоки се транспортирале преку Солунското пристаниште. Посетата на македонската делегација била успешна. Биле реализирани

---

[382] Стојан Андов, Од мој агол, Матица Македонска, Скопје, 2004, 115-123.
[383] Д-р Иван Катарџиев, Соседите и Македонија...., 96-102.

предвидените средби и разговори. Македонската делегација остварила средби со претседателот на Комората за Северна Грција и со генералниот директор на Солунското пристаниште, кој им објаснил на преставниците од Македонија, кои делови од Солунското пристаниште ќе се реконструираат со парите од Евроспката Унија, и потврдил дека фирмата „Солунското пристаниште", има голем интерес да соработува со фирмите од Македонија.[384]

Медиумите во Република Македонија, дале позитивни информации за посетата на македонската делегација во Солун. Со македонската делегација во Солун, имало и неколку македонски новинари. Во Грција, пак, посетата на македонската делегација, воопшто не била одбележана во медиумите. Меѓутоа, факт е дека во печатот се појавиле многубројни написи, како што се: „Што сака Скопјанецот Андов во Солун?", „Кој ги поканил Скопјаните да дојдат во Грција?", „Да се сменат тие што седнале да разговараат со Скопјанецот!" и други. Написите со антимакедонска содржина во грчкиот печат се појавувале повеќе денови. Исто така, претставниците од грчка страна, кои имала средба со македонската делегација, во Солун, биле изложени на големи притисоци и напади од јавноста.[385]

Според некои извори, исто така се дознава дека премиерот Мицотакис размислувал по македонското прашање да раговара и со претседателот Киро Глигоров. Факт е дека претседателот на Македонија не можел да прифати алтернативно грчко признавање на Македонија под името „Славо-Македонија".

Според изјавата на потпаролот на Грчката влада ставот на Самарас всушност преставувало официјален став на Владата на Грција. Грција со неаздовлоство ја примила изјавата на Бугарија, и на други држави за признавање на Македонија со повторување на „категоричниот став дека Грција никогаш нема да ја признае државата со историското грчко име Македонија..."[386]

[384] ДАРМ, фонд: 1386, к.6, ае. 14.
[385] Стојан Андов, На мој начин..., 236-248.
[386]Киро Глигоров, Македонија е сè што имаме..., 338.

Во текот на ноември 1991 година, во Атина посебен акцент се ставил на националните прашања, врзани за националната безбедност на Грција, а пред сè односите со соседите. Власта и опозицијата се согласлие за заеднички настап околу прашањето на Македонија. Од нивно гледиште беше ставен коментар на македонскиот нов Устав. Тој се оценувал како двојна „провокација ..., не ја гарантира неповредливоста на границите, и дека поттикнува на територијални претензии кон Грција и го отвара прашањето на постоењето на македонското малцинство во Грција."

Тогашниот шеф на македонската држава, Киро Глигоров и Владата, бараа формула за заеднички настап за односот на Македонија кон Грција. Претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, на 2 декември 1991 година, испратил писмо до претседателите на државите и на владите на земјите во светот, за признавање на Република Македонија, и по усвојувањето на Декларацијата за меѓусбено признавање на Македонија како суверена и независна држава, започна процесот на меѓународна верификација на Република Македонија, а паралелно со тоа и процесот за нејзино активно вклучување во светоското глобално општество.[387]

Во писмото претседателот Глигоров бара признавање на независноста и суверенитетот на Република Македонија. Единстевено Грчката влада и официјално го отфрлила македонското барање за признавање на Македонија како суверена и независна држава.

Ваквиот став на Грција се гледа и од содржината на еден извештај на меѓународната група за малцински права, објавен во октомври 1994 година.

Од содржината на овој Извештај, се дознава дека Грчката влада, уште на 4 декември 1991 година, ги дефинирала условите за меѓународно признавање на Република Македонија. Еден од условите што ги поставува Грција на Македонија, за да биде признаена за суверена и независна држава, Македонија да не го користи своето уставно име, име кое според ставот на Грција има чисто географско, а не етничко значење, и дека Македонија треба да се изјасни дека нема да има територијални претензии кон Грција, и да признае дека во

[387] Ibid.

Грција не живее македонско малцинство. Од ова се гледа, според владината опција, на чие чело бил Мицотакис, како и гледиштето застапувано од неговиот министер Самарас, за Грција би било најдобро, Македонија воопшто да не постои како држава. Точно е дека целата нивна аргументација околу непризнавањето на Македонија под нејзиното уставно име, и покрај тоа што Македонската влада имаше јасен став дека Македонија нема никакви територијални претензии кон Грција, сепак Грчката влада, стравуваше дека по признвањето на Македонија, можеби ќе поведе некакава иницијатива пред меѓународните институции за враќање на териториите од етничка Македонија, што се наоѓаа во рамките на Грција.[388]

Во интерес на вистината, во Грција имало поедини луѓе, кои за разлика од Владата на Мицотакис и министерот Самарас, имале поинаков став во однос на Македонија. Во Македонија, внимателно се следеле сите грчки реакции. Вања Хаџиев, по потекло од Егејскиот дел на Македонија, кој тогаш живеел во Грција, со посебно внимане ја следел содржината на текстовите објавени во грчкиот печат, а за тоа го известувал македонското раководство. Од Вања Хаџиев, претседателот Глигоров бил запознат и со некои мислења на познати грчки научници, коментатори, некои биле од опозицијата. Тие сметале дека потребно е Грција да има добри соседски односи со Македонија, поради економски и други причини, се разбира поради грчките интереси наведувајќи го како пример, прометот што се одвивал во пристаништетото во Солун, можностата од грчки инвестиции, со оглед на поволната географска положба што ја има Македонија. Низ Македонија поминуваат важните стратешки патишта од јужниот сосед – Грција кон Европа.[389]

На 5 декември 1991 година, грчкиот амбасадор во Белград, Елефтериос Карајанис и конзулот во Скопје Димитриос Караитидис, по нивно барање, го посетиле претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров. Ова беше прва посета на грчки официјални претставници по прогласувањето на независноста на Република Македонија. Во официјална Атина, оваа посета

[388] ДАРМ, фонд: 1386, к.6, ае. 38.
[389] ДАРМ, фонд: 1386, к.3, ае. 23.

беше оценета како чекор на добра волја од грчка страна, а истовремено целта на посетата била да се запознае македонското државно раководство со старите тези и услови на Грција околу признавањето.

Познатиот грчки публицист, Ставрос Лигерос, во еден свој напис, објавен во весникот „Неа сињора“, Атина, 1992 година, го разгледува и прашањето околу признвањето на „Скопје“. Во тој контекст Лигерос зборува за две алтернативни решенија. Во првото алтернативно решение тој смета, Грција во една офанзивна политика да изврши пенетрација и сателизирање на „скопската државичка“. Публицистот Лигерос смета дека Грција треба да изврши промена на курсот во однос на минатото со цел да има привелегирани економски односи со Македонија, и да ~ понуди еден пакет политички гаранции. Во својот напис зборува дури и за некои маргини за модификација на името. Но сето ова Грција да го направи со јасна цел, да се создадат поволни услови за грчката економска пенетрација во Македонија, преку стимуланси на грчките бизнисмени во Македонија, со цел Македонија во економски поглед да стане зависна од Грција, да ~ се овозможи користење на Солунското пристаниште, обезбедување на потребите со нафтени деривати, итн. За да се создададат можности за реализација на овие барања, Лигерос смета дека Грција би требало да има почести контакти со владиното раководство од Скопје, да му понуди поддршка, а истовремено да даде на знаење дека Грција нема да дозволи никакви антигрчки игри со други сили. На тој начин „скопската државичка“ ќе ја претвори во геополитичка и геоекономска зона со грчко силно влијание.[390]

Разгледувајќи ја втората алтернатива односно политиката на актуелната грчка Влада, односно политика на растурање на „скопската државичка“, грчкиот публицист Лигерос, пооделни суштински прашања ги гледа мошне реално, и во врска со тоа укажува на некои важни проблеми на тој план, односно дека Скопје нема да дозволи да го напушти идентитетот Македонија, и дека битката за името на Македонија не почнува од нула, и дека сите аргументи што ги изнесува Грција, со цел да се оспори македонскиот

---

[390] ДАРМ, фонд: 1386, к.7, ае. 49.

идентитет, и да не се признае Македонија под нејзиното уставно име, „ги прави Грците почуствителни“. Лигерос, од опозициска гледна точка, ја критикува тогашната грчка Влада и шефот на грчката дипломатија, Самарас, затоа што „ако веќе Грција се определила за непризнавање на Македонија, според него, таа не води активна политика за растурање на државичката – иако, од Бадинтеровата комисија, Грција не може многу да очекува од нејзините напори во рамките на европската политичка соработка, да го попречи патот на признавање на „Скопје“.[391] Грција, може да ги заштите своите национални интереси, преку еконосмко вложување во Македонија и на тој начин би се извршило влијание и на политички план.

Од грчка страна, во почетокот на јануари 1992 година, беше иницирана дипломатска средба, во која учествуваа преставници од Македонија и од Грција. Преговорите биле водени, во еден хотел во Атина, на 3 јануари 1992 година. Во разговорите, учествувале експерти од двете министерства за надворешни работи. Најсложено прашање на преговорите било името на Република Македонија. Преговорите биле прекинати по 3 часа. Според изјавата на грчкиот амбасадор Емануел Каламидас, грчките преставници, увиделе дека македонската делегација нема политичко одобрување да води преговори за името на Македонија.[392]

Ставот на грчката делегација, и општо на официјална Атина, бил кристално јасен. Тие сметале, Македонија, ако се нарекува со своето сопствено име, всуштност таа, преставува лажен идентитет, и на тој начин се фалсификува историјата на Грција. Во преговорите, станало збор за условите на ЕЗ за признавање на незавинсота на Република Македонија, како и за развојот на односите меѓу овие две соседни земји. Оваа дипломатска средба, според оценката на потпаролот на Грчката влада, била на многу ниско ниво и без политичко значење.

Во преговорите, од македонска страна учествувал Ахил Тунте, кој ја предводел македонската делегација, советник во кабинетот на претседателот

[391]Киро Глигоров, Македонија е сè што имаме..., 339.
[392] Д-р Денко Малески, Бебето од катран: Македонија во меѓународните...., 368-376.

Глигоров. Тој ја потврдил информацијата, дека на средбата во Атина, не станало збор за името на Македонија, но таа била корисна, и изразил надеж дека преговорите ќе продложат во Скопје.[393]

По оваа прва средба во Атина, во грчките медиуми се појавиле закани, дека Грција ќе стави вето за признавањето на Република Македонија, под нејзиното уставно име, и затоа ако сака Македонија, да биде меѓународно призната, треба да си го промени името. Тогашниот премиер на Грција, Мицотакис, испаратил јавен повик до Македонија, со цел да го смени уставното име.

Грција, кон крајот на јануари и почетокот на февруари 1992 година, ја блокира границата со Македонија. Овој пат, причина бил грчкиот синдикат на камионџиите. Блокадата тарела 9 дена. Потоа, границата делумно била отворена за излез кон Македонија. Претставникот на синдикатот, навел дека блокадата е божем поради протокот на товарните возила кои доаѓале од Чехословачка и Унгарија, поради постојните високи такси на овие две земји кои ги плаќале грчките возачи. Но овде се поставува прашањето, дали отварањето на границита од грчка страна е направено поради попуштање од пристисок на ЕУ или неуспешните ефекти на болокадата.

И покрај неисполнетите барања на Синдикатот, грчката полиција ги растерала штрајкувачите под големиот притисок на ЕУ. На границата, за македонските возачи, продолжија инцидентите и задржувањата, затоа што превезуваа стока за Република Македонија, или пак поради што на името на работната организација стои името Македонија.

*Во Грција пак, во февруари 1992 година, во повеќе градови беа* организирани митинзи-протести кои имаат антимакедонски карактер. За одбележување се големите семакедонски митинзи, во Солун, имало околу 500.000 луѓе, на митингот во Атина имало околу 1.000.000 луѓе, и во други градови. На овие митинзи, Република Македонија била обвинувана за „неријателство, за експанзионизам и за дестабилизација на регионот". На митинзите говореле градоначалници, политичари, митрополити. Покрај

[393] Киро Глигоров, Македонија е сè што имаме...., 401-403.

обичните граѓани, на митинзите учествувале и деца и војници. Главна парола на митинзите била „Македонија е грчка“. Се извикувале нациналистички и воинствени пароли, како што се: „Македонија е грчка и само грчка“; „Подготвени сме за каква и да било борба“ и слично. Демонстрантите барале од Европската заедница да го одбива признавањето на Република Македонија, тие бараа во името на Република Македонија да се отфрли зборот „Македонија“. Грчките демонстранти носеле сини знамиња и транспаренти кои преставуваа прокламирање на грчкиот карактер на Македонија.[394]

Вакви протести во текот на 1992 година, Грците организирале ширум Европа, Америка и Австралија.

Во ова време, за одбележување е и еден непријатен настан што се случи за време на демонстрациите во Атина, за време на меѓународен фудбалски натпревар, на аеродромот бил инциниран инцидент со Дарко Панчев, познат македонски фудбалер.

Во почетокот на 1992 година, во пристаништето Пиреа во Грција беа запленети телекомуникациска опрема и лекови наменети за Македонија. За овој настан, остро реагираше Владата на Македонија. Секако тоа не беше обична „рутинска царинска мерка“.[395]

Грција, во текот на 1992 година, преку медиумите постојано вршела притисок дека целосно ќе ја затвори границата со Република Македонија, доколку по Министерскиот совет во Лисабон, некои земји на ЕЗ ја признаат Македонија. Андонис Самарас, министер за надворешни работи на Грција, остварил средба со министерот на трговската морнарица и со министерот за сообраќај. На средбите, министрите ги разгледале алтернативните правци за транспорт на грчките производи. Бил презентиран и план за реорганизација на пристаништата на Патарас и Игуменица, со цел да биде поефикасен трансферот од овие две пристаништа за Италија. На тој начин министрите воделе политика на подлогорочно затворање на границата со Република

[394] Ibidem, 401-406.
[395] Ibid.

Македонија. Целта била јасна. Грција, да изврши не само пропаганден притисок, туку и економски притисок врз Македонија.[396]

Во Грција имаше разни активности, обвинувања, па дури и судски процеси, апсења, на симпатизери, кои ширеле пропагадна активност за признавање на независноста на Република Македонија. По повод јавните реакции во Грција, во пролетта и летото на 1992 година, во грчката престолнина Атина, во нејзиниот центар биле лепени плакати во прилог на поддршка на признавањето на Република Македонија. Се растурале летоци, на кои пишувало „соседните земји не ни се непријатели", „не сакаме војна, не сакаме национализам". Од редот на демострантите, три лица кои испишувале и растурале летоци во прилог на Република Македонија, биле осудени на 19 месеци затвор. По тој повод, 40 интелектуалци, до Владата на Грција упатиле протесна петиција. Потоа оваа петиција била проширена со текст, во кој се барало Република Македонија да биде призната од Грчката влада, ја потпишале уште 169 грчки универзитетски професори, пратеници, новинари.[397]

Во текот на 1992 година, продолжија притисоците од страна на Грција врз Македонија. Во предвечерието на донесувањето на Извештајот на Бадинтеровата комисија, Грција повторно извршила голем притисок врз Македонија. Без никви објаснувања, го забранила влезот за македонски граѓани во Грција. Не само патниците, кои патувале со сопствени возила во правец на Грција, туку и многу ретки патници кои патувале со воз за Грција, биле прогласувани за непожелни лица и врќани во Македонија, од граничните премини Евзони и Дојрани. Визите, иако македонските граѓани, кои патуваа за Грција ги добивале во грчкиот Конзулат во Скопје, биле поништувани. Така, на 9 јануари 1992 година, Грција ги блокирала сите товарни возила на кои во нивните документи стоело крајна цел Република Македонија. Грција, водеше таква политика, што ги надминуваше сите граници и сè што имаше ознака Македонија, му е забранувано влез и превоз низ Грција. Биле запрени четири камиони на „Мактранс" во пристаништето Патрас. Ова е само почеток на

[396] Ibid.
[397] Ристо Никоски, Улогата на САД во македонската голгота: (1991-2013), Скопје, 2014, 85-94.

драмата што ја правеше царинската служба на Грција. По тој повод, Министерството за надворешни работи на Грција, издаде наредба дека се работи за со сомневање на транспорт на оружје од Хрватска за Македонија. На лице место, била испратена специјална инспекција, која удврдила дека се работи за електорнска опрема од „Искра"– Крањ. Во врска со овој немил настан, потпаролот на Грчката влада, дал изјава, во која наведува, дека се работи за чисто царински случај, кој нема никаква политичка заднина.[398]

Во Грција продолжиле притисоците и стравувањата од меѓународно признавањето на Македонија под нејзиното уставно име. Поранешниот премиер, Андреас Папандреу, тогашен лидер на опозицијата, на средбата со парламентарната група на ПАСОК, во мај 1992 година, ја изразил својата вознемиреност и загриженоста од очекувањата на Турција, Бугарија и повеќе земји на ЕУ, кои се готови да ја признаат Македонија под нејзиното уставно име. Слична вознемиреност и загриженост имало и во редовите на Грчката влада, поради напорите на „Владата од Скопје", која по секоја цена, сака да си го обезбеди признавањето на својата земјата. Грчката влада, посебно била вознемирена поради дипломатската посета на Велика Британија од страна на претседателот Киро Глигоров, во октомври 1992 година. Во Лондон, претседателот Глигоров се сретнал и преговарал со шефот на британската дипломатија, неговата екселенција Даглас Херт.[399]

Грчката влада, од своја страна, понуди решение да ја признае македонската држава, но поставуваше разни услови, на пример, макар со нешто да се промени името Македонија. Во текот на кампањата за признавање на Македонија на меѓународен план, од страна на Грција биле дадени многу предлози, кои содржеа разни додавки за името на Македонија, меѓу кои: „Дарданија", „Пајонија", „Илирија" (имиња кои се употребувале за време на античкиот период), „Централна Балканска Република", „Јужна Србија", и др. Тоа се предлози за имиња, што всуштност го негираат постоењето на суверенитетот и независноста на Република Македонија, имиња кои исто така

[398] ДАРМ, фонд: 1386, к.6, ае. 32.
[399] ДАРМ, фонд: 1386, к.6, ае. 28.

го негираат и постоењето на Македонците како посоебен народ, кои имаат свој посебен идентитет. Грција ѝ се обраќала на Република Македонија како на „Словенска Република Скопје“ или „Република Скопје“.[400] Грција го негирала македонскиот јазик и наведувала дека тој е дијалект на бугарскиот јазик. Некои грчки политичари, историчари, а пред сè лингвисти изнесуваат неосновани гледишта во однос на македонскиот јазик. Тие тврдат дека македонскиот јазик е „приправен лингвистички гулаш, зачинет со зборови од скрпско, чешко, полско и руско потекло, кои сите можат лесно да го препознаат“. За време на вжештена кампања, што Република Македонија ја водеше за нејзино меѓународно признание под нејзиното уставно име, таа се здоби со многубројни симпатии и поддршка кај многу луѓе од светот. Раководството на Македонија, изнесуваше мислења, дека грчкиот став, односно грчкото претендирање за ексклузивитет на името Македонија, е прашање од суштинско значење за сите засегнати страни, но повремено граничи со грчкиот апсурд.

Европската Унија (ЕУ) била иницијатор на бројни билатерални контакти на владини делегации од Македонија и Грција на мошне високо ниво, како и на размена на парламентарни делегации. Разговори двете страни имале во текот на 1992 година, како и во наредните години. Во 1992 година, и во годините што следат потоа, во посета на Европската Унија биле повеќе грчки парламентарни делегации. Овие средби придонеле за јакнење на грчкото влијание во редовите на ЕУ. Раководството на ЕУ, во првиот момент немало јасен став по однос на прашањето на името на Република Македонија. Тоа било пред сè заинтересирано за воспоставување на повеќе писмена соработка меѓу двете балкански држави, меѓутоа во Европската Унија притисок правела Грција. Тоа се гледа и од Декларацијата на Европската Унија, усвоена во Лисабон, на 27 јуни 1992 година, во која признавањето на Република Македонија беше условено со прифаќање на друго име, во кое ниедна варијанта не би го содржела името Македонија. Владата на Република Македонија одржа посебна седница на 28 јуни 1992 година, на која го отфрли

[400] Драган Стоиловски, Република Македонија во меѓународните односи: 1991-1998, Штип, 1999, 153-178.

делот од Декларацијата на Европскиот совет, каде што признавањето на Република Македонија е условено од промена на нејзиното уствно име.[401] Ваквиот став на ЕУ предизвика незадоволство во Република Македонија, и насекаде ширум светот каде живеат Македонци. Истиот ден кога беше донесена декларацијата на ЕУ за поранешна Југославија, беа организирани протести во повеќе градови на Македонија: Скопје, Битола, Прилеп, Охрид, Велес, Кавадрци, Штип, Струмица, Тетово и други, како и во многу градови во земјите, во кои живеат Македонци.

На протестот во Скопје, особено беше гласна македонската студентска и средношколска малдина. Во еден напис, објавен на страниците на „Нова Македонија", меѓу другото се вели: „Плоштадот „Маршал Тито" во Скопје, беше како море, покриено со црвено македонско знаме и транспаренти за време на тензичниот, но емотивен, мирен протест". На транспарентите и плакатите, демонстрантите ги испишале паролите: „Срам е ова за Европа!", „Македонија никогаш нема да се откаже од своето уставно име!", „Македонија е татковина на Македонците", „Македонците, не се ни Грци, ни Бугари", „Европска заедницо, признај ја сега веднаш Македонија!", „Родени сме со името Македонци, и живееме со него!", „Бараме Македонија да биде меѓународно признаена", и многу други. Македонија во барањето за меѓународно признавање под нејзиното уставно име најде поддршка кај повеќе земји од светот.[402]

Во Скопје, протестот се одржал пред зградата на Собранието, учествувале иљадници граѓани. На протестот одржал говор претседателот Киро Глигоров. Тој во својот говор, вели: „Се чуствувам непријатно и засрамено поради пролонгирањето на признавањето на Република Македонија од страна на Европската Унија и притисоците што ги прави Грчката влада врз членките на ЕУ." Секако дека политиката на Грчката влада е еден од главните факторите кои придонесоа за одложувањето на признавање на Македонија од

[401] ДАРМ, фонд: 1305, к. 61, ае. 43.
[402] ДАРМ, фонд: 1386, к.6, ае. 38.

страна на ЕУ. Грчкото влијание во ЕУ беше големо и затоа на Македонија ~ се правеа проблеми во процесот на нејзиното меѓународното признавање.

На 21 август 1992 година, Грција со едно измислено обвинување дека Македонија ги крши санкциите спрема СРЈ, воведе економско ембарго кон Македонија. Грција, привремено го замрзна транспортот на нафта за Македонија. Во пристаништето во Солун беа прекинати товарењето и испораката на нафта за Македонија, Босна и Херцеговина и Хрватска. Тоа се однесува дури за веќе купената нафта од македонска страна, што се наоѓаше во складиштата на нафтени деривати во Солун. Според обемот, ова економско ембарго, што го воведе Владата на Мицотакис кон Македонија, може да се рече „било поблаго" во споредба со ембаргото што го воведе Владата на премиерот Папандреу. Ембаргото што ќе го воведе Мицотакис, беше прв обид Македонија да се натера да ги прифати сите услови што ги поставува Грција.[403]

Како резултат на економско ембарго од страна на Грција, во Македонија настана мошне тешка ситуација. Се чувствуваше недостигот на нафта, бензин, недостиг на основни прехранбени артикли: шеќер, масло, брашно и друго. Сето тоа предизвика определена нервоза кај македонското население. Тоа се плашеше да не дојде до војна.

Македонија не преставуваше никаква закана за Грција. Тоа се потврдува и од содржината на интервјуто на претседателот Киро Глигоров, објавено од белгискиот публицист Жан Воф во мароканското списание „Либерал", на француски јазик, во јуни 1992 година, во кое меѓу другото се вели: „Македонија ѝ нуди пријателство и соработка на Грција. А што се однесува до опседнатоста со тоа Македонија да го промени името, јас воопшто не гледам што ќе добие Грција со тоа, ниту пак гледам што ќе загуби ако го задржиме името Македонија. Ние живееме во дел од подрачјето што се нарекува Македонија и себеси со векови се нарекуваме Македонци...".[404] На друго место во интервјуто за мадридски „Ел паис", исто така од јуни 1992 година, претседателот Киро Глигоров истакнува: „Проблемот со името на Македонија

---

[403] Ibid.
[404] ДАРМ, фонд: 1392, к. 6, ае. 31.

е само изговор за Грција. Таков е проблемот и со божемните територијални претензии, како и со тврдењето дека сакаме да ја узурпираме грчката историја, заедно со Александар Македонски.... Ние веќе со векови живееме во областа што се вика Македонија и со текот на историјата сме се идентификувале како Македонци. Сме започнале даа се нарекуваме Македонци за да дадеме јасно до знаење дека не сме ниту Срби, ниту Бугари, иако сме словени. Што сакаат тиа од нас? Сакаат од нашите книги и од нашите учебници да го избришеме зборот Македонија“.[405]

Грција не сакаше да признае дека на нејзината територија живеат малцинства, припадници на други народи, аналогно на тоа не сакаше да го признае ни постоењето на македонското малцинство во Егејскиот дел на Македонија. Но реалноста во Грција покажува, историските факти потврдуваат дека Македонците во соседна Грција не исчезнале. Сè додека тоа македонско население се занимава со земјоделство кое претставува битен дел од економијата на просторот каде останало да живее, тоа е голема гаранција за зачување на националните македонски, верски и други обележја. Врз Македонците од Егејскиот дел на Македонија, во историското минато, им е направена голема штета и неправда: по Балканските, и по Првата светска војна, а пред сè за време на Граѓанската војна во Грција, од 1946 до 1949 година, илјадници Македонци од Егејскиот дел на Македонија под притисок на сила од страна на грчките власти, беа принудени да ја напуштат својата родна земја, своето огниште, да имигрираат како бегалци во Југославија, Бугарија, Полска, Романија, Чехословачка, Унгарија, Русија, Канада, нешто помалку во САД и други земји. Сето тоа резултираше врз македонското малцинство што живееше и живее на тие простори, принудувајќи го или да се погрчи или пак да бара егзистенција надвор од грчките граници.

Врз основа на сето тоа, слободно може да се дојде до одговор, зошто Грција, по прогласувањето на Македонија за независна и суверена држава, сите расположиви средства ги употреби против Македонија, сметајќи ја како потенцијална опасност за актуелизирање на малцинското прашање во

[405] ДАРМ, фонд: 1392, к. 6, ае. 48.

Егејскиот дел на Македонија. Грција во својата надворешна политика во однос на Македонија користеше разни средства, а пред сè: дипломатијата, членството во Европската Унија и во НАТО, големото грчко лоби кое постои во светот, за кое се вели по еврејското е најмоќно во Соединетите Американски Држави.[406]

Во годините по прогласувањето на Република Македонија за независна држава, се крена една внатрешна тензија во Грција. Тоа не беше само политика на тогашниот премиер Мицотакис, туку и на актуелната Влада на „Нова Демократија", која акцентирајќи го македонското прашање, сакаше да изврши влијание врз целокупната грчка јавност и да добие повеќе симпатии за да ја зацврсти својата позиција оваа партија, што ѝ беше потребно за престојните парламентарни избори. По тој повод, јасни се коментарите и рефлексите во светските медиуми како и на меѓународната јавност, на која ѝ станува јасна политиката на Грција во однос на непризнавањето на Македонија под нејзиното уставно име, односно кои се причините за спорот околу името меѓу Македонија и Грција.

Грција се меша во внатрешната политика на Македонија, индиректно таа врши влијание на македонската надворешна позиција, која сè повеќе се зајакнува во меѓународната заедница. Државното раководство на Македонија имаше правилна концепција и една јасна стратегија за тоа како да се реши спорот со Грција, но не прифаќаше никакви уцени и услови во врска со промена на уставното име на Македонија.[407]

Во Владата на Грција, еден од „главните кумови" за непризнавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име бил министерот на грчката дипломатија Андонис Самарас, релативно млад човек во тоа време, со изразито елинистички и антимакедонски ставови. Министерот Самарас, тврдел дека „Грција никогаш нема да го признае постоењето на државата која го носи името Македонија." За него Македонија не постои. Според него Македонија е грчка земја. Ваквиот антимакедонски став на Самарас доаѓал до израз и при настапите и разговорите со пратениците од Европскиот парламент. Тој таму

[406] Види: Славко Милосавлевски, Иван Катарџиев, Мирче Томовски, Факти за Македонија, Зумпрес, Скопје, 1996.
[407] Стојан Андов, На мој начин..., 326-334.

настапувал со тврдење дека прашањето за името Македонија е едно од најзначајните национални интереси на Грција. Според тоа велел Самарас, Грција не може да се согласи да ја признае суверноста и независноста на Македонија под нејзиното име, туку околу тоа прашање треба да се водат повеќе преговори од двете страни, со вклучување на преставници од меѓународен фактор, да се изврши притисок врз државното раководство од Скопје, да се натера да направи значителни остапки за да ѝ се даде можност на Грција во иднина да ја признае таа држава „Скопје“ и на тој начин меѓу ове две соседни држави да се воспостават нормални односи.[408]

Самарас вршел притисок и уцена врз премиерот Мицотакис дека ќе ја раскине коалицијата со него ако попушти во однос на решавањето на македонското прашање. Според некои сознанија премиерот Мицотакис во почетокот дури како да бил малку пофлексибилен во однос на македонското прашање, и во врска со тоа извршил консултации со премиери, претседатели, шефови на дипломатија на повеќе држави, како на пример со српскиот претседател Слободан Милошевиќ, со Геншер, министер за надворешни работи на Германија и со многу други. Постоеле извесни разлики во мислењата по македонскиото прашање меѓу грчкиот премиер и шефот на дипломатијата. Преку писма се водела остра полемика меѓу Мицотакис и Самарас. Во април 1992 година, е извршена реконструкција на владиниот кабинет. Министерот Самарас е сменет.

Премиерот Мицотакис и министерот Самарас имале исти став, Македонија да не биде призната под нејзиното уставно име. Таков бил и ставот на претседателот на Република Грција, Константин Караманлис.[409]

Во едно подоцнежно сведочење на грчкиот премиер Мицотакис, како почесен претседател на „Нова Демократија“, од 17 јануари 1995 година, во Ротари клубот во Атина, укажал на главниот мотив на грчката кампања во однос на македонското прашање. Меѓу другото, тој истакнал дека „Со својата одлука името на „државичката Скопје“ да го постави како приоритетно

---

[408] Киро Глигоров, Македонија е сѐ што имаме..., 403.
[409] ДАРМ, фонд: 1392, к. 7, ае. 54.

прашање во својата надворешна политика на Грција, за жал, стана дел од балканскиот проблем...", со тоа Мицотакис признал дека ја поткопал својата улога на Балканот.

Македонија на 9 ноември 1993 година, реагираше кај бугарскиот и албанскиот претседател, во врска со иницијативата на владата на Грција за создавање на балканска конфедерација и за радикализирана позиција во однос на Македонија, содржана во писмото на Каролос Папуљас, министер за надворешни работи на Грција, испратено до генералниот секретар на ООН Бутрос Гали.[410]

До изборите во Грција (10 октомври 1993 година), се одржа само една средба во Њујорк меѓу амбасадорите Тошевски и Џ. Папуљас, во присуство на Венс. Секако дека во оваа фаза на разговори, може да се рече бил постигнат некој напредок, некое приближување во билатералните односи помеѓу Македонија и Грција. Тоа беше крајот на мандатот на Владата на премиерот Мицотакис. Грците дадоа предлог, заради изборите да се прекинат разговорите и да продолжат по изборите. Премиерот Мицотакис беше убеден дека ќе победи на изборите неговата „Нова Демократија". Но, ситуацијата се измени. На парламентарните избори, одржани на 10 октомври 1993 година, победи ПАСОК на Папандреу, кој уште во текот на изборната кампања прокламираше дека Грција никогаш нема да ја признае државата која го носи името Македонија, и ги потенцирал условите под кои Грција може да ја признае Македонија, а тоа се Македонија да се откаже од нејзиното уставно име, како и од постоењето на македонското малцинство во Грција. Ставот на грчкиот амбасадор Захаракис е јасен и дециден: „Јас немам други овластувања освен она што го кажа премиерот, тоа е наш став", и настојуваше Македонија да го прифати тоа.[411]

Слична политика на премиерот Мицотакис продложила да води и Владата на Андреас Папндреу. Надворешната политиката на Владата на Мицотакис и на Папандреу, беше несфатлива. Нивната политка претставуваше

---

[410] Ibid.
[411] Ристо Никоски, Улогата на САД во македонските..., 246-235.

опасност за процесот на македонското меѓународно признание, носеше негативни реперкусии за македонско-грчките односи, а и пошироко за мирот и стабилноста на регионот. Многу подоцна, во грчката надворешна политика во однос на Македонија дојде до определени промени, кога за премиер на Грчката влада беше избран Симитис, кој сметаше дека постоењето на Македонија е реалност.[412]

Република Македонија беше директно погодена од надворешната политика на Владата на премиерот Папандреу. Веднаш се почуствуваа економските и социјалните последици, како резултат на мерките што ги воведе Грчката влада кон Македонија. На 16 февруари 1994 година, Владата на Папандреу воведе економско ембарго кон Македонија. Особено беше направена штета на туризмот, движењето на луѓето, беше забранет прометот на стоки од и за Солунското пристаниште. Точно е дека најголем дел од вкупниот македонски увоз и извоз се одвиваше во правецот од Република Македонија via Солунско пристаниште, до повеќе земји во светот, како и во обратен правец. Последиците од затворањето на Солунското пристаниште за стоки од Македонија ~ нанесе големи штети на македонската економија. Владата на премиерот Папандреу донесе одлука да се затвори и Грчкиот конзулат во Скопје кој работеше долги години.

Одлуката на Владата на Папандреу за воведување на ембаргото, како и за затворање на Грчкиот конзулат во Скопје предизвика остри реакции не само кај Македонската влада, кај целото македонско јавно мислење, туку доби и пошироки меѓународни размери. Ембаргото беше штетно за двете страни, а истовремено тоа беше и со реперкусии за стабилноста на регионот. Поради економското ембарго, во Македонија се чувствуваше недостиг на нафта и други енергетски средства, се чувствуваше потреба од суровини што Македонија ги увезуваше однадвор и беа потребни за индустријата и слично. Со ембаргото се спречи и македонскиот извоз, кој во тоа време за Македонија имаше големо значење, како, на пример, извозот на производите од металургијата, од „Југохром", каде што се произведуваат легури на хром,

[412] Ibid.

манган, феро-легури, што за тие услови беа македонски значајни извозни потенцијали. Точно е дека и на сите други претпријатија во Македонија им беше нанесена штета од ембаргото.[413]

Меѓународната заедница ги осуди грчките мерки и ги окфалификува и како повреда, не само на грчко-македонската, туку и на границата на Европската Унија со Македонија. Министерскиот совет на Европската Унија побара од Владата на Грција веднаш да го повлече своето ембарго кон Македонија. Советот на Европскиот парламент донесе Резолуција против грчкото ембарго, оценувајќи го како фактор за дестабилизација во регионот. Исто така, против грчкото ембарго се појавија реакции и од КЕБС, како и од многу земји во светот. Официјална Атина не реагираше на пораките што доаѓаа од меѓународната јавност. На Македонија, во овие драматични денови, меѓу првите ~ укажа помош Турција. Турскиот претседател Сулејман Демирел му ветил на претседателот Глигоров дека Македонија може да смета на секаква помош од Турција. Тој ветил дека ќе ги стави на располагање турските пристаништа за прифаќање и испраќање на македонски стоки. Македонија имаше и други патишта, кон Црното Море преку Бугарија, кон Драч преку Албанија, но патиштата се лоши, а нема и железничка пруга. И Бугарија и Албанија ѝ покажаа солидарност на Македонија за излез од економската криза.[414]

Беа правени повеќе обиди со посредство на посредници да се подобрат македонско-грчките односи. Од посебно значење е преговарачкиот процес воден со посредникот на ОН Сарјус Венс, и со Метју Нимиц, кого Белата куќа го назначи за специјален пратеник на претседателот Бил Клинтон, за „македонското прашање". Претседателот Киро Глигоров, бил на традиционалното одбележување на деновите на Св. Кирил, во Рим на 24 мај 1995 година. Двајцата преговарачи, Сајрус Венс и Метју Нимиц, допатувале од Њујорк во Рим, каде разговарале со македонскиот претседател Киро Глигоров за „спорните прашања" во односите на Македонија и Грција, станало збор за

[413] ДАРМ, фонд: 1392, к. 7, ае. 36.
[414] Ibid.

името на Македонија, и за грчкиот протест поради употребата во Македонија на тогашното државно знаме „Ѕвездата од Вергина", која Грците ја сметаа за нивни симбол. Венс и Нимиц ја сфатиле суштината на проблемот.[415]

Американскиот претседател Бил Клинтон упатил посебно писмо до грчкиот премиер Папандреу, во кое САД се декларира за намалување на тензиите во регионот. На Грчката влада, во септември 1995 година, ѝ е упатена посебна германско-француска порака во која се повикува на почитување на преговорите со Македонија. Премиерот Папандреу изјавил дека нема да прифати директен дијалог со Скопје. Неизвесноста во решавањето на македонското прашање меѓу Македонија и Грција, сè повеќе се усложнуваше.

Во тоа време во Грција некои луѓе поинаку размислувале од ставот на Грчката влада околу прашањето на името на Македонија: „Грчкиот народ, подоцна или порано, ќе треба да се соочи со прашањето на признавањето на соседната државичка, а заедно со тоа и со името. Колку повеќе ја одлагаме оваа одлука толку повеќе ќе се санкционира името Македонија и толку потешко ќе биде да преговараме за сложено име... Неизвесноста ќе ги труе овие односи во недоглед и нема да ни дозволи да се здобиеме со економско и дипломатско влијание, што во нормални услови би можеле да го имаме врз оваа наша соседна држава" – пишува Хрисафис Јорданоглу во списанието „АНТИ" од 1 април 1994 година. Теодор Колумбис, директор на Грчката фондација за европска и надворешна политика, во едно интервју, од април 1994 година, меѓу другот вели: „....Конечно прашањето за името на Македонија, според мое мислење, би требало да биде компромис, со кој никој не би го монополизирал географскиот поим Македонија и според кој името на ПЈРМ би морало да биде различно и од грчка и од бугарска Македонија... кое би го разликувало словенскиот или албанскиот дел од Македонија од грчка Македонија, како регион во Грција, или од бугарска Македонија како регион во Бугарија...".[416]

Грција стана една од ретките земји-членки на која на 6 април 1994 година, од страна на Европската Унија, беше изведена пред Европскиот суд на

[415] ДАРМ, фонд: 1392, к. 6, ае. 19.
[416] ДАРМ, фонд: 1386, к. 65, ае. 48.

правдата во Луксембург, поради преземање унитерални мерки со кои се нарушуваат законите на Унијата. Во првиот дел на судскиот процес, одржан на 29 јуни 1994 година, Европскиот суд на правдата го отфрли барањето на Европската комисија, за да ѝ нареди на Грција да го симне трговското ембарго кон Македонија. Грција оваа одлука на Европскиот суд ја поздрави како своја победа. Таа успеа да ја убеди Европската комисија да ја повлече тужбата. Но факт е дека расправата пред Европскиот суд, сама по себе значеше осуда на Грција пред европската и светската јавност. Паралелно со тоа, се зголемуваше бројот на земјите во светот кои ја увидоа правдата по повод измислениот спор за македонското прашање помеѓу Македонија и Грција. Од ден на ден сè повеќе растеше бројот на промоторите на Македонија и на вистината за неа во целиот свет. Во тој поглед за одбележување се написите во весниците: „Вашингтон пост", „Њујорк тајмс", руските „Независимаја Газета"; „Московские новости", англискиот „Гардијан" и редица други. Потребно е секако да се споменат и имињата на: Дејвид Бајндер, некогашен амирикански дописник од Белград; Виктор Маер, австриски новинар и публицист и на многу други. Можат да се наредат имињата на плејада авторитетни интелектуалци, како што се: Виктор Фридман од Америка, Волф Ошлис од Германија, Дмитриј Волкогонов од Русија, Жан Волф од Белгија, Штефан Тревст од Германија и други, кои јавно им се обраќаа на претставниците на владите на своите земји и на светската јавност, укажувајќи ја вистината за Македонија.[417]

Овој список на промотори на вистината за Македонија во односите со Грција може да се дополни и со неколку други личности во САД, како на пример ангажманот на Џорџ Сорос, да ѝ помогне финансиски и политички на Македонија, личните ангажмани на конгресменот Френк Меклоски, ангажманот на Денис Деконсини и Стени Хоер, членови на Конгресот и многу други.

Со своја иницијатива се јавил и тогашниот претседавач на Европската Унија, Клаус Кинкел, кој на 9 септември 1994 година, предложил за проблемите со Македонија да се разговара на состаноците на министрите на

---

[417] ДАРМ, фонд: 1386, к. 61, ае. 30.

ЕУ. Така почна да се зборува за т.н. „Кинкелов план“ кој содржел 6 точки: Грција да ги укине мерките кон Македонија; Македонија да се откаже од употребата на „грчките симболи“; да се договори сложено име „Нова Македонија“ или „Северна Македонија“; да се постигне трговски договор меѓу Европската Унија и Македонија; да се потпише договор за пријателство меѓу Грција и Македонија; и да се обезбеди зачленување на Македонија во ОБСЕ. За оваа иницијатива на министерот Кинкел, Македонија дозна преку грчкиот печат. За таканаречениот „Кинкелов план“ не се водени посебни разговори. Германскиот министер за надворешни работи, Клаус Кинкел бил во официјална посета на Македонија, на 11 април 1995 година. Во разговорите помеѓу Кинкел и претседателот Глигоров, станало збор за унапредување на македонско-германските односи, за германска финансиска помош на Македонија, се разговарало и за прашањето околу македонско-грчкиот спор, но без конкретни предлози.[418]

Во Македонија на 16 октомври 1994 година, се одржани вторите парламентарни и претседателски избори. За кандидат за претседател на Република Македонија, повторно бил претседателот Киро Глигоров. Во едно негово интервју меѓу другото вели: „Актуелниот спор со Грција... ќе го решаваме низ дијалог и преговори. Но, нема Македонија да остапи од сопствениот национален идентитет и името“. Ова е време кога Агенцијата „Дата-Прес“ ги објави резултатите од едно истражување на анкентирани лица од Македонија во врска со името на Македонија. Според податоците од ова истражување, јасно се доаѓа до сознание, дека 74,33% од анкетираните граѓани на Македонија, не се согласуваат со никакви додавки на името на државата Република Македонија. Од истото истражување се дознава, дека само 0,93% од испитаниците се изјасналe за потребата Македонија да ги продолжи преговорите со Грција.[419]

Во Њујорк се одржале повеќе рунди на македонско-грчки разговори што ги воделе амбасадорите Тошевски и Захаракис со посредување на Сајрус Венс,

---

[418] ДАРМ, фонд: 1386, к. 86, ае. 24.
[419] Ibid.

во кои се ангажирал и Метју Нимиц. Тогаш во Грција проблемот околу името на Македонија и воопшто за грчко-македонските односи, беше многу актуелна тема. Во Грција се лансирале разни варијанти на можното ново име на Македонија: Северна Македонија, Горна Македонија, Централна Балканска Република и слични предлози. Овие предлози не беа прифатливи ни за Грција ни за Македонија.

Во 1995 година почна поинтензивно ангажирање на американската дипломатија во решавање на македонско-грчките односи. Покрај веќе ангажираниот амбасадор Нимиц, во решавањето на ова прашање бил ангажиран и Ричард Холбрук, кој тогаш ја вршел должноста државен секретар на САД – задолжен за Балканот. Тој, при една посета на Атина, на 6 јануари 1995 година, во своја изјава го употребил името Македонија, поради што мошне сериозно реагирале Грците.

На 8 март 1995 година, за нов претседател на Република Грција бил избран Константинос Стефанопулос. Неговиот став бил јасен: „Државичката „Скопје“ води агресивна политика против Грција употребувајќи го името Македонија и напуштањето на ова политика е предуслов Грција да ѝ помогне на политички, на економски и на меѓународен план“.[420]

Претседателот Глигоров и министерот за надворешни работи Стево Црвенковски во Рим (26 мај 1995 година), разговараат со прговарачите Сајрус Венс и Метју Нимиц за обновување на преговарачкиот процес меѓу Скопје и Атина.

На 5 септември 1995 година, во Скопје, во Атина и Вашингтон, било објавено дека за неколку дена во Њујорк ќе дојде до потпишување на еден важен значаен документ, тоа е Македонско-грчкиот договор. Претседателот Клинтон ја поздравил одлуката на Атина. Германскиот министер за надворешни работи Кинкел, по повод напредокот на македонско-грчките преговори најавил германска помош за Македонија.

Во Њујорк на 13 септември 1995 година, министерот за надворешни работи на Грција Каролос Папулјас и министерот за надворешни работи на

[420] Ахил Тунтев, Република Македонија...., 290-291.

Македонија Стево Црвенковски потпишаа Времена спогодба за нормализација на односите меѓу Македонија и Грција, со што Грција де факто ја призна македонската држава, при што министрите за надворешни работи ги ставија своите потписи под „првата/втората страна". Претседателот на Република Македонија го оценил постигнатиот договор меѓу македонската и грчката страна, како нов успех на миролубивата надворешна политика на Македонија. По повод потпишаната Спогодба, биле разменети пораки меѓу македонскиот претседател Глигоров (од 15 септември), и претседателот на Република Грција Стефанопулос и премиерот Папандреу (од 19 септември 1995 година). По повод Спогодбата, имало позитивни реакции во јавноста, и голем број светски државници го поздравиле потпишувањето. На 9 октомври 1995 година, Собранието на Република Македонија ја ратификува Привремената Спогодба меѓу Македонија и Грција. Во Скопје бил потпишан Меморандум за практична примена на Њујоршката спогодба. Со оваа Спогодба беа регулирани прашањата за движење на луѓето и прометот на стоките преку македонско-грчката граница. На 15 октомври 1995 година укинато е грчкото ембарго кон Република Македонија, воведено на 16 февруари 1994 година. Како резултат на укинувањето на ембаргото, македонско-грчката граница беше отворена за промет на стоки и минување на луѓе.[421]

Потпишаната Привремена спогодба меѓу Македонија и Грција претставува значаен чин во унапредувањето на билатералните односи меѓу овие две соседни земји, и покрај тоа што не го симна од дневен ред мошне актуелниот проблем за името на Република Македонија. Со оваа Спогодба се отворија нови простори на меѓународното етаблирање на Македонија.

Со неа, меѓу другото, во Атина, беа потпишани и повеќе други значајни придружни документи: Меморандум за воспоставување на дипломатски односи меѓу Македонија и Грција на ниво на канцеларии за врски во Скопје и Атина; Протокол за заемниот визен режим и таксите; Протокол за транспорт и комуникации; Протокол за практична примена на царинските работи; Протокол за меѓународна зелена карта за осигурување на возилата и друго.

[421] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 291-293.

Веднаш потоа се пристапи кон отворање на канцеларии за врски во Скопје и Атина.

Република Македонија ја исполни обврската да го промени државното знаме, и новото македонско знаме на 25 октомври 1995 година, на свечен начин, беше подигнато пред палатата на Обиденетите нации во Њујорк.

Со потпишувањето на Привремената спогодба, дојде до нормализирање на односите меѓу Македонија и Грција. Се разрешија многубројни прашања, со меморандуми, протоколи итн., околу употребата на името во македонските пасоши, околу визите, трговскиот режим итн.

На 22 септември 1996 година, на одржаните парламентарни избори во Грција, повторна победа на ПАСОК и за премиер на Владата на Грција бил избран Костас Симитис.[422]

Владата на премиерот Симитис и натаму одржува пријателски и добри врски со САД, но повеќе се ориентира кон Европа, каде што ја гледа иднината за својата земја. Симитис во својата надворешна политика сметаше дека Грција не треба да се служи со ембарга и притисоци кон Македонија, туку таа треба да влезе во Македонија по пат на инвестиции, да тргува со неа, со цел Грција да стане стопански фактор. Грчкиот министер за надворешни работи Теодорос Пангалос (прв пат на 19 март 1997 година), е во посета на Скопје. Во разговорите со македонскиот министер за надворешни работи Љубомир Фрчкоски и со претседателот на државата Глигоров, покрај другото, станало збор и за состојбата во Албанија. Во Солун, на 8 јуни 1997 година, била одржана министерска конференција за добрососедство, стабилност, безбедност и соработка во Југоисточна Европа. На Конференцијата од српска страна бил Слободан Милошевиќ, премиерите на Грција Костас Симитис, на Турција Месут Јилмаз, на Албанија Фатос Нано, на Бугарија Иван Костов и на Романија Виктор Чорбеа.[423]

Владата на Симитис сметала дека меѓу Македонија и Грција треба да има не само економска туку и културна размена. Во тој контекст беше и обидот

---

[422] Ibid.
[423] ДАРМ, фонд: 1392, к. 6, ае. 63.

на познатиот грчки композитор Микис Теодоракис да ја изведе во Скопје неговата музичко-балетска свита „Гркот Зорба". Дојде до културна размена меѓу македонски и грчки уметници. Така во Солун кога беше европски град на културата, зедоа учество познати културни личности од Македонија. Во оваа културна манифестација во Солун зеле учество со своја програма културно-уметнички друштва од Македонија. Меѓу Грција и Македонија се одржуваа повеќе културни средби. Македонски театарски претстави биле изведени во повеќе градови во Грција. Во Македонија, во Скопје, Битола и други градови, беше забележано учество на музички групи, куктурно-уметнички друштва од Грција, итн. Грција имаше јасна економска политика кон Македонија, да ги запоседне најважните претпријатија, било да ги купи сама или во друштво со некои западни компании.[424]

На 9 мај 1999 година дојде до склучување на договор за концесии на грчката фирма „Хеленик петролеум" со скопската рафинерија ОКТА (приватизација и модернизација на ОКТА, изградба на бензиски пумпи и изградба на нафтовод Скопје-Солун), што се цени за една од најголемите странски инвестиции во Македонија. На 21 јули истата година, пратениците на Македонското собрание го ратификуваат договорот.

Грците ја купија скопската рафинерија „ОКТА", тутунските комбинати во Струмица и Гевгелија, Стопанска банка, Мемерниот комбинат во Прилеп и други. Се гледа дека Грција настојува да стане стопански фактор во Македонија и на тој начин ќе може да влијае врз политиката во Македонија.[425]

Во решавањето на „македонското прашање", односно во врска со спорот со името на Македонија, што го наметна соседна Грција, посебно место на тој план заслужува активноста на претседателот на Република Македонија и на шефот на македонската дипломатија Денко Малевски, и други истакнати личности. Тие често патуваа во Бон, Берлин, Рим, Мадрид, Париз, Брисел, Луксембург, Лондон, Њујорк, Вашингтон и други европски и светски метрополи, каде што разговараа со врвни дипломатски претставници, ја

[424] ДАРМ, фонд: 1392, к. 7, ае. 38.
[425] ДАРМ, фонд: 1305, к. 48, ае. 59.

изнесуваа вистината за Македонија, за Република Македонија да добие меѓународно признавање.[426]

Македонија, во билатералните односи со Грција, и во наредните години инсистирала да биде призната и прифатена под нејзиното сопствено и уставно име – Република Македонија. Македонскиот државен врв, стоел на ставот дека во Грција постои регион кој се вика Македонија, но тоа не е оправдна причина да им се негира нивното право да ја именуваат својата земја како Македонија, и да се нарекуваат себе си како Македонци. Нивниот став е дека Македонија е посебна суверена држава, со посебни нацинални културни вредности и обележја, со славно историско минато, со значајна позната историска традиција. Одбивањето на Грција, да се изнајде соодветното прифатливо решение по прашањето за името на Македонија доведе до дипломатски и политички ќорсокак. Ова прашање стана интернацинално, кое треба допрва да се реши.

[426] Ibid.

# IV
# МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## *1. Процесот на меѓународно признавање на Република Македонија*

По прогласувањето на Република Македонија како самостојна и независна држава и по донесувањето на новиот Устав беа создадени основни услови за нејзино меѓународно признавање. Процесот на меѓународно признавање на Македонија беше многу тежок и многу неизвесен, во почетокот полн со закани и притисоци. И покрај сето тоа, Македонија генерално издржа, која како независна и самостојна држава во својата надворешна политика беше определена кон меѓународно признавање, свесна дека само така може да опстане. Во процесот на меѓународното признавање, Македонија чекореше потешко во споредба со некои други републики од поранешна Југославија, бидејќи нивната геополитичка, географска, економска и историска позиција беше многу поинаква (како на пример Словенија и Хрватска). Македонија во почетните години на осамостојувањето беше во крајно критична положба, со оглед на апсолутно нискиот износ на девизни резерви што ги имаше Народната банка на Македонија, со оглед на апсолутно маргиналните државни резерви во медикаменти, енергетски, храна итн., така што паралелно требаше да се решат многу прашања.

Факт е дека основно прашање беше егзистенцијата на Македонија како независна, самостојна и суверена држава и тоа беше првата задача на надворешната политика и дипломатијата. Практично, Македонија до 1993 година немаше дипломатија поради проблемите што настанаа со признавањето во Европската Унија и во Обединетите нации. Македонските дипломатски контакти главно беа патувачки: посети, контакти на претседателот на

државата, на премиерот, на министрите, на различни делегации, посети во Скопје или, пак, македонски во странство. Македонски преставници присуствуваа на голем број меѓународни конференции, светски конференции за човекови права итн., и тоа беа единствени можности да се остваруваат мултилатерални контакти.

Претседателот на Македонското собрание Стојан Андов, на 2 септември 1991 година, по покана на Енрико Барон, претседател на Европскиот парламент, е во посета на Стразбур. Премиерот Никола Кљусев бил во посета на Софија и Букурешт во врска со најавениот троен Самит во Атина (17 септември 1991 година). Претседателот Киро Глигоров, на 18 и 19 септември 1991 година бил во посета на Сојузна Република Германија, на Унгарија на 24 септември 1991 година, на Италија и Ватикан на 30 октомври 1991 година, на Либиската Џамахирија на 3 и 4 ноември и на Австрија на 18 ноември истата година. Членот на Претседателството на СФРЈ Васил Тупурковски од 20 септември 1991 година бил во повеќедневна посета на САД. На 15 октомври 1991 година во Македонија дојде специјалниот пратеник на ООН за поранешна Југославија Сајрус Венс, кој прв пат разговараше со претседателот Киро Глигоров и со други функционери на Македонија за многу суштински прашања од меѓународната политика.[427]

Претседателот Киро Глигоров, Скопје, 2 декември 1991 година, испратил писмо до сите шефови на држави и влади во светот за признавање на Република Македонија.[428] Во писмото, меѓу другото се вели: „Македонија е независна во смисла на тоа што управува со своите сопствени работи и се грижи за безбедноста и доброто на својот народ. Меѓутоа, независноста на нашата држава не може даа биде целосна или обезбедена без нејзиното признавање од други држави, каква што преставувате Вие.

.....Официјалното признавање ќе ѝ овозможи на државата Македонија да воспостави, на исправна и стабилна основа, односи со другите држави...“.[429]

---

[427] ДАРМ, фонд: 1386, к. 54, ае. 38.
[428] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи на Република Македонија..., 291.
[429] Ibid.

Вакво писмо, со слична содржина истовремено испратил и министерот за односи со странство на Република Македонија Денко Малески.

На 7 и 8 јануари 1992 година македонскиот претседател бил во работна посета во Лондон. Тој побарал од Велика Британија да ја респектира македонската позиција и да ја поддржи нејзината иницијатива за меѓународно признавање.

Од особено значење во овој период во процесот на меѓународното признавање на Македонија секако дека значење имаат оцените на Арбитражната комисија на ЕЗ. Баденетеровата комисија уште во јануари 1992 година даде оцена дека Југославија е распадната и утврди кои републики ги исполнуваат условите за меѓународно признавање.

Првите признавања на суверенитетот и на независноста на Република Македонија започнаа веќе во јануари и февруари 1992 година. Меѓу првите држави коишто ја признаа Република Македонија како независна и суверена држава беа пријателските држави на Македонија: Словенија, Хрватска, Турција, Бугарија, Босна и Херцеговина, нешто подоцна и повеќе други држави ја признаа Македонија како независна и суверена држава. Со склучувањето на билатералните договори за признавање беше овозможено истовремено и воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција, Република Словенија, Република Хрватска и Република Босна и Херцеговина.

Бугарија, на 15 јануари 1992 година, ја призна Република Македонија како независна држава под уставното име, беа отворени генерални конзулати на двете земји во Скопје и во Софија, беа воспоставени дипломатски односи со одлука на Владата на Република Македонија на 20 декември 1993 година.

На 6 февруари 1992 година, Република Македонија беше призната од Република Турција, која истовремено ги призна и поранешните југословенски републики – Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина. Меѓу Република Македонија и Република Турција беа воспоставени дипломатски односи во август 1992 година.[430]

---

[430] ДАРМ, фонд: 1392, к. 6, ае. 28.

Премиерот на Турција, Сулејман Демирел на средбите со македонскиот државен и политчки врв, оставал впечаток на искусен политичар и зрел државник со цврста увереност во својата демократска ориентација. Премиерот Демирел бил длабоко свесен за специфичната улога на Турција, како мост меѓу Европа и Блискиот Исток. Тој бил искрен пријател на Македонија, свесен дека споровите и затегнатоста меѓу две земји претставуваат оптоварување за нив и за регионот.

Претседателот на Република Турција Тургут Озал, на 17 февруари 1993 година, бил во официјална посета на Македонија. Турција е една од земјите која и давала сестрана поддршка на меѓународното признавање на Македонија.

На 6 мај 1993 година Турција ја отвори првата амбасада во Скопје. На 7 мај 1993 година претседателот на Република Македонија Киро Глигоров ги прими акредитивите од турскиот амбасадор Суха Нојан, прв странски амбасадор акредитиран во Република Македонија. На 3 јуни 1993 година претседателот на Република Македонија Киро Глигоров со Указ бр.1 за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Турција го постави Трајан Петровски.[431]

На 11 февруари 1992 година Владата на Република Македонија, со одлука бр. 23-146/1, ја призна Република Словенија како самостојна и независна држава. На 13 февруари 1992 година, министерот за надворешни работи на Словенија, д-р Димитрије Рупел, со писмо го известил министерот на соодветното министерство на Македонија д-р Денко Малески дека со одлука од 12 февруари 1992 година Собранието на Република Словенија ја признава Република Македонија како независна и суверена држава. Во писмото на министерот Рупел, меѓу другото, се наведува: „Собранието на Република Словенија ја признава независноста на Република Македонија. Трите собора на Собранието на Република Словенија, на одвоени седници, донесоа одлука за признавање на независноста и суверенитетот на Република Македонија. Во образложението на писмото на словенечкиот министер Рупел, меѓу другото се вели: Граѓаните во Македонија, на минатогодишниот

[431] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 238.

февруари 1992 година. Дипломатски односи на ниво на амбасади меѓу овие држави биле воспоставени на 30 март 1992 година, од 20 декември 1993 година именуван е вршител на работите во амбасадата на Република Македонија во Загреб, дотогаш врските се остваруваа директно или преку амбасадата во Љубљана.[434]

На 26 февруари 1992 година, Република Македонија беше призната од Република Босна и Херцеговина.

Во Белград, на 8  април 1996 година, министрите за надворешни работи на Република Македонија Љубомир Фрчковски и на СРЈ Милан Милутиновиќ потпишаа Спогодба за меѓусебно признавање и за воспоставување на дипломатски односи на амбасадорско ниво меѓу СР Југославија и Република Македонија.

Потпишувањето на оваа Спогодба го поздравил и Хенри Сокалски – специјален преставник на генералниот секретар на ООН во Македонија. За историската димензија и важноста на Спогодбата зборувал и главниот архитектет на Дејтонскиот договор, Ричард Холбрук. Тој во својот говор ~ оддал признание на Република Македонија за улогата што ја одиграла за стаблноста во регионот. Посебен акцент во својот говор Холбурк ставил на балакнските „оставштини“, односно на договори од минатото.[435]

По повод признавањето на Република Македонија под уставното име од страна на СРЈ имаше реакции во грчките медиуми. Официјална Атина водеше меѓународна битка за да го смени македонското уставно име.

Само низ една таква егоцентрична перспектива, низ каква што Грција гледа низ историјата, може слободно да се дојде до еден реален заклучок дека ненормализацијата на односите меѓу две соседни балкански земји, како што се во случајот Македонија и нејзиниот јужен сосед, се должи на неразумниот пристап од страна на Грција, која постојано вршела притисок врз меѓународната позиција на Македонија. Па затоа,  слободно може да се каже дека  Грција претставува  вистински дестабилизирачки фактор во регионот.

---

[434] Д-р Сашо Георгиевски, Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 320-321.
[435] „Medjunarodna politika“, 1992, br. 1002, 14.

Репубклика Македонија, како што напоменавме, во врска со нејзиното меѓународно признавање имаше големи проблеми. Грчкото ембарго Македонија го чуствуваше повеќе од 20 месеци.

Албанија ја призна независноста на Македонија по две години од нејзиното осамостојување, односно на 24 декември 1993 година. Реално гледано, поради бројноста на албанското малцинство во Македонија, кое има многу подобар статус во споредба со она што живее во Грција, Албанија не би требало да има причини да се премислува за признавањето на Македонија, или пак да ја именува како „ПЈРМ". Официјална Тирина често пати изнесувала тврдења дека ваквата политика во однос на Македонија е со цел да ги задоволи желбите на Грција, која во спротивно преку ноќ можела да и врати на Албанија повеќе од 300 илјади емигранти. Секако дека ваквиот изговор на Албанија нема оправданост и се доведува под сомнение нејзиното право да води своја независна надворешина политика.[436]

Признавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име уследи од повеќе држави кои го почитуваа фактот дека Македонија ги исполнуваше неопходните услови за нејзино меѓународно признавање.

На 18 јануари 1992 година Република Македонија беше призната од самонаречената Репулика Северен Кипар.

Република Македонија како независна и суверена држава беше призната од повеќе држави во светот, меѓу кои од Литванија, Русија, Белорусија и од многу други.

На 26 јануари 1992 година претседателот на Република Македонија ја почна првата Северноамериканска турнеа во организација на американско-канадското лоби за поддршка на меѓународното признавање на Македонија. Претседателот Глигоров во Канада остварил средби со премиерот Брајан Малруни како и со Македонците што живеат во Канада. Македонските владини преставници и македонскиот државен врв продожија со поголеми активности поврзани со меѓународното признавање на Македонија.[437] За таа

---

[436] „Medjunarodna politika", 1992, br. 1002, 15.
[437] Според Министерството за надворешни работи на РМ, www. mfa.gov.mk

цел во текот на 1992 година, и во годините што следат потоа, биле остварени повеќе билетерални контакти во Македонија и во странство. Во тој контекст ќе се осврнеме само на неколку најзначајни билатерални односи. Така, британскиот министер за надворешни работи и претседавач на Европската Унија Даглас Херд бил во посета на Македонија на 18 јули 1992 година. Тој во разговорите со претседателот Глигоров бил запознаен со фактичката состојба во Република Македонија, со македонските позиции за непроменливиот став во однос на името, како и за претрпените штети од ембаргото врз СРЈ и од грчкото ембарго врз Македонија. Во Скопје, на 26 септември 1992 година, допатувал првиот шеф на мисијата на КЕБС, амбасадорот Роберт Фровик, кој имал задача да предупредува на можностите од пренесување на конфликтот во Македонија.

Во периодот што следува се забележуваат интензивни надворешно-политички активности на Македонија со попозитивни резултати во процесот на меѓународното признавање на независноста на Македонија.[438]

Во некои земји Македонија имаше неофицијални преставници, меѓутоа тие не беа дипломати на Република Македонија. Тие многу ѝ помагале на Република Македонија. Така на пример, во Велика Британија, Франција, Соединетите Американски Држави, македонски друштва и клубови имале некои надворешно-политички комуникации во застапување на интересите на Република Македонија. Меѓутоа, тоа не било класична дипломатска мрежа. Така Љубица Ачевска во Вашингтон дејствувала како претставник на Република Македонија, меѓутоа не според американските надворешно-политички закони, туку според Законот за лобисти. Таа одиграла многу значајна позитивна улога за меѓународната афирмација на Македонија. Како што напоменавме првата македонска амбасада е отворена во Љубљана, еден месец подоцна во Анкара, потоа македонска амбасада во Софија, започнува отворањето на македонски преставништва во Рим, Брисел и други метрополи.

[438] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 238-239.

Тежок е периодот на воспоставувањето на македонските дипломатски односи.[439]

Владата на Република Македонија дури во февруари 1992 година ги повика македонските дипломати од Белград да се вратат во земјата. Еден дел од нив се вратија, а додека друг дел останаа во Белград.

На 12 октомври 1993 година, Народна Република Кина ја призна Република Македонија со нејзиното уставно име. Во овој период претставници на Владата на Република Македонија, како и претставници на Министерството за односи со странство, патуваа во повеќе метрополи заради одржување врски со владите на странските земји и организации, со цел да ја истакнат македонската позиција и потребата од меѓународно признавање на земјата.

На 6 август 1993 година, претседателот Киро Глигоров го именува д-р Денко Малески за амбасадор, шеф на Постојаната мисија на Република Македонија при ООН во Њујорк.

Ова е време кога во Македонија се случија неколку настани. Во ноември 1993 година, пред слетувањето на Охридскиот ареодром, се урна авион на Авиоимпекс. Во оваа авионската нерећа загинале 116 патници и членови на екипажот, преживеало само едно лице.

Во декември истата година е избран четвртиот поглавар на Македонската православна црква г.г. Михаил. Во Скопје почина професорот академик Блаже Конески.

Македонија постепено, но сигурно го зацврстува својот меѓународен статус, но и истовремено како на внатрешен така и на надворешен план, решава многубројни проблеми и потешкотии со кои се судрува, сѐ со цел подобрување на билатералните односи.[440]

На 6 декември 1993 година, членки на Европската Унија, прва Холандија, а потоа уште 9 земји, меѓу кои Велика Британија, Германија, Франција, Италија  и Данска и други, воспоставија дипломатски односи со Македонија.

[439] Д-р Димитар Мирчев, Идентитет суверенитет, Макивеј, Скопје, 2014, 187-200.
[440] Види: Љубица Јанчева: Последните децении со СФРЈ, Менора, Скопје, 2012.

Во текот на 1994 година, претседателот на македонската држава Киро Глигоров преземаше разни мерки со цел со позабрзано темпо да продолжи процесот на меѓународно признавање на Република Македонија. Како резултат на напорите, Република Македонија воспопстави дипломатски односи со Чешка, САД, Словачка, Боливија, Виетнам, Саудиска Арабија и со други земји во светот.

Соединетите Американски Држави, на 8 февруари 1994 година ја признаа Република Македонија и најавија подготвеност за воспоставување на дипломатски односи. Во Вашингтон, на 10 август 1994 година, претседателот Глигоров е во официјална посета. Претседателот Глигоров во Вашингтон разговарал со потпретседателот на САД Албер Гор во врска со воспоставување на дипломатски односи, како и за политичката и економската ситуација во Македонија и во регионот.[441]

Во Будимпешта, на 5 декември 1994 година, се одржал Самит на КЕБС на кој присуствувал претседателот Киро Глигоров во својство на посматрач. Тој во својот говор истакнал дека одложувањето на приемот на Македонија во КЕБС е апсурдно и неоправдано. При престојот во Будимпешта претседателот Глигоров остварил повеќе билатерални средби. Познато е дека по признавањето на Македонија од страна на САД, владата на Грција, на 16 февруари 1994 година, воведе економско ембарго кон Македонија.

Република Македонија постигна евидентни резултати во процесот на меѓународното признавање. Според податоците кои ги имавме на располагање можат да се видат поважните дипломатски активности на Македонија во периодот од 1991 година до крајот на 1994 година, а тоа се: Република Македонија има воспоставено дипломатски односи со 45 земји, од нив 15 земји ја признале под уставното име; станала полноправна членка на 22 меѓународни организации, набљудувач во 3 меѓународни организации; Република Македонија има статус на специјален гостин во Советот на Европа; во Македонија имало отворено 8 странски амбасади на ниво на амбасадори, додека 3 амбасади се вршители на работите. Свој дипломатски преставник во

---

[441]ДАРМ, фонд: 1392, к. 6, ае. 48.

Република Македонија имаат и САД. Во Македонија се акредитирани 16 амбасадори, дел од нив се со седиште во други земји, а 5 меѓународни организации имаат свои преставници во Скопје, меѓу нив и ОБСЕ.[442]

Како што напоменавме македонската дипломатија во почетните години имаше многубројни тешкотии, но со тек на времето беа надминати и започна да се шири мрежата на дипломатско-конзуларни претставништва. Обично, во почетокот на отворањето на македонските амбасади имаше повеќе примери кога една амбасада покриваше неколку земји. Така на пример, амбасадата во Љубљана ги покриваше Босна и Херцеговина, Хрватска, Италија и Австрија, а од 1995 година официјално и Ватикан, односно Светата столица, така што, освен редовните контакти со матичната земја и со земјата-домаќин, имаше и функција на покривање на дипломатски конзуларни потреби и во околните земји. Конзуларни денови од Љубљана се организираа во Виена, Загреб, Сараево итн. Слично беше и со амбасадата во Анкара, која требаше да покрива барем 7-8 или повеќе земји.[443]

Во 1995 година, Светата столица односно Ватикан ја призна Македонија како независна и суверена држава. Во истата година беа воспоставени дипломатски односи меѓу Македонија и Светата столица. Било договорено Апостолската нунцијатура во Љубљана да ја покрива Македонија, а Македонската амбасада во Љубљана ја покриваше Светата столица. И тој договор многу успешно функционирал. Македонски преставници беа присутни во Ватикан. Во 1995 година Димитар Мирчев е првиот македонски амбасадор во Ватикан.[444]

Функционираа успешно претходните договори за прославата на Светите Кирил и Методиј на 24 мај во Рим, каде што секоја година оди македонска државна и црковна делегација на највисоко ниво. Папата ги примал, особено Папата Јован Плавле Втори, кој бил исклучително наклонет кон Македонија, дури и по малку го знаел македонскиот јазик, знаел детали од македонската национална и црковна историја. На 23 мај 1995 година, претседателот Киро

[442] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 238-240.
[443]Ibid.
[444] ДАРМ, фонд: 1392, к. 6, ае. 29.

Глигоров ја предводел македонската делегација на прославата на Кириловите денови во Рим. Во таа пригода тој се сретнал со италијанскиот претседател Оскар Луиџи Скалфаро. При посетата на Ватикан (на 25 мај) претседателот Глигоров имал средба и со Папата Јован Павле Втори. Од 20 до 24 мај 1999 година, македонскиот премиер Љубчо Георгиевски во Рим ја предводи македонската делегација на Кириловите денови.[445]

Ватикан многу помогна во процесот на меѓународното признавање на Македонија, особено кај католичките земји. Во тој поглед непосредно папските пратеници се залагале тие држави, дури и во Јужна Америка и во Африка да воспостават дипломатски односи со Македонија, се интересирале за внатрешната состојба во Македонија, за подобрување на меѓурелигиските односи, на меѓуетничките односи во Република Македонија. Католичката црква секако дека имаше позитивно влијание во поволното одвивање на македонската надворешно-политичката компонента.[446]

Македонија се вклучува во светските економски текови и како рамноправна членка на меѓународната заедница активно учествува во барањето решенија за глобалните проблеми. Македонија и во наредните години продолжува со своите активности за нејзино меѓународно признавање.

На 12 октомври 1995 година Македонија е примена во ОБСЕ. Одлуката стапила на сила на 14 октомври истата година.

На 29 мај 1996 година претседателот Глигоров во Хелсинки истакнал дека Република Македонија го потврдила своето пристапување кон Хелсиншкиот документ на КЕБС. Во Хелсинки претседателот Глигоров има билетерална средба и со финскиот претседател Марти Актисари.

Германскиот претседател Роман Херцог на 9 септември 1996 година е во официјална посета на Република Македонија (Херцег е прв шеф на една западноевропска земја што ја посетил Македонија).[447]

Претседателот на Италија, Оскар Луиџи Скалфаро на 26 февруари 1997 година е во официјална посета на Македонија. Претседателот Скалфаро се

---

445 Свето Стаменов-Димитар Мирчев, Quo vadis, Македонија?
446 Д-р Димитар Мирчев, Идентитет...., 163-170.
447 Ахил Тунтев, Република Македонија...., 238-243.

обратил во македонскиот Парламент и притоа ја истакнал поддршката на Италија за меѓународното признавање на Македонија.

Претседателот Глигоров од 9 до 12 јуни 1997 година бил во официјална посета на НР Кина. Претседателот Глигоров и претседателот на Кина Џијанг Цемин потпишале заедничко коминике за пријателство и соработка меѓу двете земји.

Македонскиот претседател Киро Глигоров од 15 до 21 јуни 1997 година бил во работна официјална посета на САД. На 16 јуни 1997 година во Белата куќа била реализирана средба меѓу претседателот Глигоров и претседателот на САД Бил Клинтон. Во разговорите станало збор и за меѓународната позиција на Македонија.[448]

Во официјална посета на Република Македонија, на 16 октомври 1997 година, бил министерот за надворешни работи на Германија Клаус Кинкел, кој ветил поддршка на Македонија од страна на Германија на билатерален план и во рамките на ЕУ.

Мошне значајно во активностите на Македонија на меѓународен план спаѓаат секако и склучувањата на меѓудржавни договори, а меѓу првите беа оние за признавањето, за визниот режим, односно за безвизниот режим, за бесцаринската економска размена, за културна размена, за образовна и здраствена размена итн., бидејќи недостатокот на уредени текови ~ правеше големи штети на државата, па затоа сето тоа требаше да се решава на еден меѓународен правен начин, а немаше многу услови за тоа.

Република Македонија имаше мошне трнлив пат кон меѓународното признание на нејзината независност. Таа водеше политика за меѓуетничка толераниција и соживот, добрососетска политика и соработка со сите нив, но без никој да се меша во нејзината внатрешна и надворешна политика.

И во годините што следуваат потоа, Македонија сè повеќе ја зацврстува својата меѓународна позиција.

[448] Ibid.

## *1.1. Односите меѓу Македонија и Велика Британија*

Билатералните односи меѓу Република Македонија и Обединетото Кралство се традиционално добри, со динамичен дијалог на ниво на влади од двете земји и со продлабочена и разновидна соработка од повеќе области.

Дипломатските односи меѓу Република Македонија и Обединетото Кралство биле воспоставени на 16 декември 1993 година.

На 23 декември 1993 година, во Скопје, во присуство на првиот дипломатски преставник на Велика Британија во Република Македонија Тони Милсон и на британскиот државен секретар Даглас Хоуг почна да работи британската амбасада. За прв амбасадор на британската амбасада беше Тони Милсон.

Амбасадорот Тони Милсон својата амбасадорска функција ја сфати како долг, неопходност за развојот на билатералните односи меѓу Велика Британија и Македонија. Амбасадорот Милсон задачата што ја вршеше ја насочуваше кон добра мисла и добри чувства кон Македонија и македонскиот народ. Неговите зборови, поројот на добрите мисли кон Македонија го развиваа основото пријателско чувство, мисла-водителка во неговиот амбасадорски, мисионерски живот. Битни и комплементарни одлики на амбасадорскиот говор на Милсон се природноста и спонтаноста. Се има впечаток дека амбасадорот Милсон ги напластуваше мислите по диктат на свеста за доброто на Македонија.[449]

Македонија, во март 1994 година, отвори своја амбасада во Лондон, Велика Британија. За амбасадор на Македонската амбасада во Лондон беше назначен Ристо Никовски. Амбасадорот Никовски покажа умешност за развојот на пријателските односи помеѓу Македонија и Велика Британија и се ангажира на Македонија да ~ се доделат финансиски средства од Владата на Велика Британија.

Постојат повеќе настани кои укажуваат на добрите односи меѓу Велика Британија и Република Македонија. По воспоставувањето на дипломатските однсои на ниво на амбасади, во септември 1995 година бил потпишан Прв

---

[449] ДАРМ, фонд: 1392, к. 5, ае. 68.

договор – меморандум за развивање на одбранбената соработка меѓу Велика Британија и Република Македонија. Посебно значење има и формирањето на Британско- македонска парламетнтарна група во јуни 1996 година. Парламетарна делегација на Собранието на Република Македонија од 26 до 30 јануари 1998 година е во посета на Обединетото Кралство. Всушност ова е прва официјална посета на Велика Британија, од страна на делегација од македонското републичко Собрание.

На 3 мај 1999 година премиерот на Велика Британија Тони Блер ја посетил Македонија. Во посета на Велика Британија од 11 до 14 јули 2000 година бил претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.[450]

Од исклучително значање за унапредување и постојан развој на односите меѓу Велика Британија и Македонија е контиунираната политичка и проектна поддршка што ~ ја дава Велика Британија на Македонија во европските и евроатланските интеграциски процеси. Голем е придонесот на Велика Британија во развојот на Република Македонија, во целиот период од нејзиното осамостојување.

Билатералната соработка меѓу двете земји бележи мноштво значајни резултати. Динамичната и продлабочена секторска соработка се одвива во повеќе области: одбрана, внатрешни работи, образование, наука, култура, правда, администрација, локална самоупрва и друго.

### *1.2. Односите меѓу Македонија и Холандија*

Една значајна концепција во надворешната политика на Република Македонија, во основа, која може да се оквалификува како традиционалистичка и позитивистичка, е со Кралството Холандија. Билатералните односи меѓу овие две земји не се за потценување. Тие се добри, со стабилен политички дијалог на владино ниво. Добри билатерални реалистички односи, со нескриена тенденција да станат уште подобри,

[450] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 239.

постојано се развиваат и, објективно гледано, во целата таа насока, што се однесува до овие меѓународни односи, е тоа што Холандија, претставува принципиелен поддржувач на македонските заложби за членство во ЕУ и НАТО. Но, иако сме свесни за тешкотиите на Македонија за членство во ЕУ и НАТО, слободно може да се констатира дека во секој миг, Холандија искажува благонаклонетост и приврзаност кон Македонија и нејзиниот народ. Кралството Холандија, водејќи се од принципот „строго, но праведно", во процесот на проширување на ЕУ ги поддржува напорите што Република Македонија ги вложува на сите полиња и почна да постигнува значајни резултати, а пред сè во сферата на реформите и да гради кредибилитет во примена на законите, особено во доменот на владеењето на правото на фундаменталните слободи. Кога Македонија поминуваше низ многу маки од разна природа во првата фаза на осамостојувањето и беше свртена главно кон меѓународни преокупации, Холандија е една од земјите во Европа која ~ дава инвестиции и претставува значаен македонски трговски партнер.

На 16 декември 1993 година биле воспоставени дипломатски односи меѓу Холандија и Македонија преку размена на вербални ноти меѓу двете мнистерства за надворешни работи на овие земји. Република Македонија, на 2 септември 1996 година, донесе одлука за отворање на амбасада во Кралството Холандија со седиште во Хаг. Во Скопје, во март 1998 година, од страна на Кралството Холандија била отворена Амбасадата. Како резултат на воспоставените билатерални односи меѓу Македонија и Холандија, од 25 до 26 мај 1999 година, во официјална посета на Република Македонија бил претседателот на Парламентот на Кралството Холандија Вим Кок. Македонскиот министер за надоврешни работи Срѓан Керим, на 12 март 2001 година, бил во посета на Кралството Холандија. Добро воспоставените дипломатски односи меѓу Република Македонија и Кралството Холандија се со една изразита позитивна концепција во надорешната политика.[451]

[451] ДАРМ, фонд: 1392, к. 6, ае. 47.

### *1.3. Односите меѓу Македонија и Австрија*

Австрија се наоѓа во групата на земји-членки на Европската Унија кои се активни поддржувачи за отпочнување на пристапните преговори меѓу Европската Унија и Македонија. Австрија се залагала и се залага за водење на пристапни преговори и разговори со ЕУ, за решавањето на спорот со името со Грција под закрила на ООН. Таа смета дека за Македонија спорот со името со Грција, не треба да биде пречка за пристапните преговори со ЕУ.

Македонија е заинтересирана за својата сопствена надворешна политика, за решавање на спорот за името, тој е прв услов за настанувањето и признвањето на нејзината независност, за нејзиното постоење не само на Балканот, во Европа и пошироко во светот. Надворешната политика на Македонија со Австрија содржи бескрајна верба дека ќе се развиваат пријателските односи меѓу овие две држави. Како резултат на воспоставените добри односи меѓу Република Македонија и Република Австрија, од 14 до 17 јуни 1993 година, во официјална посета на Австрија бил претседателот на Република Македонија Киро Глигоров и потпретседателот на Македонската влада и министер за односи со странство Стево Црвенковски.

Дипломатските односи меѓу Република Македонија и Република Австрија биле воспоставени на 23 декември 1994 година. Во Виена, во 1995 година, е отворена Амбасада на Република Македонија. Во Скопје, во август 1997 година, е отворена Амбасада на Република Австрија.

Од 9 до 11 мај 1997 година во официјална посета на Република Македонија бил Ханјц Фишср, претседател на Националниот Совет на Ребублика Австрија. На 26 ноември 1997 година сојузниот вицеканцелар и министер за надоворешни работи на Австрија Волфганг Шисел бил во официјална посета на Република Македонија. Тито Петкоски, во својство на претседател на Собранието на Република Македонија, од 2 до 3 март 1998 година, бил во официјална посета на Република Австрија. На 29 април 1999 година сојузниот канцелар на Република Австрија В. Клима ја посетил Република Македонија, а додека пак, на 13 март 2000 година во посета на

Република Македонија бил Бенита Фереро Валднер, министер за надоврешни работи на Република Австрија.[452]

По Холандија, Република Австрија е еден од значајните инвеститори во Македонија. Постојат добри билатерални односи меѓу Република Македонија и Република Австрија. За ваквите односи меѓу овие две држави, основата е во покажувањето на нивниот интерес за постојано развивање на економската соработка, како и соработката во областа на одбраната, образованието, културата и слично.[453]

Како плод на добрите билатерни односи меѓу Македонија и Австрија, австриските фирми се активни во Македонија, претежно во услужниот сектор (реклама, осигурување, консалтинг, логистика, шпедиција, ИТ, енергетика, банки, телекомуникации итн.). Главни извозни поризводи кои од Македонија се извезуваат за Австрија се: текстил, цевки, силициум, феросиликоманган, феросилициум, валани производи од железо и челик. Главни прозиводи кои Македонија ги увезува од Австрија се: месо, храна, синтетички влакна, генератори за наизменична струја, возила за специјална намена и друго.

### *2. Дипломатски преставништва во Македонија*

По осамостојувањето, Република Македонија успешно ги унапредила билатералните односи со одделни членки на Унијата, како на пример: Герамнија, Италија, Франција, Велика Британија, Холандија, Данска, и други. Германија, на 8 април 1992 година, во Скопје, отвори Генерален конзулат. За прв германски конзул во Скопје беше назначен Ханс Лотар Штефан. Тој беше и првиот странски дипломатски преставник во Македонија по нејзиното осамостојување.

При крајот на 1992 година, набаргу по една официјална посета на претседателот Киро Глигоров на Италија, на 16 декември истата година, Италија отвори Генерален конзулат во Скопје. За италијански генерален конзул

[452] ДАРМ, фонд: 1392, к. 7, ае. 67.
[453] ДАРМ, фонд: 1305, к. 58, ае. 14.

бил назначен Фаустино Трони. Конзулот Фаустино Трони, по природа бил многу благороден човек, со богато дипломатско искуство.

Како резултат на добрите пријателски односи меѓу Македонија и одделни членки на Европската Унија, при крајот на 1993 година, поточно на 16 декември истата година, во Скопје, претседателот Киро Глигоров ги примил преставниците на четири западноевропски земји, кои веќе ги претставувале своите земји во Македонија. Тоа биле: Тони Милсон од Велика Британија, Патрик Крисман од Франција, Ханс Лотар Штефан од СР Германија и Фаустино Трони од Италија. Тоа беа први западноевропски дипломати, односно први амбасадори, коишто на Македонија ~ врачија ноти, односно акредитивни писма на своите влади за воспоставување на дипломатски односи на ниво на амбасади со Република Македонија. До крајот на 1993 година одлуки за воспоставување на дипломатски односи на ниво на амбасади со Република Македонија донеле и владите на Шведска, Финска, Холандија и Данска, а постепено такви одлуки донеле и други земји-членки на Европската Унија.[454]

Во Македонија Германецот Ханс Лотер Штефан и како генерален конзул, а потоа и во својство на амбасадор, воспостави мошне значајни широки и пријателски комуникации, не само со официјалните државни преставници, туку и со луѓето, а пред сè со оние од културно-уметничкиот живот, имаше голем број пријатели и од редот на обичните граѓани.[455]

Италијанскиот амбасадор во Македонија Фаустино Трони од претседателот на Италија беше назначен за прв италијански амбасадор во Скопје. Амбасадорот Трони на претседателот Глигоров своите акредитиви му ги предал на македонски јазик, кој во меѓувреме го имал научено, а потоа и го усовршувал. Амбасадорот Трони во Македонија останал подлого време. Стекнал многу пријатели. Едно од неговите деца било студент на Универзитет

[454] ДАРМ, фонд: 1392, к. 7, ае. 84.

[455] Како резултат на позитивните впечатоци од Македонија, амбасадорот Ханс Лотар Штефан, и по неговото заминување од амбасадорската функција од Македонија, во својата земја, и понатаму дава виден придонес во развивањето на пријателските односи меѓу Македонија и Германија. Ханс Лотар Штефан, во својот град, отворил галерија на македонски ликовни уметници. Автор е на една значајна студија за Македонија, во која, со многу љубов и топлина ги изнесува своите спомени од Македонија, во годините поминати во неа.

„Св. Кирил и Методија", во Скопје. Амбасадорот Трони секаде беше ценет како голем пријател на македонскиот народ. И по завршувањето на неговиот амбасадорски мандат, Трони останува уште извесно време во Скопје, сега како шеф на Мисијата на ОБСЕ. Амбасадорот Трони, каде и да оди, секогаш е со Македонија и дава голем придонес за неа.[456]

Амбасадорската мисија на Фаустино Трони беше впечатлива и препознатлива меѓу дипломатските мисионери во Македонија. Така, Македонија ја имаше таа среќа што во тој миг на нејзиното осамостојување, од Италија за амбасадор во Македонија дојде изразито талентиран добар човек, кој секако остана да се памети во челниот ред на дипломати. Така, колку и да ги одбегнуваме настаните во времето по осамостојувањето на Македонија, сепак, задачата и присуството на одделни странски дипломати во неа, меѓу кои е и амабсадорот Трони, во историјата на македонската надворешна политика преставуваат амбасадорски спецификум, differenta specifica. Тоа не нè ослободува од обврската да пишуваме за улогата на амбасадорите, како и за нивните траги во македонската историографија, кон кои и да сакаме не можеме да останеме рамнодушни и ладни регистратори. Впрочем, делото на амбасадорот Трони, како и делата на другите амбасадори, што во тоа време беа во Македонија, секогаш треба да се набљудуваат како дела и сочинители на општата состојба на нештата, внатре во историскиот и општествениот контекст на Македонија, нејзините дијалектички знакономерности, во нејзините идејни надворешно политички осцилации.[457]

Француската амбасада во Скопје била отворена на 24 мај 1993 година. Прв француски амбасадор во Македонија бил Патрик Крисман. По природа, амбасадорот Крисман бил голем ерудит и полиглот. Како и другите дипломати во Македонија, така и амбасадорот Крисман се ангажирал за развојот на меѓусебните пријателски и културни врски меѓу Македонија и Франција. Амбасадорот Крисман дал виден придонес за пробивот на франкофонијата во Македонија и за зачленување на Македонија во франкофонското движење.

---

[456] Кирил Добрушевски, Збогатување на соработката: Италијанскиот амбасадор г-дин Фаустино Трони во Битола, Битолски весник, год. 32, бр. 1553 (15 март 1999), 4.
[457] Ibid.

Францускиот амбасадор Крисман и по неговото заминување од Македонија на нова должност во соседна Албанија одржувал пријателските врски со Македонија. Како добар познавач на македонскиот јазик, амбасадорот Крисман дал значаен придонес за превод на дела на македонски писатели на француски јазик. Беа преведени дела на Луан Старова од македонски на француски јазик, како и дела на многу други автори.[458]

До крајот на 1993 година ноти за воспоставување на дипломатски односи на ниво на амбасади со Република Македонија врачија владите на Шведска и Финска, а во текот на наредната 1994 година, беа воспоставени дипломатски односи со сите други членки на Европската Унија, освен со Грција. Дипломатски односи Република Македонија, на 14 февруари 1994 година, воспостави со Белгија, на 20 јули истата година со Шпанија, на 19 септември со Луксембург, на 15 ноември со Португалија, на 13 декември со Ирска, а додека пак на 23 декември 1994 година дипломатски односи воспостави со Австрија.

Македонија од година во година ја признаа повеќе земји од светот. Се зголемуваше бројот на странските дипломатски претставништва во Скопје, исто така се зголемуваше и бројот на отворените македонски дипломатски претставништва во странските земји.

Воспоставувањето на дипломатски односи на ниво на амбасади на Република Македонија со членките на Европската Унија, освен со Грција, преставува значаен чекор во развивањето на македоснаката севкупна надворешна политика, во соработката со овие приајтелски западноевропски земји и преставува значаен придонес во повразувањето на Македонија со значајни европски асоцијации. Отворањето на амбасадите во Македонија, исто така претставува важен чекор кој отвора перспективи за постепено решавање на многубројни отворени прашања со кои во тоа време се соочувал Балакнот. Истовремено, отворањето на амбасади во Македонија придонесува и во

[458] Види: Б. Зашев, Македонија и Советот на Европа 1990-1996, Форум прес и НИП „Студентски збор“, Скопје, 2006.

зацврствувањето на стабилноста и мирот, не само на Балканот туку и многу пошироко.
Првите дипломатски преставници од европските земји секако дека оставија во Македонија многу трајни сведоштва за нивниот пријателски однос кон Македонија и македонските граѓани.

### *3. Македонско-руски односи*

Новите времиња бараат и нови навики и ново однесување. Во тој контекст, во периодот на првите години на прогласувањето на Република Македонија како независна и суверена држава, руско-македонските односи можеа да послужат како пример за коректна, меѓународно легитимна и правилна политика на меѓусебно почитување, немешање во внатрешните работи и заемна соработка на две пријателски земји.

Во Македонија, на 12 и 13 август 1991 година, бил во посета Вадим Логинов, вонредниот и ополномоштен амбасадор на СССР во тогашна Југославија. Амбасадорот Логинов разговарал со македонскиот државен врв, пројавил интерес и изразил поддршка од името на СССР, за определбата на Македонија за самостојна и независна држава, надвор од составот на СР Југославија. Периодот што следеше потоа, беше исполнет со значајни внатрешно-политички настани во двете земји. Имало и мошне многубројни случувања, кои макотрпно го трасираа патот на создавањето и на Руската Федерација и на Република Македонија.[459]

Независно од сопствените проблеми и тешкотии, раководството на новата руска држава во континуитет ја следеше состојбата во Република Македонија и дејсвијата што македонското раководство ги преземаше за меѓународно признавање на својата држава.

[459] ДАРМ, фонд: 1392, к. 5, ае. 92.

Во Скопје, во почетокот на 1992 година, престојува Виталиј Чуркин, заменик-министер за надворешни работи на Русија.[460] Во овој период, мошне значајна е руската меѓународна поддршка на Македонија, не само како велесила, туку и како членка на ООН и како постојан член на Советот за безбедност.

Во средината на мај 1992 година, Владата на Руската Федерација решила да ги признае Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Македонија. Во медиумите било објавено, дека Андреј Козирев, министер за надворешни работи на Руската Федерација, ќе замине на турнеја во посетата на Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и Македонија, и тогаш на секоја од нив ќе им ја предаде нотата, со која Руската Федерација ги признава за независни држави.

Во ова време грчките дипломатски преставници во Москва вршеле притисок врз Руската влада, со цел да го одложи признавањето на Република Македонија. Грчките дипломатски претставници, наведувале дека во тек се разговорите меѓу Грција и „Скопје", и тоа преку посредници, и дека има изгледи во тие раговори македонската и грчката страна да најдат решение за меѓусебните спорови. Дипломатските преставници на Грција, изнесувале неаргументирани факти, наведувале дека ако Русија ја признае независноста и сувереноста на Република Македонија, тоа ќе има „негативно" влијание во разговорите меѓу Грција и „Скопје" и ќе се пропушти „шансата" да се разрешат многу спорни прашања, кои се од интерес на целиот регион.[461]

Кога министерот Козирев, престојувал во Белград, врз него е вршен силен притисок од страна на преставниците на режимот на Слободан Милошевиќ, во однос на македонското прашање. Со цел да се најде излез од настаната ситуација, министерот Козирев бил принуден да ја откаже официјалната посета, да се врати во Москва, а како изговор за тоа наведувал дека му биле потребни консултутации за тековни проблеми поврзани со односите меѓу Русија и Украина.

460 Виталиј Чуркин, подоцна бил долгогодишен руски амбасадор во ООН.
461 Ibid.

Во Македонија, кон крајот на мај 1992 година, во официјална посета бил Андреј Козирев, министер за надворешни работи на Руската Федерација. Министерот Козирев во разговорите со македонското раководство, покрај другото, отворено ја најавил намерата на неговата земја за скорешно официјално признавање на Република Македонија, како независна и суверена држава. На крајот на својата посета, министерот Козирев истакнал дека нотата за признавање на сувереноста на Македонија од страна на Руската Федерација, ќе ја испрати веднаш по враќањето во Москва. Сè до почетокот на август 1992 година, на Македонија не ѝ беше врачена нота со која Руската Федерација ја признава нејзината независност.[462]

Очигледна била поддршката на Македонија од страна на официјална Москва. И покрај тоа, македонскиот државен врв, преземал дополнителни дејства со цел да обезбеди целосна поддршка и разбирање на Кремљ во однос на признавањето на македонската држава. За таа цел, во почетокот на јули 1992 година, во посета на Москва е владина делегација од Македонија. Во составот на делегацијата биле: академик Блаже Ристовски, потпретседател на Владата на Република Македонија; Љупчо Арсовски, помошник министер за надворешни работи; Драган Јањатов, шеф на Протоколот на Република Македонија; и Владо Блажевски, советник на Министерството за надворешни работи.

Ова е неофицијална посета на македонска владина делегација на Москва. Македонската делегација во Москва, барала поддршка и лобирање од познати руски личности пред руските официјални органи и институции за признавање на Македонија под нејзиното уставно име. За одбележување во тој поглед е и искажаната готовност и поддршка што ~ ја дале на Македонија двајца познати членови од Руската академија на Науките од Москва, и тоа: академик (генерал) Дмитриј Волкогонов, историчар и секретар на Советот за безбедност при Администрацијата на рускиот претседател Борис Јелцин, и

[462] Д-р Срѓан Керим, Мостови кон иднината..., 183-205.

академик Виктор Кумањов, историчар, долгогодишен пријател на македонскиот академик Блаже Ристовски.[463]

При оваа посета на Москва, споменатата македонската владина делегација во Кремљ, водела конструктивни разговори со академикот Дмитриј Волкогонов, а во рускиот Славјански институт била примена и разговарала со академик Виктор Кумањов и со директорот на Славјанскиот институт, В. Волков. Во разговорите, македонската делегација презентирала бројни научно-историски аргументи и факти, со цел да докаже дека Грција прави разни политички опструкции за да го спречи меѓународното признавање на Македонија.

Во реализацијата на посетата на македонската владина делегација на Москва, евидентна е помошта на Гордана Ристевска, постојан дописник од Москва на македонскиот дневен весник „Нова Македонија". Секако дека за одбележување е и поддршката на тој план што ја дал Милорад Антевски, генерален директор на македонската фирма „Технометал-Вардар" – Претставништво во Москва. Македонската владина делегација за време на престојот во Москва остварила средби со амбасадорите на Украина, Естонија, Белорисија, Узбекистан, Грузија, Ерменија и со други амбасадори.[464]

Во развојот на македонско-руските билатерални односи значаен придонес дале и македонските бизнисмени, претставници во Москва, како и голем број македонски научници, професори, писатели, културни работници и други интелектуалци, кои на разни начини во својата дејност имале професионални релации со познати личности од Русија.

Македонското раководство за признавање на Македонија како независна држава од страна на Руската Федерација, пристапило организирано со стратегија и примена на одредена концепција.

Македонија испрати барање за меѓународна поддршка од страна на Владата на Руската Федерација, побара поддршка и од владите на државите што се производ на поранешниот Советски Сојуз.

---

[463] ДАРМ, фонд: 1305, к. 69, ае. 68.
[464] ДАРМ, фонд: 1305, к. 69, ае. 74.

Во почетокот на август 1992 година рускиот претседател Борис Николаевич Јелцин бил во официјална посета на Бугарија. Состојбите во однос на прашањето за признавање на Македонија се промениле. Рускиот претседател решил да ја признае Република Македонија. Руската држава го изразила своето почитување кон Македонија, тргнувајќи од правото на народите на самоопределување, како и од почитувањето на основните принципи на меѓународното право.

Руската Федерација, на 5 август 1992 година, со Указ на претседателот Борис Јелцин, ја призна Република Македонија како независна и суверена држава под нејзиното уставно име. Оваа информација во Скопје, лично ја соопштил Виталиј Чуркин, заменик- министер за надворешни работи на Русија.[465]

По пристигнувањето во Македонија, заменик-министерот Виталиј Чуркин, од име на Владата на Руската Федерација, ја врачил официјалната нота со која Република Македонија се признава како самостојна и независна држава. Нотата била предадена на македонскиот министер за односи со странство Денко Малески. По тој повод, на специјалната прес-конференција во Македонското собрание, заменик-министерот Виталиј Чуркин, меѓу другото истакнува:

„Овој ден е мошне важен во историјата на односите меѓу двете држави – Руската Федерација и Република Македонија. Јас се наоѓам овде во пријатна мисија, на македонското раководство официјално да му соопштам дека претседателот Борис Јелцин го потпиша Указот за признавање на Република Македонија како независна и суверена држава. Исто така, на македонското раководство му ја врачив официјалната нота од Владата на Руската Федерација за признавање на Македонија како независна и самостојна држава. Ние сме уверени дека овој наш политички акт ќе придонесе за мир и стабилност на Балканот“.[466]

---

[465] ДАРМ, фонд: 1392, к. 6, ае. 93.
[466] Ibid.

Истиот ден, Сојузот на руските писатели во Москва објави Декларација под наслов „Опасни игри околу Македонија". Извесно време по тоа, во посета на Македонија беше академикот Виктор Кумањов кој разговарал со високи државни владини преставници.

Секако дека признавањето на Република Македонија има големо значење за зачувување на мирот и стабилноста на Балканот. Тој ден е многу важен во историјата на односите меѓу Руската Федерација и Република Македонија. Тоа е историски чин од голема важност за одржување и развивање на билатералните односи на традиционалното пријателство и развој на сестарни односи меѓу народите на двете држави, втемелени во корените на многувековната историја.

Претседателот Киро Глигоров, во октомври 1992 година, испрати лично писмо до претседателот на Руската Федерација Борис Јелцин. Во писмото, претседателот Глигоров ја објаснува состојбата на Република Македонија и нејзината положба на меѓународен план. Претседателот Глигоров, во писмото, изразува голема благодарност за разбирањата и поддршката што ја има Македонија од Руската Федерација и од претседателот Борис Јелцин, лично, за вкупната меѓународна стабилност на земјата, но и за постојаните проблеми што Македонија ги има на тој пат. Лупчо Арсовски, помошник-министер во МНР на Македонија и Драган Јањатов, шеф на Протоколот на Република Македонија во Москва, писмото го предале на Министерството за надворешни работи на Русија, односно на заменик-министерот Колоколов.[467]

Како резултат на добрите пријателски врски и разните активности, со вообичаената размена на дипломатски ноти, на 28 јануари 1994 година, односно на 31 јануари истата година, заемно и едновремено се воспоставени и дипломатски односи меѓу Руската Федерација и Република Македонија, базирани на Виенската конвенција, како и врз основа на вообичаените дипломатски норми и меѓународните правила.

На 28 јануари 1994 година, во Москва било отворено првото македонско дипломатско претставништво – конзулат. Трифун Карапетров бил назначен за

[467] ДАРМ, фонд: 1386, к. 52, ае. 79.

прв македонски официјален претставник – конзул. Набргу потоа, на 31 јануари 1994 година, во Скопје се отвара руско дипломатско претставништво – конзулат. За прв руски официјален дипломатски претставник – конзул е именуван Јуриј Петрович Трушин.

По извесен период, времените конзуларни претставништва во Москва и Скопје се издигнаа на ниво на амбасади. Во Руската Федерација во Москва за македонски вонреден и ополномоштен амбасадор е именуван академик Гане Тодоровски. Во Скопје, Руската Федерација отворила амбасада. За руски амбасадор во Македонија бил назначен Јуриј Петрович Трушин. Амбасадите во Скопје и во Москва одиграа значајна улога и се од огромна важност за развојот на дипломатските односи помеѓу Руската Федерација и Република Македонија.[468]

Значаен придонес во севкупниот развој на билатералните односи меѓу Руската Федерација и Република Македонија даваат и средбите на највисоко државно ниво. Во Москва, на 10 мај 1995 година, по покана на рускиот претседател Борис Јелцин, во официјална посета бил македонскиот претседател Киро Глигоров. Кон крајот на јануари 1998 година, по повод одбележувањето на 50-годишнината од победата над фашизмот, по покана на претседателот Борис Јелцин, по втор пат во официјална посета на Москва е македонскиот претседател Киро Глигоров. При оваа посета, Глигоров и Борис Јелцин ја потпишаа познатата Декларацијата за пријателство и соработка меѓу Русија и Македонија. По повод јубилејната прослава во Москва, престојувала и делегација на Стопанската комора на Македонија, составена од околу 50 стопанственици. Тие, со претставниците на Стопанската комора на Руската Федерација, ги утврдиле можностите за развој на економската и трговската соработка меѓу Република Македонија и Руската Федерација.[469]

Претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, на 26 декември 1996 година, ги прими акредитивните писма од Пјотр Добросердов, амбасадор на Руската Федерација. Во 1997 година, во Москва, Руската

---

[468] Драган Јањатов, Московски записи: (1993-2003), Дијалог, Скопје, 2012, 154-176.
[469] Види Растислав Терзиоски, Ставот на руската дипломатија кон Македонија, Менора, Скопје, 2015.

академија на науките (РАН) издала збирка на документи под наслов: „Македония - путъ к самостоятельности“ на руски јазик.

На 26 јануари 1998 година, претседателот Киро Глигоров е во официјална посета на Руската Федерација, во Москва водел разговори со претседателот Борис Елцин и со премиерот Виктор Черномирдин. Во разговорите станало збор за зајакнување на билатералните односи.

Исто така за време на својот мандат и македонскиот претседател Борис Трајковски, имаше официјални посети и „ад хок“ средби со тогашниот претседател на Руската Федерација Владимир Путин. За Македонија од посебна важност е средбата на претседателот Борис Трајковски со претседателот Владимир Путин, во Киев, Украина, во 2001 година, во време по воената криза во Македонија. Во разговорите во Киев, претседателот Путин ~ изразил целосна поддршка на Македонија и понудил воена и друга помош со цел да се реши меѓуетничката криза.[470]

Неспорно е дека основен белег во развојот на натамошните македонско-руски односи и соработка ќе им даде, меѓу другото, и размената на посети на делегации и средбите на државните раководства и дипломатијата на двете земји. Во периодот од 1991 до 2001 година, односно во период од една деценија биле реализирани повеќе значајни, официјални, работни и протоколарни средби на министрите за надворешни работи, за култура, економија, внатрешни работи и други, во функција на подобрување и унапредување на нивото на вкупните билетарални односи и соработка. Факт е дека во Москва и во Скопје биле одржувани состаноци на Меѓудржавната руско-македонска мешовита комисија за економска соработка. Биле потпишани и ратификувани повеќе меѓудржавни спогодби, договори и протоколи, кои ја сочинуваат суштината на нормативно-правната регулатива меѓу Република Македонија и Руската Федерација. За одбележување е и успешната амбасадорска соработка меѓу овие две земји. Од година во година се подобрува економската, трговската и културната размена.

[470] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 231.

### *4. Република Македонија и Обединетите нации*

#### *4.1. Членството на Република Македонија во Обединетите нации*

Зачленувањето на Република Македонија во Обединетите нации (ОН), односно во светската организација, секако дека претставува највисок дострел на меѓународна верификација на признавањето на Република Македонија како независна и суверена држава. Република Македонија како држава постои од август 1944 година, како една од шесте републики на поранешна СФР Југославија, која беше едена од основачите на оваа универзална организација. Македонија сè до распадот на Југославија беше и членка на ООН, фактички, учествуваше во животот на ОН. Впрочем, претседател на XXXII генерално собрание на ООН беше Македонецот Лазар Мојсов од Неготино. Северната грчка провинција, која „сега го носи името Македонија"[471] е само еден дел од вкупната територија на Грција. Република Македонија посебно истакнува дека нема никакви аспирации за монопол на името Македонија.[472] Во Република Македонија, во Скопје долго време постоеше Генерален конзулат на Република Грција. Овој Конзулат на органите на Република Македонија им се обраќаше званично, користејќи го името Социјалистичка Република Македонија.[473] Значи, Република Грција го сметаше за легитимно и не го оспоруваше името на Македонија сè до нејзиното осамостојување, поточно сè до почетокот на 1992 година, кога почна процесот на меѓународно признавање.

Република Македонија веднаш по нејзиното осамостојување, во повеќе официјални документи, како и со своите ставови и слично, го покажа својот интерес за пристап кон Обединетите нации.

---

[471]Тоа е Егејскиот дел на Македонија, кој со распарчувањето на целосното јадро на Македонија, со Букурешкиот договор од 1913 година, потпадна под власта на Грција.

[472]На Република Македонија не ~ пречи што северната грчка провинција (Егејскиот дел на Македонија) го носи сега Македонија.

[473]Државен архив на Република Македонија, фонд: Влада на Република Македонија......., Писмо на претседателот на Грција со кое се упатува нивниот Генерален конзул во СРМ.

Со настанувањето на југословенската криза, во нејзиното разрешување беше ангажирана пред сè Европската Унија. Многубројни се податоците кои говорат дека и Обиденетите нации имале посебен интерес за мирна разврска на настанатите проблеми на југословенскиот простор. Во врска со југословенската криза ОН презема многубројни активности. Без да навлегуваме во содржината на тие активности, се определивме да се осврнеме само на неколку позначајни активности, кои секако се доволни и даваат јасна слика за ангажираноста на ОН во решавање на југословенската криза, а пред сè за поддршката на ОН кон Македонија.[474]

На 11 октомври 1991 година, Сајрус Венс е именуван за специјален пратеник на Генералното собрание на Обединетите нации за Југославија. Венс и претседавачот на Хашката конференција за Југославија, односно медијаторот на Европската Унија лордот Карингтон договориле заедничка акција за изнаоѓање мирно решение на југословенската криза.

Претседателот Глигоров во Белград на 7 декември 1991 година се сретнал со Сајрус Венс и најавил иницијатива за евентуална поддршка на Македонија од страна на ОН. Бутрос Гали на 1 јануари 1992 година бил избран за Генерален секретар на Обединетите нации на местото на Перез де Куељар.

Претседателот на Република Македонија Киро Глигоров на 3 февруари 1992 година прв пат го посетил седиштето на Обединетите нации во Њујорк каде што се сретнал со Генералниот секретар на ОН Бутрос Гали, кој бил информиран дека Македонија по стекнувањето на нејзината независност сака да стане членка на заедничкото семејство на светската организација. На средбата учествувал и Васил Тупурковски, специјален преставник на претседателот Глигоров.[475]

На 23 јули 1992 година Владата на Република Македонија му доставила на Собранието предлог за зачленување на Република Македонија во ОН. Собранието, на седницата одржана на 29 јули 1992 година, донесе Одлука за стапување на Република Македонија во членството на светската организација.

---

[474] Душко Велиħ, Бошко Тодоровиħ.
[475] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 504-505.

Врз основа на оваа одлука, претседателот Киро Глигоров, на 30 јули 1992 година, упатил писмо до Генералниот секретар на ОН Бутрос Гали, со кое претседателот Глигоров бара прием на Република Македонија во Обединетите нации. Во писмото, покрај другото, се нагласува дека Република Македонија ги исполнува условите за прием и се нагласува дека Република Македонија ги прифаќа обврските содржани во Повелбата на Обединетите нации и целосно ги поддржува Обединетите нации, како и зголемувањето на нивната улога во унапредувањето на меѓународниот мир. Исто така, во писмото, Глигоров ја изнесува македонската приврзаност кон принципите и целите на Обединетите нации кои се поставени во Повелбата и ги осудува сите нарушувања на тие принципи. Република Македонија ја почитува растечката улога на Обединетите нации во светските настани и нивната растечка делотворност. Во писмото се наведува дека Република Македонија ги прифаќа Хелсиншкиот финален документ, Париската повелба за нова Европа, Хелшинската самитска декларација и Хелшинските одлуки, како и сите документи на Конференција за европска соработка и безбедност, сите обврски и одговорности содржани во тие документи. Во писмото е нагласено дека Република Македонија е решена да дејствува во согласност со законските одредби на документите на ОН. Кон писмото приложена е и посебна изјава дека Република Македонија ги прифаќа сите обврски содржани во Повелбата на Обединетите нации.[476]

Поради блокадата од страна на Грција, како и поради тврдењето од Грција дека приемот на Република Македонија под уставно име ќе го загрози меѓународниот мир во регионот, барањето за прием на Република Македонија за членство во ОН беше одложено, и ставено во процедура дури во јануари 1993 година. Сајрус Венс и лорд Овен, во Скопје, во разговорите што ги воделе со претседателот Глигоров изјавиле дека за признавањето на Македонија и за нејзиното членство во ОН ќе се расправа на Министерскиот самит во Единбург. За таа цел претседателот Глигоров, во Женева, на 7 ноември 1992 година, имал одвоени средби и разговори со Сајрус Венс и лордот Овен. Во овој период, за одбележување е и ангажирањето на Обединетите нации за

[476] Ibid.

обезбедување на мирот и стабилноста на југословенскиот простор, аналогно на тоа и во Македонија, која сé уште беше надвор од светското семејство.

На Самитот на Европската Унија одржан на 11-12 декември 1992 година во Единбург, Велика Британија, меѓу другото донесена е и одлука прашањето за меѓународно признавање на Република Македонија, кое дотогаш без резултат се третираше на состаноците на ЕУ, да биде упатено на решавање пред Обединетите нации.

Приемот на Македонија во светската организација, секако дека беше проследен со низа тешкотии и отпори од страна на Грција, но истовремено Република Македонија имаше и голема широка меѓународна поддршка на иницијативата како субјект на нејзиниот натамошен самостоен развој и меѓународна афирмација.[477]

Во рамките на грчката дипломатска кампања за попречување на приемот на Република Македонија во Обединетите нации, министерот за надворешни работи на Грција, Михалис Папаконстатину испратил од Атина на 25 јануари 1993 година, Меморандум во врска со барањето за прием на поранешната југословенска република Македонија во ОН. Во Меморандумот содржани се ставовите и погледите на Грчката влада во однос на барањето на Република Македонија за прием во ОН. Мрморандумот содржи неколку прилози: Манифестот од Првото заседание на АСНОМ упатен до македонскиот народ, народностите во Македонија и до македонската емиграција од 2 август 1994 година, и Прогласот на Комунистичката партија на Македонија упатен до македонскиот народ, издаден на 4 август 1994 година, усвоен на Првото заседание на АСНОМ одржано на 2 август 1944 година, на сам ден Илинден, во манастирот „Св. Прохор Пчински". Во прилогот на грчкиот Меморандум е пренесен само дел од Манифестот од Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ, народностите во Македонија и до македонската емиграција, односно не е пренесен целиот текст на Манифестот,

477 Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 507-509.

кој се однесува на Македонците под Бугарија и Грција[478]. Исто така во Меморандумот испратен од министерот за надворешни работи на Грција до Генералниот секретар на ОН е пренесен само дел од прогласот, упатен од Комунистичката партија на Македонија до македонскиот народ. Целосниот назив на Прогласот е: „Проглас од ЦК на КПМ до македонскиот народ, народностите на Македонија и Народноослободителната војска на одржаното Прво заседание на АСНОМ". Меморандумот содржи и извадок од Извештајот на Специјалниот комитет на ОН за Балканот од 1949 година, карти на Македонија во нејзините етнички и геогравски граници и други материјали. Меморандумот содржи уште еден документ во кој доаѓа до израз грчкиот негативен став кон Република Македонија. Во овој документ навидело излегуваат тенденциите на владата на Грција, која небирајќи средства со многу лаги и невистинити, без аргументи настојува да го спречи приемот на Република Македонија во светската организација. Меморандумот бил подготвен во министерството за надворешни работи на Грција под раководство на советникот Евангелос Кофос.[479]

На 26 јануари 1993 година, Генералниот секретар на ОН Бутрос Гали доставил писмена нота во врска со молбата на Република Македонија за прием во ООН до Генералното собрание и до Советот за безбедност на ОН.

Претседателот Киро Глигоров, на 28 јануари 1993 година, во Женева со сајрус Венс и лорд Овен во разговорите ги изнел тешкотиите што ги има Македонија од страна на Грција во врска со приемот во ОН.[480]

Велика Британија, Франција и Шпанија, од името на ЕЗ, на 1 февруари 1993 година, му предложиле на Советот за безбедност на ОН, Република Македонија да се прими како држава во ОН под референцата „The former Jugoslav Republikof Macedonija". По тој повод, британскиот министер за надворешни рботи Даглас Херт, во февруари истата година, во име на трите членки на ЕЗ, кои беа и членки на Советот за безбедност на ОН, упатил писмо

[478]АСНОМ, Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том 1, книга 1, Скопје 1984, 178-179.
[479] Ibid.
[480] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 156-157

на 1 февруари 1993 година, до македонскиот претседател Киро Глигоров. Во писмото е содржан предлогот на Велика Британија, Франција и Шпанија од името на ЕУ, Македонија да се прими во ОН со привремена употреба на името „The former Jugoslav Republic of Macedonija“ (Бивша југословенска Република Македонија).

На 5 февруари 1993 година, претседателот Киро Глигоров испратил писмо до Генералниот секретар Бутрос Гали во врска со постапката за прием на Република Македонија во ОН.[481] Во писмото меѓу другото се вели: „... приморани сме да го изразиме нашето несогласување со поставувањето предуслови за приемото во членство, коишто не се предвидени со Повелбата на Обединетите нации. Поставувањето на нови, за нас, несфатливи и досега неприменети предуслови го сметаме како особена закана за досегашната практика на Обединетите нации, чијашто репутација Вие, господине Генерален секретар се обидувате да ја оправдате во овие проблематични времиња, исполнети со искушенија.

И покрај тоа што приемот во Обединетите нации е од големо значење за нас, ние, единствено бараме да бидеме задолжени со истите обврски кои се однесуваат и на останатите 183 почитувани земји членки.

Во врска со фактот дека Меморандумот на Република Грција беше дистрибуиран како документ на Обединетите нации до сите земји членки, за да се избегне нашата земја да биде ставена во неповолна положба, Ве молам ова мое обраќање, заедно со приложениот Меморандум да биде циркулиран како додаток на нашето барање за членство“.[482] Кон писмото на претседателот Глигоров бил приложен Меморандум на Министерството за односи со странство на Република Македонија, до ОН во врска со приемот на Република Македонија во ОН како одговор на Меморандумот на Грција со кој се настојува тоа да се спречи, Њујорк 3 февруари 1993.[483]

---

[481] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 515-516.

[482] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија , ..., 517–521.

[483] Ibid.

Меморандумот бил подготвен во Министерството за односи со странство на Република Македонија, под раководството на потсекретарот Ристо Никовски. Всушност овој Меморандум претставува еден вид реакција и одговор на грчкиот Меморандум до ОН на 25 јануари 1993 година. Во Меморандумот на Македонското министерство за односи со странство, меѓу другото, се наведува: „Европската Унија го доби мандатот да ги решава прашањата кои се отворија со распадот на поранешна Југославија, а во тој контекст признавањето на Република Македонија. Во врска со Република Македонија, ЕУ, под притисок на Грција, ги кршеше своите принципи, работеше против духот кој го пропагира, а ги негираше и заклучоците на Бадинтеровата комисија која самата ја формира. Не случајно претседавачот на ЕУ, данскиот министер за надворешни работи, Уфе Елеман Јенсен, изјави дека прашањето за признавањето на Република Македонија стана црно петно на совеста на Европа, сега постои сериозна опасност тоа да стане црно петно и на совеста на ООН. Роберт Бадентер, во пауза на конференцијата во Брисел му рече на министерот Малески дека се случи голема срамота со непризнавањето на Македонија. Издржете. Принципите на оваа Европа, сепак, се на Ваша страна. Бидете тврди како камен, на крајот ќе излезете победници. Ги исполнувате условите да станете членка на Светската организација.

Од друга страна значајно е да се истакне фактот дека промената на името Република Македонија, што е против волјата на нашиот народ, безусловно ќе води во дестабилизација на земјата...

Одложувањето на меѓународното признавање ѝ нанесува огромни штети на Република Македонија... Одговорноста за тоа е сега во рацете на ООН. Според тоа, колебањето на ЕУ порано и на ООН сега и грчката политика на одолговлечување со признавањето на Република Македонија водат недвосмислено во нова балканска војна, бидејќи ги будат старите соништа за нова поделба на Република Македонија. Има повеќе индикации кои говорат во тој правец. Поради тоа, признавањето на Република Македонија е битен предуслов за јакнење на мирот и стабилноста во регионот“.[484]

[484]Ibid.

На 9 февруари 1993 година во Собранието на Република Македонија почнала расправа по прашањето околу постапката за прием на Република Македонија во ОН и за предлозите во врска со името. Расправата продолжила и на седницата на 11 и 12 февруари со општа определба дека не може да се утврди име на Македонија без нејзина согласност.[485]

На седницата на Владата на Република Македонија, одржана на 30 март 1993 година, посебен акцент во дискусиите беше ставено на приемот на Република Македонија во ОН и за преговорите во рамките на Советот за безбедност. И на оваа седница потврдена е подготвеноста на Република Македонија за почитување на принципите изнесени во Повелбата на ОН и за добрососедски односи, како и за надминување на проблемите со нејзиниот јужен сосед – Грција. Владата на Република Македонија во својот став била многу јасна и децидна „дека во никој случај нема да биде подготвена да прифати промена на своето уставно име, да го прифати терминот „Поранешна југословенска Република Македонија" како име на државата. Владата на Република Македонија одбива името на Република Македонија да биде поврзано со зборот „југословенска".

Врз основа на принципите на меѓународното право, јасно е дека Република Македонија не можеше да прифати промена на име, во кое не е содржан зборот Македонија, тоа е спротивно на одредбите на Македонскиот устав. Тоа претставува преседан во меѓународните односи и правото на народите за самоопределување, слобода на избор на сопственото име, националната припадност и достоинство на граѓаните. Со непризнавањето на Македонија под нејзиното уставно име, се загрозува не само идентитетот на македонскиот народ, туку и мирот и стабилноста на југот на Балканот. Македонија е земја позната со својата миролјубива политика, за рамноправна соработка и сожителство со соседните држави на Балканот и пошироко во светот.[486]

---

[485] ДАРМ, фонд: 1305, к. 52, ае 26.
[486] Види: Пандил Костурски, Дипломатијата и македонското иселеништво, Скопје, 1995, 209.

По неколкумесечното исчекување, преговарање и попречување на приемот на Република Македонија во ОН, предизвикан од Грција, Советот за безбедност на седницата одржана на 7 април 1993 година ја усвои Резолуцијата 817 со која Советот за безбедност му препорача на Генералното собрание да ја прими Република Македонија во членство на ОН под привремен назив „Поранешна југословенска Република Македонија". Претседател на Советот за безбедност при приемот на Република Македонија во ОН беше амбасадорот на Пакистан Џамшид Маркер.[487]

Советот за безбедност на ООН му предложи на Генералното собрание да ја прими Македонија за членка на ООН со привременото име, односно со референцата „Поранешна југословенска Република Македонија"(ПЈРМ). Ова име ќе се користи во рамките на ООН, сѐ до решавањето на спорот со името меѓу Македонија и Грција. Назнаката (референцата) The former Jugoslav Republic of Macedonija (FYROM), или во превод на македонски јазик „Поранешна југословенска Република Македонија" овде не е употребен прв пат. Прв пат таа е употребена во една Декларација усвоена на Самитот на ЕУ во Гимареш, Португалија (1 и 2 мај 1992 година).[488]

Одлагањето на меѓународното признавање на Република Македонија, од страна на ЕУ, секако создаваше поширока блокада на меѓународно признавање на Македонија. О'Нил бил именуван за посредник во спорот со името на Македонија, како и во насока за нејзин прием во ООН и КЕБС.

На 8 април 1993 година Генералното собрание на ООН во Њујорк донесе Одлука (Резолуција на ГС број 47/225) за прием на Република Македонија во Светската организација, како 181 нејзина членка.[489]

Според предлогот на Советот за безбедност (Резолуција на СБ 817/93), во документите на Обединетите нации, Република Македонија ќе се ословува

[487] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 540-541.
[488] Ристо Никовски, Клучот за името е во Вашингтон, не во Атина, Скопје, 2015, 154-182.
[489] Виктор Габер, за македонската дипломатија..., 204-210.

со „Поранешна југословенска Република Македонија (The former Jugoslav Republic of Macedonija)“.[490]

Приемот на Република Македонија во Светската организација бил подржан од Словенија, Хрватска, Белгија, Австрија, Бугарија, Колумбија, Данска, Египет, Франција, Германија, Финска, Италија, Литванија, Русија, Шпанија, Шведска, Португалија, Велика Британија, Венецуела и други, вкупно 34 членки на ОН. Усна поддршка дале: Луксембург, Холандија, Нов Зеланд. На седницата на Генералното собрание претседателот на Република Македонија по повод приемот на Република Македонија во Обединетите нации одржал говор на македонски јазик кој бил пренесуван преку сателит на Македонската радиотелевизија.[491] По тој повод, претседателот Киро Глигоров во Генералното собрание на ОН во Њујорк, на 8 април 1993 година одржал говор, во кој меѓу другото вели: „Приемот на Република Македонија во меѓународното семејство на народите е чин со кој триумфира правдата. Тоа е светол пример како еден мал, мирољубив народ, по мирен и легитимен пат го оствари своето право на самоопределување и државност и својата одговорност во меѓународната заедница. Со овој чин се круниса повеќевековниот стремеж на македонскиот народ и неговата 130-годишна борба за независност и слобода...“[492] На седницата на Генералното собрание, освен претседателот Глигоров, од Република Македонија присуствувале: министерот за надворешни работи Стево Црвенковски, пратеникот Ештрев Алиу, советниците на претседателот Глигоров, Ахил Тунтев и Снежана Османли, амбасадорите Вања Тошевски и Насте Чаловски, началникот во МНР Слободан Ташовски, советникот на МНР Димитар Бидиков (кој работел во Њујорк), претставникот на Македонската влада во Вашингтон Љубица Ачевска и други. На приемот исто така било забележано и присуство на голем број Македонци, иселеници во САД, Канада и во Австралија, кои го поздравиле приемот на Република Македонија во ОН.

[490] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 87-90. Сите резолуции, извештаи и други документи во врска со приемот на Република Македонија во ОН може да се најдат на официјалната веб страница на ООН, www.un.org

[491] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 160-162.

[492] Д-р Сашо Георгиевски, м-р Сашо Додевски, Документи за Република Македонија..., 356-257.

Приемот на Република Македонија во членство во ОН е предмет на анализа на стручњаци од еминентни научни институции од областа на меѓународното право во светот со заклучок дека постапката за прием на Република Македонија во членството на ОН претставува јасно и повеќекратно кршење на Повелбата на ОН поради непризнавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име.[493] Исто така, поради спротивставувањата на Грција, направен е уште еден преседан во историјата на ОН со неистакнување на државното знаме на Република Македонија на јарболот пред седиштето на ОН во Њујорк. Државното знаме на Република Македонија на јарболот пред седиштето на ОН не беше истакнато сè до октомври 1995 година, односно, до усвојувањето на новото државно знаме на Република Македонија.[494]

Во согласност со мандатот даден од Генералниот секретар на ОН, на 12 април 1993 година, копреседателите на Конференцијата за поранешна Југославија Сајрус Венс и лордот Овен (подоцна само Сајрус Венс, на кого во 1994/95 година му се придружил и американскиот дипломат Метју Нимиц), ги почнале посредничките активности меѓу Македонија и Грција за надминување на несогласувањата околу името. Во таа насока биле одржани многубројни состаноци, водени долги разговори, расправи и дискусии со цел да се најде мирна и соодветна разврска на прашањето на „спорот“ со името. Но за жал поради притисоците од страна на Грција тој проблем сè уште не е разрешен.[495]

По приемот на Република Македонија за членка во Светската организација, Република Македонија стана членка и на специјализираните агенции и програми од системот на ОН. Република Македонија покажа значајна активност во соработка со институциите од системот на Обединетите нации. Таа стана член на организациите на ОН, учествува во нивната работа, контактира со нивните највисоки преставници, има соработка за прашања кои се од заемен интерес.[496]

---

[493] Ристо Никовски, Клучот за името е во Вашингтон..., 268-290.
[494] Ристо Никовски, Улогата на САД во македонската голгота: (1991-2013), Скопје, 2014, 158-173.
[495] ДАРМ, фонд: 1392, к.5, ае. 14.
[496] Ibid.

На 6 август 1993 година претседателот Глигоров го постави Денко Малески за амбасадор (шеф на мисијата) на Република Македонија при ООН во Њујорк.

Во Женева, на 1 септември 1993 година, е отворена постојана мисија на Република Македонија при Обединетите нации. Мисијата ја отвори министерот Стево Црвенковски, а за в.д. шеф на мисијата поставена е Билјана Тасевска.

Амбасадорот Денко Малески на 15 септември 1993 година му ги предал акредитивите на Генералниот секретар на ОН Бутрос Гали.

Бидејќи Република Македонија не беше призната под нејзиното уставно име од страна на ООН, тоа секако беше една од причините што нејзините соседи повторно ги оживееа своите нереални аспирации кон неа.

Во јули 1993 година Република Македонија е примена за членка на УНЕСКО како нејзина 175 членка.

На 26 септември 1993 година, во Њујорк, САД, било одржано 48-то заседание на Генерално собрание на ООН. На ова Собрание присуствувал и претседателот на македонската држава Киро Глигоров, кој посебно имал средба и со Генералниот секретар Бутрос Гали, како и со посредникот Сајрус Венс.[497]

Република Македонија станала потписничка на Декларацијата на УНИЦЕФ. Претседателот Глигоров со делегација од Македонија прв пат учествува на Годишното собрание на Светската банка на 1 октомври 1993 година во Њујорк. Претседателот Глигоров, на 24 и 25 октомври 1993 година, го посети седиштето на УНЕСКО во Париз и се сретна со генералниот директор Фредерико Мајор.[498]

Амбасадорот на РМ во Обединетите нации Денко Малески на 1 декември 1993 година е избран за претседавач на Групата на источноевропските земји.

Република Македонија во наредните години зема активно учество во работата на Генералното собрание на ОН. Специјалниот известувач на

---

[497] Ахил Тунтев, Република Македонија..., 160-163.
[498] Ibid.

Комисијата за човекови права на ОН Елизабет Рен, на 30 септември 1997 година изјавила дека Македонија направила значаен напредок за почитување на човековите права. И понатаму продолжуваат разговорите со посредникот Сајрус Венс, кој се заложил за позитивна разврска за разликите околу името на Македонија. Генералниот секретар на Обединетите нации Кофи Анан, на 24 декември 1999 година, ја прифатил оставката на Сајрус Венс, а на негово место, како посредник на ОН во македонско-грчките разговори за решавање на „спорот" околу името на Македонија е назначен неговиот заменик Метју Нимиц.[499]

Односите на Македонија со Обединетите нации сè повеќе се развиваат, таа стана она што го посакуваше, фактор на мирот и стабилноста на Балканот. Со статусот како членка на Светската организација, Македонија презеде иницијативи за најширока балканска соработка меѓу државите од Балканот, Европа и пошироко во светот.

### *4.2. Мировната мисија на ОН во Македонија*

При крајот на 1991 и во текот на 1992 година југословенската криза го достигна својот врв со воените дејствија во одделни републики на Југославија, како што се Словенија, а пред сè во Хрватска и Босна и Херцеговина, поради тоа меѓународната заедница беше принудена, освен со политички средства, на југословенскиот простор да се ангажира и на безбедносен план.

Карактеристични се иницијативите за мировна мисија на ОН на овој план кои дојдоа до посебен израз во македонскиот пример. Советот на безбедност на ОН на 31 јануари 1992 година усвои Декларација со која му овозможува на Генералниот секретар на ОН да му даде приоритет на концептот на превентивната дипломатија воопшто. Од посебно значење е Резолуцијата 743/92 за активностите на Обиденетите нации во Југославија донесена на 21 февруари 1992 година од Советот за безбедност. На 30 јуни

[499] Ibidem, 164-167.

истата година овие активности се референраат под Сили за заштита на ОН – UNPROFOR.

На 7 јуни 1992 година бил објавен Извештајот на Генералниот секретар Бутрос Гали под наслов „Агенда за мир“ (Agenda for Peace), во кој превентивната дипломатија се дефинира како „акција за превенција од избувнување судири, превенција на постојните судири со цел спречување на нивната ескалација во конфликт и акција за ограничување на проширување на постојни судири“.

Македонија беше надвор од воените судири. Меѓутоа заради опасноста војната да се прошири и на југ, преовладуваше мислење дека е потребно присуството на мировни сили на ОН во Македонија на северната и на западната граница, но исклучиво само од превентивен карактер. Уште на 7 декември 1991 година во разговорите што биле водени меѓу претседателот Киро Глигоров и специјалниот пратеник на ОН Сајрус Венс во Белград, прв пат од македонска страна била поведена иницијатива за евентуално испраќање на мировни сили на ОН во Македонија на границата кон Југославија и Албанија.

Носител на иницијатива за присуство на мировни сили на ОН во Република Македонија беа властите на Република Македонија. Претседателот на Република Македонија Киро Глигоров при посетата на ОН во Њујорк (11. 11. 1992 година), се сретнал со Генералниот секретар Бутрос Гали и побарал присуство на мировни сили на ОН во Република Македонија поради оценката дека стабилноста на Македонија и на регионот во тој период е сериозно загрозена од кризата во Босна и Херцеговина. Претседателот Глигоров ја навел загриженоста за можното негативно влијание на воените дејства од просторот на поранешна Југославија врз Република Македонија.

Распоредувањето на мировни сили во Република Македонија, исто така, било препорачано и од копретседателите на раководниот комитет на Меѓународната конференција за поранешна Југославија, Сајрус Венс и лордот Дејвид Овен. Карактеристични се околностите под кои беше покренета иницијативата за присуство на мировни сили на ОН во Република Македонија.

Факт е дека не постоеше непријателство меѓу Република Македонија од една страна и Албанија и СРЈ од друга страна, покрај чии граници требаше да се стационираат подоцна мировните сили на ОН. Со овие соседни земји од северна и западна страна на Македонија немаше непријателства од вооружен карактер, не беше нарушен мирот, немаше акт на агресија. Меѓутоа постоеше загриженост за можно влијание од воените дејства кои се водеа на просторот на поранешна Југославија, тие биле доволна основа за покренување на иницијативата. А кон ова се додаде и крвавата меѓуетничка војна на просторите на поранешна Југославија, кои имаа реални шанси да се прошират во Косово. Неповолната економска ситуација, санкциите на ОН кон СРЈ, грчкото ембарго на југ, постоењето на македонско-грчката „разлика" околу името и други фактори, беа причина за воспоставување на мисија во Република Македонија и имаа директно влијание врз квалитетот на мисијата на ОН во Република Македонија.

Продолжувањето на мандатот на UNPROFOR во Република Македонија во периодот декември 1992 – март 1995 година се одвива во рамките на продолжување на мандатот на мисијата на целата територија на поранешна Југославија. Советот за безбедност на ОН, од март 1995 година па сѐ до февруари 1999 година, го продолжува мандатот на мисијата со усвојување на посебни резолуции. Мисијата била ополномоштена исклучиво да ја набљудува ситуацијата на теренот и за тоа да го известува Генералниот секретар на ОН, процесот на набљудување е дозволено да се врши по должината на граничната линија со Албанија и СРЈ од страната на Република Македонија, а владите на Албанија и СРЈ биле само информирани за доаѓањето на UNPROFOR во Република Македонија. Во содржинска смисла, мисијата имала цел да спречи појава на насилства, односно спречување и одвраќање од евентуална агресија од надворешна закана, до го спречи проширувањето на конфликтот на територијата на Република Македонија. Со еден збор речено, мисијата на ОН требало да даде одговор во случај на надворешна агресија. Од аспект на Република Македонија, присуството на ОН говори дека таа е држава со прецизно дефиниран статус.

Со почетокот на 1993 година почна мировната мисија на Обединетите нации во Македонија. На 8 јануари 1993 година во Скопје пристигна командантот на Мировните сили на ОН Пин Саермарк Томсен (Данска, престојувал во Скопје од 20 јануари 1993 година до 24 јануари 1994 година). Во Македонија од 10 до 15 февруари 1993 година пристигна Нордискиот баталјон (Шведска, Норвешка, Данска и Финска) на мировни сили од 700 војници, 35 воени набљудувачи, 26 воени полицајци и 10 цивилни набљудувачи. Од ден на ден се зголемува бројот на мировните сили.

Американскиот претседател Клинтон, во една своја изјава, истакнал дека американскиот национален интерес е пред сè да се избегне поширокиот конфликт на Балканот и на 12 мај 1993 година го најавил испраќањето на американски војници на UNPROFOR во Македонија. Заменик-генералниот секретар на ОН Кофи Анан, одговорен  за мировни операции на ОН, на 27 август 1993 година, бил во посета на Македонија. Во Охрид, Кофи Анан разговарал со претседателот Глигоров и со министерот за одбрана на Македонија Владо Поповски. Анан ги посетил и единиците на UNPROFOR во Република Македонија.

Во периодот од 11 декември 1992 година до 31 март 1995 година мисијата на ОН во Република Македонија функционирала во составот на UNPROFOR[500], а за Република Македонија постоела команда со седиште на штабот во Скопје.

На 31 март 1995 година Советот за безбедност на ОН донесе Резолуција со која се реорганизирани операциите во поранешна СФРЈ и се воспоставени три одделни мировни мисии: во Хрватска, во Босна и Херцеговина и во Македонија. Со Резолуцијата 983/95 е воспоставена одделна мисија на ОН во Република Македонија – UNPREDEP. Генералниот секретар на ОН, во мај 1995 година го назначи Хенрик Сокалски за шеф на мисијата на UNPREDEP. Тој допатувал во Скопје на 18 јуни 1995 година и имал статус помошник-генерален

[500]По трансформацијата на UNPROFOR, согласно Резулуцијата 983, во РМ бил формиран UNPREDEP.По препорака на Генералниот секретар на ОН и со одобрение на Советот за безбедност од февруари 1996 година, UNPREDEP продолжил да функционира како посебна и самостојна мисија со директно известување и под директна надлежност на седиштето на ОН во Њујорк.

секретар на ОН. Хенрик Сокалски престојувал во Скопје од јули 1995 до ноември 1998 година. На 24 септември 1998 година заврши мисијата на Хенрик Сокалски, шеф на UNPREDEP во Македонија.

Министерството за надворешни работи на Република Македонија упатило повеќе писма до Генералниот секретар на ОН за продолжување на мисијата во Република Македонија. Писмата за продолжување на мисијата биле проследувани преку постојаниот преставник на Република Македонија во ОН. Кризната ситуација на просторот на поранешна Југославија била намалена, а особено по завршувањето на војната во Босна и Херцеговина и Хрватска во 1995 година, по потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор во Париз на 14 декември 1995 година. Како примарна причина за мисијата ОН во Република Македонија било оправдувано со нерешениот статус на Косово, необележената граница меѓу СРЈ и Република Македонија, меѓунационалните проблеми во Република Македонија, како и спорот меѓу Република Македонија и Грција во врска со името. Во годините што следеа потоа Република Македонија во писмата што ги испраќаше до Советот за безбедност на ОН како причина за продолжување на мандатот на мисијата биле наведувани следните прашања: кризата и нестабилната ситуација во Албанија, слабата имплементација на Дејтонскиот договор, косовската криза која особено ескалира во текот на 1998 година, а особено во почетокот на 1999 година.

Македонската влада на седницата одржана на 26 јануари 1999 година, поради кризната ситуација во Косово донесе одлука да побара UNPREDEP да го продолжи во ист состав мандатот во Македонија за шест месеци.

На 26 февруари 1999 година кога пред Советот за безбедност на ОН се поставило прашањето за продолжување на мандатот на UNPREDEP во Македонија, Народна Република Кина[501] стави вето на македонското барање.

На 29 март 1999 година, Нордискиот баталјон на UNPREDEP ја напуштил Македонија. Со тоа мировната мисија на ОН во Македонија заврши.

[501]На 27 јануари 1999 година, по воспоставувањето на дипломатски односи на Република Македонија со Република Кина – Тајван, на 9 февруари 1999 година Народна Република Кина ги прекинала дипломатските односи со Република Македонија. Види: Ахил Тунтев, цит. дело Република Македонија.., 178.

Со ескалацијата на косовската криза, и покрај сериозните закани за мирот и безбедноста на Република Македонија во поширокиот регион, функционирањето на мисијата на ОН во Република Македонија беше прекината пред ескалацијата на кризата во Косово.

## *5. Македонија и НАТО*

Со излегувањето од Југославија по пат на референдум и договорот со ЈНА за повлекување на нејзините војски од Македонија дојде до потребата за формирање на сопствена независна безбедносна сила – Армија на Република Македонија. По добивањето на независноста на Македонија, за зачувување на безбедноста на своите граници и за зачувување на својот суверенитет и интегритет како мала земја, се сметаше дека треба да се приклучи кон колективните безбедносни системи – НАТО (Севреноатлански пакт).[502] Надворешната политика на РМ се ориентира кон интеграција на земјата кон ЕУ и НАТО со цел заштита на државата од воено-политички и економски аспект.

Министерството за одбрана и самата Влада на РМ со цел да се направи трансформација според стандардите на НАТО започнале значајни капитални проекти како што биле: граничното обезбедување, реалното димензионирање на активната и резервната компонента на Армијата, во согласност со безбедносните закани, но и со економските потенцијали на државата, како и темелно реформирање на сегментот на специјалните сили, демилитаризација на границите итн. За оставрување на овие реформи во војската биле поставени искусни луѓе, врвни воени експерти од оваа област, но исто така да бидат поддржани од сите граѓани на Република Македонија како и од политичките субјекти во државата.

Процесот на интеграција на Република Македонија во НАТО започнал по две години од осамостојувањето кога Собранието на РМ, на седницата

[502]Северoатланскиот пакт бил формиран на 4 април 1949 година во Вашинтон, САД. Денес седиштето се наоѓа во Брисел, Белгија.Главната цел била колективна безбедност на земјите-членки во случај на воена агресија од земја која не е членка на НАТО.

одржана на 23 декември 1993 година, донесе Одлука за пристапување на земјата во НАТО.

Во јануари 1994 година бил одржан состанок на врвот на НАТО каде што неговите земји-членки ја претставиле програмата за Парнерство за мир. Македонската влада ја поздрави програмата и ја изрази подготвеноста за приклучување во програмата. Наредната година поточно на 15 ноември 1995 година Република Македонија се приклучила во Програмата на Партнерство за мир како 27 земја-членка. Ова е клучниот пресврт во македонската надворешна политика и непосреден доказ за македонското прицврстување до западните вредности.

Соработката со НАТО продолжува и во наредните години. Како земја-членка на програмата „Партнерство за мир“ во 1996 била организирана вежба наречена „Спасител“ којашто се реализирала на територијата на Република Македонија. Во истата година Македонија го потпиша договорот СОФА, со кој е регулирано присуството и движењето на странски воени сили во Република Македонија, НАТО и земјите од Партнерството и Дополнителниот протокол на договорот Република Македонија – НАТО со кој се регулира статусот на силите меѓу државите-членки на алијансата и на ПЗМ.; од јули 1996 година, Македонија има свои офицери за врски во седиштето на НАТО во Брисел и во Координативната ќелија на ПЗМ во Монс.

И понатаму продолжува интеграцијата на РМ во НАТО кога во 1997 година, стана членка на ЕАПС (Евроатлански партнерски совет) кој претставува широка рамка за соработка меѓу партнерите чија главна цел била спречување на поголеми кризи во Европа и да се претвори од континет на споделување на идеали во споделување на одговорности.

На 4 февруари 1998 година премиерот Бранко Црвенковски и министерот за надворешни работи Благоја Ханџиски биле во посета на Генералниот секретар на НАТО Хавиер Солана каде што се изнаоѓале решенија за да не се наруши стабилноста и границите на Македонија и да се почитуваат човековите и граѓанските права на сите народи во Македонија во

текот на косовката криза и со помош на НАТО Република Македонија да се справи со бегалците од Косово.

На 3 април 1999 година Советот одлучил за командант на НАТО-силите во Република Македонија да биде генерал сер Мајкл Џексон кој треба да ја преземе одговорноста за хуманитарната поддршка на РМ и да ги искористи сите расположливи војски на НАТО во таа област да помогнат при хуманитарните акции не само на УНХЦР туку и на други меѓународни организации коишто испраќаат помош во загрозените делови од кризата.

Со првиот бран на бегалци од Косово во Македонија и соработката со НАТО-војниците генералниот секретар на НАТО, Хавиер Солана, бил во посета на Македонија и на средба со министерот за надворешни работи на РМ Александар Димитров и министерот за одбрана Никола Кљусев, на 7 јануари 1999 година каде што исто така ја посетил Косовска верификација и кординација на ќелиите (KVCC) во Куманово и НАТО естракциските сили.

Со отворањето на македонската граница за бегалците од Косово во текот на еден дена околу 600 бегалци ја преминале границата, според податоците изнесени од НАТО на 21 април 1999 година на прес-конференцијата одржана во Вашинтон. Додека, пак, околу 3000 до 7000 лица биле на другата страна од границата коишто немале основни средства за лична хигиена, храна, облека и друго. Од страна на НАТО во Република Македонија последниот бегалски камп Непрошетно му бил предаден на Високиот комесаријат на ООН.

На 23 април 1999 година во Вашингтон бил одржан лидерски состанок на НАТО на кој биле присутни 19 земји-членки каде се одлучувало главно за Косово. Нивната главна цел била да се спречи бруталноста на Милошевиќ, да се решат проблемите на Косово и да се најде решение за да се дојде до мир и стабилност во регионот. Исто така во обраќањето на генералниот секретар на НАТО Хавиер Солана каде што, меѓу другото, вели: „...Ние сакаме да истакнеме колку голема поддршка имаме од земјите во регионот коишто работат за да им помогнат на НАТО-сојузниците, ... со НАТО-сојузниците да ја решат оваа хуманитарна катастрофа и исто така сакам да истакнам уште еднаш

за Република Македонија и Република Албанија кои згрижија огромен број на бегалци што доаѓаа. Овие две земји ја немаат само нашата симпатија туку и сета помош што можат да им ја дадат НАТО-сојузниците.“[503]

Во текот на косовската криза на мировните сили на НАТО целосно им биле дадени на користење инфраструктурата, административите и економските потенцијали како и заедничкото координирање со Алијансата, УНХЦР и хуманитарните невладини организации за справување со бегалската криза. Исто така значајна соработка имало и во други области како што се граничната контрола, управувањето со воздушниот простор како и спречување на ширење на незаконски трансфер на оружје.

Со оваа соработка Република Македонија се здобила со корисни и практични искуства како на пример: координација и комуникација со цивилните и воените структури на НАТО.

На територијата на Република Македонија во текот на косовска криза имало околу 16000 а бројот достигнувал до 20000 војници на НАТО. Бројот на косовски бегалци изнесувал 360000 коишто биле стационирани во Македонија, а штетата во Македонија изнесувала околу 660 милиони американски долари.

И покрај големите премрежиња и учествување во разрешувањето на различни воени конфликти на Балканот во последниот период, сепак, по повод 50-годишнината од постоењето на НАТО бил организиран собир во Вашинтон април 1999 година каде што присуствувала и македонска делегација предводена од министерот за одбрана Никола Кљусев. На овој состанок била изразена голема благодарност за помошта на РМ кон НАТО и безрезервното згрижување на бегалците од Косово. Исто така бил усвоен договор каде што за прв пат се споменува името Македонија. Според изјавата на министерот за одбрана на РМ Никола Кљусев по враќањето од Вашинтон меѓу другото се вели: „ ... Дека во усвоениот договор од собирот во Вашинтон за прв пат се споменува Република Македонија и се констатира задоволство од соработката на нашата земја со НАТО во рамките на актуелната криза, а исто така се

[503]Press conference by NATO Secretary General, Mr Javier Solana <br/>and General Wesley K. Clark, SACEUR, www.ndato.int/cps/en/natohq/opinions_27571.htm?selectedLocale=en, 23 april 1999,35.

искажуваат и позитивни оценки за реформите што ги спроведува Македонија во овој период.“.[504]

Според потпишаниот договор на собирот во Вашингтон исто така се гледало поддршка и од економски аспект за настанатата ситуација во Република Македонија што и самиот министер за одбрана Никола Кљусев вели: „Ние ја нагласивме таквата потреба, зашто Македонија трпи огромни загуби поради овие состојби и мора да се забрза процесот на вреднувањето на тој напор со партиципација на помош, поточно речено на покривање на тие загуби од страна на земјите-членки на алијансата. Беше укажано на можноста дека брзо ќе се реагира. Тоа го чувме и во разговорот со премиерот на Велика Британија, Тони Блер, кој укажа дека Македонија се наоѓа во центарот на настаните на Балканот и оти тој товар, таа цена која ја поднесува, ќе биде финансиски покриена“.[505]

Стратешката цел и цврстата определба на РМ за интеграција во НАТО продолжува понатаму. Таа била презентирана преку „Годишната национална програма за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО“ (ГНПЧ). Со што од април 1999 година РМ станала земја-кандидат за членство во НАТО. Нејзината реализација ќе го олесни користењето на можностите и помошта понудена од Акциониот план за членство (АПЧ) донесена на Самитот на НАТО во Вашингтон (април 1999 г.). Исто така РМ била подготвена да ги презентира искуствата преку ЕАПС и ПЗМ, со што би се зајакнала регионалната соработка во Југоситочна Европа. Активно учествува во Консултитативниот форум на ЕАПС за безбедносни прашања на Југоисточна Европа.

Со таа цел бил организиран ЕАПС семинар во Македонија во 2000 година каде што главните теми биле гранична полиција, управување на воздушниот простор, регионална соработка во областа на мало и лесно оружје итн. Исто така, РМ како учесник во Мултинационалните мировни сили на

[504]Изјава на министерот за одбрана Никола Кљусев по враќањето од Вашингтон, „Зачленување во НАТО по 2002“, Нова Македонија, 30 април, 1, 2 и 3 мај 1999 година, 3.
[505]Истото.

Југоисточна Европа, заедно со земјите од регионот преземаат значајни активности за да можат да учествуваат во наредните мировни мисии.

Идејата за постоењето на воено-политички сојузи не е само воена одбрана на териториите туку и во зачувување на заедничките вредности. Република Македонија покренала различни иницијативи меѓу кои регионална интеграција во НАТО што би значело соработка меѓу земјите и политички консензус помеѓу нив; обединување на народите и државите врз основа на верувањето во истата матица на цивилизациски вредности; современи демократски општества каде што новите безбедносни предизвици и стратешките одредби за членство во НАТО и ЕУ не сметаат дека овие патишта се формални и лесни; во интерес на мирот и стабилноста се бараат различни стратегии за трансформација на безбедносните системи во државите.

Со членството во НАТО Република Македонија не само што ќе го започне процесот кон евроатланската интеграција туку ќе има моќни сојузници кои ќе ја штитат при воена агресија поради територијалниот простор што го зазема во срцето на Балканскиот Полуостров. На Балканот се случувале и ќе се случуваат уште непредвидени сценарија и затоа мора како мала држава да бидеме дел од тој безбедносен систем за да го штитиме својот територијален интегритет и суверенитет.

## V
# МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Република Македонија како европска држава се стреми да стане член на Европската Унија. Во таа насока, европската опција претставува една од суштинските компоненти, неодминлив фактор на надворешно-политичката стратегија на Македонија.

Европската унија е економска и политичка заедница на држави кои се стремат кон уште поголемо економско и политичко поврзување со крајна цел да изградат единствен европски економски и политички систем базиран врз единствени уставни основи кои ќе ги има сите карактеристики на сојуз на држави од конфедеративен тип, а подоцна евентуално и од федеративен тип (сојузна држава). Всушност, Унијата претставува економско-политичка асоцијација на држави кои територијално му припаѓаат на континентот Европа, како специфично економско, политичко милје. Европската Унија е, всушност, заедница на држави која има свои изразито специфични економски и политички интереси кои, во најголем број случаи, помалку или повеќе се разликуваат од интересите на САД, а често се и спротиставени. Факт е дека специфичните економски и политички интереси се во дијалектичко единство со интересите во одбранбениот систем. Република Македонија, веднаш по нејзиното осамостојување, има аспирации за членство во Европската Унија. Заради побрза реализација на своите цели да стане член од европското семејство во Македонија беа преземени мерки на широк фронт со цел нејзиниот политички и економски систем да се развива сè повеќе до степен на хармонизација со соодветните системи на земјите-членки на Европската Унија.

Паралелно со плебисцитарното изјаснување на народот на Република Македонија, за самостојност на својата држава (8 септември 1990 година) и донесувањето на новиот Устав, македонското раководство ја интензивира

својата меѓународна активност за етаблирање на земјата во Европската Унија. Република Македонија презеде конкретни активности со цел таа да биде меѓународно призната од Европската Унија, КЕБС итн.

### *1. Бадинтерова комисија*

Европската Унија (претходно Европска Заедница) интензивно се занимава со решавање на кризата во поранешна Југославија. Европската Унија, во Брисел на 27 август 1991 година, усвои Декларација за свикување на меѓународна конференција и воспоставување на арбитражна процедура за состојбата во Југославија, доколку до 1 септември 1991 година, не се склучи спогодба за прекин на огнот. Собранието на Република Македонија ја прифати оваа Декларација на Европската Унија. Значи согласно со Декларацијата на Европската Унија од 27 август 1991 година, за решавање на кризната состојба во Југославија беше воспоставена арбитражна постапка. За таа цел формирана е Арбитражна комисија[506] (7. 9. 1991 година), составена од истакнати европски правници-судии на уставните судови на државите членки на ЕЗ. Арбитражната комисија ја сочинувале Роберт Бадинтер[507], претседател на Уставниот суд на Франција; Алдо Корасанти[508], претседател на Уставниот суд на Италија; Франциско Томас Валенте, претседател на Уставниот суд на Шпанија; Ирене

[506]Арбитражната комисија ја предложиле Французите. На претседателот Митеран тоа му го предложил „првиот правник" на Франција.
[507]Роберт Бадинтер (Robert Badinter) е роден на 30. 3. 1928 година во Париз. Дипломирал право на Универзитетот Сорбона, магистрирал на Универзитетот Колумбија, а докторирал на Универзитетот во Париз. Покрај право завршил книжевност и историја на уметноста. Тој е еден вистински хуманист, објавил повеќе книги, во кои главна тема се разни видови на насилства. Извршувал повеќе општествени и политички функции во Франција: сенатор на Сенатот на Франција, министер за правда во Владата на Франција, професор по право на Универзитетот Париз I, претседател на Уставниот суд на Франција (1986–1995), претседател на Арбитражната комисија за поранешна Југославија (1991–1995), претседател на Судот за помирување и арбитража при ОБСЕ. Види : www.law.duke.edu.
[508]Алдо Коросанти имал богато правно искуство, уживал авторитет на познат италијански правник.

Петри, претседател на Арбитражниот суд на Белгија; и д-р Роман Херцог[509], претседател на Уставниот суд на Германија.

Арбитражната комисија била позната и како „Бадинтерова комисија", според името на претседателот на комисијата – Бадинтер. Комисијата имала задача да дава свои мислења за важните прашања кои биле поставувани на дневен ред и биле главна тема на расправа во врска со Југославија на Хашката мировна конференција. Комисијата[510] немала улога на арбитражен суд, туку на советодавен правен орган, кој требало да ги разјаснува прашањата од правен карактер кои се предмет на расправа и одлучувања на конференцијата во Хаг. Комисијата сама зазела став за својата надлежност врз принципот „compentence de la compentence".

Бадинтеровата комисија имала мошне сложена задача, да ја проучи ситуацијата посебно во секоја југословенска република што доставиле барање за признавање на нивната независност, да го презентира сопственото мислење врз основа на критериумите, која од југословенските републики може да биде меѓународно призната. Мислењата, комисијата требало да ги проследи до ЕУ во определен временски период, најдоцна до 15 јануари 1992 година. Мислењата од Комисијата немале задолжителна сила за ЕУ, туку тие биле мислења од советодавна природа.

Од 9 до 11 декември 1991 година, во Мастрихт, се одржа Самит на дванаесетмина, претставници на земјите-членки на Европската заедница. Самитот е мошне значаен поради тоа што е донесена историска одлука за формирањето политичка, економска и монетарна унија меѓу земјите-членки на ЕЗ. На состанокот во Мастрихт разговарано е и за југословенската криза.

---

[509]Д-р Роман Херцог имал богата професорска и политичка кариера, претседател на Уставниот суд на Германија, претседател на Германија.

[510]Во јануари 1993 година составот на Комисијата бил реконструиран и нејзиниот состав го сочинувале: Робер Бадентер, претседател на Уставниот суд на Франција; ФранцискоПаоло Касавола, претседател на Уставниот суд на Италија; Роман Херцог, претседател на Уставниот суд на Германија; Елизабет Палм, судија во Европскиот суд за човекови права; и Хозе Марија Руда, поранешен претседател на Меѓународниот суд на правдата. Со завршувањето на работата на Меѓународната конференција за поранешна Југославија во 1996 година престанала да постои и да функционира Бадентеровата комисија. Поопширно вид: Craven M., The European community arbitration commission on Yugoslavia, BYIL, No. 66 (1995), Clarendon press, (1996).

На 12 декември 1991 година во Брисел се одржал состанок на министрите за надворешни работи на земјите-членки на ЕЗ. На министерскиот состанок во Брисел, по долгите дискусии, била прифатена Декларација за насоките за признавање нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз.

Советот на министри на ЕЗ во Брисел на 16 декември 1991 година, донел Декларација за Југославија. Во неа се поставени критериуми а тоа се: сите југословенски републики да се изјаснат дали сакаат да бидат признати како независни држави, дали ги прифаќаат критериумите за признавање, дали ги прифаќаат условите во Хашката конвенција, дали ги поддржуваат напорите на генералниот секретар и СБ на ОН, како и продолжување на конференцијата за Југославија.

Од посебен интерес за Македонија е ставот содржан во Декларацијата за поранешните југословенски републики, во кој покрај другото се вели: „... ЕЗ и нејзините земји-членки, исто така, бараат од секоја југословенска република, пред да ја признаат, да се обврзе дека ќе усвои цврсти уставни и политички гаранции дека нема територијални претензии кон која било соседна земја-членка на ЕЗ и дека нема да спроведува непријателска пропаганда против која било соседна земја членка на ЕЗ, вклучувајќи ја и употребата на оние имиња што значат територијални претензии.

Во Декларацијата биле наведени условите што требало да ги исполнат поранешните југословенски републики за да бидат меѓународно признати. А тоа се: почитување на Конвенцијата за човекови права, како и почитување на правата на националните малцинства и етнички групи во согласност со Конвенцијата за Југославија.

За таа цел од страна на ЕЗ, била формирана специјална Арбитражна комисија, а со нејзината работа раководел Роберт Бадинтер, тогашниот претседател на Уставниот суд на Франција. Задачата на Бадинтеровата комисија била да ги испита околностите кај секоја од републиките од поранешна Југославија, кои станале независни држави, и да утврди дали кај

секоја од нив постојат потребни правни акти за да можат да бидат и правно меѓународно признати како независни.

Министерот за односи со странство на Република Македонија Денко Малески, во врска со Декларацијата на ЕЕЗ, меѓу другото вели: „Декларацијата на ЕЕЗ претставува добра основа за натамошни преговори, а што се однесува на амандманот за една југословенска република дека нема да спроведува непријателска пропаганда против една соседна земја-членка на ЕЕЗ, вклучувајќи го и користењето на името што имплицира територијални барања, тоа не може да биде пречка за признавање на Република Македонија, затоа што таа ниту води активности на непријателска пропаганда, ниту користи име што имплицира територијални барања. Нашето евентуално несогласување со овој услов би значело дека како република се препознаваме и навистина водиме некаква пропаганда, или користиме име за да изразиме територијални барања. Исто така, нашето несогласување, или изразување резерва кон оваа во основа нејасна и непрецизна формулација, би можело да се користи за прикажување на нашето божемно несогласување со основните услови содржани во двете декларации и објективно би им помогнало на оние кои и на овој начин би сакале да го одложат, попречат или оневозможат признавањето на Република Македонија“.

Декларацијата за признавање на поранешните југословенски републики, донесена на Министерскиот состанок на ЕЕЗ во Брисел на 16 декември 1991 година, беше еуфорично пречекана во Атина и се истакнувало дека ЕЕЗ никогаш нема да ја признаат државата што го носи името Македонија.

На седницата одржана на 19 декември 1991 година Владата на Република Македонија ги прифати двете декларации на ЕЕЗ: Декларацијата за Југославија и Декларацијата за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот Сојуз и поведе иницијатива Собранието на Република Македонија да донесе Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава.

Исто така, Собранието на Република Македонија, врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, на седницата одржана на 19 декември

1991 година, расправало за содржината на Декларацијата за Југославија и за Декларацијата за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во СССР на Советот на министрите на ЕЗ, донесени на седницата од 17 декемеври 1991 година во Брисел, раководејќи се од принципите на Повелбата на ООН, од завршниот документ на КЕБС од Хелсинки, како и од Парискaта повелба.

Со оваа Декларација Република Македонија, како суверена и независна држава ги прифаќа критериумите и ги исполнува условите донесено од Советот на министри на ЕЗ, донесени во Брисел, на седницата одржана на 17 декември 1991 година. Во Декларацијата се наведува дека Република Македонија во целост го прифаќа Нацртот на документот на Конференцијата за Југославија во Хаг. Република Македонија ја прифаќа Декларацијата на ЕЗ и бара од неа да биде меѓународното призната. Исто така во Декларацијата се наведува дека Република Македонија го поддржува продолжувањето на Хашката конференција за Југославија и во нејзината работа ќе учествува со свој преставник и на тој начин ќе даде придонес за демократско и мирно разрешување на југословенска криза. Во Декларацијата се наведува дека Република Македонија ги поддржува дотогашните напори на ЕЗ за разрешување на југословенската криза и ја изразува својата готовност активно да учествува во нив. Република Македонија во целост ги поддржува напорите на Советот за безбедност на ООН за мирен расплет на југословенската криза, вклучувајќи го и упатувањето на мировни сили на ООН.

Република Македонија, како и другите југословенски републики: Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина, поднела барање до Брисел за признавање на нејзината независност од страна на Европската заедница и останатата меѓународна јавност.

На 20 декември 1991 година од страна на министерот Денко Малески било доставено барање за признавање на Македонија за независна држава до претседателот на Министерскиот совет на ЕЗ, Ван ден Брук. Во барањето било потенцирано дека Република Македонија нема никакви територијални

претензии и дека нема да се меша во внатрешните работи на други заедници и се бара Европската заедница да ја признае Република Македонија.

Во рокот што го постави Европската заедница, поточно до 23 декември 1991 година, од поранешните југословенски републики барања за признавање на нивната независност до Брисел биле испратени од Словенија, Хрватска, Македонија и Босна и Херцеговина. Додека пак, Србија и Црна Гора се изјасниле дека и понатаму остануваат заедно во составот на СР Југославија.

Комисијата на Бадинтер, проучувајќи го барањето на Македонија за меѓународно признавање, а земајќи го предвид и приговорот на Република Грција, која е членка на ЕЗ, поставила барање до Македонија да донесе два дополнителни амандмана за промена на два члена од македонскиот Устав, односно промена на оние членови од Уставот што се однесуваат на територијалните граници и на прашањето на македонското национално малцинство кое живее на територијата во соседните земји.

Под притисок на Република Грција, за една поранешна југословенска република, е додаден амадман во Декларацијата за дополнителни услови: да усвои политички и уставни гаранции дека нема територијални претензии кон соседна земја-членка на ЕЗ и дека нема да води никаква пропагадна акција против таа земја, што значи нема да ги користи оние имиња што подразбираат територијални претензии. На Самитот во Брисел била донесена одлука во која децидно стои заинтерисираните републики да достават свои барања до Арбитражната комисија најдоцна до 23 декември 1991 година. Реализацијата на нивните барања ќе започне да тече од 15 јануари 1992 година.

Македонија ги прифати условите на Бадинтеровата комисија и по забрзана постопка, на 6 јануари 1992 година, само два дена пред годишнината на конституирањето на првото повеќепартиско Собрание на Република Македонија, беа донесени два дополнителни амандамна во Уставот на Република Македонија.

Со дополнителните уставни амнадмани јасно е прецизирано дека Република Македонија нема никакви територијални претензии кон соседните држави. Со ова Република Македонија даде јасен и прецизен одговор на

дополнителните услови на ЕЗ што се бараат во постапката за меѓународно признавање на Република Македонија како независна и суверена држава. Министерот за односи со странство Денко Малески го испрати одговорот со дополнителните услови до Бадинтеровата комисија.

На 7-8 јануари 1992 година Македонија зема активно учество на Конференцијата за Југославија. Македонскиот претседател Киро Глигоров на средбата меѓу лидерите на поранешните југословенски републики и лорд Карингтон добил ветување од него дека признавањето на Македонија од страна на ЕУ може да биде и пред 15 јануари 1992 година, доколку Арбитражната комисија би била готова со извештајот за четирите републики од поранешна Југославија што поднеле барање за независност.

Во предвечерието на донесувањето на извештајот на Бадинтеровата комисија, Република Грција врши невиден притисок врз Македонија, со цел да се откаже од своето уставно име.

Извештајот на Арбитражната комисија на ЕЗ бил готов и на 11 јануари 1992 година и бил доставен до преседателството на Европската заедница во Лисабон, како и до лордот Карингтон, претседавач на Конференцијата за Југославија кој, потоа, го доставил до владите на државите-членки на ЕЗ и до Европската комисија во Брисел. Во извештајот на Арбитражната комисија е дадена позитивна оценка за Македонија, употребен е терминот Република Македонија и не било земено предвид грчкото барање за промена на уставното име на Македонија.

Бандинтеровата комисија, врз основа на податоците што ги имала, оценила дека од правен аспект, од четирите републики на поранешна Југосалвија кои барале меѓународно признавање, само Словенија (мислење бр. 7) и Македонија (мислење бр. 6) ги исполнуваат условите за независност и за меѓународно признавање наведени во Декларацијата на ЕЗ за критериумите за признавање на новите држави во Источна Европа и од Советскиот сојуз и Декларацијата за Југославија од 16.12.1991 година. Во извештајот – мислење број 6, Арбитражната комисија оценува дека Република Македонија ги задоволува условите предвидени со насоките усвоени од ЕЗ и дека Република

Македонија се откажа од какви било територијални претензии и, според тоа, употребата на името „Македонија“ не би требало да подразбира никакви територијални претензии на сметка на некои други држави и дека ќе се воздржува од секакви непријателски пропаганди вперени против некоја друга држава. На Хрватска и на Босна и Хецеговина од страна на Комисијата им било сугерирано да организираат и да одржат референдуми за независност, доколку сакаат да бидат меѓународно признати.

Европските државници не ја зеле предвид објективноста на Извештајот на Бадинтеровата комисија во која се наведува дека нема никакви правни пречки Македонија да биде меѓународно призната. Министерскиот совет на ЕЗ не ги зел објективните оцени на Комисијата на Бадинтер, кој самиот ја избрал.

На 15 јануари 1992 година, на министерскиот состанок во Лисабон, ЕЗ ги призна Словенија и Хрватска, а не ја призна независноста на Македонија, која ги исполнуваше сите услови за меѓународно признавање. Жоао де Деуш Пињеиро, министер за надворешни работи на Португалија, кој бил претседавач на ЕЗ, во своето соопштение од 15 јануари 1991 година, меѓу другото, наведува дека сите 12 земји-членки на ЕЗ, во истиот ден ги признаа Словенија и Хрватска за независни и суверени држави, а додека пак Македонија и Босна и Херцеговина, кои поставија барања да бидат меѓународно признаени како независни држави, треба да почекаат уште извесно време, бидејќи постојат уште неколку важни прашања кои треба да се разгледаат од страна на ЕЗ.

Претседателот Киро Глигоров, на 16 јануари 1992 година, изјавил дека одлуката на Арбитражната комисија претставува акт на признавање на македонската политика, како и акт на историска правда за која со векови се борел македонскиот народ. Претседателот Глигоров потенцирал дека непризнавањето на Република Македонија од страна на ЕЗ тешко може да се аргументира. Министерот за односи со странство на Република Македонија Денко Малески, укажал дека одложувањето на признавањето во Лисабон, создава проблеми и причинува штети на Македонија, бидејќи таа не може да комуницира врз рамноправна основа со европските држави. Денко Малески е дециден и јасен: „Ние немаме резервно име освен Македонија“.

Во Грција завладеала голема огорченост од содржината на извештајот на Бандитеровата комисја, но олеснителен факт за Грција, било тоа што признавањето на Македонија било одложено. Па поради тоа, не е случајно што грчкиот премиер Мицотакис и шефот на грчката дипломатија Андонис Самарас биле принудени да одат во дипломатска турнеја: Белград, Рим, Бон и други метрополи, со цел да вршат агитација за да се промени ставот на ЕЗ во однос на признавањето на Македонија под нејзиното уставно име. Исто така, и српскиот лидер Слободан Милошевиќ, се впуштил во молскавична акција, да направи сè што е можно, со цел Македонија да остане во составот на идна Југославија. Грција немала намера да ја признае Република Македонија како независна држава.

Точно е дека според Извештајот на Арбитражната комисија на Бадинтер[511], само Словенија и Македонија од поранешните југословенски републики ги исполнуваат сите услови за да бидат признати за независни и суверени држави од страна на Европската заедница. Меѓутоа, само ако историјата на Македонија се заборави, тогаш таа можеше да очекува дека во истиот момент ќе биде призната од Европската заедница. Историјата на Македонија и на нејзиниот народ, од минатото, меѓутоа, покажува сосема нешто друго. Ако Македонија врз основа на извештајот на Комисијата на Бадинтер беше призната како независна и суверена држава од страна на Европската заедница, тогаш се затвора една страница од балканската историја, односно Букурешкиот мировен договор со кој Македонија беше поделена меѓу трите нејзини соседи: Србија, Бугарија и Грција, ќе беше ревидиран. Исто така, и Версајската неправда направена врз Македонија нема веќе резон за опстојување. И затоа можеше да се претпостави дека при такви околности не можеше лесно да помине признавањето на Република Македонија од страна на Европската заедница. Па затоа меѓу земји-членки на Европската заедница имаше многу спротиставени гледишта во однос на признавањето на Република Македонија.

[511]По завршување на неговиот мандат, Роберт Бадинтер, како сенатор, станал претседател на Комитетот за пријателство меѓу Франција и Македонија. Прогласен е за почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Ваквиот став во однос на Босна и Херцеговина е во согласност со заклучокот на Комисијата на Бадинтер, а во однос на Македонија нивниот став, секако дека е наметнат од страна на Грција. Отстапувањето, пак, од препораките на Бадинтеровата комисија во однос на Хрватска, несомнено дека е под силното влијание и интервенција од страна на Германија. Најголемиот број држави од Европа го следеле однесувањето на ЕУ, но има и неколку држави членки на ЕЗ кои остапиле од таа практика и ја признале Македонија.

Ставот на Бадинтеровата комисија на ЕЗ, во македонската јавност вроди верба во правичноста на престојните одлуки на ЕЗ во врска со меѓународното признавање на Република Македонија. Ова секако дека беше еден вид доказ дека ЕЗ позитивно ја оценува македонската дотогашна политика за мир, нејзината демократска определба, како и нејзината подготвеност да има добрососедски односи и соработка.

### *2. Министерскиот самит во Лисабон (27–28 јуни 1992)*

Одложувањето на признавањето на независноста на Република Македонија, од страна на ЕЗ (подоцна ЕУ), стана практика и на сите состаноци на министрите и на другите високи функционери на ЕЗ. Во тој контекст видна е активната улога на грчкиот министер Андонис Самарас, кој во согласност со владината грчка политика, го користеше своето право на вето, со цел да го блокира секој обид на приближување кон некакво решение на македонското прашање.

Залудни беа аргументираните образложенија од страна на македонското раководство дека одолговлечувањето на признавањето на независноста на Македонија од страна на ЕЗ ~ причинува големи штети на Република Македонија. На министерскиот состанок во Лисабон, на 17 февруари 1992 година, грчкиот министер Самарас истакнал дека Грција во принцип нема ништо против создавањето државна творба зад нејзината северна граница, но

дека не е во положба да подржи едно такво признавање, доколку не се применат и не се исполнат условите на ЕЗ.

Изговорот беше ако дојде до такво признавање, тоа ќе поттикне судир „меѓу групите кои живеат во Скопје“, или ќе доведе до територијални барања на соседите, при што би бил загрозен мирот во регионот.

Министерот Самарас опширно ги објаснувал и образложувал грчките ставови против признавањето на Република Македонија. Тој во врска со името на Македонија изнесувал многу невистинити. Така, на пример, Самарас велел дека „Скопје цели педесет години го поткопува грчкиот суверинитет во грчка Македонија...“. На ваквиот став на грчката политика во однос на Македонија и се спротиставиле претставниците на Италија, Холандија, Белгија и Данска. Одлука за признавање на Македонија во Лисабон не беше донесена. Прашањето за признавање на Република Македонија беше одложено и на состанокот на Министерскиот совет во Брисел на 2 март 1992 година. На овој состанок шефот на грчката дипломатија Андонис Самарас дојде до отворено конфронтирање со земјите-членки на ЕЕЗ, подржувачи на македонската независност. На состанокот на Министерскиот совет на 2 март 1992 година во Брисел го условил со непризнавање на Република Македонија. Во Грција дошло до бојкот на холандските и италијанските производи и ова стана политичко прашање од прв ред. Под притисок на ЕЕЗ, Владата на Грција беше принудена да издаде јавно соопштение дека е против бојкот на европските производи. Од друга страна, пак, Италија и Холандија, како влијателни членки во ЕЗ, побараа од неа да се спречат сите мерки за финансиска и друга помош на Грција. Во тој период за развојот на Грција, како една од најсиромашните земји-членки на ЕЕЗ, била предвидена финансиска донација во износ од 30 милјарди еки, а за Македонија како помош, поради штетите што ги трпеше од санкциите на ООН и ЕЗ против СРЈ, дваесетина милиони долари, и тоа во долг период откако Македонија беше примена за членка во ООН. Од овој пример јасно се гледа дека Република Македонија беше во нерамноправна положба во однос на земјите-членки на Евроатланските интеграциски структури.

Пред состанокот во Луксембург, претседателот на Македонија Киро Глигоров и министерот Денко Малески воделе разговори со лордот Карингтон во врска со признавањето на Македонија. Грција ја злоупотребувала позицијата членка на ЕЗ. Македонија, со цел да се избегнат разните шпекулации што ~ ги нанесува Владата на Грција, била подготвена со нејзиниот јужен сосед да потпише и меѓудржавен договор за границата, со гаранција на Европската заедница.

Во пролетта на 1992 година, Португалија поведе една посредничка иницијатива, позната како „пакетот Пињеиро". Овој пакет содржел неколку предлози за решавање на македонско-грчкиот спор околу името. Во реализацијата на оваа иницијатива учествувал и португалскиот амбасадор Жозе Кутилјеиро, кој во средината на март 1992 година, во Скопје водел разговори со претседателот Киро Глигоров, а потоа португалскиот амбасадор Кутилјеиро бил во посета на Атина. Како резултат на оваа посредничка мисија за решавање на македонскиот-грчки спор околу името, Португалија му го предложила на македонскиот министер за надворешни работи така наречениот „пакет Пињеиро". Во него биле поставени оние прашања што како услов ги поставувала Грција. И овој пакет не поминал поради ултиматимот на Грција дека во името на државата не смее да се содржи зборот Македонија.

Признавањето на Република Македонија беше одложено и не беше решено и на Министерскиот состанок на ЕЕЗ во Луксембург одржан на 7 април 1992 година.

Финалето на посредничката иницијатива на Португалија е на вонредниот министерски состанок на ЕЗ одржан на 1 и 2 мај 1992 година, во Гимареш. Претседавач на Министерскиот совет на Европската заедница бил Жоао де Деуш де Пињеиро, министер за надворешни работи на Португалија. На состанокот во Гимареш е водена исцрпна расправа околу барањето на Република Македонија да биде призната како независна држава.

Грчката делегација на состанокот во Гимареш инсистирала воопшто да не се признава Република Македонија. Грција би го прифатила само името Република „Скопје". На состанокот во Гимареш извесен број на делегации од

земјите-членки на ЕУ во врска со името на Македонија истакнале дека не е пристојно да ~ се наметнува име на една држава. Европската заедница и нејзините држави-членки биле подготвени да ја признаат Македонија како суверена и независна држава, во рамките на нејзините сегашни граници и под име кое ќе може да биде прифатено од сите заентересирани страни. Европските лидери биле подготвени со претставниците на власта од Македонија да воспостават корисни и кооперативни односи, чија цел е унапредувањето на соработката која би била од корист на политичката стабилност и на економскиот просперитет на регионот. Тие во исто време, ги повикуваат преставниците на Македонија и Грција да продолжат со дијалог со цел да се реши прашањето околу името на Македонија. Точно е дека на состанокот во Гимареш, сепак имало обиди да ~ дадат друго име на Р Македонија. Претставниците на ЕУ биле соочени со тврдиот грчки став односно несогласување да ~ се даде какво било има на Македонија што ќе го содржи зборот Македонија. Португалија преку својот министер за надворешни работи Пињеиро на состанокот во Гимареш поднела предлог за име „Нова Македонска Република Скопје". Биле дадени и други предлози за името на Македонија, но ниеден предлог не поминал. Повеќе министри кои учествувале на состанокот во Гимареш ја согледале упорноста на грчкиот министер Самарас и дека Грција во никој случај нема да се согласи да направи каква било остапка во полза на Република Македонија додека не се реши спорот со името. Прашањето за признавање на Република Македонија било одложено на состанокот во Гимареш.

Во македонската јавност со големи симпатии било примено енергичното реагирање на Уфе Елеман Јенсен, тогашен министер за надворешни работи на Данска, кој на состаноците на ЕУ каде што се расправало за признавање на Република Македонија, како независна држава, како на пример: во Гимареш, Брисел и др., инсистирал ЕУ веднаш да ја признае независноста на Република Македонија. Овој дански министер заземал став дека со одлагањето на прашањето за признавањето на независноста на Република Македонија „Европа сериозно го нарушила својот морален

кредибилитет“. Ваквите ставови на тогашните министри за надворешни работи на Данска и Холандија, предизвикаа негативни реакции во грчката јавност. Што се однесува до прашањето за името на Македонија, тоа и натаму останало нерешено. Претседателството на ЕУ по ова прашање води расправа и на наредните состаноци.

Во живата дипломатска активност при подготовките на состанокот во Лисабон, тогашниот претседател на Грција Констатинос Караманлис непосредно бил ангажиран со цел лидерите на ЕУ да не ја признаат Македонија како независна држава. Караманлис велел дека „самонаречената Република Македонија“ има фундаментално значење за Грција“. Најсилен аргумент на Караманлис и на Мицотакис што им ги изложувале на лидерите на земјите-членки на ЕУ „дека во бившата југословенска Република Македонија имала само два милиони жители, од нив само еден милион се Словени, а другите се Албанци, Срби, Цигани и други националности, кои немаат никаква врска со Македонците. Караманлис тврдел, дека Република Македонија нема ниту историско, ниту национално право да го користи името Македонија“.

Уште пред да се одржи самитот на лидерите на земјите-членки на ЕУ во Лисабон (27-28 јуни 1992 година), премиерот на Грчката влада Константин Мицотакис во една своја изјава за германскиот весник „Франкфуртер алгемајне цајтунг“, во почетокот на јуни 1992 година, меѓу другото ќе истакне дека „во Лисабон ќе се реши судбината на Македонија“. Грчкиот премиер Мицотакис прв пат отворено признал дека во почетокот на јануари 1992 година, на средба со српскиот лидер Слободан Милошевиќ, му предложил Македонија да биде поделена помеѓу Србија и Грција, за што ја известил Европската заедница. Премиерот Мицотакис во интервјуто дал ветување дека ќе им дозволи враќање и оштета на децата-бегалци од Граѓанската војна во Грција, под услов Македонија да го промени името.

Грчкиот Парламент, на 10 јуни 1992 година, со мнозинство гласови донел Резолуција која била испратена до парламентите на останатите членки на ЕУ и до други држави, во која се бара да не го употребуваат името Македонија. На 11 јуни 1992 година, во Стразбург, Европскиот парламент донесе

Резолуција за Југославија, која веќе не постоела, а шесте нејзини републики се признати како правни сукцесори на СФРЈ. Во оваа Деклерација на ЕУ во однос на решавањето на прашањето за признавање на Македонија како независна држава, меѓу другото се наведува: „ставовите што ги изнесе Република Грција и условите се мотивирани од зачувувањето на мирот, соработката и стабилноста во целиот регион и како такви се од круцијално значење за ЕУ".

Името на Македонија не се споменувало. Точно е дека проблемите почнале со шестомесечното португалско претседавање со Европската заедница. Ова е период кога на Република Македонија и на македонскиот народ му се направени големи неправди и штети.

Во периодот до Самитот во Лисабон во новата македонска дипломатска меѓународна жива активност, беа ангажирани пред сè македонскиот претседател Киро Глигоров и неговите најблиски соработници: министерот за надворешни работи Денко Малески, советничката на претседателот Глигоров Снежана Османли, надворешно-политички советник Ахил Тунте и други. Тие одржаа дипломатски контакти со европски државници во Лондон, Вашингтон, Њујорк, Париз и други метрополи. Лобираа за признавање на Република Македонија под нејзиното уставно име. Задолжително ги повторуваа автентичните аргументи, дека Македонија во однос на Грција и во однос на другите соседи земји нема никакви територијални претензии. Наведуваа аргументи дека е значајно ЕУ да стави крај на прашањето за признавање на Македонија, истовремено бранејќи го правото Република Македонија да си го задржи своето вековно и уставно име.

Проблемите околу Македонија почнале со почетокот на Португалското претседавање во ЕУ, од јануари 1992 година.

Во Луксембург, на 15 јуни 1992 година, беше одржан состанок на министерскиот совет на ЕУ. Претседателот на Министерскиот совет на ЕУ Жоао де Деуш де Пињеиро направи последен обид да ги приближи позициите на Македонија и Грција. Еден ден пред одржување на самитот Пињеиро одржал одвоени средби со грчкиот премиер Мицотакис и со македонскиот министер за надворешни работи Денко Малески. Пињеиро на министерот

Денко Малески му предложил Македонија да има едно име кое ќе биде за внатрешна употреба во кое би стоело името Македонија, а друго име за надворешна коросподенција, особено за во рамките на ЕУ, која би ја признала Република Македонија, со формулацијата „Поранешна Југословенска Република Македонија". Министерот за надворешни работи Република Македонија, Денко Малески го одбил ваквиот предлог на претседателот на Министерскиот совет на Европската Унија Жоао де Деуш Пињеиро.

Премиерот на Грција Мицотакис, придружен со бројна делегација во разговорот со претседавачот Пињеиро го пренел ставот на Грција. Мицотакис поддржан и од грчкиот преседател Караманлис во разговорот со Пињеиро истакнал дека ставот на Грчката влада е зборот „Македонија воопшто да не постои како име на Републиката која бара признавање". Спротивно на ваквото гледиште имал генералниот секретар на КПГ – Алека Паприга. Тој сметал дека ваквиот став на Грчката влада во однос на името на Македонија не решава ништо суштинско.

На Министерскиот совет во Луксембург прашањето околу признавањето на Македонија не било решено. Според правилата на ЕУ, секогаш кога некоја нејзина земја- членка има извесни забелешки, нејзина обврска била таа да продолжи со преговори сè додека не се изнајде соодветно решение. Во однос на македонското прашање Грција била многу упорна и таа го претставувала како голем политички проблем. Со тоа министрите и на состанокот во Луксембург го одложија решавањето на признавањето на Македонија.

Во Грција неколку дена пред одржување на Лисабонскиот самит имало невидена паника. Грчките државни институции почнаа да вршат невиден притисок кон македонската страна. Така на пример грчкото Министерство за правосудство ја прекина комуникацијата со Министерството за правосудство на Македонија во областа на меѓународната правна помош. ПТТ сообраќајот исто така не функционираше, се враќаа писма и поштенски пратки затоа што на нив пишувало Република Македонија. Видливи биле антимакедонски протести кај граничниот премин Евзони, Гевгелија.

Мировната конференција за Југославија, со која претседаваше лорд Карингтон, и натаму беше единствен форум кој можеше да обезбеди трајни урамнотежени решенија за земјите од поранешна Југославија, вклучувајќи го и уставното уредување на Босна и Херцеговина. Важно е што им се сугерираше на сите оние инволвирани страни во кризата, да земат активно учество во мировната конференција на лордот Карингтон.

Како што е познато, и преставниците на земјите-членки на Европската Унија, и на летниот самит во Лисабон, одржан на 27-28 јуни 1992 година, не успеа да го разрешат проблемот околу признавањето на Македонија. Првиот човек на Извршната комисија, Жак Делор, истакнува дека како главна суштинска тема за која се расправаше во Лисабон беше кризата во ративикација на договорот од Мастрихт, како и кризата во поранешна Југославија. На Лисабонскиот состанок е донесена Декларација, позната како Лисабонска декларација. Во Декларацијата се наведува дека во однос на војната во Југославија, Европската Унија им дава предност на мирните патишта и е подготвена да им помогне на народите од поранешна Југославија во зачувување на својот мир и на патот кон европска иднина.

На Лисабонскиот лидерски самит не беше ништо решено во однос на признавањето на Македонија. Грција имаше причина да биде задоволна од исходот на овој лидерски самит во оваа дипломатска битка.

Во Лисабонската декларација беа повредени основните права, чуства и достоинства на македонскиот мирољубив народ. Во Декларацијата, во делот што се однесува на Република Македонија, меѓу другото, се вели: „Европскиот совет повторно го истакнува ставот што Европската Унија и нејзините држави-членки го заседоа во Гимареш во врска со барањето на Поранешна Југословенска Република Македонија да биде призната како независна држава. Европскиот совет изразува подготвеност да ја признае таа република во рамките на нејзините постојни граници во согласност со нивната Декларација од 16 декември 1991 година, под име во кое не се содржи терминот Македонија. Советот исто така смета дека границите на оваа република се неповредливи и гарантирани во согласност со принципите на Повелбата на

Обединетите нации и на Парискатa повелба". Според Лисабонската декларација Македонија би требало да прифати двојно име, едно за внатрешна употреба во Македонија, и друго име според кое ќе биде Македонија меѓународно призната. Секако дека ова отвора нови и сериозни опасности. Имајќи го предвид трагичното историско минато на македонскиот народ и на македонската држава, прифаќањето на Лисабонската декларација можеше да предизвика натамошна ескалација во мешањето во македонските внатрешни работи од страна на одделни соседи. Никој нема право да одлучува и да го решава елементарното и неприкосновеното право на македонскиот народ: неговото име и името на државата.

Македонската влада, на 28 јуни 1992 година, на посебна вонредна седница го отфрли делот од Декларацијата на Европскиот совет, во која Македонија беше условена да биде призната под друго име, во кое во ниедна варијанта не го содржи терминот Македонија. Македонската влада заседе еден единствен став и истакна дека народот на Република Македонија, само тој има единствено право да решава за своето сопствено име. Владата на Република Македонија го прифати оној дел од Лисабонската декларација во која се наведува дека границите на Република Македонија се сметаа за неповредливи и гарантирани, во согласност со принципите на Повелбата на ОН и Парискатa повелба.

Лисабонската декларација предизвика голема вознимиреност во Македонија, каде лесно можеше да дојде и до политичка криза. На вонредната седница на Собранието кое траеше три дена, свикана по повод Лисабонската декларација, македонските пратеници со бурни излагања го отфрлија делот од Декларацијата на Европскио совет на ЕУ за Поранешна Југославија усвоен во Лисабон на 27 јуни 1992 година, што се однесува за признавањето на Поранешната Југословенска Република Македонија. Со вакви от став на ЕУ во однос на името на Македонија, макар и привремено, се прави преседан за Македонија со тешки меѓународни последици. Пратениците на Македонското собрание беа едногласни и единствени дека името на Македонија нема никој право да го менува.

Врз основа на член 68, став 2 од Уставот на Република Македонија, расправајќи по Лисабонската Декларацијата на Европскиот совет на Европската Унија за Поранешна Југославија, (27 јуни 1992 година), за делот што се однесува на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 1 јули 1992 година ја донесе следнава Декларација во која се вели:

1. „Собранието на Република Македонија го оценува за неприфатлив и го отфрла делот од Декларацијата на Европскиот Совет на Европската Унија за поранешна Југославија, усвоена во Лисабон на 27 јуни 1992 година, што се однесува за признавањето на Република Македонија „со име кое нема да го вклучува терминот Македонија".

   Со прифаќањето на ваквиот став, макар и привремено, се прави преседан со исклучително тешки меѓународни последици.
2. Собранието на Република Македонија го поздравува делот на Декларацијата кој ги гарантира границите на Република Македонија и нивната неповредливост во согласност со принципите на Повелбата на Обединетите нации и Париската повелба.
3. Со пренесувањето на дел од својот суверенитет во Демократска Федеративна Југославија, Федеративна Народна Република Југославија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија, врз основа на правото на самоопределување, Република Македонија е меѓународен субјект со јасно изразено и признато име, суверенитет и територијален интегритет и како таков субјект е рамноправен правен наслоедник на СФРЈ, прифатен на Конференцијата за Југославија на Европската Унија и во нејзините документи.
4. Собранието на Република Македонија со Декларацијата од 17 септември 1991 година, ја потврди волјата на граѓаните на Република Македонија изразена на Референдумот од 8 септември истата година, во која тие се определиле за самостојна и суверена држава под името Македонија, што се изрази и со Уставот на Република Македонија, донесен на 17 ноември 1991 година. Во овие документи се истакнува дека Република Македонија ќе се залага за доследно почитување на принципите на меѓународните односи содржани во

документиите на ООН, во Завршниот документ од Хелсинки и во Парискaта повелба на КЕБС.

5. За легитимноста и оправданоста на своето барање засновано врз Декларацијата за меѓународно признавање, Република Македонија доби и официјална потврда во Извештајот на Арбитражната комисија на Конференцијата за Југославија на Европската Унија, во кој е заземен ставот дека „Република Македонија ги исполнува условите од Насоките за признавање на новите држави во Источна Европа и во Советскиот сојуз и од Декларацијата за Југославија усвоени од Советот на ЕЗ на 16 декември 1991 година", како и дека „употребата на името Македонија не содржи какви и да се територијални претензии кон друга држава".
6. Името Македонија е основа за името на еден народ – македонскиот народ, кој претставува мнозинство во Република Македонија и со неговото негирање се врши дискриминација врз тој народ и националностите кои живеат со него. Тоа не е во функција на обезбедување мирен и стабилен сестран развој на Република Македонија и на зачувување на нејзиниот суверенитет и независност, обезбедени на мирен и деократски начин.
7. Собранието на Република Македонија и натаму инсистира и бара од Европската Унија, како и од пошироката меѓународна заедница, Конференцијата за европска безбедност и соработка со Организацијата на Обединетите нации и нејзините членки, меѓународно да ја признаат Република Македонија со нејзиното уставно име и во постојните граници.
8. Оваа Декларација да се објави во „Службен весник на Република Македонија"."

Непризнавањето на Република Македонија од страна на ЕУ истовремено ~ носи негативни последици на македонската држава и ја изложи на процес на одлагање на нејзиното меѓународно признавање. Ваквата одлука на ЕУ секако била донесена под директно влијание на грчката политика. Македонија не го загубила својот меѓународен легитимитет за признавање. По повод ваквата одлука на ЕУ во меѓународната јавност имало различни реакции. Францускиот претседател Митеран, во својата изјава по повод признавањето на поранешните

југословенските републики, меѓу другото истакнал дека „признавањето на Македонија е „пребрзо“ и дека тоа може да предизвика меѓународни последици“. Од ваквиот став на претседателот Митеран јасно се гледа дека Франција нема брзо да ја признае независноста на Македонија. Ваков став имале и други држави членки на ЕУ. Спротивно мислење на францускиот претседател Митеран имал италијанскиот министер за надворешни работи Џани де Микелис. Тој, на Конференцијата за печат во Рим, истакнал дека признавањето на Македонија од страна на ЕУ треба да се направи што побрзо и дека Македонија нема да си го смени името.

Официјална Атина, пак, преземала нови дипломатски чекори со цел да го блокира признавањето на Македонија. Грција била свесна дека кај некои земји-членки на ЕУ постои расположение да ја признаат Република Македонија како независна држава. Вистински иницијатор за одлагање на признавањето на независноста на Македонија од страна на ЕУ секако дека беше Грција.

Факт е дека Лисабонската одлука за непризнавањето на Македонија ~ нанесе на Македонија штетни последици. Македонија чекореше во правецот на опасно изолирање, кон економска криза и загрозување на нејзината безбедност. Последиците беа видливи во разни подрачја. При крај на јуни 1992 година, и покрај поддршката што ја имаше од Хрватска, Словенија, БиХ, како и од делегациите на САД, Бугарија и Турција, на состанокот во Хелсинки, на кој присуствуваа високи функционери на КЕБС, од страна на ЕУ беа преземени мерки насочени кон одложување на признавањето на Македонија од страна на КЕБС.

Во Македонија настана не само политичка криза туку и економска. На седницата на Собранието на Република Македонија, на 3 јули 1992 година, шефот на македонската дипломатија Денко Малески поднесе оставка во знак на протест против Декларацијата на ЕУ. По барање на 23 пратеници речиси од сите партии, со големо мнозинство, на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 6 јули 1992 година, е изгласена недоверба на експерската Влада на Никола Кљусев.

Ова е време, кога во тешки драматични мигови, Република Македонија води битка за меѓународно признавање, а од сите страни ~ се закануваат санкции и блокади.

### *3. Одгласот на Лисабонската Декларација во печатот*

Македонскиот печат, по објавувањето на Лисабонската Декларација, долго време беше преполн со написи во кои се осудуваше условувањето од страна на ЕУ во врска со признавањето на Македонија. Тоа беше навистина еден масовен револт на македонската јавност. Така, на страниците на весникот „Нова Македонија" во врска со реакциите на македонската јавност по повод Лисабонската декларација на ЕУ, меѓу другото се вели: „Битката за името на Македонија е битка за опстанок на Македонија", „Македонското име нема да загине", „Македонија е сè што имаме", „Македонскиот народ не би бил она што е, ако во својата историја не се борел против ваквите неправди...". Весникот „Нова Македонија" ги повикува сите граѓани на Македонија да се спротиставаат на неправдата што ~ се нанесува на Македонија на меѓународен план.

Реакции поради непризнавањето на Македонија од страна на ЕУ се појавија и во печатот на повеќе европски земји, во светот воопшто. Така, лондонскиот „Фајненшел тајмс", кој инаку се залагал за признавање на Македонија, во уводникот, од 1 јули 1992 година, под наслов „Грчка трагикомедија", меѓу другото, пишува: „Кога би се организирал натпрсвар за најглупава политичка изјава во 1992 година, одлуката на Европската заедница од Лисабон, во која се изразува готовност за признавање на Македонија, но под услов таа да го промени името, сигурно би била меѓу фаворитите за првото место".

На страниците пак, на познатото германското списание „ПОГРОМ" – списание за заштита на малите народи, зборува и за заштита на населението во Република Македонија, како и за заштита на Македонците во соседните земји.

Во бројот од јуни 1992 година, на повеќе од 25 страници, „ПОГРОМ“ донесува разни извештаи, разговори, интервјуа, податоци, за сè она што придонесуваат во тие судбоносни мигови, светот, а посебно ЕУ конечно да сфатат дека Македонија постои и дека Македонците не живеат само на територијата на Република Македонија, туку нив ги има и во соседните земји: Грција, Србија, Бугарија, Албанија и ширум светот. Сите тие написи придонесуваат светската јавност, конечно да ја сфати вистината за Македонија и да не се чека со одлуката за признавањето на Република Македонија. Факт е дека написите во „ПОГРОМ“ се од германски автори. Тие се обидуваат да ~ укажат и да ја убедат светската јавност за вистинитоста на проблемите што ~ ги прави Грција на Македонија. Тие наведуваат дека Грција бара од една замја да го смени своето име затоа што Грција смета дека „има некакво историско право на него“. На страниците на „ПОГРОМ“ се наведува дека македонското население во Грција има големи проблеми. Во Грција има повеќе дуќани, фризерници и други објекти со име „Македонија“ и на тоа никој не реагира. Грчките власти не им дозволуваат на Македонците од Егејскиот дел на Македонија да им се отвори училиште на македонски наставен јазик. Македонците што живеат во Грција немаат детска градинка, ниту македонски клуб на свој јазик. ЕУ тереба да сфати дека Грција како нејзина членка воопшто не ги почитува основните човекови права на македонското малцинство на нејзините простори, туку нејзината политика е пред сè насочена кон Република Македонија за да ~ се смени името. Македонците што живеат во Грција не смеат да се декларират како Македонци, бидејќи тоа не го дозволува геноцидната политика на Грчката влада, која само со „фашистички методи“ сака да го истреби „македонското население од Егејскиот дел на Македонија“ и на светската јавност да ~ докаже дека тој дел е етнички чист со население „грчко“.

Македонското прашање станувало сè поактуелно, времињата се изменија. Па, нормално е, се вели, во еден напис во германското списание „ПОГРОМ“ дека „Грција стравува за имотите што таа ги зеде од Македонците кои ја напуштија Грција бегајќи од грчките војници за време на Граѓанската војна и дека Македонците можат да се вратат доколку се признае Република

Македонија и да постават барања за оштета и надомест до Грчката влада. Тоа е причината зошто Грција упорно се бори да ги натера нејзините партнери на ЕУ да не ја признаат Република Македонија под нејзиното уставно име.

Конзуларното претставништво на Грција во Скопје и соработката со Македонија за последниве неколку децении се доказ дека Грчката влада ја признаваше Македонија (без разлика што таа беше во рамките на Југославија), иако и тогаш, како и сега, Република Македонија го употребува термин Македонија како ознака на својот идентитет".[512] Во списанието „ПОГРОМ" понатаму меѓу другото се вели: „Грчките забелешки и аргументи, не се во согласност со фактите, па ЕУ не гледа во Грција добар сојузник, познавајќи ја нејзината тврдоглавост во спорот со Турција, каки со Кипар. Не е ништо чудно што сега сето тоа се повторува, овој пат не со член на НАТО, туку со една мала независна и суверена држава – Република Македонија, која не претставува ниту економска, а камоли некаква воена опасност за Грција".[513]

Во весникот „Колнерштатанцајгер" од 25 јуни 1992 година, има напис под наслов „Македонското прашање мора да се реши" од Герд Колер, постојан германски дописник во Атина. Во овој напис Колер наведува дека на ниедна друга тема во најново време не посветиле толкаво внимание, толку упорно и интензивно, како што е со македонското прашање. Ова прашање било главна тема повеќе месеци, не само во медиумите, во дискусиите по кафулињата, во дебатите на грчкиот Парламент и Влада. Грчката политика по секој начин сака да го спречи меѓународното признавање на поранешната југословенска република, која сега е суверена и независна Република Македонија. Во Европската Унија Грците упорно се спротивставуваат на признавањето на Македонија под нејзиното уставно име. Во овој напис се вели дека во Атина се шират вести во однос на таа земја што бара меѓународно признавање дека нејзиното име е „украдено" и таа искажува експанзионистички стремежи врз северниот дел на Грција наречен Македонија. Авторот на овој текст понатаму наведува дека и покрај напорите на португалските преставници во ЕУ и

[512]Драшко Антов, Независна Македонија во германските медиуми 10-годишен јубилеј – независност и сувереност, Скопје, 2003, 64–65.
[513]Истото.

нивната посредничка мисија меѓу Скопје и Атина обидите за решавање на спорот околу името на Македонија останале неуспешни.

Ако само една членка од ЕУ ~ се спротивставеше, Грција немаше да успее во нејзината политика против меѓународно признавање на Република Македонија. На самиот самит на ЕУ во Лисабон, францускиот претседател Франсоа Митеран во разговорот со грчкиот премиер Мицотакис рекол: „Ние не можеме еден наш партнер, за кого оваа тема е толку важна, да го оставиме на цедило". Мислењето на француската делегација секако дека извршила негативно влијание и кај другите учесници на Лисабонскиот состанок.

### *4. Македонија и Европската Унија по Лисабонската декларација*

Република Македонија уште од самиот почеток од конституирањето на својата независност се определи за членство во Европската Унија. Македонија градеше свои принципи за надворешната политика кон ЕУ.

Во октомври 1992 година Владата на Република Македонија назначи свој претставник во седиштето на ЕУ. Поради блокадата од страна на Грција, диломатските односи помеѓу Република Македонија и Европската Унија беа отежнати.

Во мај 1993 година Република Македонија добила статус на специјален гостин во Парламентарното собрание на Советот на Европа. По донесувањето на одлуката на Собранието на Република Македонија за стапување во членство на Советот на Европа на 24 јуни 1993 година, процедурата до приемот на Република Македонија за членка во Советот на Европа трае до 9 ноември 1995 година. Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 2 ноември 1995 година, го усвои Законот за ратификација на Статутот на Советот на Европа. Оттогаш, Република Македонија како членка на Советот на Европа е активен учесник во работата и активностите на оваа европска регионална меѓународна организација.

Дипломатските односи меѓу Република Македонија и Европската Унија беа воспоставени на 27 ноември 1995 година. На седницата одржана на 27 ноември 1995 година, Владата на Република Македонија донела Одлука за воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и ЕУ. Во член 1 од оваа Одлука се вели: „Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Европската Унија, во ранг на вондреден и ополномоштен амбасадор".[514] Министерството за надворешни работи на Република Македонија било задолжено да ја спроведе оваа одлука. Одлуката влегла во сила наредниот ден од денот на нејзиното објавувањето во „Службен весник на РМ".

По воспоставувањето на дипломатскте односи на 27 ноември 1995 година започнале поинтензивни односи и соработка меѓу Европската Унија и Република Македонија, во правец на зачленување на Република Македонија во Европската Унија. Овој процес и до ден денес сè уште трае. Владата на Република Македонија, на својата седница оджана на 11 декември 1995 година, донела Одлука за отворање на постојана мисија на Република Македонија при Советот на Европа со седиште во Стразбур. Оваа Одлука била донесена врз основа на член 91, став 1 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија, и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија. Одлуката била потпишана од Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија.

Република Македонија отворила своја мисија при Европската Унија со седиште во Брисел. Врз основа на член 84 став1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, на седницата одржана на 23 јануари 1996 година, Владата донела Указ за поставување вондреден ополномоштен амбасадор на Република Македонија во мисијата при ЕУ.

За вондреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кралството Белгија, во мисијата на Република Македонија при Европската

[514]Одлука за воспоствување дипломатски односи меѓу РМ и ЕУ Скопје, 27 ноември 1995, Сужбен весник на РМ, 1995, бр. 1.

Унија со седиште во Брисел назначен бил Јован Теговски со Указ на претседателот Киро Глигоров бр. 31 од 3 јануари 1996 година.

На 29 април 1997 година во Луксембург е потпишана Спогодба за соработка меѓу Република Македонија и Европската Унија. Спогодбата ја потпишале претседателот на Република Македонија и претедателот на Европската Унија.

Во Спогодбата посебна важност се дава на одредбите и принципите на Организацијата за безбедност и соработка (ОБСЕ), а особено на принципите утврдени во завршниот Акт од Хелсинки, на заклучните документи од конференциите во Мадрид, Виена и Копенхаген, како и на значењето на Париската повелба за Нова Европа, особено на значењето на правната држава, демократијата и човековите права, како и на Босанската конференција за економска соработка. Со Луксембуршката спогодба двете договорни страни треба да ги почитуваат и развиваат демократските принципи и основните човекови права, прокламирани пред сè во Универзалната декларација за човековите права, да ги зацврстуваат внатрешните и меѓународните политички односи, кои секако претставува суштински елемент на Спогодбата.

Оваа Спогодба за соработка меѓу Европската Унија и Република Македонија ја промовира сеопфатната соработка меѓу договорените страни. Целта на Спогодбата е да се придонесе за економскиот просперитет на Република Македонија, а пред сè во областа на пазарната економија, и во тој поглед да се продлабочат односите меѓу Европската Унија и Република Македонија. Соработката и помошта на Европската Унија, придонесе Република Македонија да ги подобри добрососедските односи, како и за равој на регионалната соработка и трговија, се со цел да се постигнат подобри резултати на тој план. Беа усвоени и реализирани повеќе мерки во областа на економијата, техниката, финасиската соработка и во трговијата.

Подготвеноста на Македонија да се вклучи во соработка и добрососедство со другите земји од регионот, а пред сè во унапредувањето на економските и трговските односи, претставува еден битен фактор во развојот на добрите билатерални односи меѓу ЕУ и Република Македонија. Но, од

содржината на Луксембуршката спогодба, ако добро се разгледа, може да се заклучи дека во неа важен акцент е даден на почитувањето на демократските принципи и човековите права изнесени во Универзалната декларација за човекови права, во завршниот документ од Хелсинки и во Париската повелба за Нова Европа. Секако дека ваквите принципи ги зацврстуваат внатрешните и меѓународните политички односи на Европската Унија и Република Македонија. Ова претставува суштински елемент на горенаведената спогодба. Врз основа на Спогодбата се зајакнуваат постојаните економски врски меѓу Република Македонија и Европската Унија, на што е можно поширока основа која е од заемна корист на двете страни. Во Спогодбата значење им се дава на активностите и на соработката од меѓурегионален или трансевроспки интерес.

Врз основа на Спогодбата, Европската Унија прави напори за модернизација и преструктуирање на Република Македонија во областа на идустријата, со цел да се олесни преминот кон пазарната економија и да се воспостават подобри економски односи со другите земји од регионот. Европската Унија придонесува за постабилни и урамнотежени врски на Македонија со другите земји од регионот и пошироко.

Врз основа на Спогодбата, Европската Унија и Република Македонија се обврзуваат да го поттикнуваат развојот и да ги зајакнуваат занаетчиството и малите и средни претпријатија. Двете договорени страни ја актуелизирале размената на информации, давајќи предонсот на технологијата, на соработката на претпријатијата, особено на воспоставувањето на соодветни врски со субјектите, како и преку организаирање на директини деловни контакти меѓу претпријатијата.

Во Спогодбата, врз основа на Договорот на Повелбата за енергетика, принципите на пазарната економија се темелат на соработката во областа на енергетиката меѓу Европската Унија и Република Македонија. Се поттикнува енергетскиот развој, особено олеснувањето на преносот на енергетиката. Двете договорени страни ја разгледале можноста за меѓусебно поврзување на енергетски мрежи и учество на економските субјекти на договорените страни во програми за истражување, производство и преработака во врска со

енгертски ресурси на Република Македонија и во други проекти кои се од заеднички интерес.

Што се однесува во областа на земјоделството, главна цел на соработката меѓу Европската Унија и Република Македонија е поттикнувањето на научната и техничката соработка во прокети од заеднички интерес, вклучувајќи проекти и во трети земји. Врз основа на Спогодбата била постигната согласност и во областа на сообраќајот, со цел унапредување и развој на меѓународните сообраќајни услуги, вклучуваќи го комбинираниот сообраќај за да се постигне комплементарност, имајќи го предвид регионалниот контекст и слично. Целта на двете договорени страни во областа на сообраќајот е да се постигне соработка која е од заеднички интерес, сè со цел да се поттикне унапредувањето и развојот на инфраструктурата која е од корист и на Европската Унија и на Република Македонија.

Врз основа на Спогодбата, со цел да се подобрат здравјето, квалитетот на живот и еколошката околина, Европската Унија и Република Македонија разменувале информации за развој на овие области, со посебен акцент за развој на здравството.

Врз основа на Спогодбата, Европската Унија и Република Македонија разменувале информации и пристапиле кон заеднички анализи на нивните среднорочни економски политики, на трендовите на платните биланси, и воедно и на политиките со кои се утврдуваат и движењата на пазарот на капитал во европските центар, со цел да се унапредат активностите на економските субјекти.

Европската Унија учествувала во финасирање на значајни проекти во Република Македонија. Финансиската помош што ~ ја давала на Република Македонија била ставена на располагање преку PHARE програмата. Врз основа на Спогодбата Република Македонија имала право во своите трговски аранжмани со Европската Унија да воведе нови царини и давачки, кои имаат еднаков ефект, или нови квантитативни мерки и рестрикции кои имаат ист ефект и да ги зголеми царините и давачките или квантитативни рестрикции и мерки со ист ефект за прозводите по потекло од Унијата или што се наменети

за Европската Унија, доколку повеќе таквите мерки се неопходни за потребите на Република Македонија, во младата индустрија или заради преструктуирање.

Република Македонија презела мерки со кои била гарантирана и соодветна заштита на интелекуталната, индустриската и комерцијалната сопственост, вклучувајќи и ефективни начини за зачувањето на тие права, слично на постојното право во Европската Унија. Исто така, Република Македонија пристапила кон меѓународни конвенции за интелектуалната, индустриската и комерцијалната сопственост.

Врз основа на Спогодбата, на Република Македонија не ~ се попречуваат забраните или рестрикциите за увоз, извоз или стоки во транзит, ако тие се оправдани од јавен интерес, јавна политика или јавна безбедност, заштита на здравјето или животот на луѓето, животните или растенијата, заштита на националните и уметнички богаства, историски или археолошки вредности, заштита на интелектуална, индустриска или комерцијална сопственост и друго.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 24 јуни 1997 година, го усвои Законот за ратификација на Спогодбата за соработка меѓу Република Македонија и Европската Унија. Истиот ден претседателот на Република Македонија издал Указ, заведен под број 08-256/1, со кој е прогласен Законот за ратификација на Спогодбата за соработка меѓу Република Македонија и Европската Унија. Спогодбата стапила на сила на 1 јануари 1998 година. Во Спогодбата се содржани и неколку анекси во кои јасно, децидно се прецизирани областите на соработка меѓу Европската Унија и Република Македонија.

Спогодбата за соработка меѓу Република Македонија и Европската Унија ја потврдува приврзаноста на Република Македонија кон принципите на пазарната економија, аналогно на тоа и принципите за развој на демократско општество, засновани врз почитување на човековите права, како и готовноста за исполнување на критеирумите за пристапување на Република Македонија кон Европската Унија, кои беа утврдени од Европскиот совет, уште на состанокот во Копенхаген, во 1993 година. Оваа Спогодба претставува значаен

чекор во договорното регулирање на односите со Европската Унија и во неа се истакнува потребата од нејзино ефикасно оживотворување. Стратегиска цел на Република Македонија е да стане член на Европската Унија.

Покрај ова суштествена Спогодба меѓу Европската Унија и Република Македонија, во периодот од 1998 до 2001 година, биле потпишани повеќе спогдби, меѓу кои: Спогодба за транспорт, Спогодба за индустрија и други.

Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декмври 1997 година, донела Одлука за формирање на Комитет за евроатлански интеграции.[515] Комитетот претставувал тело чија активност била насочена на кординарање на процесот за интеграција на Република Македонија во Европската Унија.[516] Во составот на Комитетот биле: претседателот на Владата на Република Македонија Бранко Црвенковски, потпретседателите на Владата, како и министерот за надворешни работи, министерот за финансии, министерот за одбрана, министерот за внарешни работи, министерот за правда, министерот за стопанство, министерот за земјоделство, министерот за шумарство и водостопанство и министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

По предлог на претседателот на Владата, во работата на Комитетот за евроатлански интеграции учествувале уште три други членови, како и гувернерот на Народната банка на Република Македонија. За секретар на Комитетот за евроатлански интеграции бил именуван Александар Тафчиовски, потсекретар на Министерството за надворешни работи во секторот за евроинтеграции.

На седницата на Владата на Република Македонија, одржана на 8 декември 1997 година, во согласност со стратегијата на Република Македонија за стекнување на статусот на придружна членка на Европската Унија, донела Одлука за формирање Работен комитет за европска интеграција при Владата на Република Македонија. Целта на овој Комитет е да даде поддршка на

[515]Одлука за формирање на Комитет за Евроатлански интеграции, Скопје 1 декември 1997 година, Службен весник на СРМ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94.

[516]Подоцна, Комитетот за евро атлански интеграции се трансформил и преименувал во Сектор за европски интеграции, односно како што потоа се нарекува Секретаријат за европски прашања.

Комитетот за евроатланска интеграција. За претседател на Работниот комитет за европска интеграција бил избран тогашниот потпретседател на Владата, задолжен за европска интеграција. Заменик на претседателот на Комитетот бил министерот за стопанство. Во работата на Работниот комитет за европска интеграција учествувале и замениците на министрите на Владата на Република Македонија.[517]

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 февруари 1998 година, донесе Декларација за развој на односите на Република Македонија со Европската Унија.

Во март 1998 година, Европската Унија отворила постојано претставништво, односно, Канцеларија на Европската комисија во Република Македонија. Во март 2000 година, Канцеларијата за врски била подигната на ниво на делегација на Европската комисија во Република Македонија. Функцијата шеф на мисијата на Европската Унија во Република Македонија ја извршувал Хозе Пинто Тешеира (Португалија, 1998–2002). Главната активност на делегацијата, пред сè, се однесувала во олеснување на развојот на политичките, економските и трговските односи меѓу Европската Унија и Република Македонија. Од 2001 година главна задача на делегацијата во овие односи е процесот на стабилизација и асоцијација. Факт е дека по воспоставувањето на официјалните односи, забележлив е процесот на поинтензивни меѓународни односи и соработка во разни области меѓу ЕУ и Република Македонија, во насока на зачленување на Република Македонија во Европската Унија. Европската Унија во таа насока во последната деценија од XX век ~ дала значителна поддршка на Република Македонија преку различни програми на ЕУ како што се: ECHO, PHARE, CARDS, Обнова, програмата за итен одговор и други.

На 23 ноември 2000 година, Владата на Република Македонија на својата седница донела Декларација за подигнување на нивото на односите на Република Македонија со Европската Унија. Во оваа Декларација се тргнува од темелните вредности на уставниот поредок на Македонија. Таа ја изразува

[517]Службен весник на РМ, 1997, бр.62.

консензуалната определеност на сите политички партии во Собранието на Република Македонија за полноправно членство на Република Македонија во европските и евроатланските интеграции. Декларацијата ја потврдува определеноста на Република Македонија за изградба на цивилно демократско општество, базирано врз принципите на пазарната економија кои се на повисоко ниво. Во македонската држава се почитуваат човековите права, граѓанските слободи и на повисоко ниво е меѓуетничката толераниција и рамноправност на граѓаните. Во завршната фаза на преговарачкиот процес меѓу Република Македонија и Европската Унија бил потпишан Договор за стабилизација и асоцијација. Овој договор претставува чекор напред кон полноправно членство на Република Македонија во Европската унија.

Република Македонија ги има унапредено односите со соседните земји, по пат на дијалог и ова претставува суштински придонес за зајакнување на стабилноста во регионот и за унапредување на односите со Европската Унија. Таа ги почитува меѓународните и европските стандарди за човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност, а во тие рамки е определена за трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Србите, Ромите и други етнички групи кои живеат во Република Македонија. Собранието на Република Македонија го усогласува македонското законодавство со законодавството на Европската Унија. Република Македонија се залага за јавност во процесот на одлучување за односите и понатамошна соработка со Европската Унија и поттикнување на јавното мислење и јавната свест за нив. Македонија покажува готовност за зајакнување на билатералните односи со Европскиот парламент, преку продолжување на меѓусебни средби на делегации на двата парламента, формирање мешовит паралментарен комитет и други облици на соработка.[518]

[518]Службен весник на РМ, 1998, бр. 7.

# ЗАКЛУЧОК

Во Југославија, по смртта на Јосип Броз Тито дојде до сериозни противречности и тие се заострувааа. Се јавуваше дилемата: да се напушти социјализмот, или општествениот систем радикално да се реформира. Во тоа се манифестираше секогаш присутното идејно-догматско гледање кое се изразуваше во редовите на СКЈ и барање да се применува одредена реформа во редовите на СКЈ. Така беше и на XIII конгрес, а потоа и на последниот вонреден XIV конгрес на СКЈ. Главна тема на Конгресот беше економијата, но едно е теорија, а друго е практика. Партиското раководство на СКЈ не сакаше да спроведе реформи во политичкиот систем. Меѓутоа, сè повеќе противречностите во политичкиот систем како и во областа на економијата се изразуваа како криза која ја зафаќа СФРЈ. Дури се лансираше и мислење дека причините за југословенската криза потекнуваат од општествениот систем.

Распадот на СФРЈ стануваше неизбежен поради манифестирање на опасни дезинтеграциски тенденции, избувнување на национализмот, рапидно намалување на довербата на СКЈ и слично. СКЈ се повлекуваше од решавањето на проблемите. ЦК на СКЈ, односно неговото претседателство, или не расправаше за проблемите, посебно за национализмот, или ако зачнеше некој проблем, не донесуваше мерки и заклучоци по тој повод и воопшто не ги спроведуваше на дело. Во овие драматични мигови на Југославија многу недостасуваше мудроста и енергијата на Тито.

Национализмот на Албанците, како и национализмот од Србија и Хрватска, секако дека негативно влијаеше врз кризната состојба во Југославија. За распадот на СФРЈ придонесе и долготрајната агонија во покраината Косово. Во оваа покраина не се смируваше сепаратизмот на Албанците. Распадот на Југославија доби кулминација на Осмата седница на ЦК на Сојузот на комунистите на Србија. Тогаш победи радикалната струја на чело со Слободан Милошевиќ. На барање на претседателката на Социјалистичкиот сојуз, Србија

отпочна економска блокада против Словенија да не се купува стока од Словенија.

Единствена надеж беше доаѓањето на Анте Марковиќ за претседател на Сојузниот извршен совет. Неговите неколку реформски потези помогнати од развиените земји внесоа доза на оптимизам.

Република Македонија се обидуваше да најде излез од југословенската криза и да се спаси постоењето на Југославија. На сите званични конференции, самити, преставниците на Република Македонија секогаш заземаа став за мирна разврска на проблемите и за изнаоѓање на рационални решенија. Претседателот Киро Глигоров секогаш импонирал со неговата смиреност и непристрасност. На сите такви и слични конференции ставот на Република Македонија бил посочуван како пример за углед. Тоа го искажале и преставниците на ЕЗ (ЕУ) и на САД кои беа иницијатори на бројни средби за излез на кризата во Југославија, или пак присуствуваа на конференциите кога организатор беше југословенското раководство. Тоа посебно се изрази и на меѓународната конференција за Југославија која се одржа во Хаг, таканаречена Хашка конференција која започна со работа на 7 септември 1991 година. Претседател на Конференцијата бил лордот Карингтон. На таа конференција сите учесници беа заентересирани да се изнајде решение за спас на Јузгославија, односно да престанат воените дејства во поедини подрачја на нејзината територија. Хашката конференција заврши со неуспех.

Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Македонија тргнаа кон процесот на осамостојување, односно напуштање на СФРЈ. Тоа беше забрзано со воените дејства што се случија во Хрватска, а во Босна и Херцеговина се разгоре страотна меѓунационална војна. Во такви околности Република Македонија го започна процесот за осамостојување. Во тој поглед, за неа, особено клучна е 1991 година. Првиот акт што во таа насока е донесен беше „Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија". Со Декларацијата, всушнос,т почна процесот на осамостојување на Република Македонија. На 8 септември 1991 година се одржа Референдум на кој граѓаните, со тајно гласање, позитивно се изјаснија Република Македонија да

стане самостојна држава. На 17 ноември 1991 година, е донесен новиот Устав на Република Македонија. Започна да се применува определбата дека Република Македонија е самостојна и суверена држава. Во почетокот на процесот на потврдување на самостојноста на Република Македонија се случија два важни настани. Прво, претседателот на Република Македонија Киро Глигоров успеа да ги убеди генералите на ЈНА, нивните единици да ја напуштат територијата на Република Македонија. Договорот со кој ЈНА ја напушти македонската територија е значаен, бидејќи целиот овој процес заврши цивилизирано, без ниеден инцидент и потполно успешно. Второ, Република Македонија на 19 декември 1991 година донесе „Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава". Основа за донесувањето на овој документ покрај новиот македонски Устав, беше и Декларацијата за насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и Советскиот Сојуз донесени од Советот на министрите на Европската заедница на 17 декември 1991 година во Брисел, а тргнувајќи од принципите на Повелбата на ОН, завршниот акт на КЕБС во Хелсинки и Париската повелба.

Македонското појавување како независна и суверена држава влијаеше врз рушење на дотогашниот систем на односи, поради тоа, Македонија се судри со напластени тешкотии и проблеми. Точно е дека веднаш од моментот на нејзиното осамостојување, па и во годините што следеа, Македонија се најде пред бројни искушенија, не само од внатрешна природа (во рамките на дотогашната постоечка федерална држава), туку и на меѓународен план, на патот кон остварување на своето меѓународно признание како самостојна и независна држава. Македонија во едно тешко време во почетокот практично се наоѓаше во целосна меѓународна изолација. Македонското државно раководство и нејзините дипломатски преставници презедоа значајни чекори за воспоставување контакти со клучните земји и со значајни меѓународни организации. Со други зборови, врз Република Македонија и врз македонскиот народ во првите години по осамостојувањето во меѓународната јавност притискаше непознавањето, баластот на напластуваните фалсификати со

децении за суштината на македонскиот етнички карактер и историско минато. Историскиот момент од Македонија бараше да покаже дека е животоспособна, дека е готова и може да ги издржи искушенијата на историјата, на дело да докаже дека нејзините минати и сегашни борби на меѓународен план ги одразуваат нејзините изворни искрени настојувања. Тоа беше еден од појдовните основни услови за надминување на сомнежите, а со тоа и отстранување на опасностите во меѓународната политика за да биде Македонија меѓународен правен субјект.

Европската заедница на Советот на министри одржан на 17 декември 1991 година во Брисел ја изразува својата готовност и натаму активно да учествува за мирен расплет на југословенската криза. ЕЗ формира Комисија на чело со Роберт Бадинтер, уставен судија на Франција. Арбитражната комисија, позната како Бадинтерова комисија, откако ги проучи уставите и другите услови во бившите југословенски републики, оцени дека единствено Република Словенија и Република Македонија ги исполнуваат условите за меѓународно признавање. Меѓутоа, под притисок на Грција како членка на ЕЗ, на Министерскиот самит во Лисабон, Европската заедница заседе став, со кој Република Македонија не беше меѓународно призната бидејќи во нејзиното име се содржи зборот „Македонија". Така започна битката за името на Република Македонија.

Процесот на меѓународното признавање на Република Македонија беше мошне сложен. Всушност, се покажа дека никогаш не престанале апетитите кон Македонија од страна на некои соседни држави. Во тоа, најповеќе се експонира Грција, која го злоупотребуваше нејзиното членство во Европската Унија. Грција примени економска блокада кон Република Македонија, престана снабдувањето со нафта и нафтени деривати, дури и грчката пошта воведе комплетна блокада кон Република Македонија. Блокадата траеше скоро 20 месеци.

Република Македонија беше примена за членка во ОН под привремено има „Поранешна југословенска Република Македонија (ПЈРМ).

Факт е дека голем број на држави во билатералните односи Република Македонија ја признаа под нејзиното уставно име. Меѓутоа, и покрај големото подобрување на економските односи, Грција сè уште го држи отворено прашањето за името на Република Македонија.

Македонија е земја која се наоѓа на југот на Балканот, со мошне значајна стратешка и геополитичка положба, со богата традиција и бурна историја. Многу игри се правеа и се прават околу меѓународното признавање на Македонија кои доведуваат дури до промена на нејзиното име – дејство кое досега е невиден преседан во историјата на човечката цивилизација. Македонското државно раководство даде значаен придонес кон вкупното македонско лобирање во поширока политичка смисла со цел Република Македонија да биде меѓународно призната како независна и суверена држава под нејзиното уставно име. На еден поширок фронт и по повеќе линии, по разни поводи и пригоди, македонското раководство, а пред сè, претседателот Киро Глигоров и тогашниот министер за односи со странство Денко Малески, но и многу други личности од политичкиот, културниот живот, како и македонски бизнисмени и многу други познати личности од Македонија, пред меѓународните претставници мошне детално ги елаборираа и со многу аргументи го потврдуваа значењето од меѓународно признавање на Република Македонија. Јавно беше барана меѓународна поддршка на Република Македонија од страна на владите на државите на Балканот, Европа и светот воопшто.

Во сите тешкотии со кои се соочи Република Македонија, откако го започна процесот за нејзино меѓународно признавање, секако дека треба да се има предвид и негативното влијание од последиците што се резултат на распадот на СФРЈ. Од страна на меѓународните фактори беа преземени меѓународни санкции против СРЈ (Србија и Црна Гора). Македонија ги чуствуваше и последиците од бегалската криза од Косово. Западните држави преку НАТО алијансата извршија тешко тримесечно бомбардирање на стратешки цели на СР Југославија. Војната во СРЈ од страна на НАТО имаше негативни реперкусии во сите сфери, а пред сè во економската. Како што

напоменавме, состојбата во Република Македонија беше усложнета како резултат на бегалската инвазија од Косово во Македонија, која достигна застрашувачки размери од над 396.000 бегалци од Косово, неколку месеци беа сместени во Република Македонија. Бегалската криза заврши кога Косово беше под меѓународен протекторат.

Од ова се гледа дека главната цел на протестите односно на демонстрациите организирани во Македонија, не само во Скопје, туку и во другите градови во Македонија и ширум светот е, пред сè, од условеноста од страна на ЕУ во врска со признавањето на Македонија. Демонстрантите бараа Владата на Македонија да испрати веднаш апел и до сите угнетени нации и земји да ѝ дадат поддршка на Македонија во одбрана на нејзиното име и националниот идентитет. Владата на Македонија ја осуди грчката политика којашто ја шири лажната вистина за Македонија и за нејзиниот народ и ги повика ЕЗ и САД да ја признаат Македонија како независна и суверена држава. Повиците за интервенција на Македонската влада и македонското државно раководство во врска со признавањето на Република Македонија доби различен коментари и одоговори од разни влади на држави во Европа и во светот. Македонската влада и највисокиот нејзин државен врв ја сфатија суштината за немање поддршка во одбраната на нашето уставно име во однос на Грција како чисто прагматичен политички одговор од страна на поедини политичари кои не сакаа да ја навредат Грција како членка на Европската заедница, чијшто глас може да биде решавачки во однос на одделни значајни прашања.

Меѓутоа, факт е дека некои политичари ја поддржуваа Македонија да биде призната под нејзиното уставно име.

# К Р А Т Е Н К И

| | |
|---|---|
| АВНОЈ | Антифашистичко веќе на народното ослободување на Југославија |
| АСНОМ | Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија |
| АПЧ | Акционен план за членство |
| БЈРМ | Бивша југословенска Република Македонија |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација-демократска партија на македонското национално единство |
| ГК | Градски комитет |
| ГШ | Главен Штаб |
| ДАРМ | Државен архив на Република Македонија |
| ЕЕЗ | Европска економска заедница |
| ЕЗ | Европска заедница |
| ЕУ | Европска Унија |
| ИБ | Информационо биро (Инвормбиро) |
| ИНИ | Институт за национална историја |
| ЈА | Југословенска армија |
| ЈНА | Југословенска народна армија |
| к. | Кутија |
| Кн. | Книга |
| НОАВМ | Народноослободителна антифашистичка војна на Македонија |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка на Европа |
| ОН | Обединети нации |
| ООН | Организација на обединетите нации |

| | |
|---|---|
| ПЈРМ | Поранешна југословенска Република Македонија |
| РМ | Република Македонија |
| РАН | Руска академија на науките |
| СФРЈ | Социјалистичка Федеративна Република Југославија |
| СК | Сојуз на Комунисти |
| СКЈ | Сојуз на комунистите на Југославија |
| СР | Социјалистичка република |
| САНУ | Српска Академија на Науките и Уметностите |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СКМ-ПДП | Сојуз на комунистите на Македонија-Партија за демократски просперитет |
| Св. | Свети |
| СССР | Сојуз на Советските социјалистички републики |
| ЦК СКЈ | Централен комитет на сојузот на комунистите на Југославија |
| ЦК СКМ | Централен комитет на сојузот на комунистите на Македонија |

# КОРИСТЕНИ И КОНСУЛТИРАНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## I.ИЗВОРИ

### 1. Необјавени извори

**Архив Југославије, Београд, фондови:**

- Кабинет Претседника Југославије (827)
- Претседништво Социјалистичке Федеративне Републике Југославије (803)
- Савет Федерације (352)
- Кабинет Претседника Државне Заједнице Србије и Црна Горе (806)
- Савезно Извршно веће (130)

**Државен архив на Република Македонија, (ДАРМ), Скопје, Фондови:**

- АСНОМ
- Собрание на НРМ/СРМ (158)
- Влада на Република Македонија (1305)
- Собрание на Република Македонија (1304)
- Претседател на Република Македонија 1991-1999 – кабинет (1386)
- Министерство за надворешни работи на Република Македонија (1392)

**Архиви при други институции:**

- Архива на Државен Завод за статистика на Република Македонија
- Архива на Министерството за одбрана на Република Македонија

### 2. Објавени извори


- Ајановски, Г., Признавањето на Македонија (Избор од светскиот печат), Нова Македонија, Скопје, 1993.
- Антов, Драшко, Независна Македонија во германските медиуми: (1991-2001), Култура, Скопје, 2003.

- Архив на Јосип Броз Тито: Документи за Македонија (1943-1953), избор, вовед и редакција: Велјановски, д-р Новица, ДАРМ, Скопје, 2012.
- АСНОМ, Зборник на докумеенти 1944-1964, ИНИ, Скопје, 1964.
- Броз, Јосип Тито: Националното прашање и револуцијата, Мисла, Комунист, Култура, Наша книга, Македонска книга, Скопје, 1978.
- Влада на Република Македонија, Министерството за информации, Скопје, 1999.
- Георгиевски, д-р Сашо, Додевски, м-р Сашо, Документи за Република Македонија: 1990- 2005,Академски печат, Скопје, 2008.
- Декларација на Собранието на Република Македонија за резултатите од Референдумот за независна Македонија (8 септември 1991).
- Декларација за сувереноста на Република Македонија (25 јануари 1991).
- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори, Универзитет „Кирил и Методиј", Факултет за философско-историски науки, Скопје, 1981.
- Документи за државноста на Репблика Македонија: државноста на Република Македонија по првите повеќепартиски избори 1990 година низ документи, Агенција за информации, Skopje, 2002.
- Документи за Македонија, книга I, избор, редакција и забелешки д-р Димитар Гелев, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Правен факултет "Јустинијан Први", Скопје, 2008.
- Заедничка петиција на МПО и Обединети Македонци, до европската заедница, ООН и сите светски лидери за признавање на независноста на Република Македонија (1991).
- Законот за химната на Република Македонија (август 1992).
- Извештај на Европската арбитражна комисија на чело со Роберт Бадинтер, според кој Република Македонија ги исполнува условите за стекнување независност и меѓународно признание (15 јануари 1992).

- Информација од Министерството за надворешни работи на Република Македонија за отварање на македонски Генерален конзулат во Соседните Американски Држави (22 септември 1995).
- Македония- путъ к самостоятельности, Москва, РАН, 1997.
- Македонски влади, Државен архив на РМ, Скопје, 2005.
- Petranović, Branko-Zečević Momčilo: Jugoslavija 1918-1988: tematska zbirka dokumenata, Rad, Beograd, 1988.
- Републичка изборна комисија „Извештај за спроведувањето и резултаот од претходното изјаснување на граѓаните на Република Македонија на референдумот одржан на 8 септември 1991 година".
- Tito: strogo povjerlivo: arhivski dokumenti, Večernji posebni proizvodi, Zagreb, 2010.
- Уставот на Република Македонија, со кој Република Македонија се конституира како независна држава (17 ноември 1991)

**3. Интернет страни.**

- www.nato.int- НАТО
- www.europa.eu.int- Европска унија
- www.un.org/en/index.html- Обединети нации
- www.sobranie.mk- Собрание на Република Македонија
- www.vlada.mk- Влада на Република Македонија
- www.mfa.gov.mk/idex.php- Министерство за надворешни работи на Република Македонија
- www.arhiv.gov.mk- Државен архив на Република Македонија
- macedoniansinalbania.org- Македонците во Албанија
- www.ilinden-tirana.com- официјална интернет страна на македонското здружение „Илинден" во Република Албанија
- makedonium.net- Македонците во Република Албанија
- www.florina.org- официјална интернет страна на македонското здружение „Виножито " во Република Грција

- www.omoilindenpirin.org- официјална интернет страна на македонското здружение „ОМО- Илинден Пирин " во Република Бугарија
- www.sep.gov.mk- Секретаријат за европски прашања при Владата на Република Македонија
- www.ejil.org- European journal of International law
- www.whitehouse.gov- Бела куќа- Вашинтон
- www.unausa.org- Асоцијација на САД за ОН
- www.faq.macedonia.org
- www.wikipedia.org
- www.worldstatesmen.org/Macedonia.htm
- www.law.dkue.edu

## II. ЛИТЕРАТУРА

- Almond , Mark, Europe`s Backyard War, The War in the Balkans, (London: Heinemann, 1994.
- Андов, Стојан, На мој начин, Матица македонска, Скопје, 2003.
- Андов, Стојан, Драматичната 1991 година: политички студии и сеќавања, Матица македонска, Скопје, 2015.
- Андов, Стојан, Јоспип Броз Тито и распаѓањето на Југославија: политички студии и сеќавања, Матица македонска, Скопје, 2013.
- Андов, Стојан, Од мој агол, Матица македонска, Скопје, 2004.
- Андоновски, Христо, Перипетиите на македонскиот јазик во Егејска Македонија, „Разгледи", II, 4, Скопје, 1959.
- Ачкоска,д-р Виолета, Задругарството и аграрната политика во периодот 1945-1955 година, Скопје, 1994.
- Ачкоска, д-р Виолета, Идејата за Голема Албанијав и некои демографски промени во Западна Македонија во XX век, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 1999,
- Ачковска, д-р Виолета, Македонската емиграција во Бугарија и афирмацијата на македонската национална посебност во периодот на формиорањето на

асномска Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 63, Скопје, 2010.

- Баркер, Елизабет Македонија и нејзиното место меѓу балканските политички сили, Скопје, 1992.
- Budvord, Suzan, Balkanska tragedija-haos I raspad posle hladnog rata, Filp Višnić", Beograd, 1997.
- Велјановски , Д-р Новица, Македонија во Југословенско-бугарските односи (1944-1953), Скопје, 1998, 164-17
- Велјановски, д-р Новица, АСНОМ-државотворни димензии, Скопје 1994.
- Велјановски, Д-р Новица, Меѓународниот одглас на АСНОМ и македонската државност, Скопје, 204.
- Велјановски, д-р Новица, Македонија 1945-1991: државност и независност, Матица македонска, Скопје, 2002.
- Вели¢, Душко, Тодорови¢, Бошко, Разбијање Југославије 1990-1992.
- Габер, Виктор, За македонската дипломатија, Магор, Скопје, 2002, 302 стр.
- Glaurdić, Josip, Vrijeme Europe- Zapadne sile i raspad Jugoslavije, Mate, Zagreb, 2011.
- Глигоров, Киро, Виорни времиња, Р. Македонија- реалност на Балканот, Култура, Скопје, 2004.
- Глигоров, Киро, Македонија е сé што имаме, Три, Скопје, 2001.
- Глигоров, Киро, Атентат ... ден потоа, Култура, Скопје,2002.
- Гоцевски, д-рТрајан, Патот до независна Р. Македонија: (1990-1993) Култура, Скопје, 2015.
- Гоцевски, д-р Трајан, Одбранбеното осамостојување на Македонија: чекор кон суверена држава: кон десетгодишнината од независноста: 1991-2001: Македонска ризница, Куманово, 2001.
- Гоцевски, д-р Трајан, Неутрална Македонија: (од визија до стварност), Универзитетска печатница "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 1995.
- Гоцевски, д-р Трајан, „Придонесот на првата Влада на Р. Македонија и на Претседателот акад. Н. Кљусев за независноста на Р. Македонија: (од моите

бележници)“, Конференција на тема Улогата на Владата на Никола Кљусев во обезбедувањето на независноста и самостојноста на Македонија: дваесет години независна Република Македонија, Скопје, 2011.

- Гоцевски, д-р Трајан, Кризите во независна Република Македонија, Скопје, 2010.
- Гоцевски, д-р Трајан, „Зачленување на Република Македонија во Евроатлантските структури - реалност или предизвик“, Националното, регионалното и глобалното во иднината на Република Македонија како членка на Европската унија, Делчево, 2007.
- Гоцевски, д-р Трајан, „Република Македонија на патот кон евроатланските структури“, Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ, Скопје, 2006.
- Гоцевски, д-р Трајан, Република Македонија и НАТО, Годишен зборник на Филозофски факултет, Книга 53, Скопје, 2003.
- Гоцевски, д-р Трајан, „ Кризите на Балканот и Македонија“, Науката и културата во заедничка акција за мир и развој : зборник на трудови, Скопје, 2001.
- Грујоски,Трајче, Распадот на СФРЈ: студија и сведоштво, ИНИ, Скопје, 2003, 307.
- Демиденко, С., Политические партии Македонии и дискуссия по вопросам балканской политтики, Российский институт стратегических исследований, Москва, 1997.
- Донев, Јован, Орел над Балканот: надворешната политика на САД кон Балканот:( 1989-1998), Култура, Скопје, 222.
- Зашов, Б., Македонија и Советот на Европа 1990-1996, Форум прес и НИП „Студенски збор“, Скопје, 2005.
- Ѓорѓиев, д-р Ванчо, Неофицијални ставови од официјални бугарски личности и институции за македонскиот идентитет од крајот на XIX и почетокот на XX век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 62, Скопје 2009.
- Jugoslovenskata država 1918-1998 (zbornik radova sa naučnog skupa), Institut za savremenu istoriju, 1999.

- Илмачић, Бранко, Југословенска криза и рат 1991-1995, књ. I, Токови, настанка и анализа узрока, Београд, 2000.
- Јанчева, Љубица: Последните децении со СФРЈ, Менора, Скопје, 2012.
- Јањатов, Драган, Московски записи: (1993- 2003), Дијалог, Скопје, 2012.
- Јовиќ , Борисав, „Последњи дани“ СФРЈ, друго издање, Крагуевац, 1996.
- Јурукова, Д-р Нада, Културно-просветни појави и процеси во Македонија (1944–1953), Скопје 2003.
- Кавка, Ставови, Тодоровска, Ирена, Билатералните полско- македонски односи: 1991- 2011, т.1, Менора, Скопје, 2013.
- Кадијевић, Вељко, Моје виђење распада: војска без државе, Београд, Политика, 1993.
- Катарџиев, д-р Иван, Соседите и Македонија: вчера, денес, утре, Менора, Скопје, 1998.
- Катарџиев, д-р Иван, Македонија и Македонците во светот, Матица македонска, Скопје, 1996.
- Керим, д-р Срѓан, Мостови кон иднината: меѓународните односи на преминот од XX кон XXI век, Матица македонска, Скопје, 2005.
- Керим, д-р Срѓан, Македонија меѓу себе и светот : 55 дена дипломатија, Скопје, 2001.
- Kerim, d-r Srgjan, Macedonia in the spotlight : 55 days of diplomacy, Skopje, 2001.
- Киселиновски, д-р Стојан, Етничките промени во Македонија : (1913-1995), Менора, Скопје, 2000.
- Кљакиќ, Драган, Времето на Колишевски, Скопје, 1994.
- Кљусев, д-р Никола, Предизвици, 3 книга Видувања, Матица, Скопје, 2000
- Кљусев, д-р Никола, Патот кон македонската независност, Фондација „Никола Кљусев“, Скопје, 2014.
- Кљусев, д-р Никола, Предизвици- Бессони ноќи, книга втора, Матица Македонска, Скопје, 1998.
- Кљусев, д-р Никола, Трајан Гоцевски, Стојан Спасевски, Оливер Бакрески, Интересите на република Македонија за членството во НАТО, проект на

Центарот за стратегиски истражувања при МАНУ, Македонска ризница, Куманово, 2007, XVIII,2007.

- Книга на факти- Светот/ Македонија, Детска радост, Скопје, 2000.
- Костурски, Пандил, Дипломатијата и македонското иселеништво, Скопје, 1995.
- Крстевски, Емил, Десет години потоа, Скопје, 2001.
- Кузев, Стојан, Многу повеќе од повеќето : Република Македонија и косовската криза, списание Одбрана, год.9 бр. 53, Скопје, 2000.
- Лазаров, Лазар, Патот до Македонија, Култура, Скопје, 2007.
- Lampe, R., Joha, Yugoslavija as history, Tvice There Was a Country, (New York: Cambridge Univerzity Press, 1996).
- Лотер Штефан, Ханс, Македонскиот јазол, Аз-буки, Скопје 2004.
- Малески, д-р Денко, Бебето од катран: Македонија во меѓународните односи: (1991-1993), Култура, Скопје, 2012.
- Манојловски, д-р Методија, Катерина Тодороска, Јордан Поп-Атанасов, Македонија и соседите: 15 години независност. Т. 6 Менора, Скопје, 2014.
- Марковски, С., Миневски, Б., Татковино за кого се боревме (за македонските војници кои беа последни регрути во ЈНА и кои загинаа или останаа тешки инвалиди во туѓите војни низ СФР Југославија 1991- 1992), Нова Македонија, Скопје, 1999.
- Milikić, Ratomir , Jugoslavija i Savet Evrope 1980- 2003, Službeni glasnik, Beograd, 2012.
- Милосавлевски, Славко, Иван Катарџиев, Мирче Томовски, Факти за Македонија, Зумпрес, Скопје, 1996.
- Милосавлевски,Славко, Амбасадорски записи, Љуботен, Скопје, 2006.
- Милосавлевски, Славко, "Разговор" со Добрица Ќосиќ, Љуботен, Скопје, 1994.
- Мирчев, д-р Димитар, Идентитет и суверенитет, Макавеј, Скопје, 2014.
- Мирчески, Спасе, Алманах на Република Македонија (Хронологија:1991–1997), „Нова Македонија“, Скопје 1998.

- Михајловски, Ѓорѓи, Обликување името Република Македонија на државата, Македонско научно друштво, Битола, 2014.
- Михајловски, Стојмен и Вергиќ, Душан, „Повеќепартиските избори во Република Македонија“, Анализа на изборните резултати во 1994 и 1996 година, ИСППИ, Скопје, 1998.
- Морача Перо, Биланџиќ, Душан, Стојановиќ, Станислав, Историја на Сојузот на комунистите на Југославија, Скопје, 1979.
- Nakarada, Radmila, Raspad Jugoslavije problemi, Službeni glasnik.
- Никовски, Ристо, Улогата на САД во македонските голготи: (1991-2013),Скопје, 2014.
- Никовски, Ристо, Македонскот прашање повторно на маса, Матица македонска, Скопје, 2012.
- Никовски, Ристо, Клучот за името е во Вашинтон, не во Атина, Скопје, 2015.
- Никовски, Ристо, Улогата на САД во македонските голготи: (1991-2013), Скопје, 2014.
- Нинески, Благоја, Изборите, медиумите и партиите во Македонија: 1990-2000, Студенски збор, Скопје, 2001.
- Османли, Томислав, „Во смртниот час“, 1993 год., док. 121, Разбирање на заедничкото минато учење за иднината, промени и континуитет во секојдневниот живот во Албанија, Бугарија и Македонија 1945–2000 година, Тетово.
- Prof. dr Branko Petranović, Dr Čedomir Štrbac, Istorija socijalistićke Jugoslavije, k.2 (dokumenti I), Beograd, 1977.
- Радически, Невен, *Либерализмот во Македонија (1966-1974)*, Македоника литера, Скопје, 2013.
- Ставрев, Д., Македонски современи политички теми, Матица, Македонска, Скопје, 1995.
- Стаменов, Свето, Мирчев, д-р Димитар, Quo vadis, Македонијо?: разговори во политичкиот етер, Скопје, 2013.
- Стоиловски, Драган, Република Македонија во меѓународните односи : 1991-1998, Штип, 1999.

- Stojković, M., Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996 (dvostrani I višestrani medjunarodni ugovori I drugi diplomatski akti o drzavnim granicama politickoj I vojnoj saradnji verskim I etnickim manjinama, tom 3 (1946- 1996), Sluzbeni list SRJ, Beograd, 1999.
- Carven, M. The European community arbitration commission on Yugoslavia, BYIL, No.66 (1995), Clarendon prees, 1996.
- Republic of Macedonia- Independence through peaceful self-determination- Documents, Skopje, November, 1992.
- "The Blue Helmets, A Review of United Nations Peace- keeping", Third edition, New York, United Nations Department of Public Information ed., 1996.
- Pendarovski, d-r Stevo, Macedonian foreign policy: 1991-2011 : aspects of internal and international legitimacy, Magor, Skopje, 2012.
- Пет години самостојност- Република Македонија 1991-1996, Нова Македонија, Скопје, 1996.
- Стојанов, Петар, Македонија во политиките на големите сили во времето на Балканските војни 1912–1913 година, Скопје, 1979.
- Пешевска, д-р Маргарита, Односите меѓу Франција и Македонија низ вековите, Скопје, 2009.
- Пешевска, д-р Маргарита, „Република Македонија во процесот на транзиција и глобализација" статија во Националното, регионалното и глобалното во иднината на Република Македонија како членка на Европската унија, Скопје 2009.
- Пешевска, д-р Маргарита, „Ставот на Југославија кон националните малцинства изразен во програмските документи" статија во Класното и националното во нашите програмско-политички документи и во општествената практика, Скопје, 1988.
- Поповски, д-р Владо, Создавање на современата македонска држава, Македонска реч, Скопје, 2014.
- Repe , D-r Božo, Liberalizam Sloveniji, „Borec", 9-10, 1992.

- Терзиоски, Растислав, Ставот на руската дипломатија кон Македонија, Менора, Скопје, 2015.
- Тимовски, Владо, Свето Стефановски, Политичките партии во Македонија: изборни програми, изборни закони, кандидати по изборни единици, „Систем 21“, Скопје, 1990.
- Todorova, Maria, Imaging the Balkan (New York and Oxford: Oxford Univerzity Press 1997),
- Trifunovska, Snežana, Yugoslavia through documents: from its creation to its dissolution. Martinus Nijhoff Publishers, 1994.
- Туѓман, д-р Фрањо, Историската судбина на народите.
- Тунте, Ахил, Република Македонија : прва декада : (1990-1999), Ми-Ан, Скопје, 2005.
- Hall , Derek and Danta , Darrick, „The Balkans> Perception and Realities“, Recostruction the Balkans, A Geography of the New Southeast Europe, (New York, Toronto and Singapore>John Wiley, and Sons, 1996).
- Хаџивасилев, Киро, „Судбината на социјализмот-загатките на производствените и на социјалистичките односи“, „Матица Македонска“, 1999.
- Hristov, D-r Aleksandar, Stvaranje Makedonske države 1893-1945, Beograd, 1971.
- Христов, Александар, Создавањето на македонската држава 1878-1978, Т. 3, Скопје, 1985.
- Христова, Д-р Лидија, д-р Весна Шопар, д-р Славејко Сасајковски, „Парламентарните избори `98 во македонија“, ИСППИ, Скопје, 1999.
- Црвенковски, Крсте – Милосавлевски, Славко, Нашиот поглед за времето на Колишевски, „Мисла“, Скопје, 1996,
- Џамбазовски, Климент, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје 1969.
- Џафери, Талат, Имплементација на стратегиските определби на Република Македонијаво однос на заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија, Скопје, 2013.
- Škarič, d-r Svetomir, Democratic elections in Macedonia 1990- 2002, Edition Sigma, Berlin, 2005.

- Шкариќ, д-р Светомир, Македонија на сите континенти, Унион Трејд, Скопје,2000.
- Шкариќ, д-р Светомир, Споредбено и македонското- уставно право, Матица, 2004.

## III ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА

- *BALKAN FORUM- An International journal of Politics, Economics and Culture, NIP Nova Makedonija, Vol. 1, No. 1, Skopje, 1992.*
- *Битолски весник 1991-2001*
- *Вечер 1991-2001*
- *European journal of Inernational law*
- *International Legal Materials*
- *Medjunarodna politika*
- *Нова Македонија од 1990-2001*
- *Official Journal of the European Communities*
- *Службен весник на РМ*
- *Службен весник на СРМ*

## С О Д Р Ж И Н А

**П Р Е Д Г О В О Р** 1

**В О В Е Д** 8

**I ГЛАВА**

**РАСПАЃАЊЕ НА СФРЈ**

1. *Продлабочување на југословенската криза* 17
2. *Позициите на Сојузот на комунистите на Југославија* 25
3. *Национализмот – една од причините за распад на Југославија* 35
4. *Реформите на Анте Марковиќ* 41
5. *Процесот на распаѓање на Југославија* 46
6. *Хашката конференција 1991 година* 52

**II ГЛАВА**

**ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. *Плурализам* 62
2. *Парламентарни избори* 71
3. *Дејноста на новите органи на власта* 76
4. *Услови за независност на Република Македонија и за меѓународно признавање* 95
   - 4.1. *Декларација за сувереност на Република Македонија* 96
   - 4.2. *Референдумот од 1991 година* 105
   - 4.3. *Уставот на Република Македонија од 17 ноември 1991 година* 114
   - 4.4. *Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија како суверена и независна држава* 117

| | | |
|---|---|---|
| *5.* | *Мирна разврска на безбедносната состојба во Република Македонија* | 120 |
| *6.* | *Војната во СР Југославија и последиците во Македонија* | 131 |


**III ГЛАВА**

**МАКЕДОНИЈА И СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ**


| | | |
|---|---|---|
| *1.* | *Македонско-српски односи* | 149 |
| *2.* | *Македонско- бугарски односи* | 165 |
| *3.* | *Македонско-албански односи* | 181 |
| *4.* | *Македонско-грчки односи* | 189 |


**IV ГЛАВА**

**МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**


| | | |
|---|---|---|
| *1.* | *Процесот на меѓународно признавање на Република Македонија* | 219 |
| *1.1.* | *Односите меѓу Македонија и Велика Британија* | 232 |
| *1.2.* | *Односите меѓу Македонија и Холандија* | 233 |
| *1.3.* | *Односите меѓу Македонија и Австрија* | 235 |
| *2.* | *Дипломатски преставништва во Македонија* | 236 |
| *3.* | *Македонско-руски односи* | 240 |
| *4.* | *Република Македонија и Обединетите нации* | 248 |
| *4.1.* | *Членството на Република Македонија во Обединетите нации* | 248 |
| *4.2.* | *Мировната мисија на ОН во Македонија* | 260 |
| *5.* | *Македонија и НАТО* | 265 |


**V ГЛАВА**

**МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА**


| | | |
|---|---|---|
| *1.* | *Бадинтерова комисија* | 271 |
| *2.* | *Министерскиот самит во Лисабон (27–28 јуни 1992)* | 281 |
| *3.* | *Одгласот на Лисабонската Декларација во печатот* | 293 |
| *4.* | *Македонија и Европската Унија по Лисабонската декларација* | 296 |

**З А К Л У Ч О К** 305

**К Р А Т Е Н К И** 311

**КОРИСТЕНИ И КОНСУЛТИРАНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА** 313